**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“-СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ И АРХЕОЛОГИЈА**

**НАСОКА: АРХЕОЛОГИЈА**

# ДОЦЕН НЕОЛИТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**-Магистерски труд-**

**МЕНТОР:** | **КАНДИДАТ:**

**ПРОФ. ДР. ДРАГИ МИТРЕВСКИ** | **ПЕРО СИНАДИНОВСКИ**

**СКОПЈЕ 2019**

## Содржина

1. ИСТОРИЈА НА ИСТРАЖЕНОСТ ... 8
2. ГЕОГРАФИЈА И ПРИРОДНИ УСЛОВИ ... 12
3. ПРЕМИН ОД СРЕДЕН ВО ДОЦЕН НЕОЛИТ ВО МАКЕДОНИЈА ... 16
3.1 Источна Македонија ... 18
3.1.1 Среден неолит-Анзабегово-Вршник IV ... 19
3.1.2 Доцен неолит ... 21
3.1.3 Транзиционен период-анализа на промените ... 23
3.2 Западна Македонија ... 33
3.2.1 Велушина-Породин IV ... 35
3.2.2 Премин во доцен неолит ... 38
4. ПЕРИОДИЗАЦИЈА И ХРОНОЛОГИЈА НА ДОЦНИОТ НЕОЛИТ ВО МАКЕДОНИЈА ... 46
4.1 Источна Македонија ... 47
4.1.1 Зелениково 2 и Ангелци ... 47
4.1.2 Релативна хронологија ... 48
4.1.3 Предлог периодизација ... 49
4.2 Западна Македонија ... 58
4.2.1 Релативна и апсолутна хронологија ... 58
4.2.2 Предлог периодизација ... 61
5. ЛИСТА НА НАСЕЛБИ ОД ДОЦНИОТ НЕОЛИТ ... 71
5.1 Полог (кар. 3) ... 72
5.2 Скопско-кумановска област (кар. 4) ... 75
5.3 Овче Поле и кочанско (кар. 5) ... 83
5.4 Струмичко-радовишко поле (кар. 6) ... 91
5.5 Тиквеш и Велешко (кар. 7) ... 100
5.6 Пелагонија (кар. 8) ... 103

5.7 Охридско-Струшки регион (кар. 9)........................................................................ 113
6. ПОЗИЦИЈА, ТИПОЛОГИЈА И РАЗВИТОК НА НАСЕЛБИТЕ........................................ 115
6.1 Геоморфолошки карактеристики на населените региони ...................................... 116
6.2 Топографија на населбите ........................................................................................ 120
6.3 Стратиграфија на населбите ..................................................................................... 123
7. АРХИТЕКТОНСКИ ОСТАТОЦИ ....................................................................................... 126
8. ДВИЖНИ НАОДИ ОД ДОЦНИОТ НЕОЛИТ..................................................................... 139
8.1 Керамика .................................................................................................................... 139
8.1.1 Технологија на производство ................................................................................ 140
8.1.2 Типологија на керамичките садови ...................................................................... 148
8.1.3 Керамичкиот материјал од неколку доцнонеолитски локалитети-студии на случајот 154
8.1.4 Функционална анализа на керамичкиот материјал ............................................ 162
9. „КУЛТНИ ПРЕДМЕТИ“ ДУХОВНИОТ ЖИВОТ И УМЕТНОСТА ВО ДОЦНИОТ НЕОЛИТ .... 166
9.1 Антропоморфни фигурини ........................................................................................ 168
9.1.1 Столбести фигурини ................................................................................................ 170
9.1.2 Плоснасти фигурини ................................................................................................ 172
9.1.3 Фигурини со стеатопигија ....................................................................................... 174
9.1.4 Останати фигурини и фрагменти ........................................................................... 176
9.1.5 Неколку фигурини од факултетската збирка и од локалитетот Амам ................ 178
9.2 Антропоморфни садови ............................................................................................. 183
9.3 Зооморфни фигурини ................................................................................................ 185
9.4 Жртвеници-(култни) масички .................................................................................... 186
9.5 Накит ........................................................................................................................... 188
10. СТОПАНСТВО И ЕКОНОМИЈА..................................................................................... 189
10.1 Орудија од камен ...................................................................................................... 189
10.1.1 Технологија на изработка на камените орудија ................................................. 190
10.1.2 Камени алатки ........................................................................................................ 191
10.1.3 Орудија од коска ..................................................................................................... 194
10.2 Останати предмети.................................................................................................... 194

10.3 Сточарство и лов ........ 196
11. ПРЕМИН ОД НЕОЛИТ ВО ЕНЕОЛИТ ВО МАКЕДОНИЈА ........ 198
11.1 Источна Македонија ........ 205
11.2 Западна Македонија ........ 213
12. КУЛТУРНИ И ХРОНОЛОШКИ РЕЛАЦИИ ВО ДОЦНИОТ НЕОЛИТ-ОДНОСОТ СО СОСЕДНИТЕ РЕГИОНИ ........ 216
13. ЗАКЛУЧОК........ 222
14. ЛИСТА НА ТАБЛИ........ 225
15. ТАБЕЛИ ........ 235
16. ЛИТЕРАТУРА ........ 261

# ВОВЕД

Неолитскиот период во Македонија важи за еден од подобро истражените праисториски периоди. И покрај тоа што срамежливо ја носи оваа титула за најдобро истражен перид во праисторијата, сепак во реалноста сликата е многу поразлична. А доколку направиме споредба со истражените неолитски локалитети и култури од соседните региони ситуацијата станува уште полоша. Од неолитскиот период пак најистражен е средниот неолит кој што всушност е и најатрактивен поради самата материјална култура, истраженоста, но и најмногу распространет. Таквата убавина на артефактите, пред се керамичките садови од средниот неолит и кај мене ги пробудија првите интереси за истражување на неолитскиот период воопшто. Размислувајќи за проблемите во неолитскиот период во Македонија и барајќи соодветна тема со која што би се занимавал посериозно дојдов во една ситуација која што самата по себе ми ја даде темата за мојот магистерскит труд.

За раниот неолит во Македонија, неолитизацијата на овие простори, досега е пишувано неколку пати и уште во 70-тите години на претходниот век биле поставени неколку модели за неолитизација од страна на Гарашанин кои што до ден денешен се повеќе се афирмираат како точни. Но и покрај тоа на територијата на Македонија се отворени многу прашања поврзани со оваа тема на кои што можеме да одговориме единствено преку нови археолошки ископувања. Поради тоа што немам можност за едно такво сериозно истражување со кое што би го направил магистерскиот труд, неолитизацијата на Македонија како проблематика беше елиминирана од листата на проблематики за магистерската. Што се однесува пак до средниот неолит, тоа е сепак најдобро истражениот дел од неолитскиот период во Македонија, со најмногу ископани локалитети, најмногу објавени текстови, магистерски, докторски трудови итн. Поради тоа што веќе 30-тина години не се вршени посериозни ископувања на некој среднонеолитски локалитет не можев да пронајдам некоја проблематика за која што би ја пишувал магистерската, потребна е можеби детална ревизија на материјалот од средниот неиолит, можеби нови датирања за што се потребни и големи средства што пак претставува посебен вид проблематика. И на крајот дојдов до доцниот неолит. Претходно стекнатото искуство на

ископувањата во Винча во 2013 год. и запознавањето на доцнонеолитска кулура на овој дел од Балканот пробудија во мене желба за истражување на овој период кој што претходно некако ми беше во сенка на средниот неолит. Откако ги пребарав и собрав сите досега објавени текстови кои што се однесуваат на доцниот неолит во Македонија или во кои што попатно е споменат овој период сфатив дека се работи можеби за најслабо истражениот период општо во историјата на Македонската почва. Таквата ситуација побуди кај мене голема желба за навлегување во проблематиките поврзани со овој период со цел барем првично да бидат ставени помеѓу две корици доцнонеолитските локалитети, материјалната култура, и проблемите поврзани со почетокот и крајот на овој период, хронологијата итн.

Најголеми предизвици се прашањата поврзани со преминот во доцен неолит и крајот на овој период, како и хронологијата на доцнонеолитските локалитети. Тоа се две проблематики за кои што досега неколку пати е пишувано во науката во Македонија и се изнесени неколку основни теории кои што нудат различни решенија што се однесува до почетокот и крајот на овој период. Од соседните територии пак имаме доста нови сознанија за хронологијата на оваа епоха и „историскиот" тек на настаните. Поради тоа во главно преку паралели и синхронизации со културите и локалитетите од соседните области ќе се обидам да дадам некои првични размислувања кои што се однесуваат на овие проблематики. Што се однесува пак до локалитетите од доцниот неолит во Македонија, и покрај тоа што со ископувања се познати околу 30 населби сепак не можеме во никој случај да зборуваме за задоволителни резултати. Таквата неповолна ситуација е резултат на тоа што доцнонеолитските хоризонти најчесто се последни на населбите па многу често тие се сосема уништени и познати се само од неколку фрагментирани наоди. Што се однесува пак до ископуваната површина на сите доцнонеолитски локалитети и овде имаме една жална ситуација. Доколку ја собереме целата таа површина ќе се види дека нема не е ископано ниту колку една помала населба. Таквата ситуација ја отежнува задачата за стратиграфска анализа на населбите и нивниот сооднос со постарите и помладите слоеви. Исто така отежната е можноста за посериозни анализи на подвижниот и недвижниот материјал од доцниот неолит. Но и покрај тоа ќе се обидам да ги обработам сите досега објавени и необјавени наоди до кои ќе имам пристап со цел да се презентира што поголем дел од остатоците од доцниот неолит.

Со детална обработка на објавените трудови кои што се однесуваат на овој период не само во Македонија туку и на поголемиот дел од Балканот ќе се потрудам што е можно попрецизно и аргументирано да го презентирам овој период од Македонија. Свесен дека ризикувам да направам грешка и да изнесам некоја погрешна теорија, сепак ќе се обидам смело да навлезам во некои поголеми научни прашања за кои што се неопходни долгогодишни истражувања и ископувања и да дадам некои барем првични, основни согледувања кои што се однесуваат на некоја проблематика.

# 1. ИСТОРИЈА НА ИСТРАЖЕНОСТ

Доцниот неолит е еден од најслабо истражените периоди од праисторијата на Македонија, иако досега се познати околу 50 локалитети на кои што е регистриран материјал од доцниот неолит. Голем број од овие локалитети се познати од рекогносцирања или од населби кај кои што се пронајдени керамички фрагменти од доцниот неолит но во оштетени хоризонти. Поради тоа од многу локалитети кај кои е регистриран доцен неолит недостасуваат дополнителни податоци за архитектурата или пак за самите движни наоди. Од друга страна пак, неколку локалитети кои што биле ископувани потекнуваат од доцниот неолит и од нив имаме најголем број податоци за материјалната култура, архитектурата и стратиграфијата на населбите.

Овде не би сакал да се задржувам на литературата во која што се споменати спорадични информации за доцниот неолит во Македонија. Ќе бидат презетирани извештаите од досегашните ископувања на локалитети од овој период за да се добие јасна слика за истраженоста на овој период.

Населбата Под Село-Тумба кај с. Стенче е откриена во 1999 год. Веќе во 2000 год се извршени првите ископувања под раководство на Драгиша Здравковски (Здравковски 2005). Локалитетот Тумба кај с. Долно Палчиште бил ископуван во 80-тите години при што во најгорниот преорен слој биле регистрирани наоди од доцниот неолит (Здравковски, Саржовски 1989; Саржовски, Здравковски 1991). Во поново време интензивни археолошки ископувања се вршат на населбата Тумба кај с. Брвеница под раководство на Љ. Абази, а резултатите од ископувањата од 2012-2014 год. беа објавени неодамна во списанието посветено на Драгиша Здравковски (Abazi, Tolevski 2017).

Најраните сознанија за доцен неолит потекнуваат од населбата Слатина кај с. Зелениково. Оваа населба била откриени во 1950 год. со рекогносцирањара изведени од Археолошкиот Музеј на Македонија под раководство на М. Грбиќ. Првите истражувања на овој локалитет биле превземени од Гоцкова-Славска и Галовиќ во 1954/55 год. (Галовиќ Р. 1967, 127-152). Следните истражувања кои што се и најзначајни, како за овој локалитет така и за доцниот неолит во Македонија се извршени во 1974/75 год. под раководство на Милутин Гарашанин. Со овие ископувања конечно била определена првата културна

група од доцниот неолит во Македонија (Гарашанин, Спасовска 1976; Garašanin 1979). Следниот локалитет е Церје кај с. Говрлево. На овој локалитет досега се вршени ископувања во повеќе наврати од 1982 до денешен ден. Во 2000 година започнува новата фаза на истражувањето на овој локалитет. Од тогаш ископуања се вршени во неколку наврати во текот на 2000-2002, 2004 и 2008-2010 год. (Bilbija 1986, 35-36; Фидановски 2012, 113-114; Фидановски 2010, 64-67; Фидановски 2013, 7-18). Локалитетот Сред Село, с. Мршевци е познат од 1987 год. кога биле изведувани градежни работи. Истата година биле превземени и заштитни археолошки ископувања од страна на Археолошкиот Музеј на Македонија под раководство на Воислав Санев (Санев 1987, извештај од ископувањата; Санев 1989а). Од Скопската котлина имаме неколку локалитети кои што ни се познати единствено преку рекогносцирања (Митревски 2013, 111).

Од Кумановскиот дел се локалитетите Амам кај с. Лопате кој што бил ископуван во 1980-тите год. (Санев 1980), Чибук Чешма кај с. Никуштак (Здравковски 1993) и Млака кај с. Шупли Камен кој што неодамна беше ископуван и се уште немаме публикувани резултати.[1]

Од Овчеполската котлина имаме четири локалитети кај кои што е забележан материјал од доцниот неолит. Најпрво би сакал да почнам со населбата Вршник кај с. Таринци. Овој локалитет бил ископуван од сопружниците Милутин и Драга Гарашанин во 1958 год. (Гарашанин, Гарашанин 1959; Гарашанин, Гарашанин 1961). Еден од најдобро истражените неолитски населби во Македонија е населбата Барутница кај с. Анзабегово. Овој локалитет бил откриен во 1959 год. од страна на Народниот Музеј во Штип. Веќе во 1960 год. биле изврпени ископувања во две наврати, најпрво од страна на Саржовски и Санев, а потоа од страна на Филозофскиот факултет од Љубљана под раководство на Корошец (Корошец, Корошец 1973). Истражувањата продолжиле и во 1969/70 год. под раководство на Марија Гимбутас од Универзитетот во Калифорнија и Милутин Гарашанин од Филозофскиот факултет во Белград со помош на стручна екипа од Македонија. Овие две ископувања резултирале со публикување на голем дел од материјалот откриен на оваа населба и прецизно хронолошко и културно определување на оваа населба (Gimbutas 1976; Garašanin 1979; Санев и др. 2009). Со изградбата на браната

[1] Локалитетот беше посетен за време на ископувањата во 2017 год. од страна на авторот

Мавровица биле откриени археолошки остатоци со што биле превземени археолошки истражувања. Биле откриени два хоризонти од неолитот со што помладиот припаѓа на доцниоот неолит (Здравковски, Шурбановска 1983). Со рекогносцирањата извршени во 1960 год. бил откриен локалитетот Руг Баир. Веќе следната година биле превземени археолошки ископувања од страна на Археолошкиот музеј во Скопје. Теренската документација и дел од подвижните материјал доживеале катастрофа кога со земјотресот во 1963 год. биле уништени. Но поради значењето на овој локалитет во 1970 год. повторно биле превземени археолошки ископувања под раководство на Народниот Музеј во Штип и соработници од земјава, а од друга страна и тим од Американски археолози (Санев 1975).

Во Струмичко најдобро истражен локалитет е Страната кај с. Ангелци. Овој локалитет за прв пат е откриен со рекогносцирањата во 1959 год., а првите ископувања се превземени во 1985 год. под раководство на Санев и Стаменова (Санев, Стаменова 1989). Следните ископувања беа превземени од страна на Зоран Рујак во 2015 год. (Rujak 2017). Следен е локалитетот Канли Чаир-Бојковци кај с. Дамјан. Овој локалитет за прв пат бил истражуван во 1987/88 год. под раководство на В. Санев (Санев 1988, извештај; Санев 1989б). Последните истражувања на овој локалитет беа превземени од страна на Археолошкиот Музеј на Македонија под раководство на Елена Канзурова (Kanzurova Stojanova 2017). Локалитетот Голема Трпеза, с. Старо Коњарево е ископуван во неколку наврати во 2010, 2012 и 2013 год. под раководство на Зоран Рујак (Rujak 2011). Неолитската населба Атици кај с. Црничани е откриен во 1974 год. при рекогносцирањата за изработка на Археолошката Карта на Македонија. Ископувања се превземени од страна на Музејот на Македонија и Народниот Музеј во Гевгелија под раководство на Д. Здравковски (Здравковски 2008).

Локалитетот Мрамор кај с. Чашка е познат уште во 1950-тите години, а официјално е потврден со рекогносцирањата во 1980 и 1987 год. Во текот на три год. од 1988 до 1990 год. биле превземени археолошки ископувања на овој локалитет од страна на Музејот во Велес под раководство на Т. Јовчевска (Јовчевска 1990; Јовчевска 1993). И локалитетот Ѕунивер кај с. Извор е познат уште во 50-тите год. За прв пат е истражуван во 1999 год., а истражувањата продолжиле и во 2000-2003 год. под раководство на Т. Јовчевска (Јовчевска 2006; Јовчевска 2008).

Првата ископувана населба од доцниот неолит во Пелагонија е населбата Могила во с. Сенокос. Оваа населба е ископувана во 1970 год. при што се добиени првите позначајни податоци за архитектурата и движниот материјал од доцниот неолит во Македонија (Китаноски 1971; Темелкоски, Митkоски 2006). При рекогносцирања организирани од Музејот во Прилеп кај с. Ракле биле откриена неолитската населба Кутлине. Во 2002 год. од страна на истиот музеј биле превземени археолошки ископувања (Темелкоски, Миткоски 2008). Во текот на 1969 и 1971 год. на локалитетот Али Чаир биле превземени археолошки истражувања со што се добиени првични информации за овој локалитет (Mitkoski 2017). Од Прилепскиот дел на Пелагонија познати се неколку локалитети од доцниот неолит кои што биле откриени со рекогносцирања изведени од страна на стручна екипа од Музејот во Прилеп (Mitkoski 2017). Локалитетите Мала и Голема Тумба кај с. Трн биле откриени во текот на рекогносцирањата во 1972 год. Веќе во 1973 год. биле превземани првите ископувања на овие локалитети со што за прв пат биле откриени остатоци од доцниот неолит во Пелагонија (Симоска, Санев 1977). Во 1977 год. бил ископуван и локалитетот Радоборска Тумба кај с. Радобор кој што потекнува од крајот на доцниот неолит (Тодоровиќ и др. 1987). Еден од најспецифичните населби поради својата позиција е локалитетот Радин Дол кај с. Присад кој што е откриен сосема случајно во 1976 год. кога биле и извршени ископувања со кои што се добиле првите информации за една дотогаш непозната фаза од неолитскиот период во Пелагонија (Китаноски и др. 1987). Населбата Чука кај с. Тополчани била откриена во 1958 год. при извршување на градежни работи за регулација на Црна река. Истата година биле превземани и археолошки ископувања со кои што се откриени два културни слоја и не било дојдено до здравица (Китаноски 1977). Со следните истражувања во 1975 год. била надополнета сликата за локалитетот кој што има три неолитски хоризони на живот (Китаноски и др. 1978). Следните два локалитета се од с. Могила, Битолско. Таму во 1975 год. е истражуван локалитетот Тумба Средсело, а во 1977 и 2014 год. и локалитетот Школска Тумба (Наумов, Томаж 2015).

Од областа кај езерата потекнуваат три локалитети. Населбата Пенелопа била истражувана во перидот од 2003 до 2006 год. со заштитните истражувања во Охрид (Кузман 2017). Населбата пак Устие на Дрим била ископувана во 1962 год. кога била откриена првата наколна населба од неолитскиот период во Македонија (Benac 1979).

# 2. ГЕОГРАФИЈА И ПРИРОДНИ УСЛОВИ

Република Македонија се наоѓа на една многу специфична географска положба и, иако е мала по површина, таа претставува еден неодминлив дел од поширокиот Балкански простор. Сместена во централниот дел на Балканскиот полуостров таа претставува раскрсница помеѓу истокот и западот, и југот и северот преку чија територија минувале значајни културни, економски и други влијанија низ целото човечко минато. Дека од секогаш низ оваа територија поминувале значајни патишта најдобро сведочи римскиот пат „Виа Егнатија“ кој влегувал од запад кај Охридското езеро и кај Хераклеа од него се одвојувал магистралниот пат кој дијагонално ја сечел територијата на Македонија која ги поврзувала овие простори со истокот, како и римската „Виа Милитарис“ која што минувала низ централниот дел, покрај реката Вардар и го поврзувала југот и северот. Ова се факти кои доволно кажуваат каква улога имала територијата на Македонија во врска со комуникацијата помеѓу различните региони и овие патишта кои што во римско време биле само „официјализирани“ несомнено се користеле уште од најраните времиња.




Карта 1. Рељефна карта на Република Македонија

Рељефот во Р. Македонија е доста разигран и разновиден, па така се среќаваат високи планини, планински венци, висорамнини, низини и речни клисури (карта 1). Од западната страна се наоѓаат планините Шар Планина, Кораб, Дешат, Караорман и Јабланица која што завршува на југ кај Охридското езеро. Помеѓу овој венец од високи и непроодни за неолитскиот човек се пробила реката Црн Дрим која што претставува природен пат по кој можеле да комуницираат луѓето со Јадранот, освен од овде услови за комуникација има и низ Охридското езеро. На исток од Охридското езеро се наоѓа Преспанското, а помеѓу нив се издига Галичица. На јужната страна на Македонија се наоѓаат планините почнувајки од запад кон исток Баба, Нице, Козјак и Кожуф. Јужната граница завршува кај Дојранското езеро. Од јужната страна како места погодни за движење и комуникација се Пелагониската котлина и реката Вардар. Од источната страна на Македонија одејки од југ кон север се наоѓа планината Беласица, Огражден, Малешевските Планини, Влаина и Осоговските Планини. Од оваа страна погодни места за движење на неолитскиот човек би можеле да бидат Струмичкото поле и реката Струмешница која што тече низ него, како и неколку планински процепи на Малешевските и Влаина планина, особено Пијанечкиот крај затоа што од овде поминувал и античкиот и римскиот пат, што би можело да се очекува овој премин да бил користен уште од неолитот. Од северната страна на Македонија одејќи од исток кон запад се Билино, Герман, Козјак, Скопска Црна Гора и Шар планина. На оваа страна места погодни за движење и комуникација се Кумановското поле и реката Пчиња која што тече низ него и клисурата на реката Лепенец, која што се наоѓа помеѓу Скопска Црна Гора и Шар Планина. Како што може да се види територијата на Македонија е природно заградена со високи планински масиви меѓу кои има неколку премини кои што несомнено ги користел неолитскиот човек за остварување секаков вид на комуникации со луѓето од соседните области. Сите овие фактори влијаеле врз формирањето и развојот на неолитските култури на овие простори. Во внатрешноста на Македонија можат да се одвојат неколку микро целини кои што се простираат помеѓу одредени планински масиви.

Реката Вардар ја сече територијата на Македонија на источен и западен дел, таа извира кај Вруток во северозападна Македонија и тече во правец на север до Скопската котлина каде што свртува кон исток и постепено се спушта кон југ, и во овој правец тече се до уливот во Егејско море. Низ својот тек таа минува низ две значајни препреки кои што не биле

проодни за неолитскиот човек, а тоа се Таорската клисура која што се наоѓа на југоисточниот раб на Скопската котлина и Демиркаписката клисура која што се наоѓа во јужниот дел на Македонија. Како што веќе кажавме оваа река одиграла голема улога во комуникациите на овие области со север и југ, од североисточната страна во Вардар се влева реката Пчиња. Таа река тече низ Кумановското поле и на север преку неа се продолжува природната комуникација со Морава, река со која освен Прешевскиот прелаз нема други природни препреки кои што би ги отежнале комуникациите со северните области. На исток од Вардар имаме претежно рамничарски рељеф, освен Плачковица и другите планини кои што ги спомнавме кај источната граница во овој регион немаме повисоки планини кои што би можеле да играт битни улоги во формирањето на културите во овој ден на Македонија. Во источна Македонија се наоѓаат неколку котлини кои што немаат некоја посериозна природна граница помеѓу себе, за што најдобро сведочи и културната група од раниот и средниот неолит на овој простор. Како најголема се истакнува Овчеполската котлина која што се надоврзува со Кочанско поле, северно од оваа регија не наоѓа Скопско–Кумановската котлина помеѓу кои се наоѓа ниската Градиштанска Планина. На југ од Овче Поле се наоѓа Струмичко-Радовишкото поле со кое што исто така се разделени од неколку помали ридови и ниската Смрдеш планина. Во источна Македонија како посебна регија која што природно е одвоена од оваа целина се јавува Пијанечко – Малешевскиот крај. Оваа регија се наоѓа помеѓу Кочанското поле од запад и долината на реката Срума од исток со која се разделени од Влаина планина. Ситуацијата од западната страна на Вардар е подруга. Тука преовладуваат високи планини и мали вирорамнини кои што не биле погодни за неолитскиот човек, па затоа во овие краеви среќаваме празнина на неолитски локалитети. Ова пред се’ се однесува на северниот дел на западна Македонија, овде се наоѓаат: Даутица, Јакупица, Караџица, Сува Гора, Челоица, Песјак, Бистра, Стогово, Караорман и многу други помали планини. Најголемото поле се наоѓа во северозападна Македонија под Шар планина, тоа е Полошката котлина која што е одделена од Скопскиот крај со ниската Жеден планина. Освен Полог, и Кичевското поле се издвојува како мала котлина. Реката Треска со нејзината клисура од северна Пелагонија се пробива кон север помеѓу Јакупица и Караџица и Сува Гора, Челоица и Песјак и излегува во Скопското поле и претставува место по кое што би можел да се движи човекот. Најголема котлина во западниот дел на

Македонија е Пелагониската котлина која што во правец југ–север е долга околу 100 км. а исток–запад достигнува и до 20 км. Оваа котлина ќе биде населена многу рано во неолитскиот период и ќе достигне висок и специфичен културен развој. Од западната страна на Пелагонија се наоѓаат Охридското и Преспанското езеро кои што како посебна регија преку Црн Дрим се поврзуваат на запад со Јадранот, а Пелагонија е одделена со нив со Баба Планина и комуникација би можела да се остварува преку некои планински процепи. Од источната страна на Пелагонија се наоѓаат планините Селечка, Дрен и Бабуна кои што ја одделуваат оваа регија од Тиквешијата. Помеѓу овој венец од планини течат реките Црна и Раец и тоа се единствените места преку кои биле остварувани контакти со луѓето кои го населувале источниот дел. Тиквешијата пак, иако се наоѓа во западна Македонија може да се каже дека природно повеќе е поврзана со Овчеполието со кое се разделени од реката Вардар и неколку помали ридови.

Од сето ова можеме да забележиме дека територијата на Република Македонија природно е заградена со високи и непроодни планини од сите четири страни, но покрај тоа има по неколку прелази кои се создадени од реки или рамници кои што биле искористувани од неолитскиот човек за секаков вид на комуникации со соседните области. Благодарение на таквиот рељеф, на оваа територија се создале култури кои што се вклопуваат во целокупната слика за неолитот на овој балкански простор, но по многу свои специфичности сепак се многу различни. Сето тоа било овозможено од природните услови кои што можел да ги користи неолитскиот човек.

Климата по завршувањето на последното ледено време, почнувајќи од 14 милениум па натаму започнала да се затоплува. Како резултат на таквото затоплување настанува и сосема новиот изглед на планетата земја кој што по многу е сличен на денешниот. Шумите и горите се повлекуваат на север, а во пониските предели се распостелуваат огромни степни пространства. Во времето помеѓу 10 и 8 илјади години п.н.е. или во времето на предбореалот температурата постојано растела и во 7 мил. п.н.е. настапапил периодот на бореалот кога температурите биле повисоки од денешните. После овој период во текот на 6 мил. п.н.е. климата го достигнала својот максимум. Во тоа време се јавила голема количина на вода и после топењето на езерата се создале коритата на реките кои што во голема мера се задржале до ден денес. Ова време е одбележано со појава на големи

и густи шуми, многу реки и мали поточиња и големи пространства на тревна површина. Сето тоа го привлекло неолитскиот човек да ги насели овие области на Балканскиот полуостров. Во најраната фаза на неолит на овие простори не било можно населување во рамниците па затоа и населбите од овој период ги среќаваме на повисоките ограноци. Во подоцнежната фаза од неолитот кога ќе се создадат услови за живот во котлините и кога било можно развој на земјоделие човекот ќе ги насели котлините и речните брегови и засекогаш трајно ќе се врзе за земјата. Во тоа време биле создадени сите услови за развој на земјоделство и сточарство, имало дивеч и риби кои што им служеле во исхраната, густите шуми биле искористувани за огрев и архитектура. Во една реченица на овие простори се развиле прекрасни услови за развој на мирен неолитски живот во кој што луѓето ќе започнат да ги уживаат овие придобивки и ќе создадат голем фонд на предмети и уметност која што ние после толку многу години ја наоѓаме и се восхитуваме на нејзината убавина.

Во ова поглавје беше презентирана географијата на Македонија и местата преку кои во неолитскиот период се одвивале главните комуникации со соседните региони. Во вториот дел е претставена климата и климатските услови кои што му овозможиле на човекот населување на овие простори.

# 3. ПРЕМИН ОД СРЕДЕН ВО ДОЦЕН НЕОЛИТ ВО МАКЕДОНИЈА

Во втората половина на VI мил. на поширокиот Балкански простор дошло до поголеми етно-културни промени. Досега се изнесени повеќе тези за тоа кои биле причините што ги предизвикале овие промени. Најприфатена е тезата дека новите доцнонеолитски елементи на Балканот биле донесени, превземени од Анадолија преку бавна-сукцесивна миграција, која подразбира пренесување на нови културни елементи без поголеми етнички промени, без притоа да се исклучи можноста за преселби на одредени групи. Поради тоа, определен е нов комплекс кој бил наречен Балканско–Анадолски комплекс на доцниот неолит (Гарашанин 1973. 114-126; Garašanin 1979. 199-207). Оваа теза била подржана од повеќе автори кои што сметаат дека потеклото на Винча културата е од миграциони движења од исток (Srejovic 1963 5-17; Јовановић 1963 9-21; Lazarovici

1973, 461-466). Истото мислење го делат и други научници кои што се занимавале со тоа прашање за неолитот во средна и северна Грција (Николов 1998, 216-217. со цит. литеаратура). На истиот начин, овој Балканско-Анадолски комплекс е дефиниран и од страна на М. Оздоган кој што целата територија од централна Анадолија на исток и Балканот ја смета како еден голем културен комплекс во чиј што состав се повеќе помали или поголеми култури кои што имаат свои специфичности (Ozdogan 1993, 173-193). Таквите миграции или културни влијанија се одвивале кон средината на 6 мил. п.н.е. што е потврдено и со најновите датирања и калибрирања кои биле направени на неколку локалитети од Тесалија каде што почетокот на доцниот неолит или LN I започнува околу 5500 год. п.н.е., паралелно со Тсангли-Лариса културата (сл. 10) (Reingruber et al. 2017, 45, tab. 5). Значајни промени се забележани и на територијата на западна Палестина каде што дошло до масовно иселување и раздвижување на населението. На оваа територија најдобро се забележуваат овие демографски промени кои се случиле околу средината на 6 мил. п.н.е. (Тодорова 1993, 42-50). Овие нови доцнонеолитски елементи најпрво биле превземени, прифатени од населението во Грција и југоисточниот дел на Балканот, а нивното потекло е од населбите од Анадолија и Блискиот Исток.

На территотијата на Македонија, која што географски е дел од овој дел на Балканот каде што се одвивале овие културни и можеби етнички промени исто така дошло до промена на материјалната култура, населбите, култот итн. Поради тоа што се работи за една поголема територија во која што се развивале различни неолитски култури, не е возможно заедно да се обработат проблемите кои се однесуваат на прашањето за крајот на средниот и почетокот на доцниот неолит во Македонија. Тоа пред се' е оневозможено од географијата на Македонија и различната поврзаност со соседните области кои што одиграле голема улога врз формирањето на доцниот неолит на овие простори. Тука пред се' се мисли на источна Македонија и Пелагонија како посебни региони, кои што покажуваат различна материјална и духовна култура во неолитскиот период и влијанија од различни региони. Поради тоа, овие две регии ќе бидат посебно обработени, при што ќе бидат опфатени и Охридско-Преспанскиот регион, Тиквеш, Полог и другите микрорегиони како дел од овие две поголеми географски целини.

### 3.1 Источна Македонија

Досега за проблематиката за крајот на средниот и почетокот на доцниот неолит во источна Македонија се изнесени неколку теории од страна на долгогодишни истражувачи на овој период. Милутин Гарашанин е истражувачот кој што прв го дефинирал доцниот неолит на оваа територија. Учествувајќи во ископувањата и имајќи директен увид во материјалот од локалитетот Слатина кај Зелениково, тој умешно успеал да препознае нова, помлада култура која што се разликува од Анзабегово–Вршничката, и ја именувал како Зелениково II (Garašanin 1979, 207–211). Врз база на керамичкиот материјал од горните слоеви на овој локалитет определена е нова културна група која што според материјалната култура се вклопува во поширокиот Балканско–Анадолски културен комплекс на доцниот неолит. За овој локалитет, па и за културната група, кажано е дека и покрај тоа што има доста сличности со Винчанската култура и нејзините јужни варијанти, несомнено се издвојува по низа специфичности (Garašanin 1979, 210-211). Била изнесена теорија дека се работи за доселеници од север кои биле носители на новата доцнонеолитска култура. Со тогашниот степен на истраженост, кон крајот на 70-тите години, оваа теорија изгледала доста веројатна, пред се’ затоа што кај населбите од оваа територија, доцниот неолит започнува паралелно со Винча – Тордош II или B 1 фазата, која што е помлада за околу 1 век од Винча-Тордош I. Но тоа би значело почеток на една сосема нова култура, со манифестации потполно различни од претходните, при што би дошло до нагло прекинување на Анзабегово–Вршник кулурата. Исто така, со дополнителни преселби би се зголемил бројот на популацијата, и со тоа би биле изградени повеќе и поголеми населби, нешто што не е случај на овие простори каде што имаме намалување на бројот на населбите од доцниот неолит. За истата проблематика има пишувано и В. Санев кој што се надоврзува на Гарашанин и почетокот на доцниот неолит на оваа територија го поврзува со доселеници од север, од Винчанската културна група. Според Санев на оваа територија во овој транзиционен период дошло до насилен прекин на среднонеолитските населби, за што е искажано мислење дека Винчанските популации по потрага по нова територија упаѓале на овие простори и ги рушеле старите среднонеолитски населби (Санев 1994, 32; Sanev 1996, 153-154). За разлика од овие теории кои што овие промени ги препишуваат на миграции, Здравковски објаснува дека кон крајот на средниот неолит дошло до напуштање на повеќе населби и демографски пад на

населението. Сето тоа предизвикало пад на естетската и технолошката вредност на керамичкиот материјал. Според него, тоа се должи на истрошеноста на природните ресурси за развој на земјоделството во овој регион (Здравковски 2006, 51). Во прилог на оваа теорија оди и ставот на Митревски кој што како главна причина за овие демографски промени на овие простори ги смета климатските промени кои што се случувале во втората половина на VI мил. п.н.е. При тоа, според Митревски можно е да дошло до одредени раздвижувања на заедниците, но не од север кон југ, туку од јужните краишта кон северните делови кои што не биле зафатени од климатските и еколошките промени (Митревски 2013, 108–109). Ова се теориите за причините кои што довеле до промена на материјалната култура на овие простори. Во продолжение на ова поглавје ќе бидат презентирани основните карактеристики на материјалната култура и ќе бидат предложени неколку решенија за овој проблем.

### *3.1.1 Среден неолит-Анзабегово-Вршник IV*

Најпрво би сакал да ги презентирам основните сознанија за крајот на средниот неолит на овие простори, односно крајот на Анзабегово-Вршник културната група. На територијата на источна и северна Македонија, во текот на раниот и средниот неолит ќе се развие Анзабегово–Вршник кулутрната група (Garašanin 1979, 84-106). Досега присуство на оваа група е потврдено во Полошката, Скопско–Кумановската и Овчеполската котлина, како и во Тиквешијата, во која се среќаваат влијанија и од Велушко-Породинската група од запад (Здравковски 1990, 51-57; Здравковски 2006, 33-39). Населбите од оваа културна група во главно се наоѓаат на речни тераси или во рамниците, а поретко на тумби. Живеалиштата кај сите досега истражени локалитети најчесто се четириаголни згради, кои што биле градени од вертикално набиени дрвја меѓу кои што биле преплетувани прачки и на крај премачкувани со дебел слој од земја помешана со растителни материјали (Garašanin 1979, 85–87; Стојанова Канзурова 2011). Што се однесува пак до керамичкиот материјал, интересно е тоа што некои форми и декорации кои што се типични за доцниот неолит, се јавуваат и во последните фази од среднонеолитките населби (Гарашанин 2009a, 253–256; Гарашанин, Спасовска 1976, 108–113; Garašanin 1979, 95–96.). Фината садова керамика од средниот неолит најчесто е со црвена боја, окасидационо печена, а главен

белег во орнаментиката е сликањето со црна или темна боја (сл. 1. 1-4). Покрај овој начин на орнаментирање се среќаваат и барботинот и импресото, кои што почесто се среќаваат кај грубата керамика (сл. 1. 5-6). Овој феномен се забележува низ целиот среден неолит. Во последната IV фаза од оваа група, покрај црвените садови се зголемува бројот и на темните садови со сива или црна боја кои што подоцна ќе го дадат главниот белег на доцнонеолитската керамика. Орнаментиката во оваа IV фаза исто така покажува мешање на старите и новите традиции, и понатаму се среќава сликањето со темна боја и тоа најчесто криволиниски, спирални и меандрести мотиви, кои што се јавуваат вертикално насликани или под самиот обод на садот, се среќаваат и импресото и барботин орнаментите. Но во оваа фаза, паралелно со нив започнува појавата на врежувањето и канелурите, кои што се карактеристични за следниот период на доцниот неолит (Garašanin 1979, 95–96; Санев 1994, 31). Овие промени во керамичката продукција најдобро се забележани во последните слоеви кај локалитетите Вршник во с. Таринци и Руг Баир кај с. Горубинци, како и во населбата кај Анзабегово во последната IV фаза кај југословенскиот тим. За керамиката од Вршник забележано е дека црвената керамика се јавува многу поретко во последната фаза, а преовладуваат биконусните садови и украсувањето со канелури, а за прв пат се среќава и Blacktopped керамиката (Гарашанин М., Гарашанин Д. 1961, 28). Слична е ситуацијата и кај Руг Баир каде што во последниот хоризонт се зголемува бројот на сивата и црна керамика, исто така доста честа појава се и биконусните садови, како и Blacktopped керамиката (Санев 1975, 224-225). Во хоризонтот II, I и слојот 2 во Анзабегово исто така се јавува мешање на црвената и црната монохромна керамика која што тешко може да се одвои од винчанската (Гарашанин 2009а, 253). Ова се основните карактеристики на керамичкиот материјал од последната фаза од средниот неолит, и како што може да забележиме уште во овој период заедно со среднонеолитската, се јавува и керамика со доцнонеолитски карактеристики.




Слика 1. Среднонеолитска керамика од Анзабегово-Вршник културата

### *3.1.2 Доцен неолит*

Во доцниот неолит имаме сосема нова материјална култура за разлика од среднонеолитската. Повеќето населби од доцниот неолит биле подигани врз среднонеолитските, така што се забележува континуитет на населување на одредени позиции, со тоа што на многу локалитети кои што имаат интензивен развој низ средниот неолит, последниот, намлад слој е доцнонеолитскиот (сл. 27 и 28). Во Скопската котлина имаме пет локалитети од доцниот неолит кои што имаат и среднонеолитски слоеви, тоа се Сред Село, с. Мршевци (Санев В. 1989а), Церје, с. Говрлево (Bilbija 1986), Слатина, с. Зелениково (Гарашанин, Спасовска 1976), Аман кај с. Лопате (Санев, В. 1980, 9; Здравковски 2003, 148)  и Долен Шамак кај Катланово[2], во Полог такви се локалитетите Под Село – Тумба, с. Стенче (Здравковски 2005, 25-31), Тумба, во с. Долно Палчиште (Саржоски, Здравковски 1991, 149, 143) и Тумба кај с. Брвеница (Abazi, Tolevski 2017, 99-119). Тоа се однесува и за населбите од Кумановско и Овчеполската котлина, каде што имаме иста ситуација и кај локалитетите Барутница, с. Анзабегово (Gimbutas 1976; Garašanin 1979), Чибук Чешма, с. Никуштак (Здравковски 1993, 19-30) и Алин Дол, с.

[2] Локалитетот е регистриран со рекогносцирања изведени од страна на студенти на филозофскиот факултет во Скопје

Њеманици (Здравковски, Шурбаноска 1983, 114), овде би сакал да го споменам и локалитетот Канли Чаир кај С. Дамјан кој се наоѓа во северниот дел од Радовишкото поле (Санев 1989, 36-37). Ситуацијата е поразлична кај двата досега ископувани локалитети од југоисточна Македонија, Атици, с. Црничани (Здравковски 2008, 49–59) и Страната, с. Ангелци (Санев, Стаменова 1989, 9-64) каде што досега не се регистрирани слоеви од средниот неолит. Идентична ситуација имаме и кај други доцнонеолитски населби, каде што на сосема нови позиции биле подигнати населбите, такви се локалитетите Кременица кај с. Бразда, Долна Орловица, с. Ракотинци, Дервен кај с. Долно Коњаре, Мало Саранлија во Агино Село, Горен Гргур кај Мралино и др. Повеќето од овие населби се познати само од рекогносцирање и највероjатно содржат само доцнонеолитски слоеви затоа што не се регистрирани наоди од средниот неолит (Митревски 2013, 43). Интересна ситуација е забележана на локалитетот Млака. Имено, при ископувањата земјанката во најстариот слој се пронајдени неколку фрагменти од среднонеолитска керамика во ист контекст со доминантниот доцнонеолитски материјал. Таквата ситуација ни зборува за тоа дека овој објект бил формиран од страна на луѓето од околината кои што се уште се служеле со среднонеолиската керамика.

Керамичкиот материјал од доцниот неолит има сосема други карактеристики за разлика од среднонеолитскиот, како во технологијата на изработка, така и во поглед на формата и орнаментирањето. Во доцниот неолит керамиката во главно е со темна боја, црна или темнокафеава, добиена со редукционото печење на садовите. Помеѓу облиците се забележува доминација на заоблени или биконусни садови кои што се украсени со плитки канелури или ленти исполнети со убоди, типично за овој период е и Blacktopped керамиката. Исто така за одбележување е тоа што се јавуваат многу различни типови на држалки кои што ги нема во претходниот период (Т. I.-Т. X) (Garašanin 1979, 207–211; Санев 1994, 31–32). Во доцниот неолит се воведува нова технологија за изработка на керамиката, така што претходните традиции сосема ќе изчезнат, истото се однесува и до формата на садовите, каде што покрај тоа што има некои основни типови кои се произведуваат и понатаму, се јавуваат низа сосема нови, дотогаш непознати форми и декорации. Досега во науката како носител на овие промени се смета Винчанската култура од север чии што влијанија се забележуваат на југ до течението на р. Брегалница, па така и керамичкиот материјал не ретко може да се сретне како „винчанска керамика“.

### *3.1.3 Транзиционен период-анализа на промените*

Доколку ја разгледаме оваа територија која што во ова поглавје се обработува, можеме да ја поделиме на неколку микро региони. Полошкиот и Скопскиот регион би можеле да се издвојат како посебни, понатаму следува Кумановскиот, Овчеполскиот на исток и Струмичко - Радовишкиот на југ. Овде би можела да се спомене и Тиквешијата, каде што се среќаваат доцнонеолитски обележја кои што ги имаат истите карактеристики со населбите од источна Македонија (Темелкоски, Миткоски 2008, 93-95; Синадиновски 2016, 57-60**)**. Територијата на јужна Србија, по течениоето на р. Морава, како и западна Бугарија по течението на Струма околу еден век порано дошле во додир со новите доцнонеолитски вредности од повеќето населби кај нас. Според датациите на неколку локалитети од соседните региони, почетокот на доцниот неолит е сместен во периодот пред 5300 год. п.н.е. (сл. 4; сл. 5) (Koukouli et. al. 2007, fig. 6; Vajsov 2007, 82, fig. 1; Тодорова 1993, 82; Тодорова, Ваисов 1993, 113; Boyadziev 1995 166; Vajsov 2007, 81-83; Borić 2009, 232, T.7; Tasić et. al. 2016, 27, 31, Fig. 17). Погоре е напоменато дека кај населбите од овчеполието и кумановскиот регион, во последните фази од својот среднонеолитски развиток се јавува мешање на керамичкиот материјал од средниот неолит со доцнонеолитската керамика. Исклучок прави локалитетот Страната каде што на почетокот на доцниот неолит била подигната населба со чисто доцнонеолитска материјална култура. Кај сите овие населби доцнонеолитските елементи се јавуваат во времето на последната среднонеолитска фаза, односно Винча-Тордош I на северните краеви. За разлика од нив, со досегашните ископувања на населбите од полошко и скопско може да се забележи дека ги немаат овие карактеристики. Доколку оваа ситуација не се промени во иднина, не треба да биде изненадување пред се' поради географската положба на овие региони. Имено, Скопската и Полошката котлина географски се оддалечени, не се директно изложени на природната трансверзала Вардар–Пчиња–Морава, пат по кој што несомнено во неолитскиот период се движеле и комуницирале луѓето од јужниот Балкан со оние од северните региони. Имајќи ја во предвид и географската поврзаност на кумановско поле, овчеполието и струмичката котлина со соседните региони на јужна Србија и западна Бугарија, не би било тешко да се претпостави дека населението од овие краеви порано воспоставило контакти со соседните региони и дошле во додир со новата доцнонеолитска материјална култура. Од друга страна пак, населбите од Полог се

поблиску до територијата на Косово, а преку неколку природни патишта се поврзани и со Пелагонија, така што не е исклучена можноста за комуникација помеѓу населбите од овие региони (сл. 2).




Слика 2. Природни комуникации помеѓу регионите од источна Македонија со соседните

Веќе погоре беше наведено дека неколку населби имаат континуитет на населување од средниот до доцниот неолит, а други пак биле создадени во доцниот неолит. За оваа проблематика досега доста е пишувано за Винчанската култура каде што во одредени региони се забележува идентична ситуација како во нашата територија. Изнесени се неколку модели кои што би можеле да ни помогнат за согледување на одредени проблеми и можни решенија, тие се:

- Миграција на нова популација, која може да подразбира напад на автохтоното население, уништување на населбите и населување на нови позиции или културна и економска доминација со што би дошло до целона асимилација на локалното население (Милановић 2016, 17; 57).

- Климатските промени кои што ги натерало луѓето да ги напуштат старите населби, да основаат нови или да ја сменат економиката (Милановић 2016, 17).

- Промената на материјалната култура и населувањето, што немора да значи доселување на нова популација, туку внатрешни промени. Тие промени може да бидат предизвикани од еконосмки фактор што значи промена на економијата и потрага по нови природни услови или нови технолошки иновации (Милановић 2016, 17-18 posle Sherratt 1980,1981,1983; Greenfield 1988, 2010; Chapman 1990 и др.).

- Промени предизвикани од механизмите на размена, појава на нови центри, нови друштвени односи, нови технолошки иновации, интензивна конекција со нови региони итн. (Милановић 2016, 20-21 после Chapman 1981,1996, 2000, 2006).

- Популационата динамика исто така може да влијае на населувањето и промените во материјална култура, овој модел подразбира зголемена динамика, демографски процеси, културен дисконтинуитет и многу други фактори кои може да влијаат врз населбите и материјалната култура (Милановић 2016, 21-22 после Shennan 2000).

- Исто така голема, ако не и основна улога имаат условите за земјоделие, односно еколошките промени. Имајќи во предвид дека во нашите региони имало одлични услови за развој на земјоделие каде што земјата се обработувала интензивно околу половина милениум можно е да дошло до криза, односно истрошеност на природните ресурси за развој на земјоделие што резултирало со напуштање на населбите.

Кон крајот на Анзабегово–Вршник IV се намалила популацијата во овие краеви, опаѓаат традиционалните вредности, опаѓаат стилските и технолошките знаења на керамичарите под силно влијание од соседните заедници. Многу населби биле напуштени и дошло до локални миграции во потрага по подобри услови за живот, но не во далечни територии, туку мигрирации во соседните населби или на нови позиции кои што пружале подобри услови за развој на земјоделство и сточарство. Тоа најверојатно било последица од климатските и еколошките промени кои се случувале во тој период на овие простори (Bonga 2013, 6; за клим. пром. види Тодорова 1993а, 42-50). Таква ситуација можеме да забележиме на повеќе места во скопско и кумановско, како што се погоре споменатите Млака кај с. Шупли Камен, Кременица кај с. Бразда, Долна Орловица, с. Ракотинци,

Дервен кај с. Долно Коњаре, Горен Гргур кај Мралино и др. Населби на кои што се пронајдени доцнонеолитски слоеви и керамички материјал. Како репер за овие размислувања може да ни послужи населбата Барутница во с. Анзабегово, каде што можеби лежи одговорот поврзан со оваа проблематика. Имено, Американскиот тим кој работел на овој локалитет, при истражувањето на архитектурата и хоризонталната стратиграфија на локалитетот низ неговите развојни фази, направиле пресметка за бројот на популацијата која што живеела во оваа населба. Според пресметките за првата фаза која што припаѓа на раниот неолит или Анза 1, населбата била на површина од 4.76 хектари и во неа опстојувале околу 200 - 300 куќи во кои што живееле околу 1500 луѓе. Ситуацијата не била драстично сменета во следните II и III фаза, каде што населбата зафаќала површина од 3.84, а куќите биле намалени за два метри во должина, за разлика од претходните од првата фаза кои биле со големина од 12x6 м. (Gimbutas 1976a, 34, 37). Според тоа можеме да забележиме дека во III фаза опаднал бројот на населението. Ова би било паралелно со Анзабегово – Вршник IV фазата кај другите среднонеолитски локалитети или околу 5400-5300 год. п.н.е. Можеме да забележиме дека и во оваа населба дошло до криза во последната фаза од средниот неолит, нешто што се забележува кај повеќето локалитети од оваа културна група па и пошироко на балканскиот полуостров. Во следната фаза на Анза IV кај американскиот тим, или доцниот неолит, ситуација е сосема поинаква. Во оваа последна фаза од населбата дошло до нагло зголемување на населението, пресметките покажале дека во населбата егзистирале околу 710 куќи, во кои што живееле помеѓу 4000 и 7000 жители. Што покажува дека овој археолошки локалитет во доцниот неолит бил мало гратче и економско–стопански центар во овој регион (Gimbutas 1976a, 34, 37). Слична ситуација е регистрирана и на територијата на југозападна Бугарија каде што се јавуваат населби со големина и до 21 хектар (Kulow 2017, 260). Прашање е зошто и како се зголемила популацијата во доцниот неолит во овие населби? Кои биле луѓето кои што се населиле во населбите? Одгоровот на тие прашања се состои од две можни решенија, при тоа сосема исклучувајќи ги миграциите на туѓинци од подалечни краеви кои што не биле познати на локалното население. Во првиот случај станува збор за миграции од повеќе помали среднонеолитски населби во една поголема, како што е случај со населбата кај Анзабегово. Во вториот случај, може да се претпостави формирање на нови населби на места каде што имало услови за земјоделство, каде што се

групирале луѓето од околните населби кои што ги напуштиле своите домови поради истрошеноста на природните ресурси околу населбите. Во прилог на ова добро е да се каже дека во северниот дел на Македонија досега се регистрирани 31 неолитски локалитет, во Овчеполието околу 22, во иднина со нови рекогносцирања оваа бројка несомнено ќе се зголеми. Кај најголемиот број од овие локалитети, при ископувањето и при рекогносцирањата, регистрирани се остатоци од средноненеолитски материјал. Ова значи дека во текот на средниот неолит кога на овој простор цутела Анзабегово–Вршник културата, имаме една доста густо населена територија каде што некои населби броеле и по повеќе од илјада жители**.** Поволните климатски услови во средниот неолит овозможиле добар и квалитетен живот на населението на оваа територија. Со покачувањето на климата настапиле сушни години во кои што тукашното население неможело да опстојува и произведува како претходно па дошло до локални миграции во потрага по подобра позиција.

Од погоре изнесените теории за крајот на средниот неолит можеме да забележиме дека некои од овие теории се поклопуваат со претходните мислења. Се разбира дека не можеме само од еден модел да дојдеме до попрецизен одговор на прашањето зошто биле напуштани едни населби, други биле формирани, а трети продолжиле да живеат. За да можеме подлабоко да навлеземе во проблематиката неопходно е да се направи анализа на промената во керамичката продукција која што во овој период на овие простори доживува драстични промени.

Овој транзиционен период од среден во доцен неолит на пошироките балкански простор во главно е посматран преку призмата на керамиката и технолошките промени кои се забележуваат на неа. И на територијата на источна Македонија главната промена се забележува во керамичката продукција. Точно е дека не можеме секогаш со сигурност да идентификуваме и дефинираме различни социјални или етнички групи преку керамичкиот материјал, меѓутоа, керамиката за нас археолозите е „писмо“ од праисториските периоди преку кое што се трудиме да ги дешифрираме случувањата и животот на луѓето во тие далечни времиња, како и да препознаеме различни култури и движења или комуникации помеѓу заедниците. Керамиката не треба да ја третираме како „жив“ предмет кој што самиот по себе еволуира во одредени периоди или фази од човековата историја и само

преку промената во типологијата и орнаментиката да бараме одговори поврзани со одредени проблематики. Керамичкиот материјал пред се’ треба да го сватиме како производ од човекот.

Керамичките садови, како и орнаментите на нив, човекот ги произведува, пред се за: 1. практична намена при исхраната и чувањето на намирниците, 2. економски причини (што подразбира дистрибуција на одредени намирници, или производство за трговија со керамички садови) и 3. како предмет за идентификација на одредена заедница или културна група (најчесто преку технологијата на производство и орнаментиката изведена на садовите, каде што се изразуваат симболиката на одредена заедница и технолошко-стилските способности на керамичарите). Во првите два случаи доаѓа до израз функционалноста на керамичкиот материјал, а во третиот социјалните аспекти и уметничките достигнувања на една култура. Среднонеолитските населби од Анзабегово–Вршник културната група биле доста големи со голем број на население што значи дека за потребите на луѓето во овие населби било потребно да се произведува големо количество на керамички материјал (Gimbutas 1976a 32-37). Имајќи ја во предвид разноликоста и квалитетната изработка на керамиката од средниот неолит, слободно можеме да претпоставиме дека постоеле големи керамички работилници каде што работеле поголем број на луѓе. Самата организација за производство на керамиката налага еден вид тимска работа во која биле вклучени поголем број на луѓе почнувајќи од работниците за набавка и транспорт на глината, пигментите и останатите примеси до работилниците. Потоа следуваат помошниците за припрема на глината, тука спаѓаат и изучувачите на керамичкиот занает кои што од млади години ги учеле технолошките, естетските и социјалните вредности на керамиката (Vuković 2013a, 308; Vuković 2013, 92-93; Çevik 2016), и на крај главните мајстори–керамичарите, кои што ги правеле крајните продукти–садовите. Крајниот продукт треба да се дистрибуира до локалното население или до друга населба за да се стави во употреба (Miller 2007, 4; Vuković 2013, 672-674; Vuković 2015, 664). Транспортот на садовите исто така бара добра организација за што биле потребни луѓе кои се задолжени за дистрибуцијата на садовите, поради тоа имало развиен систем за пренос и тргување со керамичките производи. Овде би било добро да се каже нешто за керамичката работилница во Улучар Хујук која што се наоѓа во западна Турција на 25 км. од Измир. Таму е откриена работилница со две соседни структури датирана од 6000 до

5800 год. п.н.е. Во внатрешноста на објектите се пронајдени разни камени мелници, коскени алатки, недовршен керамички сад, црвен пигмент, две печки и други помошни предмети и структури за изработка на керамички садови (Çevik 2016). Според сето тоа, можеме да заклучиме дека производството на керамиката претставува еден сложен процес кој бара добра координираност и соработка помеѓу работници од различни профили. Преку керамиката од средниот неолит можеме да видиме дека технологијата, стандардите на производство, орнаментите на керамичките садови им биле многу добро познати на керамичарите, притоа следејќи традиција на производство и стандардизирана типологија на садови од неколку стотици години. Многу е тешко да се даде одговор на прашањето зошто се сменил начинот на производство, притоа имајки во предвид дека промената на технолошкиот стил за изработка на керамика може да претставува кршење на традицијата и револт кај заедниците, така што забележано е дека стабилноста на технолошкиот стил претставува еден многу важен аспект за одржување на традицијата (Vuković 2015, 665. после: Goselain 1992; Stark et al. 1995). За промена на технологијата за изработка на керамиката мора да се сменат методите и техниките за производство, како и голем дел од целокупниот инвентар во кој се произведувала керамиката. Тоа подразбира учење и примена на нови технологии, различна обработка и припрема на глината итн.

Промената на технолошкиот стил за производство на керамиката според некои истражувања е последица од промената во друштвените односи, како и од контактите помеѓу различни заедници каде што доаѓа до интеграција на керамичарите (Stark 1999, 30; Vuković 2015, 666). Ситуацијата која што ја имаме кај нашите локалитети ни дава за право да претпоставиме дека откако дошле во контакт со новата технологија на производство, керамичарите од овие населби пројавиле интерес за нејзино изучување. Тоа резултирало можеби со испраќање на ученици или посета на самите мајстори на керамичките работилници во населбите каде што веќе се работело според новата технологија со цел да се изучуваат новините. Откако бил изучен новиот занает, освен старата технологија или оксидационото печење на керамиката, започнало да се употребува и новото знаење за редукционо печење на садовите. Ситуација која што е потврдена на повеќе локалитети каде се забележува појава на двете типови на керамика. Следниот чекор бил масовно производство на керамички садови според новите технолошки знаења во населбите, каде што биле целосно заменети старите садови и техники на производство и со тоа бил

означен почетокот на доцниот неолит. На овој начин постепено дошло до еден вид транзиција, што значи постепено изчезнување на еден технолошки стил и продолжување и појава на нов технолошки стил (Миркович-Марич 2016, 232. после Roux 2016). Според некои автори промената на материјалната култура и населувањето на нови позиции немора да значи доселување на нова популација, туку внатрешни промени, предизвикани од економски и еколошки фактори што значи промена на економијата и потрага по нови природни услови или нови технолошки иновации (Милановић 2016, 17-18 posle Sherratt 1980,1981,1983; Greenfield 1988, 2010; Chapman 1990 и др.). Оваа теорија сосема одговара на ситуацијата која што ја имаме во овој прелазен период кај нашите локалитети. Од друга страна пак, конзерватизмот на среднонеолитска култура на овие простори, како и силната среднонеолитска традиција за производство и орнаментирање на керамичкиот материјал, се основните фактори поради кои што не дошло до нагло прекинување на старите технолошки знаења и материјална култура.

Веќе погоре беше кажано дека кон крајот на Анзабегово-Вршник IV заедно со среднонеолитскиот се јавува и доцнонеолитски материјал, што беше протолкувано како резултат на силната среднонеолитска традиција и култура каде што луѓето долго време одолеале, односно не ги прифатиле новите технолошки иновации и материјална култура. За да бидат одржливи старите традиции и култура неопходно е заедниците кои што живееле овде да имаат одредени предиспозиции, богатства или природни услови. И покрај тоа што во оваа фаза многу населби ги живеат последните децении, несомнено луѓето останале верни на традицијата и технолошките знаења преку кои што се манифестирале нивните културни вредности и идентификацијата на заедниците. Во потрага по одговор на прашањето зошто овде подоцна настапува доцниот неолит за разлика од соседните територии, дојдовме до една интересна, неопходна намирница која што сите ја користиме, а несомнено била користена и во неолитот. Се работи за солта, обичната готварска сол која што е доста занемарена во археологијата поради тоа што не остава траги во слоевите и многу ретко се зема во превид нејзоното учество и значење во разни културни, економски и други промени кои што се случувале од праисторијата до 19 век. Иако до сега многу пати и историски е забележано дека поради солта се воделе војни, замирале цели населби, култури итн., а од друга страна многу култури и народи својот процут го доживеале благодарение на солта (Тасић 2009, 53-55). При истражувањата за потребата на

човекот од сол дојдено е до сознание дека доколку доколку исхраната се состои од сурово или печено месо, рибили или инсекти не постои потреба да се внесува дополнителна количина на сол (Тасић 2009, 56. после Adshead 1992, 7). Тоа најверојатно било случај со ловачко-собирачките заедници. Но ситуацијата е друга со земјоделските и сточарските заедници кои што имале потреба од сол поради повеќе причини кои што биле клучни за нивниот опстанок. Би сакал да набројам неколку примери преку кои ќе ја нагласам потребата од сол. Прво, солта е неопходна во приготовка на исхраната на човекот, пред се' поради тоа што таа помага во подобро и поздраво функционирање на организмот (Hall 1999). Второ, а можеби и поважно од првото, домашните животни имаат поголема потреба од сол од човекот. Поради тоа неопходно било тие да бидат водени на пасишта богати со сол за да можат да функционираат. Солта се додава и дополнително во исхраната на животните за надокнада на натриум и хлор со цел да се одржи апетитот на животното и за негова подобра репродукција. Според некои пресметки за исхрана на крава, особено со теле се потребни околу 36 кг. сол годишно, со тоа што забележано е дека неопходно е околу 10 кг. сол годишно (Милановић 2016, 40; Тасић 2009,56). Поради тоа што било потешко да се дојде до голема количина на сол, најверојатно во неолитскиот период оваа количина за консулмација на кравите е помала, но тоа не ја намалува потребата од сол на заедниците. Доколку заедниците немале во близина на населбата таков вид на пасишта неопходно било или сезонски да трагаат по тие пасишта или преку тргување или размена да дојдат до потребната количина на сол. На трето место би биле природните својства на солта која што овозможувала конзервирање на храната за подолг период, за обработка на кожата, за лечење итн. Ова се неколку примери кои што и тоа како ја потврдуваат потребата, или може да се каже неопходноста од сол за човекот или одредена заедница. За обработка на солта постојат повеќе методи кои што најверојатно биле користени уште од раниот неолит и кои што не секогаш оставаат трајни траги кои што би можеле денес со ископувањата да ги препознаеме. Но одредени керамички садови и камени орудија и тоа како може да служат за таа намена (Тасић 2009, 58-63).

Забележано е дека голем број од неолистките населби се наоѓаат на места каде што во околината има сол. Оваа појава се забележува уште од раниот неолит, а може да се прати од самите почетоци на неолитскиот период на територијата на блискиот исток. Таквите населби кои што се наоѓаат покрај извориште на сол не ретко имаат имиња поврзани со

солта, истото се однесува и за модерните градови и села, како и за одредени географски региони или реки кои даваат индикации за постоење на лежишта на сол, солени извори или рудници со сол во нивна близина. На Балканскиот полуостров има околу 20 места кои што го имаат топонимот Слатина, околу кои што биле откриени неолитски населби (Тасић 2009, 54-55). Таквото сериозно значење на солта ме поттикна да побарам такви топоними и на територијата на Македонија што секако би помогнало за решавање на одредени ситуации но и за сериозни размислувања на таа тема во иднина. Археолошката карта на Македонија, вториот број, е најсоодветна за барање на такви топоними. По претрагата забележав дека вкупно 21 топоним во себе го содржат зборот „Слатина“, „Солишка“, „Сланско“ итн. Од тие 21 локалитети, 17 се имиња на археолошки локалитети од различни периоди, 3 села и еден топоним за географска регија. Тоа ни зборува дека на територијата на Македонија има голем број на лежишта на сол или пак солени води. Таквите природни ресурси и предиспозиции несомнено биле познати на неолитскиот човек и користени на повеќе начини.

Сето погоре презентирано за солта и нејзиното значење беше направено поради тоа што мислам дека една од можеби главните причини за опстанокот и значењето на среднонеолитската Анзабегово-Вршник култура била токму солта. Овче поле е регион богат со сол која што била можеби и клучна при населувањето на луѓето на оваа територија уште во раниот неолит. На територијата на Овче Поле забележано е дека во пролетта доаѓа до покачување на нивото на подземните води богати со натриум хлорид, а потоа во летниот период до нагло опаѓање на водите при што на површината доаѓа до појава и задржување на солта (Милановић 2016, 40-41; после. Antić, Jović, Avdalović 1980). Во раниот и средниот неолит врските помеѓу овие заедници овде и оние на север од Старчевачката култура се одржувале покрај другото, и поради трговијата со сол која што била носена во населбите на север. При анализа и картирање на региони кои што се богати со сол на територијата на Старчевачката култура забележано е дека централниот Балкан е доста сиромашен со сол. При картирањето на наоѓалиштата богати со сол се забележува дека тоа се населби на самата граница на Старчевачката култура. На југ единствен таков локалитет е Барутница кај с. Анзабегово (Тасић 2009, 63-66; Tasić 2012, 215).

На територијата на источна Бугарија кај градот Провадија откриен е еден од најголемите ценри за производство на сол на Балканскиот полуостров, локалитетот Солницата. Најстариот хоризонт од овој локалитет е датиран во времето на Караново III-IV или околу 5400 год. п.н.е. Според истражувачот, овој локалитет бил центар за производство и трговија со солта. Откриени се илјадници фрагменти од керамички садови со тенки ѕидови кои што се типични само за овој локалитет кои што најверојатно служеле да обработка и добивање на сол, како и печка за добивање на сол (Николов 2008; Николов 2009). Тоа е периодот на самиот почеток на доцниот неолит во југоисточниот Балкан. Наодите и големинаата на овој локалитет несомнено ни зборуваат дека во тој период дошло до зголемена трговија со сол во овој дел од Балканот. Имајќи во предвид дека овчеполието исто така е богато со сол можеме да претпоставиме дека и населбата Барутница била своевиден центар за трговија со сол, што резултирало со зголемување на популацијата и доселување на луѓе од соседните населби. Во една таква ситуација кога доаѓа до зголемена трговија со соседните населби кои што веќе живеат во духот на доцнонеолитската материјална култура дошло до постепена културна асимилација и на населението на овие простори. Покрај другите предуслови, несомнено во иднина треба да се земе во предвид и значењето на солта во потрага по одговор на прашањата поврзани со доцниот неолит на овој простор и големината на населбите.

На крајот можеме да заклучиме според сето погоре наведено дека новите технолошки знаења, напуштањето на населбите и групирање на нови позиции на населението, како и интензивирањето на контактите со населбите од соседните територии, пред се’ со северните, каде што опстојувале големи населби, го одбележуваат почетокот на доцниот неолит на оваа територија.

### 3.2 Западна Македонија

Во овој дел ќе бидат опфатени во главно локалитетите од пелагониската рамница каде што имаме и најголем број на локалитетети од доцниот неолит. Исто така ќе бидат споменати и локалитетите од областа кај езерата и тиквешијата кои што се нераскинлив дел од културното минато на заедниците кои ги населувале овие географски предели. Проблемот за премин од среден во доцен неолит во Пелагонија, и општо во западниот дел

на Македонија е доста слабо разработен и презентиран во науката. Првите теории кои што се однесуваат на оваа проблематика се изнесени од страна на Бенац за населбата Устие на Дрим кај Струга и Мала Тумба кај с. Трн (Benac 1979). За населбата кај Струга е наведено дека во формирањето на генезата на оваа населба и културна група учествувале две компоненти, јадранска (како доминантна) и југоисточна или среднобалканска (Винчанска) (Benac 1979, 463-464). Што се однесува пак до населбата Мала Тумба кај с. Трн авторот наведува дека се можни повеќе варијанти за културната определба на оваа култура и населба. Според него извориштето на материјалната култура од Трн треба да се тражи во Царкан-Дунавец комплексот во централна Албанија, покрај тоа забележано е' и дека такви елементи во керамиката и појавата на ритоните се среќаваат и во Тесалија и средна Грција. Изнесена е претпоставка дека во овој предел на Пелагонија постои можност за доселување и мешање на различно население. Може да се забележи дека според овој истражувач генезата и потеклото на новата доцнонеолитска култура на овие простори се препишува во главно на населбите од јадранскиот брег, што го образложува со анализата на керамичката продукција (Benac 1979, 466-467). И Санев ги застапува овие мислења со тоа што се надоврзува на теоријата за населување, демографски раздвижувања од јадранскиот брег и соседниот југ (Лариса и Димини во Тесалија) (Санев 1994, 33). Според М. Гарашанин мала е веројатноста да дошло до потполна демографска експанзија од јадранскиот брег во Пелагонија. Тој забележува дека некои локалитети од Пелагонија по крајот на Велушина-Породин имаат уште една фаза која би ја пополнила временската дистанца помеѓу крајот на оваа група и почетокот на Трнската, алудирајќи на населбата Чука кај с. Тополчани, односно III фаза од овој локалитет, кој всушност е продолжение, еволуција од Велушина-Породин културната група. Во прилог на ова е изнесено мислењето на Hauptman кој што спрема типолошките карактерстики на керамиката од најдолниот слој на Бакарно Гумно и од неколку наоди кои што потекнуваат од Шуплевац од растурени слоеви ја синхронизира оваа фаза со Лариса групата во Тесалија (Гарашанин 1989, 30-31; Санев 1995, 44-45). Со подоцнежните истражувања тоа се потврдува и кај населбите Радин Дол и Могила. И за овие две населби наведено е дека својата еволуција ја продолжуваат по завршувањето на Велушина-Породин IV (Санев 1995,44-45; Китановски и др. 1987; Мургоски 2016 99-107; Симоска и др. 1979, 9-30; Mitkoski 2017, 153-154). Што се однесува пак до културните влијанија во Пелагонија, со слични размислувања е и

Миткоски според кој што особено во северниот дел на Пелагонија се јавува микс од културни влијанија од Јадранскиот круг и од централен Балкан од винчанската култура (Mitkoski 2017, 153-154). Тоа се досегашните неколку тези кои што во основа се надоврзуваат на постарите теории, како за периодизацијата, така и за културно мешање на повеќе влијанија во пелагониската котлина во доцниот неолит.

### *3.2.1 Велушина-Породин IV*

Во пелагониската котлина во раниот и средниот неолит се развива Велушко-Породинската културна група. Оваа културна група во литературата најпрво била воведена под името Породинска врз база на ископувањата на епонимниот локалитет кај Битола. Но откако биле превземени ископувања на локалитетот Велушка Тумба била надополнета сликата за неолитскиот развој во Пелагонија и оваа културна група го добила своето име Велушко–Породинска. Како и Анзабегово–Вршник, и оваа група има четири развојни фази, од кои што I фаза е од крајот на раниот неолит, а другите II - IV го означуваат среднонеолитскиот развој. За релациите помеѓу овие две културни групи досега во неколку наврати е наведено дека се регистрирани одредени појави кои што сугерираат на контакти помеѓу населението. Таква појава е регистрирана кај населбата Руг Баир каде што се пронајдени фрагменти од антропоморфен цилиндар и модел на куќа кои одговараат на наодите од Породин (Симоска, Санев 1977, 221; Garašanin 1979, 114). Што се однесува пак до синхронизацијата помеѓу овие две групи се забележува пократок живот на населбите од Велушко-Породинската група. Фазите II-IV од Велушката културна група се паралелни со II и III фаза од Анзабегово-Вршник, што би одговарало на времето околу средината на 6-тиот мил. п.н.е. (Garašanin 1979, 113-114; Митревски 2013; Фидановски 2013а, 22). Според некои автори пак, среднонеолитскиот развој во Пелагонија траел нешто подолго, односно се до почетокот на доцниот неолит кај населбата Мала Тумба во с. Трн и продорите на елементи од јадранскиот брег, паралелно во Винча B1 (Mitrevski 2003, 35; Здравковски 2006, 96). Доколку се сумираат овие податоци за релативната и апсолутната хронологија на неолитот во Пелагонија, може да се претпостави дека развојот на Велушко-Породинската група завршува околу 5500 год. п.н.е. Во овој период згаснал

животот на повеќе населби како на пример кај Велушка Тумба и Тумба кај с. Породин, Тумба кај с. Оптичари и др. (Симоска Санев, 1975; Grbič 1960; Симоска Кузман, 1990).

Географијата и геоморфологијата на пелагониската рамнина ги натерало луѓето во неолитскиот период своите населби да ги подигаат на тумби. На тој начин тие биле заштитени од поплави и мочуриштата околу нив и имале доминантна позиција над полето. Во пелагониската котлина досега се документирани околу 120 тумби. Има индикации на одредени места за постоење на централна населба околу која функционирале неколку помали, но само доколку живееле во ист временски период (Naumov, Stojkoski 2015). Покрај населбите подигани на тумбести возвишенија постојат и такви покрај река и на речни тераси како што се Градиште, Влаку кај с. Живојно и Бела Црква кај с. Брод (Симоска, Санев 1976, 11). Со скенирањето на неколку тумби во Пелагонија детектирани се ровови околу населбата, таква појава со сигурност е забележана кај Добромири и кај Врбјанска Чука с. Славеј (Наумов и др. 2016а, 22). При геомагнетните скенирања исто така се добиени податоци за поставеноста на објектите, така што во неколку населби објектите се со ориентација исток-запад, додека пак има и примери со североисток-југозапад, север-југ (Наумов 2014а; Наумов и др. 2016а; Наумов и др. 2017). Според тоа може да се види дека неолитскиот човек во пелагониските населби немал одредени правила и критериуми за поставеноста на живеалиштата и другите објекти. Најдобри податоци за архитектурата кај населбите од Пелагонија добиваме од антропоморфните модели на куќи. Според овие модели можеме да забележиме дека се работи четириаголни (правоаголни) објекти со двосливен кров и различни отвори (Симоска, Санев 1976, 11). Досега со ископувањата на повеќе локалитети ископани се делови од неколку објекти. Куќите биле градени од неколку поголеми и помали набиени колци помеѓу кои што биле преплетени помали гранки. На крајот овие конструкции се премачкувале со земја мешана со растителни материјали, димензиите кај објектите варираат од помали (6.5x5) па до поголеми објекти (11.3x13). Во објектите не ретко се среќаваат огништа, платформи за жито, култни објекти итн. (Garašanin 1979, 108-109; Стојанова-Канзурова 2011; Санев 1994, 32).

Што се однесува пак до керамиката од средниот неолит или Велушко-Породинската група, може да се каже дека се работи за садова продукција која што ги покажува

изолираноста и големите занаетчиски и технолошки знаења на керамичарите од овој регион. Кај грубата керамика се јавуваат импресото и барботинот како основни типови на орнаменти, што се забележува и кај останатите неолитски култури од поширокиот балкански простор (сл. 3. 6).




Слика 3. Керамички садови од Велушина-Породин културата

Изолираноста на оваа група најдобро се забележува преку пофината керамика која што најчесто керамиката била печена оксидационо и најзастапена е црвената керамика, но се среќаваат и темносивата, кафеавата, црната и керамиката со оранж боја. Садовите по форма можат да бидат конусни, биконусни со или без извлечен обод, топкалести садови кои што може да имаат и голем врат. Впечатливо за оваа културна група е орнаментирањето со бела боја врз црвена основа (сл. 3. 1-5). Овој тип на орнаменти се јавува уште во првата фаза, односно крајот на раниот неолит, и продолжува да се употребува се до последната IV фаза од оваа културна група следејќи ја традицијата во период од неколку векови. Многу ретко такви орнаменти се среќаваат кај локалитетите кои што го продолжиле животот по завршувaето на ова култура, за што ќе стане збор подолу. Како главни орнаменти се јавуваат цик-цак линии, издолжени триаголници, аглести, триаголни орнаменти, криволиниски итн. Мала промена се забележува кај

таканаречените култни предмети, статуетки, антропоморфни модели на куќи, жртвени масички, зооморфни модели итн. (Garašanin 1979, 109-110; Санев 1994, 32-33; Симоска, Санев 1975, 59-72; Симоска, Китаноски, Тодоровиќ 1979, 11-23; Темелкоски, Миткоски 2005; 29-53; Здравковски 2006, 160-163; Наумов 2014; итн). Тоа се основните карактеристики за средниот неолит во Пелагонија, во продолжение ќе се обидам да дадам неколку теории за причините за крајот на животот на населбите од оваа културна група и појавата на сосема нова материјална култура на овие простори.

### *3.2.2 Премин во доцен неолит*

И покрај тоа што во пелагониската котлина ископувања се вршени на повеќе од 10 локалитети од неолитскиот период, сепак многу е рано да се зборува за добра истраженост. Поради тоа не сме во можност да правиме подетални анализи за хронологијата, стратиграфијата и архитектурата кај населбите. За поверодостојни теории и размислувања неопходно е да се бараат паралели и синхронизации со соседните локалитети и култури кои што се подобро истражени. Тоа пред се’ се однесува на населбите од Егејска Македонија и Тесалија, но и од другите соседни региони од запад, исток и север. Пелагонија на југ е природно поврзана со западниот дел од Егејска Македонија, а преку р. Халиакмон понатаму со централна, источна Македонија и со Тесалија на југ. На запад преку Ѓавото со областа околу Преспанското и Охридското езеро и понатаму со источниот јадран. На север преку р. Треска и р. Бабуна е поврзана со скопско и полог, додека пак на запад преку Црна Река и во главно преку раечката клисура е поврзана со тиквешијата и понатаму со источна Македонија. Токму овие неколку природни патишта најверојатно биле клучни за развојот на неолитскиот период по Велушко-Породинската култура.

Од досегашните истражувања на локалитетите во Пелагонија можат да се забележат три групи на населби. Првата група ја претставуваат населби кои што биле формирани на почетокот на Велушко-Породинската културна група или во некоја од развојните фази и го завршиле својот живот во текот или на крајот на оваа култура (Врбјанска Чука, Тумба кај Оптичари, Велушка Тумба и Тумба кај с. Породин, Тумба кај с. Карамани итн.). Втора група на населби претставуваат населби кои што биле формирани во текот на Велушко-

Породинската култура и кои што својот развој го имаат и по завршувањето на оваа култура (Чука кај с. Тополчани, Могила I и II). И трета група на населби кои што биле подигнати по Велушко-Породинската културна група и кои што својот развој го имаат низ доцниот неолит, од кои што некои и понатаму во енеолитскиот период (Радин Дол, Могила кај с. Сенокос, Али Чаир во Прилеп, Кутлине кај с. Ракле итн.).

Со досегашниот степен на истраженост можеме да забележиме дека кај четири локалитети во Пелагонија се регистрирани такви појави, кои што многу јасно укажуваат на тоа дека по завршувањето на класичната Велушина-Породин, животот продолжил со видоизменета материјална култура (пред се’ керамиката), притоа следејќи ги старите традиции, но со изменети технолошки карактеристики. За одбележување се неколку податоци кои се наведени од истражувачите на населбите, а кои сосема доволно зборуваат за промените кои што се случиле.

Вториот културен стратум во Чука Тополчани е поделен на две фази. Во постарата фаза се застапени неколку примери на конусни, топкалести или затворени садови кои може да бидат со црвена мазнета површина, сива, сива-мат, црна мат боја или мрка боја. Наведено е дека орнаментите со бела боја и тука се среќаваат, но многу ретко за разлика од претходната фаза. Капаците кои што ги имало во претходниот стратум украсени со бела боја, сега се еднобојни, погруби и со темна основа. Пронајдени се неколку фрагменти кои се украсени со една врста валкана бела боја, што досега не е познато од другите наоѓалишта. За одбележување е’ и тоа што во оваа фаза се намалува и бројот на модели на куќи, што ни зборува за постепеното напуштање на старите култни предмети. Во фазата Б покрај конусната чинија која и понатаму се појавува, интересен е садот со биконусна форма и црно мазнета површина. Од боената керамика карактеристични се неколку наоди на примероци со мазнета основа преку која се насликани мотиви со црна или затворено темна боја. Орнаментите во вид на ленти може да се најдат и на внатрешната страна. Веќе во оваа фаза доаѓа до целосно изчезнување на моделите на куќа, што ни зборува за тоа дека биле напуштени главните култни, религиски сваќања на човекот во неолитот. Керамичкиот материјал покажува континуитет и во третата фаза, продолжуваат конусните садови кои што во оваа фаза имаат подобра фактура и отворено сива боја, црна или мазнета. Биконусните чинии со разни изведби на вратот исто така имаат отворено сива,

црна мазнета или темна мат боја. Во оваа фаза се среќаваат примероци со боена црвена мат боја од надвор и црна мат боја од внатре (Китаноски 1977, 27-42). За последната неолитска фаза кај населбата Могила II или Школска Тумба наведено е дека се истакнува чинијата со отворен широк реципиент со конусен или биконусен облик. Сивата боја преовладува, а се поретка е црвената. Белото сликање и понатаму се појавува но се губат неколку мотиви од претходно. Овој стратум е паралелен со Велушко-Породинска група IV и Чука II. Во најмладиот стратум од Могила се застапени старите форми но се појавуваат и нови, меѓу кои за издвојување се изразито биконусна чинија, убаво мазнета со темно сива боја и орнамент од ситни кружни налепци, како и паралелни низови од триаглеси убоди (Симоска и др. 1979, 9-30). Скоро идентична ситуација е забележана и кај соседната Могила I или Тумба Сред Село. Во последната неолитска фаза на оваа населба евидентирано е зголемено присуство на сивата и керамиката со темна боја, а е забележано значајно намалување на црвената керамика од претходните фази (Тодоровиќ и др. 1987, 8). Една од најспецифичните населби, како по материјалната култура, така и по самата положба е Радин Дол кај с. Присад. Фината керамика од овој локалитет е работена од прочистена земја, а садовите се со мазнета или сјајномазнета површина. Најбројна е керамиката со кафеавкаста боја, потоа сивата и црната, а најретка е црвеникавата. Има и двобојни, од внатрешната страна темна, а од надворешната црвена. По облиците застапени се неколку варијанти на конусни, топкасти чинии и ретко биконусни. Сите овие типови на садови може да бидат со замазнети или сјајно мазнети површини. Орнаментиката кај овие садови е многу ретка, има еден пример со врежување, сликање со темноцрвена боја пред печењето на црвена или сиво мазнета површина на внатрешната или надворешната страна на садот (Китаноски и др. 1987, 7-31).

Ова се основните, општи карактеристики за движниот археолошки материјал од овие населби. Можеме да забележиме дека освен тоа што продолжуваат да се изработуваат старите форми на садови, ништо друго нема континуитет од претходниот период. Се' друго сведочи за напуштање на старите културни, технолошки и религиски вредности. До израз доаѓа нов технолошки стил за изработка на керамиката, па така најбројната керамика е со црна, сива или темна боја, што е една од основните карактеристики на новото време заедно со зголеменото производство на биконусни садови. За жал, тоа се само четири населби кај кои што се регистрирани такви појави кои што добро сведочат за

крајот на средниот неолит (Велушина-Породин), но не и за почетокот на тоа што се смета за доцен неолит кај Мала Тумба, с. Трн, Устие на Дрим, Могила, с. Сенокос, Али Чаир кај Прилеп итн.

Што се однесува до позицијата на населбите, нивниот континуитет од претходната фаза и населувањето на нова позиција, може да се применат неколку модели за тие промени во овој период. Повеќето населби од Велушко-Породинската култура биле напуштени по последната фаза. Проблем претставува прашањето каде заминале луѓето од овие населби и зошто биле напуштени населбите, полињата и пасиштата во кои живееле и од кои се хранеле луѓето во овие населби. Веќе погоре беа презентирани неколку модели кои што сметам дека може да бидат употребени и за доцниот неолит во Пелагонија. Секако дека не е можно да се одбере еден основен модел со кој би се одговорило на прашањата поврзани со нашата проблематика. Поради тоа ќе бидат комбинирани повеќе теории со цел да се приближиме до поадекватно решение. Најпрво би сакал да се задржам на прашањето зошто тие населби и региони биле скоро едновремено напуштени. Посебно значаен за овој период во пелагонискиот неолит е податокот што за времето од 5500–5300 год. п.н.е. имаме многу мал број на датации и хијатус на населби на поширокиот балкански полуостров (Reingruber et al. 2017, 45). Слична ситуација е забележана и во соседните области, па и на поширокиот балкански полуостров каде што во тој период замираат многу населби и локални културни групи. Во последната фаза на средниот неолит на територијата на источна и северна Македонија биле напуштени повеќе населби, истото се однесува и за населбите од Тесалија во времето на Лариса-Тсангли културата според релативната хронологија (Gallis 1987). Во овој период започнува и напуштање на многу среднонеолитски населби и населување на сосема нови територии и зголемен број на населби во Тесалија и егејскиот дел на Македонија (Perles 1993, 388-389). Доколку се погледне ситуацијата кај поголемиот дел од населбите во југоисточниот Балкан може да се забележи дека по 5500 год. п.н.е. настанува некоја криза кај населбите, доаѓа до големи етно-културни промени и раздвижувања. За разлика од соседните региони кои што имаат динамичен среднонеолитски развој и не многу густо населена територија, средниот неолит во Пелагонија напротив се развива независно од соседните територии и се одликува со густо населени предели особено во јужниот, битолскиот дел. Таквата густа населеност во неолитот на плодното земјиште со изобилие од вода резуртирала и со интензивна

обработка на земјиштето во период од околу 400-500 год. во текот на првата половина на 6 мил. п.н.е. Околу средината на 6 мил. п.н.е. најверојатно дошло до исрцпување на природните ресурси на земјиштето за земјоделие и намалување на количината на храна што резултирало со напуштање на голем број населби и населување на нови позиции. Во тој период постепено започнува и со промена на температурите и природните услови, доаѓа до посуви и ладни времиња каде што најверојатно летата биле со многу високи температури додека пак зимите со ниски. Исто така добрите услови за земјоделие и сточарство во претходните векови биле загрозени од големите промени во вегетацијата кои се случиле на територијата на целиот Балкан (Bonga 2013, 6; за клим. пром. види Тодорова 1993а, 42-50). Таквата производствена криза ја растурила економската, технолошката и социјалната мрежа помеѓу населбите од Велушко-Породинската културна група.

Поради тоа луѓето биле приморани да развиваат и интензивираат нови контакти со населбите од соседните области и култури. Тоа резултирало со опаѓање на технолошкиот стил за производство на керамика и губење, отфрлање на старите технолошки норми и знаења, постепено губење на старите ритуални предмети и симболички вредности. Во тој период доаѓа до целосна доминација на темната и црно печената керамика, како и постепена доминација на биконусните садови со доцнонеолитски технолошки карактеристики. За жал немаме доволно хронолошки опиплив материјал за да се подвлечат што попрецизни синхронизации, поради тоа ќе бидат земени основните карактеристики со цел овие фази хронолошки да се позиционираат и синхронизираат со некоја од соседните културни групи. Промената на технолошкиот стил за производство на керамика и појавата или доминантноста на нов тип на керамички садови немора да значи и доселување или доминација на новодојдено население за што подетално објаснување беше изнесено во претходното поглавје. Токму поради тоа сметаме дека ситуацијата која ја имаме во Пелагонија во оваа прва фаза од доцниот неолит ни дава за право промената на технолошкиот стил да ја бараме во внатрешните социјални и економски фактори и промени, но под влијанија од соседните области. Силната среднонеолитска традиција за производство на керамиката кај населбите во Пелагонија започнува да опаѓа во последната фаза на Велушко-Породинската културна група. Во тој период постепено се зголемува бројот на темната сива и црна керамика, и намалување на црвената

орнаментирана со бели орнаменти. Како што може да се забележи од погоре изнесеното за населбите Чука и Могила, не доаѓа до нагла промена на керамичката садова продукција, туку станува збор за постепено отфрлање на една традиција и прифаќање, усовршување и продолжување на условно кажано новата технологија. Велам условно кажано затоа што оваа технологија им била позната на керамичарите уште во средниот неолит, кои што во следниот период ќе ја усовршат и таа ќе стане главна одлика на керамичките мајстори. Во оваа фаза, или првата фаза од доцниот неолит сосема исчезнува среднонеолитската керамика која што потполно ќе биде заменета од керамиката со сива, црна и темна боја, која што во тој период се јавува и на територијата на Тесалија, Егејска Македонија, започнува да се јавува и во источна Македонија во последните среднонеолитски слоеви во Вршник, Барутница, Руг Баир итн. како и на целиот југоисточен дел од Балканскиот полуостров. Појавата на фрагменти со боена црвена мат боја од надвор кај населбата Чука не треба да биде изненадување доколку се има во предвид дека таков начин на орнаменти се јавува повеќе населби од југозападна Бугарија, како и кај населбата Илинденци кој што е датиран околу средината на 6 мил. п.н.е. (Китаноски 1977, 27-42; Kulow 2017, 245-250). Промената на технологипкиот стил за керамичката продукција се должи најверојатно на производствената и економска криза која што настанала кај населението или на интеграцијата со населбите од соседните култури. Во една таква ситуација доаѓа до напуштање на старите вредности и традиции со кои што се одликувале заедниците од овие населби. Производствената криза во последната фаза кај среднонеолитските населби ги натерало луѓето да ги напуштаат населбите, да населуваат нови позиции, но и мешање и интензивна комуникација и интеграција со другите населби. Во тој случај промената на керамичкиот стил може да се препише на егзонамен карактер на различни култури или мешање на населението од различни населби (Мирковић-Марић 2016, 232-233). Во овој случај може да се употреби и зборот *транзиција* (Миркович-Марич 2016, 232. после Roux 2016), што би значело постепено изчезнување на еден технолошки стил и продолжување и појава на нов технолошки стил, што донекаде може да се забележи кај населбите Чука и Могила.

Кон крајот на средниот неолит во Тесалија и кај некои населби од егејска Македонија се забележува зголемена употреба на црнопечена керамика. Производството и зголемената употреба на редукционо печена (црна) керамика е забележано скоро кај сите локалитети

од тероторијата на копнена Грција кон крајот на средниот неолит. И покрај тоа што црната керамика се среќава и во постарите фази забележано е дека постои разлика во технологијата, орнаментиката итн. За појавата на црно печената керамика кај локалитетите Елатеја и Франчти пештерата во Грција забележано е дека тие се појавуваат пред крајот на средниот неолит, како први сигнали на доцниот неолит (Coleman 1992, 252. after: Jacobsen 1973; Weinberg1962, 1965,1970; Hauptmann and Milojčić 1969; Hauptmann 1981; и др.). Таква ситуација е забележана и кај локалитетите Парадими, Ситагрои 1-2, Василка, Сервиа, раната фаза кај Димини итн. кои што спаѓаат во Лариса, Тсангли и Арапи фазата. Во првата фаза на доцниот неолит во Тесалија наведено е дека поголемиот дел од керамичкиот материјал е со минимален третман на површината на садот и сиромашна декорација (Perles 1993, 387, 395). Таква ситуација имаме и на керамиката од Чука, Могила и Радин Дол каде што керамиката во главно е без орнаменти и површинска обработка, освен неколку фрагменти на кои се среќава орнаментика. На територијата на западниот дел на Егејска Македонија, кај регионите Птолемаис, Алиакмон и Гианица се забележани голем број на локалитети кои што имаат континуитет од средениот и доцниот неолит. Но сепак најголем пораст на локалитети е забележан во текот на доцниот неолит кога дошло до масовно населување на целата територија со регистрирани 48 локалитети од кои што 13 имаат континуитет од средниот неолит, додека пак само два локалитети од средниот неолит биле напуштени (Kokkinidou, Trantalidou 1991. 93-106). И овде може да се забележи, барем со досегашниот степен на истраженост дека кај населбите од Пелагонија имаме сосема спротивна слика, што уште еднаш ја потврдува посебноста на овој регион. Како и да е, очигледно е дека во текот на доцниот неолит дошло до експанзија и населување на западниот дел од Егејска Македонија што резултирало со зголемени контакти помеѓу населението од југ и „пелагонците“.

Според најновите датирања и калибрирања на неколку локалитети од Тесалија поместена е границата за почетокот на доцниот неолит. Презентирани се датациите од вкупно 23 локалитети од кои што 10 се постари датации, а 13 најнови. Според овие датации средниот неолит во Тесалија спаѓа во времето од 6000 до 5500 год. п.н.е. што е за 200 години постара од старата хронологија според која средниот неолит својот крај го има околу 5300 год. п.н.е. Ова е потврдено кај локалитетите Аргиса Магула и Агиос Петрос кои што се датирани во првата половина на 6 мил. пне. (Reingruber et al. 2017, 44-45). За почетокот на

доцниот неолит во Тесалија сведочат досегашните истражувања и датации од локалитетите Теопетра, Про-дромос Магула Агиос Иоанис и Макрихори кои што се датирани во вековите од 5500-5300 год. п.н.е. Според тоа почетокот на доцниот неолит или првата фаза (LN I) започнува околу 5500 год. п.н.е. што е паралелно со Тсангли-Лариса културата во Тесалија (сл. 10) (Reingruber et al. 2017, 45, tab. 5). Кај локалитетот Халаи во Грција доцниот неолит е датиран во периодот од 5600-5300 год. Со тоа што е поделено на ран доцен неолит 5600-5450 и покасен доцен неолит 5450-5300 год. п.н.е. (Facorellis, Coleman 2012, 319-330, tab. 2). Во овој период спаѓа и Макриалос кој се наога кај Пиерија на местото каде што поминувал главниот пат за комуникација помеѓу грчкиот дел на Македонија и Тесалија и Пелапонез на југ (Pappa 1999, 179). Во првата фаза на овој локалитет, која е датирана по 5400 год. п.н.е. кај керамичкиот материјал најзастапени се биконусните и големите скадишни садови со добро обработена површина. Се работи за керамика со црна и темна боја, во мал број е застапена и black topped керамиката (Pappa 1999, 187). Доколку се согласиме дека Велушина-Породин културната група својот крај го има околу средината на VI мил. п.н.е. што е потврдено со неколку датации, тогаш имаме одлична ситуација според која што крајот на средниот неолит во Тесалија може да се синхронизира со крајот на средниот неолит во Пелагонија. Ова совршено се вклопува со датирањето на локалитетите Чука, Радин Дол и Могила како продолжение на Велушко-Породинската група или паралелно со Лариса фазата во Тесалија (Гарашанин 1989, 30-31; Санев 1995,44-45; Китановски и др. 1987; Мургоски 2016 99-107 TI, 1,2; Симоска и др. 1979, 9-30; Mitkoski 2017, 153-154). Иако немаме доволно материјал со кој би се направила попрецизна синхронизација, сепак ова датирање се чини сосема оправдано. Во прилог на ова оди и погоре изнесениот податок дека во оваа фаза керамиката нема посебен третман што се однесува на орнаментиката и површината, што е забележано и кај пелагониските локалитети и кај оние од Тесалија. На крајот можеме да заклучиме дека по завршувањето на средниот неолит на овие простори се случиле промени во материјалната култура, населување на нови региони, зголемување на комуникацијата со населбите од соседните региони и низа други дејствија кои што во следната фаза на доцниот неолит биле интензивирани и многу добро се следат преку движниот археолошки материјал.

# 4. ПЕРИОДИЗАЦИЈА И ХРОНОЛОГИЈА НА ДОЦНИОТ НЕОЛИТ ВО МАКЕДОНИЈА

Периодизацијата и хронологијата на една праисториска епоха е од клучно значење за разбирање и синхронизирање на различни културни групи и заедници. Исто така со прецизно хронолошко позиционирање на локалитетите полесно можеме да ги поврземе со одредени „историски“ настани во праисторијата, во случајот, доцниот неолит. Доцниот неолит на територијата на Македонија е период кој што претставува на некој начин мост помеѓу средниот неолит и енеолитскиот период. Тоа се две епохи со сосема различни економски и социјални уредувања, според многу досегашни сознанија, може да се каже период на мирни времиња (средниот неолит) и период на бурни времиња и раздвижувања (енеолитот). Токму поради тоа културните процеси кои што се случувале во доцнот неолит се од круцијално значење за разбирање на причините поради кои дошло до такви крупни социјални и економски промени. Затоа неопходно е попрецизно и подетално хронолошко позиционирање на доцнонеолитските локалитети од Македонија. Тоа ќе се обидам да го изведам во главно преку синхронизации со соседните култури од каде што имаме голем број на апсолутни датации.

Археологијата во Р. Македонија од самите почетоци па до ден денес, покрај другите, еден од најголемите проблеми ги има со хронологијата. Тоа пред се’ се однесува за праисториската археологија, каде што спаѓа и неолитскиот период. Поголемиот број на ископувани локалитети од неолитскиот период се датирани со релативна хронологија, односно преку споредба и синхронизација на движниот археолошки материјал со соседните локалитети и културни групи. Што се однесува пак до апсолутната хронологија, за жал тука немаме многу прецизни и убедливи податоци. Од неолитскиот период во Македонија, С-14 датации имаме од неколку локалитети од кои што поради малиот број на датирани примероци сепак не можеме да воспоставиме прецизна и стабилна хронолошка рамка на локалитетите и културните групи. Овие датации биле извршени во главно на локалитети од средниот неолит, ситуацијата во доцниот неолит е жална што се однесува до апсолутната хронологија. Поради тоа, а имајќи ја во предвид и географската и културната поделба на локалитетите од Македонија неопходно е, како и во претходното поглавје посебно да бидат третирани западниот и источниот дел на Македонија. Тоа пред

се' затоа што имаат поврзаност со различни региони, па на тој начин полесно може да се позиционираат и поврзат со соседните локалитети и култури. Источниот дел на Македонија природно е поврзан до јужниот дел на Србија и западниот дел на Бугарија, додека пак западниот, со егејскиот дел на Македонија и јадранот, секако и дека населбите од источна и западна Македонија комуницирале помеѓу себе, што е забележано особено за северниот дел на пелагонија и полошко. Но поради тоа што имаме подобри датации во соседните држави, за полесна хронолошка анализа, на прво место ќе бидат ставени релациите и синхронизацијата со соседните култури.

## 4.1 Источна Македонија

### *4.1.1 Зелениково 2 и Ангелци*

Од доцниот неолит во источна Македонија досега се регистрирани овие две културни групи. Најпрво од страна на Гарашанин била определена нова културна група на доцниот неолит наречена Зелениково 2 (Garašanin 1979, 207-211). Според истражувачот, оваа доцнонеолитска населба и културната група своите почетоци ги имаат паралелно со Винча – Тордош II или B1, што значи во еден поодминат период на доцниот неолит во северните и источните краишта (Гарашанин, Спасовска 1976, 110–111; Garašanin 1979, 210-211).

Подоцна, со ископувањето на населбата Страната, кај с. Ангелци била откриена населба од доцниот неолит која што настанала порано од населбата кај Зелениково. Поради специфичноста на археолошкиот материјал од оваа населба била определена локална културна група Ангелци I и II која што својот развој го имала во југоисточниот дел на Македонија. Оваа културна група според движниот материјал потесно се врзува со доцниот неолит по долината на р. Струма во Бугарија, од каде што според некои автори се ширеле елементите од Винчанската култура (Санев 1994, 31; Sanev 1996, 156; Mitrevski 2003, 35). Почетоците на оваа културна група и постариот слој од населбата Страната кај Ангелци се врзуваат за фазата Винча – Тордош I (Санев, Стаменова 1989. 24; Чохаджиев 2007, 144, таб. 7; Гребска-Кулова 2004, 135–136; Mitrevski 2003, 35). Исто така и со почетоците на доцниот неолит во долината на р. Струма кај локалитетите Ваксево,

Блгарчево, Ковачево, Долна Рибница и др. (Гребска-Кулова 2004, 135; Чохаджиев 2007, 53–54: 143–144) (сл. 4).

| Phase | Strimon River | Topolnica-Akropotamos Culture | Phase | Eastern Macedonia | Vinca Culture | | Central and South Serbia | Phases | Thessaly |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| II | Angelci II, Damjanica I, Separeva Banja II, Slatino1... | Phase II (5300-5070 BC) | Phase II 5250 BC > | Angelci II, Zelenikovo II, Atici, Anzabegovo, Sred Selo, Tumba D. P., Pod Selo-Tumba, Cerje, Amam, Chibuk Cheshma | Vinca-Tordos IIa 5230 BC > | B1 5230 BC > | Zitkovac, Drenovac, Belovode, Vinca, Supska, Ivankovac, Cukar, Plocnik, Predionica... | 5300-5000 L.N I (late) | Theopetra, Makrychori |
| Ib<br>Ia | Vaksevo IV, Kovachevo II, Dolna Ribnica, B'lgarchevo II Angelci I | Phase I (5320 BC) ? | Phase I >5250 BC | Rug Bair Anzabegovo Vrshnik Angelci I | Vinca-Tordos I 5320-5230 BC | A 5320-5230 BC | Zitkovac, Drenovac, Belovode, Grivac, Vinca, Supska... | 5500-5300 L.N I (early) | Theopetra, Makrychori, Prodomos M. Ag. Ioannis, Tsangli-Larissa |

Слика 4. Синхронизација на доцнонеолитските локалитети од Македонија со доцноенолитските култури и фази од Бугарија и Србија

### *4.1.2 Релативна хронологија*

Поради малиот број на апсолутни датации, тие ќе бидат презентирани како вовед во ова поглавје за потоа да биде обработена релативната хронологија. Од доцниот неолит на територијата на источна Македонија апсолутна хронологија имаме од локалитетот Барутница, кај с. Анзабегово. Според датациите направени од смериканскиот тим кој што работел на овој локалитет, слојот IV a, b во американскиот сектор е датиран од 5200–5000 год. п.н.е. (Gimbutas 1976a, 29, tab. II, 76-77). Овој слој е паралелен со почетокот на Винча–Тордош IIa или почетокот на B1 (Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17). Останатите доцнонеолитски локалитети се датирани со релативна хронологија, односно најчесто преку позиционирање на локалитетот во некоја од фазите на соседната винчанска култура. За среќа повеќето од локалитетите кои што биле ископувани од страна на добри познавачи на доцниот неолит, тука пред се' би сакал да го споменам Милутин Гарашанин кој што целиот работен век го поминал истражувајќи го доцниот неолит, имаме добра релативна хронологија на неколку локалитети.

Досега ископуваните локалитети од оваа територија ги имаат следните фази: почнувајќи од Скопско, хоризонтот V од Говрлево е паралелен со Винча–Тордош I–II (Bilbija 1985, 35–36), помладиот втор слој од локалитетот Слатина кај с. Зелениково по кој што е именувана културната група Зелениково II, исто така припаѓа на фазата Винча – Тордош II (B1) (Garašanin 1979, 207–211), потоа Сред Село, с. Мршевци каде што помладиот

хоризонт се поврзува со Зелениково II и последните слоеви од Анзабегово (Санев В. 1989, 21-22). Истото се однесува и за Тумба, с. Долно Палчиште (Саржоски, Здравковски 1991, 149, 143), Под Село – Тумба, с. Стенче (Здравковски 2005, 25-31) и Тумба кај Брвеница (Abazi, Tolevski 2017, 99-119) кои што се датирани на почетокот на Винча-Тордош II. Кај локалитетот Атици кој што се наоѓа во југоисточниот дел на Македонија постариот слој е определен како дел од Винча – Тордош II (Здравковски 2008, 51). Кај сите тие локалитети приближно во исто време настанале доцнонеолитските населби. Исклучок прави постариот слој од населбата Страната кај Ангелци која се врзува за фазата Винча–Тордош I и за постарата фаза од доцниот неолит по течението на р. Струма. Доцниот неолит кај локалитетите од долината на р. Струма која што е природно поврзана со Струмичката котлина настапува после 5400 год. п.н.е. Првата фаза на локалитетот Промахон–Тополница е датирана малку пред 5300 г.п.н.е. Така што сосема е веројатно дека во тој период настанала и населбата Страната (сл. 4) (Санев, Стаменова 1989. 24; Чохаджиев 2007, 144, таб. 7; Гребска-Кулова 2004, 135–136; Boyadziev 1995 166).

### *4.1.3 Предлог периодизација*

Ситуацијата кај неколку локалитети од средниот и доцниот неолит од оваа територија ни налага почетоците на овој период да го поделиме во две фази. Со тоа би можеле попрецизно да го позиционираме овој период во општата хронологија на доцниот неолит на овој дел од Балканот. Оваа поделба е неопходна поради тоа што немаме брз и едновремен прекин на средниот, а со тоа и јасен почеток на доцниот неолит. Кај неколку населби се забележува период на постепено прифаќање на новите културни влијанија и технолошки знаења од локалното население, најпрво во среднонеолитските, а потоа и како посебни, веќе формирани појави во доцнонеолитските населби. Тие нови знаења и влијанија биле превземени од населбите од северните и источните краишта преку постепена културна асимилација на тукашното население. Поради тоа најпрво ќе бидат изнесени основните сознанија за хронологијата на соседните култури кои што на некој начин биле поврзани со нашите локалитети.




Слика 5. Почетокот на Винча А и развојните фази (Според Whittle et. al. 2016 fig. 37)

Во доцниот неолит на територијата на север од Македонија се појавува винчанската култура со нејзините јужни варијанти. Поради тоа што се работи за една комплексна култура која што била препознаена и пласирана во науката уште многу одамна, досега се напишани многу трудови и книги за развојните фази на оваа култура и нејзината хронологија. Досега во науката се направени повеќе обиди за прецизирање на хронологијата на оваа култура. Во литературата најприфатени и користени се хронолошките фази направени од Милојчиќ и Гарашанин (Milojčić 1943/49; Garašanin 1998. види во: Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17). Милојчиќ многу рано успеал да ги препознае развојните фази на Винчанската култура. Тој ја поделил Винчанската култура на следниве фази почнувајќи од најстарите: A, B 1-2, C, C-D и D (види: Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17). Според Гарашанин (Garašanin 1998), винчанската култура се развива низ неколку фази и тоа почнувајќи од најстарата Винча-Тордош 1, Винча-Тордош 2а и 2б, Градачка фаза, Винча-Плочник 1, Винча-Пличник 2а и 2б (Garašanin 1979, 152). Поделбата на овие два истражувачи се покажа како најпрецизна и најкористена од страна на археолозите. Овие фази прецизно се вклопија во апсолутната хронологија која што беше направена неодамна на локалитетот Бело Брдо во Винча, како и со претходните датации (Tasić et. al. 2016). Според добиените резултати, Винчанската култура своите почетоци ги има некаде околу 5300 год.п.н.е. (сл. 5) (Borić 2009, 232, T.7; Tasić et. al. 2016, 27, 31, Fig. 17). Најраната фаза од винчанската култура или Винча-Тордош 1 (А), се јавува на подрачјето на таканаречената класична Винча, односно на една поголема територија околу населбата Бело Брдо во Винча, Белград (Lekovic 1990, 71, PL 2). На територијата на централна Србија досега се регистрирани околу 40 локалитети од доцниот неолит, но само кај

локалитетите Гривац, Долна Грбица и Ресник се регистрирани појави кои што се врзуваат за најстарата Винча А фаза (Bogdanović 1996, 179, 184). На територијата на јужна Србија или јужноморавската и косовската варијанта на винчанската култура исто така имаме оскудни податоци од локалитети со материјал кој би припаѓал на Винча-Тордош I (А) фазата (сл. 6). На оваа територија има неколку наоѓалишта кај кои е регистрирана најраната фаза на винчанската култура, се работи за наоѓалиштето Житковац каде што се пронајдени јами во кои се среќаваат наоди кои што се врзуваат за Винча-Тордош I или II фазата. Истото се однесува и за населбата кај Предионица каде што хоризонтот со земуниците и наодите во нив се врзуваат за Винча-Тордош I или II фазата (Garašanin 1979, 185-191; Гарашанин 1998, 74-79).




Слика 6. Населеноста на територијата на Винчанската култура – Винча А (лево) Винча В (десно) (Според Whittle et. al. 2016 fig. 26, fig.28)

На територијата на југозападна Бугарија во доцниот неолит се појавува т.к.н. Акропотамос-Тополница културната група (Тодорова 1993, 82; Тодорова, Ваисов 1993, 113; Boyadziev 1995, 166; Vajsov 2007, 81-83). Локалитет Промахон–Тополница е еден од локалитетите кои што се подобро датирани. Почетоците на овој локалитет или првата фаза, според датациите спаѓаат нешто пред 5300 г.п.н.е. (Koukouli et. al. 2007, fig. 6; Vajsov 2007, 82, fig. 1), што значи некаде паралелно со почетокот на Винча културата на север и крајот на Анзабегово-Вршник во источна Македонија. Доцниот неолит во западна Бугарија, по течението на Струма е документиран преку неколку наоѓалишта. Од тие

локалитети има неколку прецизни датации, па забележано е дека околу 5400 г.п.н.е. настапува првата фаза на доцниот неолит. Тие прилично високи датации кои го одбележуваат крајот на раниот и почетокот на доцниот неолит на оваа територија потекнуваат од IV хоризонт од Сепарева Бања и I хоризонт од Булгарчево (Bojadziev 2007, 311; Чохаджиев 2007, 143–144). Можеме да забележиме дека овде имаме една прилично висока датација за почетокот на доцниот неолит, што е забележано и кај локалитетот Ситагрои каде што I слој е датиран помеѓу 5450/5400-5250/5200 п.н.е. (Bojadyiev 2007, 311). Но покрај оваа периодизација, според некои истражувачи во овој период на територијата на средна Струма се појавува и среднонеолитска фаза која што е заблежана кај Булгарчево II и Долна Рибница како епонимни локалитети, и уште други 15 локалитети. Се работи за една кратка фаза која што е застапена само по средното течение на Струма која што го претставува транзициониот период помеѓу раниот и доцниот неолит (Grebska Kulow 2017, 255-260). Оваа прва фаза од доцниот неолит во западна Бугарија е документиран кај локалитетите Ваксево 4, Блгарчево 2, Ковачево 2, Долна Рибница и др. (Тодорова, Ваисов 1993, 111; Гребска-Кулова 2004, 135; Чохаджиев 2007, 53–54: 143–144). И овде имаме слична ситуација со јужна Србија и источна Македонија што се однесува до густината на населеност на оваа територија. Во првата фаза на доцниот неолит на оваа територија имаме помал број на населби за разлика од втората фаза кога ќе се појават повеќе населби во средното и долно течение на Струма (сл.7). На територијата пак на Тесалија неодамна беа датирани неколку локалитети. Според датациите доцниот неолит на таа територија започнува некаде околу 5500 год. п.н.е. (Reingruber 2017, 45-47). Доколку ги разгледаме сите тие појави лесно може да се забележи дека во текот на 55 век п.н.е доаѓа до значајни промени во материјалната култура на овој дел од Балканот.




Слика 7. Населби од првата и втората фаза на доцниот неолит по долината на р. Струма во југозападна Бугарија – Прва фаза (лево) Втора фаза (десно) (Според Грабска-Кулова 2004 обр. 1, обр. 2)

Доколку направиме споредба на датациите за почетоците на доцниот неолит во соседните територии, може да се забележи дека и на север и на исток од источна Македонија доцниот неолит започнува во приближно исто време. Населбите покрај р. Струма можеби малку порано дошле во контакт со новите доцнонеолитски вредности. Тоа најверојатно се должи на тоа што реката Струма се зема како една од главните трансверзали низ кои што протекувале новите културни влијанија од југ, каде што порано се појавуваат доцнонеолитските населби. Населбите пак од јужниот дел на Србија како што ќе видиме во подолниот текст речиси ја делеле истата судбина како и населбите од источниот дел на Македонија. Тоа пред се' се должи на изолираноста на оваа територија од северните и источните региони каде што населението порано дошло во допир со новите културни вредности кои навлегувале, биле превземени од Анадолија низ Тракија, Дунав и јужниот Балкан. Јужниот и средишниот дел на Србија се одликуваат со ридести и шумски подрачја, така што во времето кога на север се јавуваат поголеми земјоделски населби кај кои што веќе дошло до промена на материјалната и духовната култура од средниот неолит, во јужниот дел неколку среднонеолитски населби биле напуштени, а останатите подолго останале верни на среднонеолитската традиција. Слична ситуација имаме и во

источниот дел на Македонија каде што во одредени региони луѓето до последен момент ги негувале среднонеолитските традиции. Поради тоа во продолжение ќе бидат предложени две фази на доцниот неолит, со цел да бидат разграничени и да можат полесно да се вклопат во хронологијата со соседните култури.

*Прва фаза*

Првата фаза, односно почетокот на доцниот неолит би можеле да ја сместиме паралелно, или кон крајот на животот кај некои среднонеолитски населби. Во погорниот текст неколку пати беше споменато дека кај неколку среднонеолитски локалитети во последната фаза се јавува керамика која има доцнонеолитски карактеристики. Постојат две можности оваа керамика да стигнала во среднонеолитските населби. Првата опција е таа да била увезена од соседните населби каде што веќе се произведувала таква керамика. Во тој случај оваа керамика може да била донесена со увоз или преку размена на продукти на населбите од оваа територија со соседните. Втората опција е локално производство на керамиката во среднонеолитските населби, каде што во исто време биле употребувани двете различни технологии за производство и орнаментирање на керамичкиот материјал, при тоа нормално не исклучувајќи ја и размената со соседните населби. Оваа фаза не се среќава кај сите среднонеолитски населби од последната IV фаза од Анзабегово-Вршник културата. Кај локалитетите Церје, с. Говрлево, Сред Село, с. Мршевци, Под Село, с. Стенче и Тумба кај Долно Палчиште не е забележано мешање на керамичкиот материјал во последната средннеолитска фаза (Санев В. 1989а; Bilbija 1986; Здравковски 2005, 25-31;Саржоски, Здравковски 1991, 149, 143). Овие локалитети се од скопскиот и полошкиот регион, тие региони географски се понастрана од кумановско и Овче Поле од каде што минувале главните патишта и се одвивале главните комиуникации со соседните региони. Можеме да претпоставиме дека кај овие населби населението до последен момент останало верно на старите традиции и знаења поради својата географска местоположба и поволните услови за живот во овие региони. Ситуацијата е поразлична кај локалитетите во Вршник с. Таринци, Руг Баир кај с. Горубинци, како и во населбата кај Анзабегово во последната среднонеолитска фаза. Кај овие локалитети во последните слоеви доаѓа до појава на нов керамички материјал, нова технологија на изработка и орнаментирање на керамичкиот материјал, но во исто време со среднонеолитската керамичка продукција

(Гарашанин 2009а, 253; Санев 1975, 224-225; Гарашанин М., Гарашанин Д. 1961, 28; Garašanin 1979, 95-96). Овие новости биле превземани од населбите од соседните региони, пред се’ од локалитетите од јужна Морава кои под влијание на винчанската култура порано дошле во додир со новата технологија, како и од населбите по р. Струма во соседна Бугарија. На оваа постара фаза припаѓа и локалитетот Страната кај с. Ангелци. За разлика од горенаведените среднонеолитски локалитети, населбата кај Ангелци настанала токму во овој период како нова доцнонеолитска населба, со керамика која ги има сите особености од доцниот неолит. Голема е веројатноста оваа населба да била подигната од страна на доселеници во струмичкиот крај кои што биле носители на потполно нова материјална култура. Таа била формирана во времето паралелно со крајот на средниот неолит во источна Македонија или Анзабегово-Вршник IV, Винча-Тордош 1 или Винча А и првата фаза од доцниот неолит (среднонеолитската) по долината на Струма (Тодорова, Ваисов 1993, 111; Гребска-Кулова 2004, 135; Чохаджиев 2007, 53–54: 143–144; Grebska Kulow 2017, 255-260; Grebska Kulowa, Kulow 2007, 291-285). Доколку ги разгледаме и споредиме датациите направени кај локалитетите од соседството можеме да забележиме дека оваа прва фаза од појавата на доцнонеолитки материјал кај нашите локалитети можеме да ја сместиме некаде во периодот од 5400/5350-5250 год. п.н.е. Овие датации се поклопуваат и со датациите направени на локалитетот Барутница од страна на Американскиот тим кој работел таму. Според тие датации средниот неолит на овој локалитет завршува некаде околу 5300 г.п.н.е (Gimbutas 1976a, 29-32, T. I, T. II). Во исто време и кај населбите од Тесалија се појавуваат доцнонеолитски населби и фазата Лариса-Тсангли (Reingruber 2017, 45-47). Во овој период настапува криза кај среднонеолитските населби, се истрошуваат природните ресурси околу населбите, доаѓа до постепена промена на климата и еколошкото опкружување што резултирало со напуштање на некои населби, населување на нови позиции и групирање на населението во населби каде што сеуште постоеле услови за земјоделство и сточарство. Во текот на тие 100-тина години на оваа територија и дефинитивно згаснува средниот неолит. Во овој период може да се забележи дека и на територијата на средна и јужна Србија настанала криза кај населението. Таму се забележува хијатус на живот и мал број населби, за разлика од територијата околу Дунав каде што започнува да се развива Винчанската култура и се создаваат голем број на населби (сл. 6). Истото се однесува и за населбите по р. Струма

каде што во оваа прва фаза на доцниот неолит има помал број на населби (сл. 7). Таква ситуација имаме и во Пелагонија каде што, како што ќе видиме во следното поглавје доаѓа до напуштање на голем дел на населби и промена во материјалната култура. И на територијата на поголемиот дел на балканот е забележан извесен хијатус на населби во овој период, што резултира и со многу мал број на датации, напуштање на населбите итн. (Reingruber 2017, 45). Во потрага по подобри услови за живот биле населувани нови позиции или пак групирање во постарите населби каде што сеуште постоеле услови за живот. Веќе во следниот период на Винча-Тордош II или B фазата, како и втората фаза на доцниот неолит во Струма се јавуваат значително поголем број на населби кои што својот најголем развој го имаат во овој период.

*Втора фаза*

Под силно културно и економско влијание од соседните области и култури веќе во следниот период, или втората фаза од почетокот на доцниот неолит на овие простори потполно биле прифатени новите културни вредности и технолошки знаења. Доколку направиме синхронизација на нашите локалитети со соседните можеме попрецизно да го одредиме почетокот на доцниот неолит на овие простори. Ако ги разгледаме внимателно датациите од соседните региони се забележува дека фазите Винча-Тордош II или Винча B настануваат во периодот околу 5250-5200 г.п.н.е. (види: Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17; Borić 2009, T. 7; Whittle et. al. 2016 40-42, fig. 37). Во тој период на територијата на југозападна Бугарија во истиот период се јавува втората фаза од Securnica-Акропотамос културата која што спаѓа во периодот на последните 2-3 векови од 6 мил. п.н.е. (Тодорова, Ваисов 1993, 111; Гребска-Кулова 2004, 135; Чохаджиев 2007, 53–54: 143–144; Grebska Kulow 2017, 260-271; Grebska Kulowa, Kulow 2007, 285). Во тој период најверојатно биле формирани и доцнонеолитските населби на нашата територија. Се разбира дека сите населби не настанале во исто време, но мислам дека почетокот на доцниот неолит, како дефинирана и нова културна фаза од развојот на неолитот на оваа територија можеме да го позиционираме во втората половина на 53 век. п.н.е. Во тој период конечно биле воспоставени новите културни, технолошки и естетски вредности на луѓето од оваа територија, биле засилени и стабилизирани контактите со соседните населби, доаѓа до

стабилизирање на животот и појава на поголеми населби кои што броеле по неколку илјади жители, трговски и економски центри (Gimbutas 1976a, 34, 37).

Во периодот од 5350-5250 год. п.н.е. доаѓа до постепена адаптација на новите природни услови за живот и прифаќање на новите културни и естетски вредности. Како што може да се види погоре, повеќето доцнонеолитски локалитети од источна Македонија биле датирани во Винча-Тордош II или втората фаза од доцниот неолит по Струма (сл. 4). Доколку направиме синхронизација со соседните локалитети и култури ќе забележиме дека во овој период доаѓа до зголемување на бројот на населби на овие простори. Во периодот на Винча-Тордош II или Винча B се забележува зголемен број на населби на територијата на јужна и средна Србија, како и на територијата кај р. Струма во втората фаза (сл. 6-II; сл. 7-B). Раздвижување на лугето и населување на нови позиции е забележано и на територијата на северна Грција и егејскиот дел на Македонија уште во претходниот период (Hitsiou 2003,13; Kokkinidou, Trantalidou 1991. 93-106; Perles 1993, 388-389). Идентична ситуација имаме со локалитетите од нашата територија каде што после кризниот период кон крајот на средниот неолит се јавуваат повеќе населби кои што своите почетоци ги имаат паралелно со II фаза од Винча-Тордош и втората фаза од доцниот неолит по Струма.

За жал слоевите кои што потекнуваат од доцниот неолит кај локалитетите за кои што станува збор во ова поглавје се доста оштетени од обработката на земјата. Тоа важи скоро за сите населби кои што овде беа презентирани, ситуацијата е таква поради тоа што доцнонеолитските слоеви најчесто се последни праисториски слоеви на тие локалитети. Во некои ситуации оштетувањата доаѓаат од подоцнежни римски или доцноантички населби или некрополи, но поголемиот дел се оштетени од модерната механизација. Поради тоа немаме доволно податоци за архитектурата или друг недвижен материјал од тој период. Истото важи и за керамичкиот метаријал кој што најчесто е доста фрагментиран така што кај повеќето извештаи од ископувањата забележано е дека поради оштетеноста на материјалот отежнато е неговото попрецизно датирање. Поради тоа би сакал да напоменам дека предложените датации за почетокот на доцниот неолит во источна Македонија се направени преку споредба со соседните култури каде што имаме стабилни хронолошки рамки. Споредбата е направена единствено преку користење на

релативната хронологија направена од истражувачите на доцнонеолитските населби, така што во иднина со нови ископувања на овие локалитети можно е да биде поместена нивната хронологија. Со сегашните податоци за доцниот неолит, мислам дека сосема е оправдано почетокот на доцниот неолит, како чиста појава сосема различна од претходно да го позиционираме во втората половина на 53 век. п.н.е. Овие датации сосема се вклопуваат во сликата за доцнонеолитските локалитети од овој дел на Балканот.

Што се однесува пак на крајот на оваа епоха, според стратиграфијата на населбите можеме да претпоставиме дека доцниот неолит на овие простори траел не повеќе од 300 год. Тоа би значело дека околу 4900 год. п.н.е. прекинал дотогашниот неолитски развој на населбите. За почетокот на енеолиткиот период ќе стане збор во поглавјето за оваа проблематика со што ќе бидат разјаснети и причините и времето за крајот на неолитксиот период.

## 4.2 Западна Македонија

### *4.2.1 Релативна и апсолутна хронологија*

И во ова поглавје ќе бидат земени во предвид во главно локалитетите од Пелагонија и обласста кај езерата. Поради малиот број на апсолутни датации од локалитетите во оваа регија, нема да бидат обработени како посебно поглавје. Најпрво би сакал да ги набројам населбите од кои што имаме Ц-14 датации, кои што поради малиот број на датирани примероци неможат да се земат како сосема адекватни за датирање на населбите. Од населбата кај с. Могила потекнуваат две датации од кои што помладиот е датиран во времето од 5391 до 4683 п.н.е., што според авторот анализираниот примерок потекнува од околу 5000 год. п.н.е. (Наумов 2016, 72-73). Датирани примероци има и од населбата Голема Тумба кај с. Трн. Анализирани се три примероци од кои што првиот е датиран во периодот од 4691 до 4336 пне. или околу 4500 год. п.н.е. Вториот исто така има приближни датации со временски распон од 4707 до 4351 п.н.е. или околу 4500 п.н.е., тие две примероци потекнуваат од една куќа од хоризонтот I, така што овие датации може да се земат како адекватни. Третиот примерок е најстар и потекнува од периодот од 5061 до 4597 или околу 4800 год. п.н.е. (Наумов 2016, 76). Сепак овие датации треба да се земат

со голема доза на резерва затоа што, како што е наведено од самиот автор се премногу дискутабилни (Наумов 2016. 78-79).

Првите локалитети во кои што е откриен доцнонеолитски материјал се локалитетите Устие на Дрим кај Струга и Мала Тумба кај с. Трн (Benac 1979). За населбата кај Струга е наведено дека во формирањето на генезата на оваа населба и културна група учествувале две компоненти, јадранска (како доминантна) и југоисточна или среднобалканска (винчанска) (Benac 1979, 463-464). Населбата Устие на Дрим е синхронизирана со крајот на 1 и почетокот на 2-рата фаза од бутмирската културна група, односно Бурмир II-Хвар II (Benac 1979, 463-464). Истото се однесува и за населбата кај Црквени Ливади, Враништа која што според некои автори, заедно со претходниот локалитет го одбележуваат самиот крај на неолитскиот период во овој регион (Митревски 2013, 112; Санев 1994, 33). Населбата Пенелопа која што се наоѓа во денешниот Охрид исто така потекнува од доцниот неолит. Материјалот од оваа населба е синхронизиран со Мала Тумба кај с. Трн, Устие на Дрим и Царкан од Корчанската долина, но и со Винча-Плочник I (Кузман 2017а, 151). Што се однесува пак до населбата Мала Тумба кај с. Трн во помладиот хоризонт откриен е керамички материјал со сосема нови манифестации за разлика од среднонеолитската. Истражувачите оваа населба ја синхронизирале со Царкан и Данило III, Винча B1, Какањ III, како и со Тсангли-Елатеја (Симоска и др. 1977, 219; Benac 1979, 466-467, 470). Со слична хронологија се и поновите датирања каде што според Санев оваа населба е паралелна со Царкан-Дунавец II, Данило II-III, Какањ II-III, Винча А2-B1, Тсангли-Димини I, Ангелци-Зелениково 2 (Санев 1995, 44). Според Перич помладата фаза од Мала Тумба е паралелна со Протобутмир Ib, каде што тој ја синхронизира и со Винча-Тордош I-II (Перић 1995, 81-82, 84, Таб. 3). Во северниот, прилепскиот дел на Пелагониија познати се повеќе доцнонеолитски локалитети. Локалитетот Могила кај с. Сенокос според истражувачите настанал како резултат на раздвижувања од јадранскиот брег, во исто време со Мала Тумба кај с. Трн и Устие на Дрим. Според таа хронологија оваа фаза од Могила би била паралелна со Винча-Тордош II, Данило II-III, додека пак за помладата фаза е наведено дека побројни се елементите од винчанската култура од внатрешноста на балканскиот полуостров која што може да се синхрнизира со помладиот хоризонт од Кутлине, Али Чаир, односно Винча-Плочник II (Темелкоски, Миткоски 2006, 74-75; Benac 1979, 470; Перић 1995, 84; Темелкоски, Миткоски 2008, 103, 105; Mitkoski 2017, 123, 130-

131). Слична материјална култура според истражувачите е пронајдена и кај локалитетите Тумба Бара кај с. Породин и Голема Тумба кај с. Трн (Темелкоски, Миткоски 2006, 74-75). Следен локалитет е Кутлине кај с. Ракле кој што се наоѓа во Раечката клисура. Се работи за чисто доцнонеолитски локалитет во кој што се регистрирани два хоризонти. Постариот е паралелен со Винча-Тордош II и Зелениково 2, додека пак помладиот хоризонт е паралелен со Винча-Плочник II, Али Чаир, Винча фазата од Могила кај с. Сенокос и Градиште кај Дебреште (Темелкоски, Миткоски 2008, 103, 105; Mitkoski 2017, 123). Локалитетот Али Чаир во Прилеп според првичните мислења е дел од доцнонеолитскиот балканско-анадолски комплекс (Симоска, Санев 1976, 20; Mitkoski 2017, 130-131 со цит. литер.). Но според подоцна изнесените паралели за други локалитети овој локалитет може да се смести во времето на Винча-Плочник II и винчанската фаза од Могила кај Сенокос (сл. 8) (Темелкоски, Миткоски 2008, 105; Темелкоски, Миткоски 2006, 59).

Во северниот дел на Пелагонија и Мариово познати се уште неколку доцнонеолитски локалитети кои што се регистрирани со рекогносцирање. Локалитетот Комарчани кај с. Бучало според пронајдениот материјал е синхронизиран со Кутлине, Али Чаир, винчанската фаза од Могила Сенокос итн. (Миткоски 2010). Локалитетите Прчинога кај с. Дуње и Ѓерамиди кај с. Чаниште културолошки се определени како дел од винчанскиот културен круг без попрецизна датација (Миткоски 2010, 4, 6). Истото се однесува и за Тумба, с. Боротино и Стари Лозја кај с. Вранче, кои што за жал не се попрецизно датирани. Овие локалитети се познати од рекогносцирањата изведени од страна на Музејот во Прилеп (Mitkoski, 2017).

Според досега изнесеното за датирањето на доцнонеолитските локалитети во Пелагонија може да се забележи голема несигурност, како културолошка така и хронолошка. Поради тоа во голема мера е отежната задачата за соодветно датирање на овие локалитети и наоѓање на паралели од соседните култури и локалитети со цел да се дојде до попрецизни датации. Од голема помош за таа задача ќе ни биде изнесената релативна хронологија за овие локалитети и нивната синхронизација со останатите култури од кои што имаме прецизни датации. Најголемо внимание ќе биде посветено на паралелите со винчанската култура и со населбите од Грција, од каде што имаме доста датации. Што се однесува пак до културите од јадранскиот брег досега има неколку публикации со релативна и

апсолутна датација за тамошните локалитети. Од голема помош ќе бидат пред се' релативните датации и синхронизации преку кои што ќе можеме да извлечеме соодветен заклучок.

| | Симоска, Санев 1977; Benac 1979 | Санев 1995 | Периħ |
|---|---|---|---|
| **Мала Тумба** | Царкан/Данило III/Винча В1/ Какањ III/Тсангли-Елатеја | Царкан-Дунавец II/ Винча А2-В1/Данило II-III/ Какањ II-III/Тсангли-Димини I/ Ангелци-Зелениково 2 | Протобутмир IB/Винча-Тордош I-II |
| | Benac 1979 | | |
| **Устие на Дрим** | Бутмирска култура 1-2/ Бутмир II- Хвар II | | |
| | Темелкоски, Миткоски 2006 | | |
| **Могила с. Сенокос 1** | Мала Тумба/Устие на Дрим/ Винча-Тордош II/Данило II-III | | |
| **Могила с. Сенокос 2** | Кутлине 2/Али Чаир/ Винча-Плочник II | | |
| | Темелкоски, Миткоски 2008 | | |
| **Кутлине 1** | Винча-Тордош II/Зелениково 2 | | |
| **Кутлине 2** | Винча-Плочник II/Али Чаир/ Могила 2/Градиште с. Дебреште | | |
| | Темелкоски, Миткоски 2006/2008 | | |
| **Али Чаир** | Винча-Плочник II/Кутлине 2/ Могила 2 | | |

Слика 8. Периодизација и синхронизација на локалитетите од втората фаза на доцниот неолит во Пелагонија

#### *4.2.2 Предлог периодизација*

По завршувањето на Велушина-Породин културната група во Пелагонија доаѓа до драстични промени, напуштање на многу населби, населување на нови позиции, промена во материјалната и духовната култура и најверојатно демографско опаѓање на населението. Таквите промени настапиле околу средината на 6 мил. п.н.е., период во кој што се регистрирани големи културни промени на поголемиот дел на југоисточниот Балкан, каде што полека започнуваат да замираат среднонеолитските култури и се јавуваат првите доцнонеолитски обележја. Веќе во претходното поглавје беше детално обработена и презентирана релативната и апсолутната хронологија на винчанската култура и доцниот неолит по долината на р. Струма. Поради тоа тука ќе бидат

презентирани најновите датации кои се однесуваат на доцниот неолит во Грција. За жал немаме доволно податоци за доцниот неолит во Албанија со што би ја затвориле целата географска околина на Р. Македонија, и секако Пелагонија која што е од главен интерес во ова поглавје. Поради тоа главните синхронизации и паралели ќе бидат барани кај локалитетите од Тесалија, егејска Македонија и винчанската култура на север. Од овие региони во поново време имаме голем број на апсолутни датации кои што ќе ни бидат од голема помош за попрецизно хронолошко детерминирање на доцниот неолит во Пелагонија.

За хронологијата на доцниот неолит во Грција малку беше напишано и во поглавјето за премин од среден во доцен неолит во Пелагонија. Територијата на Тесалија, односно неолитските населби од оваа територија биле меѓу првите кои што ја прифатиле новата материјална култура на доцниот неолит. Тоа се должи на самата географска позиција на овој регион низ кој што најпрво навлегле новите културни влијанија, а можеби и нова популација која се доселила од исток како носители на нова материјална култура (Perles, Demoule 1993, 387. после Milijčić 1949, 1960; Николов 1998, 216-217 со цит. лит.). Во ова поглавје не би сакал подетално да ги презентирам постарите датирања на доцниот неолит, ќе бидат изнесени само неколку главни резултати кои што претставуваат основа врз која се изградени денешните далеку попрецизни датации. До пред некое време беше општо прифатено дека доцниот неолит во Тесалија и егејскиот дел на Македонија своите почетоци ги има во периодот од 5400/5300 год. п.н.е. Според Перлес фазата 3, односно доцниот неолит ја има на наоѓалишта како Парадими III, Ситагрои I-II, Василика, доцнонеолитската фаза кај Сервиа, ран Димини, односно Лариса, Тсангли и Арапи фазата. Почетокот на оваа фаза според авторите би бил околу 5300 год. пне. (Perles, Demoule 1993, 387, fig. 2). Доцниот неолит во Грција според Сампсон е датиран во периодот од 5300 до 4300 год. п.н.е. при што бил поделен на две фази Iа кој спаѓа во периодот од 5300 до 4800 год. п.н.е. (пре-Димини, Тсангли и Лариса фаза) и Iб од 4800 до 4300 год. п.н.е. (класично Димини или Арапи, Оцаки фазите) (Bonga 2013, 27. после Sampson 1993). Со слична датација е и Колеман според кој што доцниот неолит започнува околу 5300 год. пне. Според овој истражувач доцниот неолит е поделен на две фази, доцен неолит I и доцен неолит II. При што првата фаза спаѓа во периодот од 5300-4300 год. п.н.е. а втората фаза до 3700/3500 год. п.н.е. (сл. 9) (Coleman 1992, 259-264, fig. 4). Според Котсакис на

територијата на централна и источна Македонија после 5500 год. п.н.е. се јавува најстарата фаза на Ситагрои, како и Дикили Таш кој што е датиран малку подоцна. Според него оваа територија била населена на почетокот на донциот неолит, околу 5300 год. пне. (Kotsakis 2007, 10). Овде треба да се забележи дека населбата кај Ситагрои била подигната порано од останатите, што беше веќе споменато (Bojadyiev 2007, 311). Најстарата датација за почетокот на доцниот неолит во Грција според некои автори е околу 5400 год. п.н.е. Според нив доцниот неолит е поделен на доцен неолит (late neolithic) кој што спаѓа во периодот од 5400/5300-4700/4500 и финален неолит (final neolithic) во периодот од 4700/4500-3300/3100 год. п.н.е. (Andreou et al. 1996, 538, tab. 1). Веќе во претходното поглавје беа изнесени најновите датирања на неколку локалитети во Тесалија со кои што почетокот на доцниот неолит е постар за околу 200 год. Имено, според тие датации почетокот на доцниот неолит или првата фаза (LN I) започнува околу 5500 год. п.н.е. што е паралелно со Тсангли-Лариса културата во Тесалија (сл. 10) (Reingruber et al. 2017, 45, tab. 5).

| | CENTRAL GREECE, PELOPONNESE | THESSALY | CYCLADES |
|---|---|---|---|
| 6400 B.C. | | | |
| *Early Neolithic* | Franchthi Cave<br>Lerna<br>Nemea | Frühkeramikum<br>Protosesklo<br>Vorsesklo | no permanent occupation? |
| 5700 | | | |
| *Middle Neolithic* | Franchthi Cave,<br>Lerna | Sesklo : I<br>Sesklo : II<br>Sesklo : III | no permanent occupation? |
| 5300 | | | |
| *Late Neolithic I* | Franchthi Cave,<br>Corinth,<br>Kitsos Cave | Dimini I-Tsangli-Larissa<br>Dimini II-Arapi<br>Dimini III-Otzaki A, B<br>(Ayia Sophia phase?)<br>Dimini IV-Otzaki C | Cave of Zeus<br>Saliagos |
| 4300 | | | |
| *Late Neolithic II* | Kitsos Cave<br>Ayios Dhimitrios | Rachmani : Early<br>Rachmani : Middle<br>Rachmani : Late | Cave of Zeus<br>Kephala |

Слика 9. Периодизација на неолитот во Грција (Coleman 1992, 259-264, fig. 4)

Овие нови датирања на доцниот неолит во Тесалија наметнаа нови моменти и за хронологијата на неолитот во Пелагонија. Доколку се земе во предвид релативната хронологија на доцнонеолитските локалитети, се забележува дека најстарите датирања за

почетокот на овој период се во времето на Винча-Тордош II, што е предложено за Мала Тумба. При тоа оставајќи празнина од крајот на Велушина-Породин и почетокот на ткн. Трнска група. Веќе беше презетирана ситуацијата со локалитетите Чука, Могила и Радин Дол кои што според неколку автори својот живот го продолжиле по завршувањето на велушката група и биле синхронизирани со Лариса културата во Тесалија (Гарашанин 1989, 30-31; Санев 1995,44-45; Китановски и др. 1987; Мургоски 2016 99-107; Симоска и др. 1979, 9-30; Mitkoski 2017, 153-154). Новите датации за доцниот неолит во Тесалија мислам дека ни даваат доволно аргументи и пред се' потреба доцниот неолит во Пелагонија да се подели на две фази.

| Abs. dates cal BC (rounded) | Archaeological periods and phases | Sites |
|---|---|---|
| 7000–6600 | Final Mesolithic | Theopetra Cave, Cyclops Cave |
| 6600–6500 | 'Initial Neolithic' | - (Identified mainly in circum-Aegean coastal and/or hilly areas) |
| 6500–6300 | EN I | Argissa M., Sesklo M. |
| 6280–6070 | EN II | Achilleion I–II, Sesklo, Larissa-Neraida |
| 6070–5980 | EN III / MN I | Achilleion IIIb, Otzaki |
| 5980–5750 | MN I | Achilleion IVa, Theopetra, Cyclops Cave, Koutroulou M., Platia M. Zarkou, Sykeon, Imvrou Pigadi, Lake Plastiras |
| 5750–5600 | MN II | Sesklo, Theopetra, Ag. Petros |
| 5600–5500 | MN III | Achilleion IVb, Sesklo, Theopetra |
| 5500–5300 | LN I (early) | Theopetra, Makrychori, Prodromos-M. Ag. Ioannis, Tsangli-Larissa |
| 5300–5000 | LN I (late) | Theopetra, Makrychori |
| 4900–4700 | LN II (early) | Mandra |
| 4700–4500 | LN II (late) | Rachmani, Prodromos-M. Ag. Ioannis, Vasilis, Pevkakia M., |
| 4500–4250 | FN (Chalcolithic) | Rachmani, Pevkakia M., Palioskala, Mandra |
| 4250–3750 | FN (Chalcolithic) | Palioskala, Galini |
| 3750–3300 | FN (Chalcolithic) | Mikrothives |

Слика 11. Најнови датирања на локалитетите и фазите од неолитскиот период во Тесалија (Reingruber et al. 2017, 45, tab. 5; надополнето од авторот)

*Прва фаза (I)*

Во оваа фаза на пелагонискиот неолит според досегашните сознанија спаѓаат локалитетите Чука кај с. Тополчани, Могила I и Могила II и Радин Дол. Во претходното поглавје беше презентиран накратко археолошкиот материјал од овие локалитети. Керамичкиот материјал од овие населби е сосема поинаков од среднонеолитскиот, иако некои основни форми на садови и понатаму продолжуваат со својата употреба. Керамиката од тие населби е со темна боја, црна или сива без дополнителна обработка на површината на садовите. За одбележување е исто така и тоа што во слоевите кои што

припаѓаат на овој период керамичкиот материјал не бил особено декориран. Што се однесува пак до култните предмети и тие во овој период сосема се разликуваат од среднонеолитските, односно исчезнуваат дотогашните антропоморфни модели на куќи кои што го даваа главниот белег на Велушко-Породинската културна група (Китаноски 1977, 27-42; Симоска и др. 1979, 9-30; Китаноски и др. 1987, 7-31; Тодоровиќ и др. 1987, 5-24).

За керамичкиот материјал од првата фаза на доцниот неолит во Тесалија исто така забележано е дека поголемиот дел од керамичкиот материјал е со минимален третман на површината на садот и сиромашна декорација (Perles 1993, 387, 395). Поради тоа што немаме доволно репрезентативен материјал да можеме поаргументирано да ги поврземе населбите од Пелагонија со оние од Грција, мораме да се повикаме на релативната хронологија. Релативната хронологија која што била предложена за населбите од оваа фаза на пелагонискиот неолит прекрасно се вклопи со новите датирања на доцнот неолит во Тесалија. Така што населбите Могила I и Могила II, Чука и Радин Дол можеме да ги сметаме како први населби кои што започнале да ги прифаќаат новите културни вредности на доцниот неолит. Овие населби својот живот го продолжиле по завршувањето на Велушко-Породинската културна група, односно по 5500 год. п.н.е. Тие започнале интензивни контакти со населбите од југ од каде што се шереле новите влијанија кои што го одбележуваат доцниот неолит. Населбите од Тесалија и Егејска Македонија географски се поблиску до територијата на западна Анадолија од каде што навлегувале новите културни карактеристики, новата технологија за производство на керамиката која била проследена со нови типови на садови и орнаменти (Гарашанин 1973. 114-126; Garašanin 1979. 199-207; Николов 1998, 216-217; Ozdogan 1993, 173-193). Според некои автори преку овие области дошло до населување, миграција на население од Анадолија од каде што навлегла и новата доцнонеолитска керамика која се јавува веќе на крајот на средниот неолит. Покрај оваа рута, миграциони движења се одвивале и низ територијата на Тракија кон запад (Николов 1998, 216-217 после: Childe 1937; Титов 1974; Gallis 1987; Srejovic 1963 итн.).

Со досегашните скромни сознанија за овој период во Пелагонија можеме првично овие четири локалитети да ги вброиме во оваа 1-ва фаза на доцниот неолит паралелно со првата

фаза во Тесалија или Цангли-Лариса културата и локалитетите Теопетра, Продромос-Магула Агиос Иоанис, Макрихори, Халаи и Макриалос кои што се датирани во периодот од 5500 до 5300 год. п.н.е. (сл. 11) (Reingruber et al. 2017, 45, tab. 5; Pappa 1999, 187; Facorellis, Coleman 2012 319-330). На тој начин ја ставаме територијата на Пелагонија како една од првите региони на овие простори кои што започнале да ги прифаќаат новите технолошки знаења за производство на керамичките садови, односно производство на таканаречената црна керамика која го обележува доцниот неолит на Балканот. Иако во оваа фаза, барем со досегашните истражувања не се пронајдени примериоци со типична доцнонеолитска орнаментика, сепак мислам дека сосема е оправдано во поглед на хронологијата овие населби да бидат сместени во оваа 1-ва фаза. За жал немаме други локалитети кои што евентуално би биле дел од оваа фаза за да можеме да го пратиме интерниот развој на овие населби и нивниот крај. Поради тоа оваа фаза можеме првично да ја сместиме во перидот од 5500 до 5300/5200 год. п.н.е. со што би се пополнила временската празнина од крајот на Велушина-Породин и почетокот на ткн. Трнска група. Доколку направиме синхронизација со соседната Анзабегово-Вршник културна група, оваа фаза би била паралелна со крајот на Анзабегово-Вршнин III и IV фаза.

| Год. п.н.е. | Пелагонија | | Тесалија | |
|---|---|---|---|---|
| 5980-5750 | Велушина-Породин I-II | Ран/Среден неолит | Ахилеон IVa, Теопетра, Платиа М. Зарку, Сикеон | MN I |
| 5750-5600 | Велушина-Породин II-III | Среден неолит | Сескло, Теопетра, Аг. Петрос | MN II |
| 5600-5500 | Велушина-Породин IV | Среден неолит | Ахилеон IVb, Сескло, Теопетра | MN III |
| 5500-5300 | Радин Дол, Чука, Могила I, Могила II | Доцен неолит Фаза I | Теопетра, Макрихори, Продромос М. Аг. Иоанис, Тсангли-Лариса | LN I (early) |
| 5300-5000 | Кутлине I, Мала Тумба, Могила I, Устие на Дрим Црквени Ливади, Комарчани и др. | Доцен неолит Фаза II a | Теопетра, Макрихори | LN I (late) |
| 4900-4700 | | | Мандра | LN II (early) |
| 4700-4500 | Кутлине II, Могила II, Али Чаир, Голема Тумба | Доцен неолит Фаза IIb | Рахмани, Продромос М. Аг. Иоанис, Василис, Певкакиа М. | LN II (late) |

Слика 11. Синхронизација на доцниот неолит во Пелагонија со Тесалија (датации превземени од Reingruber 2017. tab. 5)

*Втора фаза (II)*

Втората фаза на доцнииот неолит ги опфаќа сите доцнонеолитски локалитети во Пелагонија и околу езерата. Поради тоа што се работи за подолг временски, но и за јасно разграничени фази на некои локалитети оваа фаза може да се подели на два периоди, односно *IIa* и *IIb*. Како што може да се види во погорниот текст повеќето доцнонеолитки локалитети од овие региони помеѓу себе се тесно поврзани, како хронолошки, така и според материјалната култура, а според некои автори имаат и исто потекло. Голем проблем во определувањето на попрецизна хронологија за почетокот и крајот на оваа фаза е несигурната релативна хронологија која се однесува на овие локалитети.

Фазата *IIa* би бил перидот во кој што припаѓаат најголем број на доцнонеолитски локалитети од Пелагонија кои што на некој начин се поврзани помеѓу себе, како културолошки така и хронолошки. Населбата Мала Тумба претставува можеби најдобро датираниот локалитет, пред се' поради тоа што за нејзината релативна хронологија се поклопуваат датациите од неколку автори. Доколку се разгледаат најновите синхронизации за овој локалитет може да се забележи дека оваа населба најверојатно е паралелна со Винча-Тордош II, Винча B1, Какањ III, Царкан-Дунавец II, Данило II-III, Какањ II-III, Винча А2-B1, Тсангли-Димини I, Ангелци-Зелениково 2, протобутмир Ib-Винча-Тордош II (Симоска и др. 1977, 219; Benac 1979, 466-467, 470; Перић 1995, 81-82, 84, Таб. 3). Доколку се направат синхронизации на овие датации за Мала Тумба се забележува дека таа била подигната во времето кога на централниот Балкан се развивала доцнонеолитската Винчанска култура (Винча-Тордош II), додека пак на територијата на Босна тоа се последните фази на средниот неолит и почетокот на доцниот неолит (Какањ III, протобутмир Ia-b) (Benac 1979, 400-401; Перић 1995, 81-84; Милекић 2015, 15-18). За подрачјето на централна Босна предложена е двостепена поделба на неолитот каде што постариот неолит го означува стариот неолит, додека пак доцниот неолит од основањето на Винчанската и Бутмирската култура во периодот околу 5400 год. п.н.е. до средината на 5 мил. п.н.е. (Милекић 2015, 115; Перић 2012, 28). Според Перич во III стратум на локалитетот Обре I кој што е паралелен со протобутмир Ia или крајот на Страрчево и почеток на Винча-Тордош I, покрај старите, се јавуваат и нови елементи кои што се застапени преку орнаменталниот систем, култните ритони и низа елементи од младата бутмирска култура кои претставуваат периферна точка од влијанијата од Мала Азија.

Според овој автор овие елементи биле пренесени преку рутата од средна Грција, преку Тесалија до територијата на Албанија од каде што носителите на Царкан културата ги пренесувале тие новости на територијата на Босна и во населбата Обре I (Периħ 1995, 50-51; Панџиħ 2010, 48-50). Периодот Обра С или доцен Какањ е датиран во периодот од околу 5300 до 5000 год. п.н.е. (Милекиħ 2015, 87,88). Доколку се погледнат и датациите направени на локалитетот Бело Брдо кај Винча каде што фазите Винча-Тордош II или Винча В настануваат во периодот околу 5250-5200 год. п.н.е. може да се забележи дека тие одговараат на хронологијата која беше иснесена за локалитетите од Босна (види: Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17; Borić 2009, T. 7; Whittle et. al. 2016 40-42, fig. 37). Што се однесува пак до релативно-хронолошките односи за Данило II, оваа фаза е синхронизирана со Винча А2/В2, што исто така ја позиционира во периодот околу 5200 год. п.н.е. (Панџиħ 2010, 48-49; Периħ 1995, 33). Според тоа мислам дека доколку ја прифатиме релативната хронологија за населбата Мала Тумба и повлечеме паралели со соседните култури кои што се синхронизирани со оваа населба, оправдано можеме да ја сместиме во перидот околу 5200 год. п.н.е. На тој начин се вклопуваат најновите апсолутни датации за неолитските култури на балканот и постарата релативна хронологија. Еден од најдобро датираните локалитети од оваа територија е локалитетот Кутлине кај с. Ракле каде што се регистрирани два хоризонти. Постариот хоризонт припаѓа на оваа рана фаза и е паралелен со Винча-Тордош II и Зелениково 2. И овој локалитет бил подигнат во периодот околу 5200 год. п.н.е. односно Винча-Тордош II (Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17; Borić 2009, T. 7; Whittle et. al. 2016 40-42, fig. 37). Со иста хронологија како овој локалитет е најверојатно и Могила кај с. Сенокос, каде што според истражувачите, неолитските слоеви се синхронизирани со оние од Кутлине, каде што постарата фаза би била паралелна со Винча Тордош II (Темелкоски, Миткоски 2006, 74-75). Останатите локалитети во овој регион ни се познати од рекогносцирања, тие грубо се датирани во поширока хронолошка рамка во главно како дел од винчанскиот културен круг без попрецизна датација (Миткоски 2010, 4, 6; Mitkoski, 2017). Што се однесува пак до населбата Устие на Дрим, таа е синхронизирана со крајот на 1 и почетокот на 2-рата фаза од бутмирската културна група, односно Бурмир II-Хвар II (Benac 1979, 463-464). Но во многу наврати оваа населба е синхронизирана со Мала Тумба која што најверојатно е постара од населбата Устие. Можеме да претпоставиме дека населбата Устие на Дрим била формирана на самиот крај

на 6 мил. п.н.е., можеби на крајот на Винча-Тордош II или во текот на Винча В2 фазата. Ова се постарите локалитети од оваа втора фаза на доцниот неолит во Пелагонија која што завршува некаде околу 4800-4700 год. п.н.е. (сл. 11)

Помладата *IIb* фаза го претставува времето до крајот на неолитскиот период во Пелагонија. Веќе погоре беше напоменато дека кај неколку населби се откриени помлади доцнонеолитски слоеви. Најпрво би ја спомнале населбата Кутлине каде што помладиот хоризонт е паралелен со Винча-Плочник II, Али Чаир, Винча фазата од Могила кај с. Сенокос и градиште кај Дебреште (Темелкоски, Митkоски 2008, 103, 105; Mitkoski 2017, 123). Помладиот хоризонт од овој локалитет може да се смести во периодот околу 4600 год. п.н.е. или во времето на Винча-Плочник II или Винча D (Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17; Borić 2009, T. 7; Whittle et. al. 2016 40-42, fig. 37). Со иста хронологија како овој локалитет е најверојатно и Могила кај с. Сенокос, каде што помлладата фаза е датирана паралелно со Винча-Почник II (Темелкоски, Митkоски 2006, 74-75). Погоре беа презентирани и датациите од Голема Тумба кои што одговараат на Винча-Плочник II фазата, односно во периодот околу 4500 год. п.н.е. Така што и оваа населба може да се вброи како дел од оваа фаза на доцниот неолит во Пелагонија (Наумов 2016, 76). За жал останатите локалитети од Пелагонија немаат попрецизна релативнна хронологија. Најверојатно паралелно со Кутлине и Могила кај Сенокос може да се поврзе и населбата Али Чаир (Симоска, Санев 1976, 20; Mitkoski 2017, 130-131 со цит. литер.; Темелкоски, Митkоски 2008, 105; Темелкоски, Митkоски 2006, 59). За пронајдениот материјал на локалитетот Комарчани кај с. Бучало направена е синхронизација со Кутлине, Али Чаир, винчанската фаза од Могила Сенокос итн. (Митkоски 2010). Единствен локалитет за кој што со поголема сигурност можеме да зборуваме што се однесува до апсолутните датуми е Голема Тумба кај с. Трн. Два датирани примерика потекнуваат од од една куќа. Тие се датирани во периодот околу 4500 год. п.н.е. а третиот примерок е нешто постар и потекнува од периодот околу 4800 год. п.н.е. (Наумов 2016, 76). Овде најверојатно станува збор за најмладата доцнонеолитска населба од Пелагонија. Во тој период најверојатно биле формирана и населбата Радоборска Тумба за која што е наведено дека била подигната на крајот на неолитот, односно во преодот во енеолит (Тодоровиќ и др. 1897, 10). Тоа се локалитетите кои што припаѓаат на помладиот период на втората фаза од доцниот неолит во Пелагонија. Доколку се направат синхронизации со винчанската култура тоа би било

паралелно со крајот на  фазата Винча-Плочник IIb или со помладата фаза во Грчкиот неолит (LN II).

Според оваа предложена хронологија за доцниот неолит во Пелагонија се забележува дека постојат доволно индикации да се следи хронологијата на доцниот неолит во Грција, при тоа имајќи ги во предвид и најновите датации за кои што веќе беше кажано (сл. 11).

Покрај тоа што материјалната култура кај населбите од втората фаза покажува идентичен материјал со локалитетите од винчанската култура и населбите од јадранскиот брег. Досега неколку пати беше забележано дека керамичката продукција од Мала Тумба и Устие на Дрим ги има истите карактеристики, па дури и потекло од Царкан културата, највеќе алудирајќи на врежаните орнаменти на садовите. Истата ситуација е забележана и кај локалитетите од Грција каде што „царканскиот“ стил на врежување започнува да се појавува во периодот на првата фаза од доцниот неолит (LNa). Таква керамика е пронајдена на локалитетите Сервиа на почетокот на доцниот неолит, Страврополи и Василика C. Врежувањето како орнаментика се среќава и во следната LNb фаза (Bonga 2013, 242-250). Покрај тоа, во предвид треба да се земе и присуството на ритони кај некои населби во Пелагонија, што исто така говори за извесни влијанија од југ и запад. Според тоа сметаме дека во периодот на доцниот неолит низ територијата на јужна Пелагонија поминувала една од главните рути преку која комуницирале населбите од јадранот со оние од денешна Грција (сл. 12). Досега на многу места е потврдено дека главните римски патишта ги следат трасите низ кои што комуницирале луѓето во праисторијата. Не би сакал да набројувам подалечни примери, ќе се задржам на примерот со раечката клисура каде што во римско време поминува патот кој што се одвојува од Виа Егнатија. На територијата на раечката клисура досега се регистрирани 8 неолитски локалитети што доволно зборува за тоа дека тој предел несомнено бил користен и во неолитскиот период (Темелкоски, Миткоски 2008, 93-95; Синадиновски 2016, 57-60). Поради тоа сметаме дека трасата низ која што во римско време ќе поминува главнит пат Виа Егнатиа била користена и во периодот на доцниот неолит, паралелно со рутата што е предложена од Перич, според кој што влијанијата биле пренесувани преку средна Грција и Тесалија до територијата на Албанија од каде што носителите на Царкан културата ги пренесувале тие новости на територијата на Босна и во населбата Обре I (Перић 1995, 50-51; Панџић 2010, 48-50). Сето тоа ги става доцнонеолитските локалитети од Пелагонија во нераскинлива

културолошка и економска врска со локалитетите од Грција на југ и од јадранскиот брег од запад.



Слика 12. Рути низ кои што поминувале влијанијата од југ кон Јадранскиот брег (црна линија-според Перич, жолта линија-патот преку Палегонија)

## 5. ЛИСТА НА НАСЕЛБИ ОД ДОЦНИОТ НЕОЛИТ

Географската положба на Македонија и поволните природни услови за развој на земјоделие и сточарство овозможиле населување и интензивен развој на луѓето во неолитскиот период на овие простори. Токму затоа во Македонија имаме густа населеност и голем број на локалитети од неолитскиот период. Од неолитскиот период во Македонија досега се регистрирани околу 180 населби, со тоа што најгусто населена е територијата на Пелагонија.[3] Со досегашните сознанија за неолитските локалитети, најмал е бројот на локалитети од раниот неолит. Најмногу локалитети, ископувани и рекогносцирани имаме од средниот неолит, додека пак во доцниот неолит повторно имаме помал број на локалитети. Тоа пред се' се должи на слабата истраженост на овој период, но и на фактот

[3] Види: Археолошка Карта на Македонија 2 (1996)

што во доцниот неолит најверојатно дошло до демографски пад на населението при што многу населби биле напуштени. Во литературата досега се познати 50 доцнонеолитски локалитети (карта 2). Во продолжение ќе бидат презетирани населбите од доцниот неолит, нивната топографија и стратиграфија со цел да се добијат повеќе информации за подетална анализа на населбите во Македонија. Во овој каталог нема да бидат обработени движните археолошки наоди поради тоа што тие ќе бидат посебно третирани.



Карта 2. Доцнонеолитски локалитети во Македонија (црвени-тумба, жолти-тераса, зелени-висорамнина/возвишенија, сини-наколна населба, бели-рамна населба, црни-непознато)

### 5.1 Полог (кар. 3)

**-„Тумба“ с. Долно Палчиште**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа на границата на атарот на Долно Палчиште и с. Камењане, на 1,5 км. западно од патот Тетово–Гостивар. Населбата е од карактер на тумби, како што покажува и самото име. Димензиите на населбата се 150 м. во правец север–југ и 120 м. запад–исток. Околниот терен е богат со густа вегетација и вода, во близина се наоѓа и Шар Планина која пак е богата со шуми, пасишта и дивеч. Населбата е подигната во флувијална почва (1).

*Стратиграфија:* Кај локалитетот Тумба во с. Долно Палчиште доцнонеолитскиот слој го претставува најмадиот хоризонт на живеење. Првиот слој на оваа населба започнува од површината на земјата и оди до длабочина од 0,40 м. и тоа го претставува четвртиот, најмлад културен хоризонт. Се работи за доста оштетен слој во кој што се пронајдени расфрлани грутки лепеж, голем број на фрагменти од керамика и фигурини кои што покрај врските со Зелениково 2 културата имаат и паралели во Пелагонија. Пронајдени се и фрагменти од енеолитска и бронзенодопска керамика, но поради оштетеноста на локалитетот не може да се објасни нивната присутност (Саржоски, Здравковски 1991).

**-„Тумба“ с. Брвеница**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа на левиот брег на Вардар на една стара меандра која го заокружува локалитетот од југ, исток и север. Од западната страна се простира рамницата која што некогаш била мочуриште (сл. 13). Населбата е подигната на флувијална почва (2).

*Стратиграфија:* Со досегашните ископувања на оваа населба отворени се осум сонди со вкупна површина од околу 80 метри квадратни (план 1). И кај оваа населба се регистрирани хоризонти од раниот-Брвеница I и средниот неолит-Брвеница II. Доцниот неолитски слој на овој локалитет е застапен во две фази, Брвеница III a-b.  На неколку места при ископувањата на длабочина од 0,50-1.00 м. е забележан слој од ситни камења кој што е резултат на излевањето на р. Вардар и го прекрива хоризонтот IIIa во кој што е пронајден доцнонеолитски материјал кој што е соодветен со Зелениково 2 културата. Тука има една многу значајна и интересна ситуација во поглед на културната определба на населбата. Имено, од страна на истражувачите е забележано дека над слојот со чакал и камења одново била подигната населбата Брвеница IIIb. Материјалот од овој хоризонт хронолошки спаѓа во доцниот неолит, но културолошки се врзува за населбите од Јадранскиот брег, како и оние од Пелагонија и од областа кај езерата. Животот на оваа населба продолжил и во текот на бронзеното време и транзициониот период во времето на Брвеница IVa-b, како и во периодот на доцната антика-Брвеница V (Abazi, Tolevski 2017, 99-119).



Слика 13. Тумба, с. Брвеница поглед од север (Abazi, Tolevski 2017, fig. 3)




План 1. Ориентација на сондите и рововите регистрирани во нив на локалитетот Тумба, с. Брвеница (Abazi, Tolevski 2017, fig.7)

**-„Под село – Тумба“ с. Стенче**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа на 2 км. западно од селото на последната речна тераса што од планината Сува Гора се спушта на запад кон Полог. Десниот брег на реката Вардар ја засекува терасата на која се наоѓа населбата. Населбата е подигната на флувијална почва (3).

*Стратиграфија:* Населбата Под Село-Тумба кај с. Стенче има континуитет на населување од раниот до доцниот неолит. За жал и овде доцнонеолитскиот слој е сосема уништен, освен на периферијата на населбата каде што бил подобро зачуван (Здравковски 2005, 30).




Карта 3. Педолошка карта на Полог

### 5.2 Скопско-кумановска област (кар. 4)

**-„Церје“ с. Говрлево**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа на јужната падина на Водно, на 1,5 км. југоисточно од с. Говрлево и 15 км. југозападно од Скопје. Местото каде е распостелена населбата е зарамнета тераса со големина од околу 15 хектари. Јужната страна на оваа тераса е

отворена кон малата котлина пред себе над поранешните мали рекички Чифличка и Церешка. Оваа мала микро регија која се простира јужно од локалитетот е богата со обработлива површина, вода и обработлива земја, додека пак на неколку километри околу населбата се простираат помали и поголеми планини од кои што биле користени дрвјата и пасиштата. Населбата била подигната на терен во кој што се среќава варовничко-доломитна црница и циметна шумска почва, рендзина и смолница (1).

*Стратиграфија:* На овој локалитет досега се вршени ископувања во повеќе наврати од 1982 до денес. Стратиграфската слика, што се однесува до неолитскиот период е доста сложена и богата, како со подвижни така и со неподвижни археолошки наоди. Во текот на првата фаза од ископувањето била отворена сондата I каде што се добиени првичните резултати. Уште во текот на оваа кампања установени се VI хоризонти кои што го покриваат целиот неолитскит период. Хоризонт I припаѓа на раниот неолит, хоризонтите од II до IV припаѓаат на средниот неолит, а хоризонтите V и VI припаѓаат на доцниот неолит (Bilbija 1986, 35-36). За стратиграфијата на овој локалитет во еден текст забележано е дека на источниот профил во квадрат II се гледа комплетната стратиграфија на населбата. Таму е регистрирана следната ситуација: слој 1 од површината на теренот до 0.24 м. длабочина, слој 2-0,24-0,44 м., хоризонт I, слој 3-0,44-0,97 м., слој 4 со дебелина од 0,97-1,57 м., хоризонт II, слој 5–1,57-2,10 м. хоризонт III, слој 6-2,10-2,60 м. (Фидановски 2012, 113-114). Во 2000 година започнува новата фаза на истражувањето на овој локалитет. Од тогаш ископуања се вршени во неколку наврати во текот на 2000-2002, 2004 и 2008-2010 год. Од 2004 година е воведена и нова методологија на истражувања. Во текот на овие ископувања била отворена сондата II која што првично имала димензии од 8x12 м., но со подоцнежните проширувања била истражена површина од 9,5x13 м. Забележано е дека застапеноста и дебелината на културните слоеви во оваа населба интензивно варира. Па така на северозападниот агол на сондата дебелината на кулутрниот слој е 0,40 м. додека пак на спротивниот агол над 4,50 м. За жал и овде доцнонеолитскиот слој е сосема уништен со обработската на земјиштето. Во отворените сонди забележано е дека локалитетот е уништен до длабочина од 0,80-1.00 м. (Фидановски 2010, 64-67; Фидановски 2013, 7-18).

**-„Сред Село“ с. Мршевци**

*Местоположба:* Населбата била подигната на падините на малите ридчиња, на една издолжена тераса со површина од околу 3 ха. кои се наоѓаат над денешното село Мршевци и била отворена кон полето на јужната страна. Населбата е подигната на место каде што има смолница и рендзина почва (7).

*Стратиграфија:* Овој локалитет бил откриен при градење на куќите во селото. Биле извршени заштитни ископувања при што биле отворени 6 сонди со различни димензии. Во една од сондите констатиран е културен слој со дебелина од 1,50 м. Во овој слој се разграничени два хоризонти од кои што хоризонтот I хронолошки припаѓа на средниот неолит, а хоризонтот II е доцнонеолитски. На ова место позастапена е керамиката која што има доцнонеолитски карактеристики, слична со керамиката од Зелениково 2, Амам и доцнонеолитскиот материјал од Анзабегово и Вршник. Различна е ситуацијата во другата сонда каде што е детектиран само среднонеолитски материјал во културен слој со дебелина од 0,70 м. Поради тоа е изнесено мислење дека доцнонеолитската населба се простирала само на јужната половина од населбата на една помала површина (Санев В. 1989а).[4]

**-„Слатина“ с. Зелениково**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа на југоисточниот раб на скопската котлина на околу 250 м. пред влезот во селото, сместена на една повисока тераса која што се издига над старото корито на Вардар, од десната страна. Населбата е отворена на север кон скопската котлина, јужно од локалитетот се наоѓа таорската клисура, а од исток и запад е оградена од високи планини. Сместена на таква позиција низ целиот свој развиток на располагање ја имала плодната почва пред неа, како и планинските пасишта и дрвја кои што служеле на населението за разни потреби. Населбата е подигната на кафеава шумска почва, ранкер и регосол (4).

[4] На ова место би сакал да изразам голема благодарност на Елена Стојанова Канзурова која што ми ги даде извештаите од ископувањата на локалитетите Сред Село и Канли Чаир и која што во текот на студиите несебично ги споделуваше сознанијата за неолитскиот период и ме ангажираше во повеќе наврати на разни проекти поврзани со неолитскиот период

*Стратиграфија:* Во стратиграфијата на оваа населба на северниот профил на блокот II каде што е дојдено до здравица јасно се гледаат сите развојни фази на населбата. Под самата површина на земјата до длабочина од 0,25 м. регистрирн е слојот 1 кој што бил сосема оштетен и превртен. Во овој слој се среќаваат керамички фрагменти кои што би можеле да припаѓаат на завршната етапа на доцниот неолит и преминот во енеолит. На овој локалитет доцнонеолитски е слојот 2-хоризонтот I кој што има дебелина од околу 0,30 м. Овој слој/хоризонт лежи директно на слојот 3 кој што на некои места директно допира до работ на урнатините на куќата 1 која што е од постариот хоризонт II. При ископувањата на слојот 3 регистрирани се многу мал број на фрагменти кои што се врзуваат за доцниот неолит. Горниот дел на слојот 3 е скоро стерилен што укажува на тоа дека по напуштањето на куќите 1 и 2, самата населба, или пак само тој дел од населбата биле напуштени. Следните слоеви од 4 до 8 во кои што биле регистрирани вкупно 4 или 5 хоризонти на живеење припаѓаат на средниот неолит, така што се надвор од доменот на нашите интереси. Во хоризонтот I кој што припаѓа на доцниот неолит пронајдени се купови на камења и распаднати блокови од лепеж кои што за жал не правеле одредена стамбена целина. Од движен археолошки материјал откриени се голем број на керамички материјал и статуетки кои што се дел од доцниот неолит и според кои била определена Зелениково 2 културната група (Гарашанин, Спасовска 1976).

**-„Кременица“ с. Бразда**

*Местоположба:* Населбата е подигната на смолница, циметна шумска почва и регосол. Во околината се среќава варовничко-доломитна црница и кафеава почва (10).

**-„Долна Орловица“ с. Ракотинци**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа на една помала тераса околу која од западната страна се наоѓа мала река. Населбата е подигната на цеметна шумска почва, рендзина и смолница (2).

**-„Дервен“ с. Долно Коњаре**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа на една блага падина на околу 2 км. западно од селото на левата страна од асфалтниот пат. Во близина на населбата се среќаваат флувијална почва, смолница, циметна шумска почва, регосол и рендзина (5).

**-„Мало“ Саранлија с. Агино Село**

*Местоположба:* Се наоѓа на границата на атарот на Агино Село и Романовце на десната страна на Брзачка река. Во околината се среќаваат смолница и рендзина (8)

**-„Горен Гргур“ с. Мралино**

*Местоположба:* Во околината на населбата се среќаваат солена почва, колувијална почва и циметна шумска почва (6)

**-„Долен Шамак“ с. Катланово**

*Местоположба:* Во близина на населбата се среќаваат мочурливо-глејна почва, флувијална и циметна-шумска почва (3).

**-„Чибук Чешма“ с. Никуштак**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа југоисточно од селото на неколку тераси кои се спуштаат од источниот дел на Скопска Црна Гора кон кумановско поле. Од северната и јужната страна се наоѓаат долови во кои што во одреден период од годината тече вода, а од другите страни населбата била отворена кон соседните тераси на кои што има обработлива почва. Во околината на населбата се среќава кафеава шумска почва, ранкер и лептосол, како и колувијална почва (9).

*Стратиграфија:* Кај локалитетот Чибук Чешма се констатирани 5 слоеви. Од нив, само среднонеолитскиот слој е добро зачуван, додека пак горните слоеви во кои што спаѓаат и доцнонеолитските наоди се сосема уништени така што немаме подетални податоци за хоризонтот од доцниот неолит (Здравковски 1993, 17-19).

**-„Амам“ с. Лопате**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа на десниот брег на Липкоска река кај просторот од стариот турски амам. На поголема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови од неолитот. Со ископувањата потврдено е постоење на доцнонеолитска населба. Населбата е подигната на циметна шумска почва, а во блиската околина се среќава и смолница (11).

*Стратиграфија:* Во 1978 годона на овој локалитет се отворани неколку сонди со цел да се определи вертикалната стратиграфија на локалитетот. Со ископувањата констатиран е културен слој со дебелина од 1.5 м. кој што припаѓа на доцниот неолит. Но според керамиката пронајдена на овој локалитет има индикации за постоење и на среден неолит (Санев 1980, 9; Здравковски 2003, 148).

**-„Млака“ с. Шупли Камен**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа на околу 200-300 м. оддалеченост од р. Пчиња. Се протега на една возвишена неогенска тераса со површина од 2 хектари (сл. 14; сл. 15). Околу населбата се распространети колувијалната и флувијалната почва (12).

*Стратиграфија:* Овој локалитет беше ископуван од Август до крајот на Октомври 2017 год. при заштитните ископувања на железничкиот коридор 8. Отворени биле 9 сонди со истражена површина од околу 500 метри квадратни. При ископувањата била пронајдена земјанка која што има три фази на живот и била два пати обновувана. Земјанката е со димензии од 13-14x10 м. со вкупна површина од околу 150 метри квадратни, и максимална длабочина од 0.83 м. во северозападната просторија. Пронајдени се два влеза во земјанката, на С-З страна и на Ј-И страна, но не е сосема сигурно дали биле користени истовремено или во различни фази. Земјанката во внатрешноста била поделена на 10 микропростории (келии). Секоја фаза од земјанката имало по една или две печки кои што се наоѓале во различни простории. На работ на вкопување на земјанката биле пронајдени остатоци од колци кои што ја држеле кровната конструкција од надворешната страна, а неколку поголеми јами од колци наредени во низа биле пронајдени и во внатрешноста кои што ја држеле целата конструкција. При ископувањата пронајдени се и слоеви од горење на објектот кој што потоа бил обновуван. Во надворешниот простор кој што бил истражен

пронајдени се неколку јами-силоси за чување на храна, како и отпадни јами. Интересно е тоа што надвор од земјанката биле пронајдени печки кои што најверојатно биле користени во одреден период од годината, што ни зборува за организација на пределот околу самите објекти.[5]



Слика 14. Млака, с. Шупли Камен (поглед кон населбата и сондата)



Слика 15. Поглед на населбата од полето пред неа

[5] Голема благодарност до раководителот на ископувањата Зоран Георгиев и Игор Толевски кои што несебично ги споделија информациите за овој локалитет и значајно ја збогатија содржината на овој труд

**-„Дрезга“ с. Орах**

*Местоположба:* Во реонот на Долно Маало на десната страна на патот Куманово-Крива Паланка. Населбата се наоѓа на една блага падина. Околу населбата е распространета смолницата (14).

**-„Лужичка Тумба“ с. Катланово**

*Местоположба:* Во близина на населбата се среќаваат мочурливо-глејна почва, флувијална и циметна-шумска почва (13).

**-„Големо Градиште“ с. Коњух**

*Местоположба:* Се наоѓа на една тераса околу која што Крива Река прави еден лак. Околу населбата се распространети смолницата, регосол и лептосол почвите (15).

*Стратиграфија:* Најстарите остатоци од живот пронајдени на овој локалитет се од доцниот неолит. За жал немаме подетални информации за постоењето на културен слој од доцниот неолит како би добиле податоци за недвижни објекти (Snively 2014, 193).




Карта 4. Педолошка карта на Скопско-Кумановска област

### 5.3 Овче Поле и кочанско (кар. 5)

**-„Барутница“ с. Анзабегово**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа на 2 км. југозападно од селото покрај левата страна на железничката пруга Велес–Кочани, помеѓу 33,8 и 34,5 км. Населбата се наоѓа на една блага падина која се спушта кон југоисток до коритото на малата Орловска река, односно Светиниколска река. На запад од локалитетот се издига ридеста површина. Околината на оваа населба ги има сите неопходни услови за развој на земјоделие и сточарство. Населбата е подигната на флувијална и колувијална почва, во околината се среќава и регосол и солена почва (3).

*Стратиграфија:* Во текот на 1960 година биле превземени истражувања на овој локалитет од страна на Паула и Јосип Корошец. Отворени биле 7 сонди и една контролна обележана како 1а. Сондите од 1 до 5 биле со димензии од 4.00x4.00 м. и сондата бр. 6 со димензии од 20x4 м. Поради тоа што тие биле лоцирани на различни позиции забележана е и различна дебелина на културниот слој. Во сондата 1а дебелината на културните слоеви била 2.50 м. Во сондата 2-2.10 м., сонда 3 подлабоко од 4.35 м., сонда 4-3.50 м. и во сондата 5 здравицата се појавила на длабочина од 2.20-2.30 м. Сондата 6 била ископувана на 6 правоаголни делови обележани со VI (4x4), I (4x4), II (4x2), III (4x4), IV (4x2) и V (4x4). Во западниот дел на оваа сонда стерилната земја се појавила на 4.20 м. длабочина, во источниот дел на 2.80 м. а најдлабоката точка на стерилна земја е 6.30 м. длабочина. Заедничко за сите сонди, иако позиционирани на ралични позиции е тоа што имаат по 5 слоеви. Слојот 1 има дебелина од 0.30-0.40 м. и тој го претставува преораниот дел од локалитетот. Во слојот 2 се забележани голем број на јами кои што биле оштетени од обработката на земјата. Јамите имаат ралични димензии, од најмали до широчина од 0.10-0.15 м. па до поголеми јами обележани со јама А, силос Q и јама L. Во овој слој се откриени големи количини на куќна лепеж. Во слојот 3 исто така се откриени остатоци од куќен лепеж и слој од пепел. Во слојот 4 слој откриени се група на камења и камени плочи во сондата 6. Слојот 5 е регистриан само кај засекот, се работи за најнискиот слој кој што бил исполнет со песоклива земја.

Кон крајот на 60-тите година на минатиот век овој локалитет бил ископуван од страна на американски тим предводен од Марија Гимбутас. Во текот на овие ископувања биле отворени вкупно 23 квадрати при што прецизно е утврдена стратиграфијата на овој локалитет. Издвоени се вкупно 8 хоризонти кои засебно биле обележани во зависност на која фаза од локалитетот припаѓаат. Најгорниот слој, кој што е оштетен од орањето на земјата е обележан со „Ар“, дебелината на овој слој е од 0,20 до 0,40 м. Следниот хоризонт е најмладиот кој што потекнува од римскиот период, одбележан е со „А1“, дебелината на овој хоризонт се движи од 0,25 до 1,50 м. Под него се наоѓа хоризонтот „А2“ кој што го одбележува пост-неолитскиот период до римско време. Овој хоризонт е уништен од вкопувањата од римските структури така што нема некое особено значење. Дебелината на овој слој изнесува од 0,15 до 0,80 м. За нас најбитен е хоризонтот „А3“ или Анза IV кој што се врзува за доцнонеолитскиот период. Дебелината на овој слој се движи од 0,15 до 0,70 м. Под овој хоризонт се наоѓа „А4“ хоризонтот кој што го одбележува средниот неолит преку Анза II и Анза III. Овој хоризонт е со дебелина од 0,25 до 1,05 м. Најстариот хоризонт „А5“ во кој се содржани ранонеолитските остатоци или Анза I е со дебелина 0,45 до 0,65 м. Под овие културни хоризонти забележани се уште два кои се обележани како „B1“ и „B2“. Се работи за здравица со која не се пронајдени артефакти. Според стратиграфијата која била направена од американскиот тим најстариот хоризонт или Азна I припаѓа на раниот неолит, хоризонтите Анза II и III се среднонеолитски, а Анза IV е доцнонеолитскиот слој (Weide, Gimbutas 1976a, 11-29).

Ископувањата кои ги вршеле југословенскиот тим предводен од Милутин Гарашанин покрај тоа што ја потврдиле оваа стратиграфија, таа била и надополнета. Во текот на оваа кампања во 1969/70 год. биле отворени 9 сонди кои што биле обележани со латиснките букви од А до М. Димензиите на овие сонди биле 5x5 м., помеѓу кои се наоѓале контролни профили од 1,00 м. До здравица биле истражени 195 метри квадратни, додека пак горните слоеви над депресијата биле истражени во вкупна површина од 250 метри квадратни. Истражениот дел од теренот бил пресечен од природна формација-суводолица која што се протега во превец североисток-југозапад и притоа минува низ неколку квадрати кои биле ископувани. Поради таквата ситуација на теренот, стратиграфијата била поделена на северен и јужен дел од депресијата. Во северниот дел е забележана следнава стратиграфија: слој 1-Хоризонт I; слој 2-хоризонт II; слој 3-хоризонт III; слој 4, горен дел-

хоризонт IIIа; комплекс куќи; слој-депресија; слој 4, долен дел; хоризонт IV; слој 5-хоризонт V; слој 6; здравица. Во јужниот дел е забележана следната стратиграфија: слој *а*-хоризонт I; слој *а*; слој 3-хоризонт B; хоризонт IIIа; комплекс куќи-хоризонт C; слој-депресија; слој *c*; хоризонт D; слој *d*-хоризонт E; слој *e*; здравица. Позицијата на која што ископувала југословенската екипа понудила нешто поразлична стратиграфија, а со тоа и различна хронологија на неолитскиот локалитет. Истражувачите развојот на оваа населба ја поделиле на неколку фази. Најстарата ранонеолитска фаза е поделена на три под фази: Анзабегово Іа (слој 6 и соодветните затворени целини), Анзабегово Ib (хоризонт V и слој 5) и Анзабегово Ic (хоризонт IV и слој 4 долен дел), потоа среднонеолитските слоеви Анзабегово II (горен слој на депресијата, куќи 1 и 2, хоризонт C во блок A), Анзабегово III (хоризонт IIIа, горен дел на слој 4, хоризонт III и Б и слој 3), Анзабегово IV (хоризонт II, слој 2 и хоризонт I). И на крајот слојот 1 и винчанскиот слој јами како најмлада фаза од неолитот. Во овој слој и јамите насекаде е присутна доцнонеолитска-винчанска керамика (Гарашанин 2009а, 25-37; Гарашанин 2009б, 237-257).

*Архитектура и недвижни остатоци:* И покрај големите истражувачки кампањи на локалитетот Барутница не се откриени значајни архитектонски остатоци од доцниот неолит. Остатоци од објекти се откриени од страна на американскиот тим. Наведено е дека куќите од доцнонеолитскиот слој во оваа населба биле правоаголни во основата со димензии од 8x3-4 м. Подовите на куќите биле од набиена земја, а објектите биле градени од дрвја и лепеж кој што има дебелина од 0.15-0.20 м. (Gimbutas 1976a, 34). Ниту ископувањата од југословенскиот тим не донеле големи податоци за архитектурата во доцнонеолитската фаза. Пронајдени се само јами кои што биле наречени Винчански јами. Во девет јами бил пронајден материјал кој што се врзува за винчанската култура (Гарашанин, Гарашанин 2009, 141-144; Санев 2009, 44-47). Покрај нив од истите слоеви и хоризонти пронајдени се и јами во кои што не е потврдено присуство на винчанска керамика, но овде ќе бидат обработени само јамите со доцнонеолитски-винчански материјал. Најголем дел од тие јами биле вкопани од хоризонтот I, а потекнуваат од различни сонди (план 2).




План 2. Јами од хоризонт I од локалитетот Барутница, с. Анзабегово

- Блок M, Јама Q. Неправилна форма со димензии од 1.20x0.80 м. и длабочина од 0.85 м. Во неа се пронајдени неколку фрагменти од керамика и држалки со кружен пресек. Орнаментите кои се забележуваат се сликање со црна боја и барботин лепенки.

- Блок B, Јама 2. Во горниот дел јамата има неправилна форма, на длабочина од 0.94 м. има издолжен елипсовиден отвор со димензии 1.28x1.00 м. и има длабочина од 1.04 м. Во оваа јама се пронајдени фрагменти од биконусна винчанска паница и двојна јазичаста држакла со винчански карактеристики. Од орнаментите застапени се барботинот, убоди со некој инструмент и ребрести канелури.

Блок B, Јама 3. Се појавува на длабочина од 0.94 м., има неправилна правоаголна форма со димензии 2.20x1.00 м. Длабичината на оваа јама е 1.15 м. Во оваа јама најбројна е монохромната сива и црна керамика, се среќаваат и фрагменти од винчанска фактура, а присутна е и black topped керамиката. Од формите на садови се среќаваат биконусна паница, заоблена паница со кус цилиндричен врат, плитки паници итн. кои што биле орнаментирани со канелури, барботин или врежувања. Пронајдени се и разновидни држалки, јазичести, лентести, брадавичести итн. Во оваа јама пронајдени се и фрагменти од жртвеници кои што биле орнаментирани со врежувања.

Блок C, Јама В-Ц. Јамата има кружна основа со пречник од 1.20 м. Фрагментите со винчанска керамика во оваа јама се бројни. Од Винчанската керамика забележано е присуство на паница и сад на висока нога. Орнаментите се изведени со типични коси канелури. И овде се пронајдени фрагменти од жртвеници.

Блок D. Јама со куќен лепеж. Оваа јама се појавува на длабочина од 0.84 м., има неправилна правоаголна форма со димензии 1.40x0.50 м. Оваа јама биле прекриена и исполнета со лепеж. Преовладува темната и црна керамика меѓу која и Винчанската. Од облиците на садовите забележано е присуство на биконусна паница, а од орнаменти забележани се разредени лепенки и повлекување со прсти.

Блок C, Јама 1. Се појавува на длабочина 0.93 и завршува на длабочина од 1.10-1.20 м. Нема податоци за димензиите на вкопување. Во внатрешноста била исполнета со темна растресита земја. Од фрагментите керамика забележано е дека преовладува керамиката со темна боја, црна, сива. Се среќаваат топчести садови, биконусни садови итн. Орнаментите

се застапени лепенките, барботинот и еден фрагмент има триаголник насликан со бела боја кој што најверојатно потекнува од подолните слоеви. Во оваа јама е пронајдена и една винчанска статуетка.

Блок F, Јама C. Се работи за голема јама со неправилна правоаголна форма и димензии од 2.40x1.20 м. Во оваа јама пронајден е голем број на фрагменти од керамика. Во главно се среќава керамика со темна, црна или сива боја. Бројката на керамички фрагменти изнесува 364. Пронајдени се керамички срагменти од постари облици како топчестиот сад со благо нагласен венец, сад со заоблен профил, разни прави венци, конусни нозе итн. Од Винчанска керамика застапени се биконусни садови во повеќе варијанти, амфора со биконусен стомак, садови со заоблен профил итн. Разновидни се и држалките во облик на јазик, кружен пресек, лентести итн. Од орнаментите се среќаваат барботин, сликана керамика, канелури, ленти исполнети со убоди. Пронајдени се и фрагменти од жрвеници меѓу кои се среќава орнамент како засеци во комбинација со пастозно сликање.

Блок К, Јама В. Оваа јама има димензии од 1.20x1.60 м. Работ на јамата се појавува на 0.90 м. длабочина, а завршува на 1.56 м. И овде најзастапени се фрагментите од темни садови. Меѓу облиците застапен е топчестиот сад со малку нагласен венец, биконусни садови, садови со кус цилиндричен врат и биконусните амфори. Орнаментите се канелури, убоди со инструмент и кај еден фрагмент е регистрирано сликање со пастозна боја. Во оваа јама е пронајдена статуетка со врежани очи и лице на птица.

Блок М, Јама Q. Вкопана е од нивото на хоризонт I и оди до длабичина од 0.85 м. Димензиите на јамата се 1.20x0.80 м. Најзастапени се фрагментите со темна боја. Од облици се среќава биконусниот сад, сад со заоблен профил и амфори. Од орнаменти се среќаваат врежани цик-цак орнаменти исполнети со траги од пастозно боење и барботин орнаментите.

**-„Алин Дол“ с. Немањици**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа во месноста Мавровица на левата страна од Орелска река. Во денешно време поголемиот дел од локалитетот е потопен од браната на ХА „Мавровица“. Во околината на населбата се среќаваат чернозем, рендзина и смолницата (2).

*Стратиграфија:* На локалитетот Алин Дол кај с. Немањици биле констатирани две неолитски фази. Постарата фаза е од средниот неолит, додека пак за помладата фаза се врзуваат наоди кои што биле датирани во доцниот неолит. Доцниот неолит го претставува последниот период на живот во праисторијата на оваа населба (Здравковски, Шурбановска 1983,112-114).

**-„Вршник“ с. Тарицни**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа на јужниот раб на Овче Поле, во атарот на с. Таринци на едно благо возвишение од левата страна на патот Таринци–Радање. Теренот на кој се наоѓа населбата благо се спушта во правец на североисток. Околу населбата се наоѓа плодна почва која што е богата со вода, додека пак од јужната страна се простираат неколку ридчиња кои што биле користени за разни активности. Населбата е подигната на место каде што се среќаваат флувијалната почва и рендзината (4).

*Стратиграфија:* При првите ископувања на овој локалитет отворена била една мала сонда со димензии 2x2 м. Во оваа сонда здравицата се појавила на длабочина од 5,40 м. Во оваа пробна кампања не биле добиени подетални информации за стратиграфијата на локалитетот, но и покрај тоа откриените наоди пробудиле желба кај истражувачите да продолжат со ископување на овој локалитет. Во следната кампања предводена од сопружниците Гарашанин биле отворени три сонди со димензии 3x3 во правец север-југ. Во текот на ископувањето била откриена сложена стратиграфија со дебелина на културниот слој од 3,70 м., и на некои места каде што има јами со дебелина од повеќе од 4 м. Во овој културен слој биле издвоени пет културни хоризонти во кои што се пронајдени траги од згради, пепел, горење итн. Најгорниот хоризонт I е доста оштетен и во него се пронајдени голем број на фрагменти од растурен лепеж. При ископувањата на следните хоризонти од II-V, било забележано дека IV хоризонт има две развојни фази, така што бил поделен на две фази IVa и IVb. Во сите овие хоризонти пронајдени се делови од објекти, траги од горење, печки итн. што зборува за богатството на оваа населба. Според резултатите добиени од ископувањата културниот развој на овој локалитет бил поделен на Вршник I-хоризонт V, Вршник IIa-хоризонт IV, Врпник IIb-хоризонт III, Вршник III-хоризонт II и Вршник IV-хоризонт I (Гарашанин, Гарашанин 1959, 61-65). Со следните ископувања на овој локалитет била надополнета сликата за стратиграфијата на ова наоѓалиште. Веднаш под хумусот бил забележан еден слој кој се јавувал во сите квадрати.

Овој слој 1 и покрај тоа што бил оштетен со орањето сепак големите парчиња на лепеж кои што се среќаваат насекаде сведочат за постоење на хоризонт I. Под овој слој се наоѓа слојот 2 кој што различно е застапен во ископаната површина. На самото дно на слојот 2 и под него бил издвоен хоризонтот II. Под хоризонтот II бил детектиран слојот 3 кој што на некои места бил прекинат, но сепак се работи за моќен слој. Под слојот 3 бил детектиран хоризонтот IV во кој што се разликуваат две фази a и b. Со овие ископувања била добиена сигурна стратиграфска слика за оваа населба, со прецизно фиксирани двиќни и недвижни објекти. Населбата се развивата низ 4 фази и тоа: Вршник I–хумусот и јамата А, Вршник II-хоризонт IV и III со слоевите, Вршник III-хоризонт II и Вршник IV-слој 1, 2 и хоризонт I. Доцнонеолитските појави на оваа населба се забележуваат во последната фаза, односно Вршник IV. За жал и овој слој во голема мера е оштетен (Гарашанин, Гарашанин 1961, 9-12).

**-„Руг Баир“ с. Горобинци**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа на северозападниот раб на Овче Поле на 2 км. јужно од селото Горубинци. Населбата е распостелена на една издолжена тераса во правец запад–исток со димензии 220x80–100 м. На околниот терен се простира плодно земјиште и големи површини на пасишта кои што му биле неопходни на неолитскиот човек за развој на земјоделството и сточарството. Ѓуришкиот масив, кој што нудел дрво и услови за лов само го надополнува добриот избор на оваа позиција за подигање на населбата. Ако се гледа состојбата околу населбата во денешно време ќе се добие впечаток дека околу населбата немало вода, но при ископувањата во еден од блоковите бил пронајден речен песок што покажува дека во тоа време овде течела вода. Во околината на населбата се среќаваат смолницата, циметна шумска почва и регосол (1).

*Стратиграфија:* За жал немаме подетални информации од ископувањата во 1961 год. поради уништувањето на документацијата. Во поновите ископувања биле отворени три сонди во близина на сондите X и XI. Сонда I со блоковите А, В и В1 биле поставени во правец И-З и биле со димензии 4x4 м. и контролен профил помеѓу нив од 1 м. Сонда II со квадратите C, D и E со димензии од 2x2 м. кои што биле поставени во правец С-Ј од западната страна на сонда I. Сонда III со квадратите F, G и H со димензии од 3x3 м. кои што биле поставени северно од претходните сонди. Најдетални податоци за стратиграфијата на населбата биле добиени од сонда I каде што културниот слој има

дебелина од 1,40 м. Со ова ископување биле утврдени три различни слоја кои што претставуваат три различни етапи на живот на оваа населба. За нас најбитен е слојот I (Руг Баир III) кој што бил уништен поради обработката на земјата. Неговата дебелина изнесува 0,40-0,50 м. На дното на овој слој се откриени остатоци од куќен лепеж но без да формираат одредена целина. Вториот слој (Руг Баир II) има дебелина од 0,20 до 0,40 м. Во овој слој се откриени голем број на движни наоди, остатоци од архитектура и јами. Слојот III (Руг Баир I) го означува протохумусот и почетокот на живот на ова место. Овој слој е доста оштетен од јамите од вториот слој (Санев 1975, 209-210).




Карта 5. Педолошка карта на штипско, кочанско и радовишко

### 5.4 Струмичко-радовишко поле (кар. 6)

**-„Страната“ с. Ангелци**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа на северозападниот раб од синорот на селото оддалечено 2 км. Населбата се наоѓа на блага падина свртена кон исток со површина од 3 ха. Од западната страна е заштитена од рид, додека пак од север и исток е обиколена од реката Сушица. Околу населбата рељефот е прилично разигран со неколку помали ридчиња (сл. 16). Може да се види дека луѓето од оваа населба имале постојано околу себе

вода, пасишта и дрвја кои што ги користеле за остварување на своите потреби. Околу населбата се среќаваат колувијална и флувијална почва (3).



Слика 16. Поглед на Странатa (Rujak 2017, fig. 1)

*Стратиграфија:* При ископувањата на археолошкиот локалитет Странатa во 80-тите години на минатиот век биле отворени три сонди. Најдобри податоци за стратиграфијата на населбата се добиени од сондите 1 и 3. Во овие сонди во длабочина од околу 1,80 м. се регистрирани вкупно 4 слоја во кои што се забележани два хоризонта, хоризонт I и хоризонт II. И двата хоризонти се со континуитет на живеење од доцниот неолит. На постариот слој припаѓаат остатоците од опожарената населба, протохумусот, слојот 4 и долниот дел на слој 3. Додека пак на помладиот хоризонт му припаѓаат горниот дел на слој 3 и последните два слоја (Санев, Стаменова 1989, 12-15). Со поновите ископувања во 2015 година е надополнета стратиграфската слика за овој локалитет. Со овие ископувања биле откриени остатоци од еднослојна населба со дебелина на културниот хоризонт од околу 1 м. Наодите од овој хоризонт јасно го датираат во доцниот неолит. Според истражувачот, во оваа истражувачка кампања е пронајдено живеалиште од типот на земјанка, но постојат индикации и за постоење на објект кој бил подигнат на колци (Rujak 2017, 212-219). Може да се забележи со сигурност дека на оваа населба покрај вертикалната стратиграфија, најверојатно имаме и хоризонтална стратиграфија на

населбата од доцниот неолит, што ни зборува за тоа дека оваа населба била во континуитет населена во целиот доцнонеолитски период.

*Архитектура и недвижни остатоци:* При истражувањата на населбата Страната во двете кампањи биле пронајдени остатоци од објекти. Во извештајот од првата кампања во 80-тите години наведено е дека живеалиштата се надземни куќи градени од дрвја и лепеж, а детектиран е' и под од набиена земја. Пронајдени се парчиња лепеж од кои што некои имаат дебелина од 0.20 м., а на нив се забележуваат отпечатоци од обли и цепени дрвја. Во надворешниот дел од куќата пронајдено е едно огниште-печка. Печката има елипсоидна форма со димензии 0.80x1.00x0.15 м. Печката е изградена од еден ред глина, потоа речни камења и на крајот фрагменти од керамика. На крајот врз оваа супструкција било премачкано со дебел слој од глина, добивајќи на тој начин подница која што била два пати обновувана. Околу печката се пронајдени три черепи од говеда кои што со роговите се допирале, а вилиците биле свртени на три страни. Не е исклучена можноста да се работи за остатоци од некој обред (Стаменова, Санев 1989, 15; Стојанова Канзурова 2011, 196-197). Со последните ископувања во 2015 год. беа откриени нови објекти на овој локалитет со што беше надополнета сликата за архитектурата на овој локалитет. Имено, со најновите ископувања пронајдена е земјанка околу која се пронајдени голем број јами од дрвени колци кои што биле носачи на покривната конструкција. Дното на земјанката била премачкана со портокалова земја која што најверојатно била употребена како подобра изолација. Во земјанката е пронајдено едно огниште-печка кое е долго 0.73 м., широко 0.60 м. и зачувана висина од 0.20 м. (сл. 17). Во втората фаза на локалитетот пронајдени се голем број на јами од дрвени столбови со дијаметар од 0.10 до 0.25 м. поради што е изнесена претпоставка за постоење на наколни живеалишта, односно куќи подигнати на столбови (Rujak 2017, 208-215).



Слика 17. Земјанка со огништето/печката од Страната (Rujak 2017, fig. 6)

**-„Канли Чаир“ с. Дамјан**

*Местоположба:* Локалитетот се наоѓа северозападно од селото во долината на реката Тополница, во чија близина се рудните масиви Дамјан и Бучим. Се работи за поголем простор кој е сместен во рамницата во близина на магистралниот пат Штип–Радовиш–Струмица, каде што се наоѓа и месноста викана „Бојковци“. Околу населбата се среќаваат циметна шумска почва и регосол (бр. 5 во картата за Овче Поле).

*Стратиграфија:* Во текот на првите истражувања во 1987 год. на делот викан Бојковци биле отворени сондите 1 и 2 кои што биле поставени на растојание од 60 м.. Сондите биле со димензии од 3x4 м. Во сондата 1 била откриена една културна целина која што според наодите била датирана во доцниот неолит. Во сонда 2 на длабочина од 1,20-1,40 м. бил откриен уште еден постар слој исполнет со лепеж, горетини и движен археолошки материјал. Во месноста Канли Чаир биле отворени уште две сонди, сонда 3 и 4 со исти димензии. И кај двете сонди дебелината на културниот слој е 1,00-1,20 м. Во сондата 4 била откриена покомплетна ситуација каде што јасно биле издвоени два хоризонти. Хоризонтот I лежи директно под хумусот и е доста оштетен, додека пак хоризонтот II се наоѓа на длабочина од 0,80-1,00 м. (Санев 1989б, 36-37). Втората истражувачка кампања се одвивала во 1988 год. кога биле отворени уште три сонди непосредно до сондата IV.

Сондата VI со димaнзии 4x3, сонда VII-6x3 и сонда VIII-3x3 м. Со тие ископувања била потврдена претходната стратиграфска слика, но била и надополнета со еден постар хоризонт. Таквата ситурација наложила промена на хоризонтите, така што хоризонтите I и II биле означени како II и III, додека пак хоризонт I бил новооткриениот најстар хоризонт. Во 2015 год. повторно беа извршени археолошки ископувања на овој локалитет. Во текот на оваа кампања беа отворени три сонди кои што беа нумерирани како IX, X и XI. Сондата IX е со димензии 4x6 м., сондите X и XI беа поставени паралелно една до друга, сонда X со димензии 2x11 м. и сонда XI со димензии 2x9 м. (пл. 3). Помеѓу нив беше оставен 0,50 м. контролен профил кој што подоцна беше симнат. Културниот хоризонт се појави на длабочина од 0,80 м. при што беа пронајдени остатоци од објект и печка, како и голем број археолошки материјал. (Stojanova Kanzurova 2017, 183-204)




Fig. 9. Position of the old and new trenches in cadastral parcel 1337 and 1333 at the locality Kanli Čair, 1987/88, 2015 (after V. Sanev, E. Stojanova-Kanzurova, V. Jankovska)

План 3. Позиција на сондите од досегашните ископувања на Канли Чаир (Stojanova Kanzurova 2017, fig. 9)



Слика 18. Позиција на населбата Голема Трпеза (Стојанова Канзурова 2011, сл. 179)

**-„Голема Трпеза“ с. Старо Коњарево**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа на околу 3,5 км. северно од селото во близина на границата со Бугарија. Населбата е сместена на една природна тераса која што се издига над Стара Река (сл. 18). Околу населбата се простираат колувијална и флувијална почва (2).

*Стратиграфија:* Овој локалитет бил ископуван во 2010, 2012 и 2013 год. при што се утврдени три фази на живот (сл. 19). Најстарата фаза е датирана во доцниот неолит, потоа рана бронза и на крајот од римско време. Неолитскиот слој и недвижните објекти во него започнале да се појавуваат на околу 0,30-0,40 м. под површината на земјата. И на овој локалитет со обработката на земјиштето голем дел од наодите биле дислоцирани, но и покрај тоа добиени се значајни податоци за архитектурата на оваа населба (Rujak 2011, 161).

*Архитектура и недвижни остатоци:* Во текот на ископувањата на овој локалитет добиени се значајни сознанија за архитектурата. Пронајдена е куќа-земјанка со истражена површина од 6.72 м2. со димензии 4.20x1.60 м. и длабочина од 1.20 м. (сл. 20).

На централниот дел на населбата биле пронајдени остатоци од надземен објект. Според остатоците од објектот забележано е дека се работи за правоаголна градба со димензии од 7.20x6.10 м. со ориентација североисток-југозапад. Пронајдени се неколку јами од дрвените столбови кои што биле со димензии од 0.12 м. до 0.18 м. Подот на овој објект бил од набиена земја и се забележани неколку обновувања, што значи дека овој објект

користен интензивно подолг период. На површината на подот пронајдени се остатоци од лепежот од ѕидовите кои што биле направени од земја, глина, слама итн. Интересно е тоа што на ѕидовите биле пронајдени траги од штуко декорација. На еден фрагмент се забележува декорација во вид на потковица, а на другиот цик-цак линии. Поради тоа што фрагментот со цик-цак линии е многу добро испечен, изнесена е претпоставка дека можеби бил дел од некое огниште или печка. Во североисточниот дел на оваа куќа пронајдени се остатоци од огниште-печка со димензии 1.50x1.20 м. Во непосредна близина на печката пронајдена е земјена платформа со висина од 0.15 м. до 0.20 м. на која што е пронајдена женска фигурина. Во близина на оваа платформа откриен е поголем сад вкопан во земјата кој што најверојатно служел за подготовка на храната. Јужно пак од печката пронајдена е уште една платформа со висина од околу 0.10 м. од подот, каде што имало неколку реципиенти. На ова место пронајдена е јама од дрвен столб кој што најверојатно го држел кровот на некоја конструкција над оваа целина. Непосредно до оваа платформа пронајена е и камена мелница. Северозападно од овој објект пронајдени се неколку керамички садови, од кои што две со фина, мазна површина непосредно до објектот, и други две со груба површина кои што биле поставени една до друга и најверојатно биле остави за храна (Rujak 2011, 161-166). Ова е можеби најдобро зачуваниот објект од доцниот неолит во Македонија во досегашните истражувања. Од овој локалитет потекнува уште едно огниште кое што било во внатрешноста на некој објект, што е потврдено со пронајдениот куќен лепеж на околу 0.50 м. до него, најверојатно од некој преграден ѕид. Ова огниште има кружна форма со димензии од 0.70x0.80 м. Оградниот ѕид на огништето најдобро е сочуван во источниот дел и има висина од 0.18 м. и дебелина на ѕидот од околу 10 м. Огништето било вкопано во набиениот земјен под, а било изградено од камења, фрагменти керамика и земја мешана со земја и плева. Подницата била од тврдо набиена земја, а забележано е дека надворешниот ѕид е косо поставен кон надворешноста (Стојанова Канзурова 2011, 199-201).[6]

[6] Овде би сакал да се заблагодарам на Зоран Рујак кој што секогаш беше расположен да сподели нови сознанија за доцниот неолит, и секако што даде неколку фотографии од ситуации и наоди од локалитетот Голема Трпеза



Слика 19. Фотографија на сондите од ископувањата во 2012 год. (фото. Зоран Рујак)



Слика 20. Земјанка од Голема Трпеза (Rujak 2011, 162, fig. 1)

**-„Атици“ с. Црничани**

*Местоположба:* Локалитетот се наоѓа на 2 км. оддалеченост од селото. Покрај населбата се наоѓа поток со повремени води кој што во далечното минато бил користен од луѓето за пиење и претставувал нивен извор на живот, исто така на неколку стотини метри се наоѓа рекичка која што му била од корист на неолитскиот човек. Теренот на кој што се наоѓа локалитетот благо паѓа кон југ и околу него се наоѓа богата и бујна субмедитеранска вегетација. Околу населбата се среќаваат ригосолот, флувијалната и колувијалната почва (1).

*Стратиграфија:* На локалитетот Атици кај с. Црничани со досегашните ископувања не се регистрирани постари слоеви од доцнонеолитскиот период. Поради тоа, сега за сега може да се каже дека оваа населба била подигната во доцниот неолит. На овој локалитет биле отворени две сонди, сонда 1 со димензии 4х4 која била истражена до длабочина од 1.80 м. и сонда 2 со димензии 3х3 м. која била истражена до 1.50 м. длабочина. И во двете сонди биле регистрирани три слоеви. Првиот слој бил сосема уништен до длабичина од 1.00 м. Вториот слој е со дебелина од околу 0.30 м. и во него биле пронајдени многу фрагменти од куќен лепеж со интензивна црвена боја. Под овој слој се наоѓа слој протохумус во кој што се откриени мал број на наоди. Во вториот слој биле откриени најмногу археолошки движни наоди. Керамичкиот материјал од овој локалитет е датиран во времето на Ангелци II и Винча-Тордош II. Покрај доцнонеолитскиот материјал наведено е’ и дека оваа населба била населена и во почетокот на енеолитот (Здравковски 2008, 49-59).




Карта 6. Педолошка карта на Струмичко и Дојранско

### 5.5 Тиквеш и Велешко (кар. 7)

**-„Стоби“ кај Градско**

*Местоположба:* Оваа населба се наоѓа на уливот на Црна Река во Вардар кај денешниот археолошки локалитет од римско време. Во најдолните слоеви на оваа населба е регистриран материјал од доцниот неолит. Околу населбата се среќаваат флувијална почва и регосол (4) (Колиштркоска Настева 2005).

**-„Ѕунивер“ с. Извор**

*Местоположба:* Локалитетот се наоѓа на 200 м. источно од селото распространет на блага тераса која се спушта кон десниот брег на реката. Околу населбата се среќаваат рендзина, регосол и флувијалната почва (2). (Јовчевска 2006, 39).

***Стратиграфија:*** На овој локалитет се истражени вкупно 193 метри квадратни. Немаме подетални информации за стратиграфијата на населбата освен претпоставката дека ископаниот објект најверојатно бил подогнат на постаро култно место. (Јовчевска 2006, 39).

*Архитектура и недвижни остатоци:* Единствениот култен објект од доцниот неолит потекнува од населбата Ѕунивер. И покрај тоа што во неколку кампањи се правени обиди да се открие во целост со што би се добиле и целосни димензии, сепак тоа не се случило. Врз база на остатоците од дрвени јами кои што биле пронајдени изнесена е претпоставка дека надворешните ѕидови на објектот биле долги 12 м. Во внатрешноста на објектот пронајдени се вкопани јами во кои што бил изведен ритуал со палење. Во внатрешноста на објектот била пронајдена композиција од три камења, а во непосредна близина до нив еден голем камен со правоаголна форма. Исто така пронајдени се и антропоморфни фигурини и една глинена глава од бик. На јужната и на северната страна на објектот каде што најверојатно се наоѓал влезот откриени се две слични ситуации-јами. Во северната јама на површината имало бледожолтеникава глина под која се наоѓал слој од гареж, а под него мал, обработуван квадратен камен. Во јужната јама ситуацијата е идентична со тоа што во гарежот биле пронајдени две фрагментирани фигурини, а не е пронајден камен. И уште една ситуација била откриена во објектот каде што во ископана јама горен е силен оган со што се создал слој од 0.20 м. гареж и пепел (Јовчевска 2006, 39-49).

**-„Мрамор“ с. Чашка**

*Местоположба:* Овој локалитет се простира на блага тераса со големина од околу 3 хектари која што се издига над реката Тополка, со најголема концентрација во највисокиот дел. Околу неа се простира широка плодна земја, а околината е затворена од големите планински масиви на Голешница, Јакупица и Бабуна така што овој простор претставува посебна затворена регија која што ги има сите услови за живот неопходни за неолитскиот човек. Населбата ја опкружуваат колувијална почва, циметна шумска почва, рендзина и регосол (1).

*Стратиграфија:* Во текот на истражувањата на оваа населба биле отворени 4 сонди на различни делови. Се работи за двослојна населба со дебелина на културниот слој од 1.5-1.74 м. Постариот слој најверојатно е со дебелина од околу 0,80 м., но забележано е дека во него не се откриени голем број на археолошки наоди. Според откриениiот материјал овој слој припаѓа на последната фаза од Анзабегово-Врпник културната група. Помладиот пак слој е со дебелина од околу 0,80 м., но поради тоа што се наоѓа под самата површина, со обработката на земјата целосно е уништен. Наодите овој слој го датираат во доцниот неолит (Јовчевска 1993, 31; Јовчевска 1990, 56-58)

**-„Карталица“ с. Извор**

***Местоположба:*** Населбата била подигната на место каде што се среќаваат циметна шумска почва, рендзина, регосол и колувијална почва (3).



Слика 20. Бегово Поле с. Дреново-поглед од исток (фото. Перо Синадиновски)

**-„Бегово Поле“ с. Дреново**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа на 700 м. западно од уливот на Раечка во Црна река и околу 100 м. јужно од р. Раец. Местото претставува тумбесто возвишение со висина од 8–9 м. кое што од источната страна е пресечено најверојатно од излевањата на Црна Река. Населбата е со димензии 250x250 м. (сл. 20). Теренот е многу поволен за населување во неолитскиот период особено имајќи ја во предвид близината на двете реки од кои што била користена водата и биле ловени риби. Околу населбата се простира голема рамница која била поволна за развој на земјоделство, а на само 2-3 км. на југ се простира шумски предел од каде што лугето можеле да земаат дрва за огрев и за градежните активности, во околината има неколку лежишта на камен кои што до ден денес се користат и несомнено биле искористувани и од тогашните луѓе за изработка на орудија. Околу населбата се среќава флувијална почва и рендзина (5) (Синадиновски 2016, 55-57).




Карта 7. Педолошка карта на Тиквеш и Велешко

### 5.6 Пелагонија (кар. 8)

**-„Могила“ с. Сенокос**

*Местоположба:* Се наоѓа на 2 км. јужно од селото. Се работи за населба од типот тумба која што е доста развлечена и оштетена (сл. 21) (Темелкоски, Митkоски 2006, 55). Околу населбата се среќава флувијалната и колувијалната почва (9).

*Стратиграфија:* Овој локалитет бил истражуван во 1970 год. од страна на народниот Музеј во Прилеп. Локалитетот е доста оштетен поради изградбата на живинарска фарма, но и од земјоделските работи на ова место. Биле отворени 3 сонди на различни позиции со вкупна истражена површина од 65 метри квадратни. Сондата 1 била со димензии од 6х6 м., сонда 2-5х4 м. и сонда 3-3х3 м. Немаме подетални податоци за стратиграфијата на населбата. Според движниот археолошки материјал определени се две фази на живот во текот на доцниот неолит, како и продолжување на животот понатаму во енеолитскиот период (Темелкоски, Митkоски 2006).

*Архитектура и недвижни остатоци:* Кај населбата Могила с. Сенокос биле откриени два типа стамбени објекти, земјанки и надземно живеалиште. Земјанките, кои што биле откриени во постариот слој имаат кружно-валчеста форма и вкопани се во здравицата во длабочина од 0.50-1.80 м. Не се познати димензиите на јамите во пречник. Земјанките се поделени на две приближно еднакви простории со мал прекраген ѕид. На површината биле регистрирани лежишта од дрвени столбови кои што биле носачи на дрвената арматура која што ја прекривала земјанката. Исто така откриено е голема количина на куќен лепеж под кој што се наоѓал слој од гареж што укажува на тоа дека овој објект најверојатно бил уништен во пожар (Темелкоски, Миткоски 2006, 56; Стојанова Канзурова 2011, 224). Во помладиот хоризонт откриено е надземно живеалиште кое што било изградено од дрвена конструкција и лепеж, подот на оваа куќа бил поплочен со неправилни камени плочи. Не се познати димензиите на оваа куќа. Во внатрешноста на куќата било пронајдено огниште кое имало кружна форма и било оградено со кружни плочи. Огништето било изградено од земја мешана со плева, а во внтрешноста се забележува мазнет слој од глина (Темелкоски, Миткоски 2006, 56; Стојанова Канзурова 2011, 224-225).



Слика 21. Могила, с. Сенокос (Фото. Александар Миткоски)

**-„Кутлине“ с. Ракле**

*Местоположба:* Локалитетот се наоѓа на една висорамнина на околу 3км. југоисточно од селото. На површина од неколку хектари се среќава археолошки материјал од неолитскиот период. Околу населбата се среќаваат рендзина и ригосол почвите (бр. 6 во картата за Тиквеш и Велешко).

*Стратиграфија:* Една од населбите со добро зачувана стратиграфија е населбата Кутлине кај с. Ракле. При ископувањата на овој локалитет отворени се три сонди со вкупна површина од 23 метри квадратни. Конктретни стратиграфски податоци се добиени од сондите 2 и 3 со вкупна истражена површина од 19 метри квадратни. При ископувањата јасно се детерминирани два хоризонта на живеење, постариот хоризонт I и помлад, хоризонт II (пл. 4). Овој хоризонт има околу 0.40 м. дебелина, а во него на длабочина од 0,65 м. или осмиот откоп е пронајдена набиена земја која што најверојатно е дел од под од некоја градба. Слична ситуација била детектирана и во шестиот откоп, на длабочина од 0,50 м. Поради тоа изнесена е претпоставка дека може да има две фази во овој хоризонт. Што се однесува пак до помладиот стамбен хоризонт II, тој започнува од самата површина на теренот до 0,30 м. длабочина. На тоа ниво бил детектиран компактен слој од набиена црвена земја врз кој што се наоѓале дислоцирани парчиња на печен црвен лепеж (Темелкоски, Миткоски 2008).

*Архитектура и недвижни остатоци:* Во постариот хоризонт на населбата Кутлине пронајдени се остатоци од објект. На подот од набиена земја биле пронајдени парчиња од куќен лепеж, на истото ниво биле лоцирани и кружни јами од дрвените колци со пречник од 0.09 до 0.19 м. и длабочина од 0.14 до 0. 29 м. кои што ја носеле конструкцијата на објектот (Темелкоски, Миткоски 2008, 95). Пронајден е уште еден слој од набиена земја за кој се претпоставува дека бил од некоја градба, но за жал немаме подетални информации за оваа појава (Темелкоски, Миткоски 2008, 96). Остатоци од објект биле пронајдени и во помладиот хоризонт од оваа населба. И овде како и кај постарата зграда детектиран е слој од набиена земја кој што го означува подот на објектот. Над него пронајдени се парчиња од добро печен куќен лепеж, а на нивото на подот откриени се седум јами од дрвени колци со димензии во пречник од 0.06 до 0.19 м. и длабочина од 0.09 до 0.21 м. кои се протегале во правец југозапад-североисток. Димензиите не се познати и на овој објект (Темелкоски, Миткоски 2008, 96).




План 4. Основа 1 и основа 2 од сонда II (Темелкоски Миткоски 2008, 97, план 1)

**-„Али Чаир“, Прилеп**

*Местоположба:* Се наоѓа во самиот град Прилеп, во пределот кај ул. Душко Наумовски па се до зоолошката градина (Mitkoski 2017, 127). Во околината се среќава колувијална почва, како и ранкер, регосол и лептосол (11).

*Архитектура и недвижни остатоци:* Остатоци од надземен објект и остатоци од лепеж се пронајдени и на населбата Али Чаир, но за жал досега не се публикувани подетални информации (Mitkoski 2017, 127).

**-„Градиште“ с. Дебреште**

*Местоположба:* Локалитетот се наоѓа на една ридеста површина до патот Прилеп-Кичево (Mitkoski 2017, 131). Околу населбата се среќаваат кафеава шумска почва, лептосол, регосол и колувијална почва (10).

*Стратиграфија:* Со првите истражувања на овој локалитет во 1964 год. биле регистрирани повеќе слоеви од кои најстариот потекнувал од бронзенодопскиот период. Во следните кампањи во 1970/71 и 1987/88 год. оваа слика била надополнета. Во S II, кв. 203 кој што се наоѓал покрај самиот одбранбен ѕид на североисточната страна се дошло до здравица и забележано е дека најстариот хоризонт потекнува од доцниот неолит. Во овој квадрат биле регистрирани најстарите остатоци на живот на овој локалитет. На ова место биле пронајдени три хоризонти со живеалишта градени во духот на праисториската архитектура. Најстариот слој бил со дебелина 0.30-0.40 м. И во него се регистрирани фрагменти од керамички садови кои што припаѓаат на доцниот неолит. Идентичен материјал е регистриран и во следниот културен слој кој што покажува извесен континуитет (Атанасоски 2016).



Слика 22. Комарчани-Бучало, с. Селеварци (Фото. Александар Митковски)

**-„Комарчани-Бучало“ с. Селеварци**[7]

*Местоположба:* Локалитетот се наоѓа на околу 1 км. североисточно од селото Селеверци и е распостранет на една поголема природна тераса која се спушта од околниот рид (сл.

[7] Благодарност до Александар Митковски од Музејот во Прилеп кој што ми даде панорамски слики од неколку локалитети од Прилепско

22). Овој локалитет е познат само од рекогносцирања (Mitkoski 2017, 133). Во околината на населбата се среќава колувијалната почва и лептосол (5).

**-„Тумба“ с. Боротино**

*Местоположба:* Локалитетот се наоѓа на околу 1 км северозападно од селото и на 1.5 км од локалитетот Врбјанска Чука (Mitkoski 2017, 136). Околу населбата е распространета солена и флувијална почва (7).

**-„Стари Лозја“ с. Вранче**

*Местоположба:* Локалитетот се наоѓа на околу 600 м. западно од селото Вранче. Откриен е при рекогносцирањата во 1958 год. од страна на музејот во Прилеп (Mitkoski 2017, 138). Околу населбата се среќава солена почва, хидрогена црница и флувијална почва (8).

**„Ѓерамиди“ кај с. Чаниште**

*Местоположба:* Локалитетот се наоѓа на 500-600 м. северозападно од селото. Се работи за рамничарска населба која се наоѓа до Крушевичка река (сл. 23) (Mitkoski 2017, 140). Околу населбата се распростанести ранкер, регосол и лептосол почвите (2).



Слика 23. Ѓерамиди, с. Чаниште (Фото. Александар Миткоски)

**-„Прчинога“ кај с. Дуње**

*Местоположба:* Локталитетот се наоѓа на околу 700 м. југозападно од селото на десната страна од реката Дуње, распостелен на една рамница (сл. 24) (Mitkoski 2017, 143). Околу населбата се простираат регосол и лептосол (3).



Слика 24. Прчинога, с. Дуње (Фото. Александар Миткоски)

**- „Радин Дол“ с. Присад**

*Местоположба:* Населбата Радин Дол била подигната на блага „радина која доминира над околниот терен. Во околината на населбата се среќаваат кафеавата шумска почва, регосол и циметна шумска почва (4).

*Стратиграфија:* Населбата Радин Дол кај с. Присад претставува една специфична појава за неолитот на овие простори, пред се' поради нејзината местоположба. При ископувањата на оваа населба отворени биле две сонди со вкупна површина од 36 метри квадратни. Се работи за еднослојна населба каде што на околу 0.30 м. длабочина се појавила ситуација од компактен куќен лепеж и група камења. По расчистувањето на лепежот било откриено оштетено калотно огниште. Под огништето и групата камења биле детектирани две јами кои што биле со длабочина од 1.60 м.-јама 1 и 2.10 м.-јама 2 (Китаноски и др. 1987).

*Архитектура и недвижни остатоци:* На населбата Радин Дол на околу 0.30 м. под површината бил откриен компактен слој куќен лепеж, а источно од лепежот група камења. По расчистувањето на лепежот е откриено оштетено калотно огниште со кружна основа и отвор на горниот крај. Групата камења продолжувала и понатаму во профилот на сондата, така што не е познато на каков објект припаѓале тие. Овој објект и огништето биле

подигнати врз јама која што била ископана и исполнета со мал број фрагменти керамика, животински коски и мали фрагменти од лепеж (Китановски и др. 1987, 8-9).

**-„Мала Тумба“ с. Трн**

*Местоположба:* Населбата се наоѓа во целината Трнски Тумби кои што се наоѓаат северно од селото. Таму се забележуваат две тумби, од кои што една е Голема, а едната Мала Тумба. Големата тумба го зафаќа западниот дел на наоѓалиштето и има димензии од 200 м. во пречник и висина до 5.70 м. Додека пак Малата тумба е доста оштетена така што се претспоставува дека нејзините димензии изнесуваат во пречник околу 200 м. (Симоска, Санев 1977, 215). Околу населбата се распространети флувијалната, флувијално-ливадксата почва и мочурливо-глејна почва (1).

*Стратиграфија:* Ископувањата на оваа тумба биле концентрирани во западната половина на локалитетот. Биле отворени три сонди кои што помеѓу себе биле оддалечени 10-15 м. Димензиите на сондите се: сонда 1-5x4 м., сонда 2-4x4 м. и сонда 3-4x3 м. со вкупна испитана површина од 64 метри квадратни. Најдобри податоци за стратиграфијата на населбата се добиени од сондата 2 каде што дебелината на културниот слој изнесува 1,90 м. Регистрирани се 5 слоеви помеѓу кои се наоѓаат два хоризонти на живеење.

Постариот хоризонт I се наоѓа на длабочина од 1,50 до 1,70 м. во слоевите 4 и 5. Хоризонтот II или помладата фаза на живот е застапен во слојот 3, 2 и 1. Во тие слоеви пронајдениот материјал покажува хронолошка и типолошка единственост. Најзначаен за овој хоризонт е слојот 3 во кој што се пронајдени остатоци од рушевински објекти на длабочина од 1,20 до 1,80 м. Помладиот хоризонт на живеење го претставува доцниот неолит во оваа населба (Симоска, Санев 1977, 225-226).

*Архитектура и недвижни остатоци:* Во помладиот слој од Мала Тумба биле откриени повеќе групи мали парчиња лепеж кои што за жал не правеле одредена целина. Но и покрај тоа наведено е дека тие лежат врз тенок слој од набиена глина и најверојатно припаѓале на правоаголен објект. Од сето тоа може да се види дека живеалиштата биле градени од дрвена конструкција која што била облепена со кал, а подот бил од набиена земја (Симоска, Санев 1977, 225-226).

**-„Голема Тумба“ с. Трн**

*Местоположба:* Оваа тумба се наоѓа веднаш до локалитетот Мала Тумба, па не ретко се среќаваат и како Трнски Тумби. Оваа тумба има пречник од 200 м. и висина 5,70 м. Околу населбата се распространети флувијалната, флувијално-ливадската почва и мочурливо-глејна почва (1).

*Стратиграфија:* Ископувањата на оваа тумба се вршеле во централниот дел. На тоа место била отворена сонда со димензии 3х4 м. во правец север-југ која што потоа била проширена кон југ за уште 3 м. Констатиран е културен слој со дебелина од околу 2,20 м. во кој што се издвоени два хоризонти на живеење. За жал немаме подетален преглед за стратиграфијата на овој локалитет, но наведено е дека помладиот хоризонт потекнува од доцниот неолит (Симоска, Санев 1977, 218-219).

**-„Радоборска Тумба“ с. Радобор**

*Местополжба:* Се наоѓа во непосредна близина на вливот на Шемница во Црна Река. Се работи за Тумба со пречник од околу 200 м. и висина од 3.00 м. Околу населбата се распространети флувијална и флувијално-ливадската почва (12).

*Стратиграфија:* Во 1977 год. извршени се археолошки ископувања на овој локалитет. На највисокиот дел од тумбата културниот слој има дебелина од 4.00 м. Во краткиот извештај забележано е само дека оваа населба биле оформена кон крајот на неолитот, односно во преодниот период кон енеолитот. Во подоцнежните фази од енеолитот најверојатно не била населена се до почетокот на бронзенотот време (Тодоровиќ и др. 1987, 10).

**-„Чука“ с. Тополчани**

*Местоположба:* Се работи за ниска тумба која што се наоѓа на самата траса на старата железничка пруга Прилеп-Битола. Околу населбата се простира колувијална почва и лептосол (13).

*Стратиграфија:* Кај населбата Чука кај с. Тополчани при ископувањата во 1958 година биле регистрирани два културни хоризонти. Со подоцнежните ископувања била надополнета стратиграфската слика на локалитетот при што била откриена уште една постара фаза, или вкупно три развојни фази. Најстариот стратум I е поделен на фаза А и

фаза В. Стратумот II исто така е поделен на фаза А и фаза В. И на крај стратумот III кој што е најмлад и започнува од 0,75 м. длабочина па до површината на земјата. Најмладиот III стратум е дел од првата фаза на доцниот неолит. Во овој стратум биле пронајдени јами кои што се делови од темелите на куќите од овој хоризонт. За жал не биле детектирани цели објекти, но забележано е дека куќите најверојатно немале големи димензии. Керамичкиот материјал од овој хоризонт според истражувачите бил датиран по завршувањето на Велушко-Породинската културна група во Пелагонија или доцниот неолит во Пелагонија, како и со некои доцнонеолитски локалитети во Грција (Китаноски 1977; Китаноски и др. 1978).

**-„Школска Тумба-Могила II“ с. Могила**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа во с. Могила кое е сместено во централниот дел на Пелагонија. Во ова село досега се регистрирани 8 тумби. Оваа Тумба се наоѓа во дворот на О.У Гоце Делчев. Тумбата претставува возвишение со пречник од 180-200 м. и висина од околу 2.00 м. Во околината е распространета флувијална почва (11).

*Стратиграфија:* Најстариот слој од оваа населба почнува од 6.60 м. и оди до 4.37 м. Овој слој е паралелен со фазите I и II од Велушка Тумба. Вториот слој оди од 4.37 до 3.35 м. Помладите слоеви или III стратум кој што оди од 3.37 м. до денешната површина и движниот материјал во нив сведочат за постоење на една помлада фаза која ја надживува Велушко-Породинската група, односно во времето на втората половина на 6 мил. п.н.е. Но поради подоцнежните упади од словенската некропола и модерните градби оваа фаза е потполно уништена (Симоска и др. 1979; Тодорович и др. 1987, 11; Наумов, Томаж 2015).

**-„Тумба Средсело-Могила I“ с. Могила**

*Местоположба:* Се работи за голема тумба со пречник од околу 300 м. и висина околу 3.00 м. која што е сместена со централниуот дел на селото. Во околината е распространета флувијална почва (11).

*Стратиграфија:* При ископувањата регистриран е културен слој со дебелина од 6.05 м. Најстариот слој I е помеѓу котите 6.05 м. и 3.50 м. Според наодите овој слој е датиран во средниот неолит, односно Велушина-Породина II-III. Вториот културен слој започнува од 3.50 м. и завршува на 1.20 м. Во овој слој се регистрирани два стамбени хоризонти со надземни куќи. Според наодите, овој слој е синхронизиран со Велушина-Породин IV. Најмладиот слој III започнува од 1.20 м. и оди до современата површина. Овој слој е

сосема уништен од вкопувањето на словенската некропола. Но според наодите хронолошки е сместен после IV фаза од Велушко-Породинската култура (Тодорович и др. 1987, 11).




Карта 8. Педолошка карта на Пелагонија

### 5.7 Охридско-Струшки регион (кар. 9)

**-„Пенелопа“ Охрид**

*Местополжба:* Оваа населба се наоѓа во денеска густо населениот дел на градот, од источното подножје на Охридскиот рид до квартот Охридати во правец запад-исток (1).

*Стратиграфија:* При ископувањата на неколку пунктови биле откриени остатоци од неолиската населба. На повеќе места на длабочина од 4,50-6,00 м. биле откриени остатоци од вертикални столбови кои што биле носачи на платформите врз кои се наоѓале куќите. Покрај тоа биле пронајдени фрагменти од куќен лепеж и голем број на движни археолошки наоди. Според наодите била воспоставена и хронолошката стратиграфија на

населбата. Од овој локалитет имаме и апсолутни датации кои потекнуваат од најстариот слој кој е датиран кон крајот на раниот неолит (5891 cal. B.C.), и од крајот на средниот неолит (5511 cal. B.C.). За жал немаме датации од доцниот неолит, но откриени се голем број на наоди кои што го потврдуваат животот во овој период. На ова место животот продолжил и понатака во енеолитот, бронзеното и железното време (Кузман 2017а, 150-151).

*Архитектура и недвижни остатоци:* При истражувањата на оваа населба не било можно да се направи реконструкција на објектите во кои што живееле луѓето. За населбата Пенелопа наведено е дека платформите биле подигани за една или за неколку куќи а меѓусебно биле поврзани со дрвени мостови (Кузман 2017, 150).

**-„Устие на Дрим“ Струга**

*Местополжба:* Локалитетот се наоѓа на истекот на Црн Дрим од Охридското езеро. Откриени се голем број на остатоци од керамички предмети, фигурини и колци врз кои што биле подигани живеалиштата (2) (Benac 1979, 460-461; Кузман 2017).

*Архитектура и недвижни остатоци:* За населбата Устие на Дрим наведено е дека се откриени голем број на дрвени столбови-носачи на платформите на кои се наоѓале живеалиштата (Benac 1979, 460-461).

**-„Црквени Ливади“ с. Враништа**

*Местоположба:* Овој локалитет се наоѓа кај утоката на реката Шум во Црни Дрим од левата страна, се работи за населба со наколни живеалишта (А.К.Р.М. 1996). Околу населбата се распространети флувијалната почва, мочурлино-глејната почва и хистосол (3).

*Архитектура и недвижни остатоци:* За оваа населба е наведено дека се откриени наколни живеалишта, но досега нема соодветна публикација за овој локалитет.




Карта 9. Педолошка карта на Охридско

## 6. ПОЗИЦИЈА, ТИПОЛОГИЈА И РАЗВИТОК НА НАСЕЛБИТЕ

Во ова поглавје ќе бидат анализирани населбите, нивните димензии, нивната географска поставеност како и местата на кои што биле подигани самите населби. Со тоа ќе биде направена детална анализа на топографијата на населбите, ќе се види колку населби ја следат старата топографија на населување, но и на какви места биле подигани новите доцнонеолитски населби. Ќе биде направен преглед на почвите кои се наоѓаат во блиската околина околу населбите како и нивните својства со цел да се добијат податоци за економскиот потенцијал на населението. Таквиот пристап ќе овозможи да добиеме подетална слика за економијата на населбите, нивниот меѓусебен сооднос, но и да се види дали постоеле одредени правила при населување на одредени региони.

Преку анализата на стратиграфските податоци од доцниот неолит исто така можеме да согледаме извесен континуитет на населување на населбите. Ќе може да се види соодносот со претходните слоеви, но и со помладите кои што се над доцнонеолитските. Сумирајќи ги тие податоци, како и големината на доцнонеолитските слоеви можеме да видиме колку бил интензивен животот во доцниот неолит и долготрајноста на овие населби. Преку тие податоци можеме да согледаме одредени социјални и културни промени кај населението.

Што се однесува до архитектурата, и покрај тоа што имаме сосема мал број на откриени објекти, сепак ќе биде направен детален преглед на сите недвижни објекти од населбите со цел да се реконструираат социјалните односи во една заедница.

### 6.1 Геоморфолошки карактеристики на населените региони

Овде накратко ќе бидат презентирани основните својства на почвите кои се среќаваат во близина на населбите со цел да се види потенцијалот на почвите за земјоделие, сточарство или некоја друга стопанска гранка. Доколку ги разгледаме табелите во кои што се презентирани населбите и типовите на почви околу тие населби може да се забележи дека некои типови на почви доминираат околу населбите (сл. 25). Интересно е' и тоа што во различни региони се забележува и населување на терени со различен тип на почви, што зависи од застапеноста на почвите во самите регии. Но и покрај тоа можеме да забележиме дека постојат неколку типови на почви околу кои што неолискиот човек ги кревал своите населби. Несомнено тие почви и самото опкружуање му пружале добри услови за развој на основните економски гранки сточарство и земјоделие.




Слика 25. Застапеноста на почвите околу населбите во Македонија

Околу населбите кои што се цел на овој труд се забележуваат следните типови на почви:

-*Варовничко-доломитна црница (калкоменалосол)* – оваа почва најчесто е распространета по повисоките ридски и планиснки места. Богата е со хумус но поради малата длабочина не е погодна за земјоделство, а на таквите почви се наоѓаат ливади, пасишта и шуми.

-*Циметна-шумска почва* – Се среќава најчесто до 500 метри надмоска висина и е распространета во котлините и низините. Овој тип на почва е доста плодна доколку се обработува правилно но е тешка за обработка со камени орудија. Погодна е за одгледување на овошки, лозје и нивски култури.

-*Рендзина* – оваа почва е распространета во повеќето котлини во Македонија. Овој тип на почви се одликува со доста добри производствени своиства, погоден е за лозја и овошки од кои се добиваат високи приноси.

-*Смолница (вертисол)* – се среќава најчесто во котлините, најраспространета е во Скопско, Кумановско, Пелагонија итн. Оваа почва е една од најдобрите почви за развој на интензивно земјоделие, погодна за повеќе земјоделски култури.

-*Кафеава шумска почва* – ова е една од најраспространетите почви во Македонија, ги има скоро на сите планини. На оваа почва во најголем дел е наоѓа шумска вегетација, а поретко ливади, пасишта или овошни засади.

-*Ранкер* – е најраспространета на ридско-планински предели. Оваа почва покрај тоа што има шумска вегетација, ливади и пасишта е поволна и за земјоделие но е тешка за обработка.

-*Регосол* – најчесто се среќаваат на брановидно-ридчести терени за кои е карактеристична силна ерозија. Овие почви се мошне погодни за повеќе земјоделски култури, како и за лозарство и овоштарство.

-*Флувијални почви* – овие почви спаѓаат во групата алувијални почви. Се работи за најраспростанетата почва во котлините во Македонија која што има многу добри услови за развој на земјоделски култури. Погодни се за интензивно земјоделие поради големата плодност.

-*Колувијални почви* – се најзастапени во котлините во Македонија. Овие почви се доста погодни за земјоделие, но исто така и за шумски култури.

-*Солена почва* – оваа почва не е погодна за земјоделие без претходна добра подготовка, односно со промивање на солите за што е потребен посебен третман.

-*Мочурливо глејна почва* – оваа почва е погодна за земјоделство но само со соодветна примена, односно длабоко орање, одводнување итн. Без таква обработка на почвата, расте трската и рогозот.

-*Лептосол* – оваа почва е многу плитка и се наоѓа на карпеста основа. Не е погодна за земјоделие, но според своите своиства е доста поволна за пасишта.

-*Чернозем* – се среќава на мали површини во Тиквеш и Овче Поле. Се работи за една од најплодните почви во Македонија, на оваа почва успеваат сите култури.

-*Ригосол* – овие почви се погодни за лозја и овошен насад, но неопходно е длабоко орање на почвата.

-*Хидрогена Црница* – оваа почва е најраспространета во Пелагонија. Со соодветна подготовка имаат добар потенцијал за земјоделие.

Поради тоа што во различни географски целини се среќаваат и различни типови на почви неопходно е' и овде да ги разгледаме по засебни региони. Основна цел е да видиме на какви почви се населувале луѓето при избор на позиција за подигање на населбите. И овде ќе тргнеме со Полошкиот регион, таму се забележува најголема распространетост на флувијалната почва која што ги има сите погодности за неолискиот човек (кар. 3). Населбите биле подигани во опкружување од флувијална почва што доволно говори дека основна економска гранка кај овие населби било земјоделството. Несомнено дека во околината на полошката котлина се наоѓаат предели богати со пасишта и шуми кои што биле користени од луѓето, но самото опкружување на населбите со плодна почва и со вода доволно говори дека земјоделието била една од главните економски гранки. Во Скопско-Кумановскиот регион може да се забележи присуство на повеќе видови на почви. Но исто така се забележува и тенденција на населување околу неколку основни почви кои што биле од големо значење. Најголем број на населби биле населени на место каде што биле распространета циметно-шумската почва, рендзина и смолницата (кар. 4). Околу неколку населби се среќаваат и други типови на почви но тие се со помал број, во секој случај најголем број на почвите околу населбите се погодни за земјоделие. Овчеполието исто така покажува голем број на распространети почви на кои што биле подигани неолистките населби. Поради малиот број на населби не може да се зборува за одредена тенденција кон некој тип на почви, но се забележува дека се среќаваат почви кои што се погодни за интензивно земјоделие, но и за сточарство и пасишта (кар. 5). Во Струмичко-Радовишката

котлина исто така имаме мал број на населби, и овде во главно се населени местата каде што има почви погодни за интензивно земјоделие (кар.6). Во Тиквеш и велешко населбите биле подигани најчесто на места каде што се среќава Регосол и Рендзината (кар. 7). Во Пелагонија и Охридско исто така има едно шаренило од типови на почви. Најголем дел од населбите биле подигани на места каде што има погодни почви за земјоделие, но не ретко се забележува дека во близина има и почви погодни за сточарство кои се богати со пасишта и шуми. Овде интересно е тоа што се јавуваат населби подигани на места каде што е распространета мочурливо-глејната почва, која што изобилува со трска и рогоз (кар. 8 и 9). Најверојатно овие растенија имале некакво економско значење на луѓето, имајќи во предвид дека тие може да се користат во архитектонски цели, покривање на објектите, изработка на кошници и други предмети кои им користеле за транспорт или чување на намирници.

Од сето тоа можеме да забележиме дека најголем број од населбите биле подигнати на места каде што се распространети почви кои што пружале услови за интензивно земјоделие. Но и покрај тоа, населбите се наоѓаат на места каде што во близина се среќаваат такви типови на почви кои што се богати со пасишта и шума кои што исто така биле користени од човекот во неолитскиот период. При изборот на позиција за населување, човекот во неолитот во предвид имал три основни предуслови, притоа не земајќи ја во предвид водата која што нормално е главниот извор на живот за целокупниот жив свет воопшто. Значи покрај водата, најпрво и најважно било да се најде земја погодна за земјоделие, вториот услов било во близина да има места за пасење на домашните животни и шумско подрачје од каде што биле земани дрвја кои што биле од големо значење за секојдневниот живот на неолитскиот човек и каде што можело да се ловат диви животни. За таквите претпоставки да се потврдат неопходни се посериозни анализи на остеолошкиот материјал од населбите. Позицијата за подигање на населбата била многу внимателно избирана, населбите се наоѓаат на места околу кои има вода, обработлива, поволна за земјоделие површина, пасишта и шуми. Интересно е тоа што не е регистрирана населба која што е подигната на места каде што недостасуваат природни услови за развој на земјоделие, иако големината на обработливата површина варира од една до друга населба. Од друга страна пак имаме неколку населби кои што се подигнати на места каде што се среќава почва погодна единствено за земјоделите. Според тоа можеме да

претпоставиме дека во доцниот неолит не постоело поделба на земјоделски и сточарски населби, туку се работи за економски мешани населби во кои што и земјоделието и сточарството имале свој удел. Секако дека некои населби имале подобри услови за едната или другата стопанска гранка, што било условено пред се’ од околината и природните ресурси во поблиското опкружување. Исто така треба да се има во предвид дека кога во полињата се посеани земјоделски култури животните се носеле на пасење на повисоките предели. Тоа ни зборува дека во исто време околу една населба неопходно е постоење на земја погодна и за земјоделство и за сточарство. Можеби поделбата на сточари и земјоделци треба да се бара во внатрешната организација на населбите, за што се потребни детални ископувања и анализи на материјалот.

### 6.2 Топографија на населбите

Географските карактеристики на различни региони во Македонија биле главниот услов за одбирање на место за подигање на населба во неолитскиот период. Покрај тоа што за населување на некој регион биле потребни неколку основни природни услови кои што беа изложени во претходниот дел, изборот на место за подигање на самата населба барал посебни предуслови кои што му гарантирале на човекот заштита од околината, простор за ширење на населбата и достапност до неопходните намирници во поблиската околина. Самиот избор на место за населување бил условен од географското опкружување и природните богатства на регионот. Поради тоа што секој регион е на некој начин различен, со свои карактеристики неопходно е населбите да бидат разгледани по региони.

Во Полошката котлина сите три населби се подигната на тумбести возвишенија. Тоа било условено од хидролошката ситуација и поради тоа што во полошката рамница нема никакви помали возвишенија кои што би пружале природна заштита на населението. Подигајќи ги населбите на тумбести возвишенија, секогаш блиску до вода и обработлива површина луѓето можеле да се заштитат од повремените промени на течението на реките и поплавување на населбите. Но и покрај тоа, како што може да се види кај населбата Тумба кај с. Брвеница таа во одреден период од своето постоење била поплавена, што доволно зборува за опасноста од блиските реки.

Скопско-Кумановскиот крај земен како целина, знатно се разликува од Полошкиот. Се работи за две географски целини кои што се одликуваат со слични карактеристики. Во овие региони, иако котлини, се забележува „разигран“ рељеф. И во овие предели има голем број на помали реки кои што се влеваат во Вардар, односно Пчиња, но повеќето од нив имаат стабилен водотек помеѓу помали ридчести возвишенија. Токму поради тоа во овие региони имаме и различни типови на населби. Најзастапен тип на населби во овој регион претставуваат природните тераси кои што најчесто се наоѓаат на местата каде што се спуштаат од околните ридчиња или планини, а во непосредна близина речиси секогаш се наоѓа река која што ја опкружува самата населба. Во оваа категорија можат да се вбројат и населбите подигнати на доминантни тераси кои што на некој начин доминираат над теренот пред нив. Помалку застапени се населбите подигани на тумбести возвишенија, како и населбите на доминантни позиции.

Во Овчеполието доминираат населбите на речни тераси. Самиот рељеф на оваа котлина изобилува со природни тераси околу кои се наоѓаат помали рекички кои што ги нудат сите услови за живот во неолитскиот период.

Во Струмичко-Радовишкиот дел се забележуваат три видови на населби. Тие можат да се поделат на рамничарски (Канли Чаир), блага падина-тераса (Страната и Атици) и населба на доминантна позиција (Голема Трпеза). За жал се работи за еден недоволно истражен регион во кој што најверојатно се кријат уште многу доцнонеолитски населби кои што значајно би ја надополниле сликата за неолитот во оваа регија.

Локалитетите Ѕунивер и Мрамор припаѓаат на една географска целина, и двете населби биле подигнати на тераси, додека пак за Карталица нема информација за нејзината положба. Единствениот локалитет од Тиквешијата, Бегово Поле, се наоѓа на тумбесто возвишение. На повисока доминанта позиција се наоѓа населбата Кутлине во раечката клисура, географска целина во која што постојат голем број на природни доминантни тераси над малите рекички кои се влеваат во Раечка река.

Во Пелагонија најзастапен тип на населби се тумбите кои што се типични за раниот и средниот неолит во оваа котлина. Сепак во доцниот неолит се забележува извесно „шаренило“ што се однесува до населбите. Најбројни и во овој период се тумбите, но покрај нив се среќаваат и рамничарски населби и доминантни возвишенија-градишта. За

областа кај езерата најкарактеристично е појавата на наколните населби Устие на Дрим и Црквени Ливади, појава која за прв пат се среќава во овој период.

Според горе изнесеното можеме да забележиме дека во одредени региони доминираат одреден тип на населби. Во котлините кои што имаат разигран рељеф со речни тераси и возвишенија се среќаваат населбите подигани токму на такви позиции. Најчесто се работи за населби подигани во непосредна близина на некоја помала или поголема река, не ретко и на уливот на две реки. Населбите тумби се јавуваат во такви предели каде што има рамна површина низ која што протекуваат неколку реки. Поради тоа што се работи за рамници во кои што реките често се излевале и го менувале своето течение луѓето ги подигале населбите на тумбести возвишенија. Во таквите котлини се среќаваат и големи мочурливи површини кои што го надополнувале природното опкружување на самите населби. Друга интересна појава во доцниот неолит се наколните населби кои што претставуваат посебен тип на населби. Исто така интересно е и тоа што во овој период за прв пат се јавуваат населби подигани на природни, доминантни позиции. Таквите населби можеби се јавуваат како резултат на економски промени на населението, за поголема сигурност и заштита на населението или како резултат на социјално раслојување на населението.

Според сето тоа можеме да забележиме дека во доцниот неолит не постои одредено правило за избор на места на кои што се подигани населбите. Со досегашните сознанија можеме да заклучиме дека терасите и тумбите се најзастапен тип на населби, терасите биле населувани без разлика дали се наоѓаат покрај некоја река, падина или благо возвишение. Тумбите највеќе се среќаваат во Пелагонија и Полог поради самиот рељеф на овие котлини (сл. 26; кар. 2). Останатите населби се во помал број, но со идните истражувања можеме да очекуваме и нивниот број да се зголеми.




Слика 26. Топографија на населби од доцниот неолит во Македонија

### 6.3 Стратиграфија на населбите

Од досегашните ископувања на доцнонеолитските локалитети може да се забележат неколку карактеристики на наоѓалиштата добиени од самата стратиграфијата на населбите. Најпрво уште еднаш би сакал да напоменам дека кај повеќето локалитети, доцнонеолитските слоеви се сосема уништени од обработката на земјиштето. Тоа се должи на фактот што тие слоеви обично се наоѓаат веднаш под површината на земјата и се лесно достапни. Исто така најголем број од доцнонеолитските локалитети покрај тоа што биле повторно окупирани во праисторијата, многу често на тие места се среќаваат римски населби или вили, словенски или средновековни некрополи итн. Сето тоа допринело за уништување на доцнонеолитските слоеви. Поради тоа не сме во можност да направиме детален преглед на стратиграфијата на населбите и големината на хоризонтите и слоевите од доцниот неолит. Од вкупно 50 локалитети кои што се дел од овој труд, само кај 6 локалитети се регистрирани два хоризонти од доцниот неолит. Тоа се забележува кај населбите Тумба с. Брвеница, Млака, Барутница, Страната, Кутлине и Могила с. Сенокос. Во овие населби постариот хоризонт обично се врзува со почетокот на доцниот неолит, додека пак помладиот ја означува најмладата фаза од доцниот неолит или самиот премин во енеолит. За останатите локалитети иако се' со оштетени слоеви забележано е дека

најчесто се работи за еднослојни наоѓалишта од кои што најголем број својот живот го започнале на почетокот на доцниот неолит.

Со досегашните сознанија за стратиграфијата на ископуваните населби можеме да забележиме кои населби имаат континуитет на живот од претходниот период, а кои настанале во доцниот неолит. При досегашните ископувања на неолитски локалитети кај 33 локалитети се регистрирани остатоци од доцниот неолит. Кај 20 локалитети се забележува континуитет од претходниот среднонеолитски период, додека 13 населби биле подигнати во доцниот неолит (сл. 27). Од ископуваните локалитети, за 9 е забележано дека постојат наоди кои се врзуваат за некоја помлада праисториска епоха. Самиот факт што дури кај 20 локалитети се забележува континуитет од претходниот период ни говори дека овие населби останале да функционираат и во доцниот неолит и покрај тоа што во тој период се случуваат големи промени и раздвижувања на балканскиот полуостров. Тие населби не биле напуштени на крајот од средниот неолит затоа што околу нив и понатаму имало добри природни услови за живот. Спротивно пак од нив многу среднонеолиски населби биле напуштени и биле создадени нови населби на нови позиции каде што се уште постоеле услови за земоделие и сточарство.[8] Така дошло до формирање на голем број нови населби кои што најверојатно биле создадени од луѓето од соседните, напуштени среднонеолитски населби. Со ископувања досега такви појави се регистрирани кај 12 локалитети од кои што најголем број се среќаваат во Струмичката котлина (3) и Пелагонија (5), во Кумановско такви населби се , Градиште кај с. Коњух, Млака и во обласа кај езертата локалитетите Устие на Дрим и Црквени Ливади. За 15 локалитети немаме стратиграфски податоци затоа што тие во главно ни се познати преку рекогносцирања.

[8] За жал не сме во можност да направиме подетална анализа за тоа колку локалитети од средниот неолит биле напуштани по последната среднонеолитска фаза поради оскудноста со информации за оваа проблематика. Но според достапните информации можеме да кажеме дека околу 20 населби биле напуштени по крајот на средниот неолит. Доколку со идни истражувања оваа бројка се потврди може да се забележи дека во доцниот неолит биле подигнати приближно ист број на населби како тие што биле напуштени во средниот неолит




Слика 27. Стратиграфски податоци од ископувани населби

Овде би сакал да ги презентирам и сознанијата добиени од рекогносцирањата и да ги искористам за првично вреднување на населбите, односно да видиме кои населби имаат континуитет од постариот период, а кои се новоосновани. Доколку се направи преглед на сите досега познати локалитети од доцниот неолит ќе добиеме надополнета слика за бројката која беше изнесена од ископуваните локалитети. Кај 22 населби се забележува континуитет на живот од постариот период, 24 населби биле создадени во доцниот неолит и за 4 немаме информации (сл. 28). Овде имаме малку изменета слика поради тоа што бројката на нови населби е поголема од старите населби. Доколку таквата ситуација се потврди со идните истражувања се забележува дека во доцниот неолит доаѓа до формирање на голем број на нови населби. Таквата ситуација не би требало да биде изненадување имајќи во предвид дека многу среднонеолитски населби згаснале на крајот на овој период. Таквата слика и временски се поклопува со големите раздвижувања на балканскиот полуостров. И покрај тоа што кај мал број на локалитети се регистрирани два културни хоризонти, стратиграфијата кај доцнонеолитските населби ни говори дека се работи за најкратката фаза од неолисткиот период, доколку се земе во предвид фактот што голем број на локалитети од доцниот неолит се застапени само со еден хоризонт на живот. Слична ситуација е регистрирана и кај населбите од територијата по р. Струма. И таму е забележано дека доцнонеолитските населби се еднослојни и окупирани само во тој

период, како и појава на големи населби со големина и до 21 хектари хоризонтална стратиграфија, кај населбите Дамјаница и Тополница (Kulow 2017, 260).




Слика 28. Податоци од рекогносцирани и ископувани локалитети

## 7. АРХИТЕКТОНСКИ ОСТАТОЦИ

За жал податоците за архитектурата од доцниот неолит се премногу скромни и поради тоа многу тешко ќе биде да се направи анализа на архитектонските остатоци од овој период. Ограничени се и нашите сознанија за големината на населбите, бројот на куќите, вертикалната стратиграфија и односот помеѓу различни фази, како и големината на објектите, нивниот инвентар итн. Поради тоа неопходно е да се бараат паралели со најблиските региони од каде што може да се дојде до некои сознанија за социјалната структура и домаќинствата во доцниот неолит на Балканот.

*Земјанки*

Би сакал најпрво да го разработам проблемот со земјанките кои што се пронајдени на неколку локалитети кои што се дел од овој труд. Земјанките се објекти кои што се вкопани во земјата и се покриени со органски материјал, познати се и како вкопани

стамбени објекти. Најстарите вкопани живеалиште потекнуваат од пред 25 милениуми и тие имаат континуитет се до денешно време (Трипковић 2013, 23. после: Daifuku 1952 и Buttler 1936). Земјанки од мезолитскиот и неолитскиот период се регистрирани и на територијата на Србија, Бугарија и на целиот Балкански полуостров (Garašanin 1979; Гарашанин 1949, 43-44; Трипковић 2013, 21-54; Тодорова, Ваисов 1993). Таков тип на објекти е регистриран и на територијата на Р. Македонија и тоа кај можеби најстарата населба Пештерица (Китаноски и др. 1980, 9-18), како и кај некои доцнонеолитски кои што беа наброени погоре. Земјанките како објекти претставуваат интересен проблем за анализирање и истражување. Најчесто сите вкопани објекти кои што имаат големина во која што би можел да се одвива живот се третирани како живеалишта. Но кај голем број јами-земјанки нема археолошки наоди кои што би ја потврдиле таквата намена. Одсуството на керамика, печка или огниште значајно ја намалува веројатноста тие објекти да биле користени како живеалишта на луѓето. Уште во 40-тите години на минатиот век изнесена е една интересна критика за намената на овие објекти, поточно за населбите каде што во исто време егзистирале земјанки и надземни објекти. Парет наведува дека за изградба на надземните објекти покрај дрво била потребна и земја за да бидат премачкани ѕидовите. Оваа земја била копана од места во близина на објектот што се гради. При копањето на земјата се отварале поголеми или помали јами. Таквите јами може да бидат интерпретирани како живеалишта, но според Парет по вадењето на доволна количина земја овие јами може да биле користени како ѓубриште или пак за чување на свињи. Според него остатоците од јами од дрвени столбови кои што се наоѓаат околу јамите можеби се остатоци од оградата со која биле оградени свињите или пак ограда за некој да не падне во самата јама (Гарашаинин 1949, 52. после: O. Paret 1946, 58). Тоа е една од најинтересните критики и логичен предлог за намената на „земјанките“. Изнесени се и многу други претпоставки за значењето и за намената на овие објекти, па покрај тоа што би можеле да бидат само јами од каде била копана земјата за изградба на други објекти, можеле да бидат и како работни простории, депонија, помошни простории итн. (Трипковић 2013, Stevaninić 1997). Едно од најраните толувања на земјанките е дека тоа се објекти кои што биле градени кога била населена нова позиција, односно привремени објекти додека не биле изградени надземните четвртасти објекти (Гарашанин 1949, 53; Трипковић 2013. со кор. лит. Brukner 1976, 48; Rujak 2011, 162). Таквата интерптретација

пред се’ се однесува на повеќеслојните наоѓалиша кај кои што во помладите фази се среќаваат надземни објекти. Земјанките како објекти не бараат толкава посветеност, време и организација за нивна изградба како што е потребно за надземните објекти. Поради тоа нагласен е сезонскиот карактер на таквите живеалишта и забележано е дека луѓето населувале одредена територија неколку сезони обработувајќи ја земјата се додека нејзините плодни своиста не биле потрошени за луѓето да ги напуштаат и да бараат нови позиции (Гарашанин 1949, 53. после: В. Г. Чајлд 1926/27, 46). Една од теориите за намената на овие објекти е нивната сезонска употреба која се должи на тоа што вкопаните објекти во земјата, најчесто во глина која што има добри изолациони своиства. Така, според некои автори тие биле користени во одреден период од годината, кога било топло (Rujak 2011, 162) или кога било ладно при што земјата емитува топлина и заедно со телесната температура на повеќе луѓе кои што се наоѓаат во неа овозможуваат сосема нормален престој во зимата, што е забележано со етнографски примери (Трипковић 2013, 47. после: Gilman 1987; Hayden et al. 1996). Од друга страна пак голем дел од земјанките имаат форма и организација со поделба на повеќе простории, огниште, печка или други елементи поради кои што се зголемува веројатноста тие да биле користени како живеалишта (Гарашанин 1949, 53; Трипковић 2013, 48).

Во неолитскиот период на човекот му било неопходно постојано околу себе да има голема количина на дрвја во текот на целата година. Во ладните месеци пред се’ за затоплување и секако за подготовка на храна, а во потоплите за подготовка на храна и други активности. Поради тоа што во доцниот неолит имаме доста големи населби, може да се претпостави дека во населбите биле носени големи количини на дрвја. За потребата на една населба од разни природни добра бил направен модел за населба од 6 живеалишта со околу 30 луѓе. Според тие пресметки за потребите на луѓето би биле неопходни 52-58 хектари дрвја, односно 6 км. квадратни шума (Williams 2000, 32). Овој податок беше изнесен овде затоа што би сакале да ја нагласаме потребата од дрвја, големата количина на дрвја која што било неопходно да ја имаат луѓето, а со тоа и соодветно место за нивно складирање. Би сакал да изнесам претпоставка дека јамите-земјанки, особено тие без внатрешна организација, може да биле користени за чување на дрвјата, на што одговара нивната големина, форма, а и фактот што редовно имаат покривна конструкција. Не се исклучува и можноста дрвјата да биле чувани во објекти кои што не оставиле траги за да можеме ние

денеска да ги препознаеме. Со тоа малку навлеговме во организацијата на надворешните елементи кои што евентуално биле поврзани со домаќинството кое живеело во куќите, но мислам дека е доволно интересен и провокативен овој податок за идни истражувања и размислувања.

Тоа се неколку досега изнесени претпоставки и теории за намената и употребата на земјанките. Никако не смееме да прифатиме дека земјанките имале само една намена поради тоа што секоја од горе изнесените мислења има свои факти и одредена доза на веројатност. Доколку бараме одговор на намената на земјанките од доцниот неолит кои што се откриени во Македонија, мораме да дадеме повеќе можности кои што секако треба да бидат поткрепени со инвентарот на јамата, положбата, димензиите итн. Но пак би сакал да напоменам дека поради малата истраженост и малата база на податоци не сме во можност да правиме сериозни анализи за големината, соодносот со другите објекти итн. Досега од доцниот неолит земјанки се публикувани од локалитетите Могила, с. Сенокос, Страната и Голема Трпеза, земјанка е пронајдена и кај локалитетот Млака. Интересно е тоа што сите четири земјанки имаат различен инвентар и организација. Земјанката од Могила припаѓа на постариот слој кога што била подигната населбата. Наведено е дека тие биле поделени на две еднакви простории со мал преграден ѕид, но за жал не се презентирани димензиите. Земјанката била уништена во пожар за што сведочи присутноста на куќен лепеж. Во оваа земјанка не се пронајдени остатоци од огниште или печка, но имајќи во предвид дека изгорела во пожар не смееме да ја исклучиме можноста во овој објект да имало некој вид огниште. Исто така значаен податок е тоа што тие биле вкопани во земјата и до 1.80 м. што значи дека имало добра топлотна изолација. Според наведените информации за овој објект можеме да изнесеме неколку претпоставки за неговата употреба. Најпрво би сакал да го земам во предвид тоа што земјанките потекнуваат од најстариот слој на локалитетот. Тоа ни говори за тоа дека луѓето кога ја населиле оваа позиција ги ископале јамите во кои што подоцна живееле, а земјата ја искористиле за фиксирање на надземната конструкција што може да се потврди со големата количина на куќен лепеж кој што се зачувал до денес благодарение на пожарот. За жал ги немаме димензиите на тие јами за да можеме да видиме дали јамата е доволно голема за одвивање на некои секојдневни обврски и живот на луѓето. Во прилог на тоа дека биле користени како живеалиште оди тоа што имаат две простории од кои што

едната може да била користена за секојдневно живеење, а другата за спиење (Гарашанин 1949). Доколку пак во иднина се откријат и надземни објекти од истиот хоризонт тогаш овие јами може биле користени за обавување на некои секојдневни активности, сезонски објекти, остави за разни добра како дрвја на пример, чување на животни, работилници итн. Сега за сега, според информациите кои што ги имаме за земјанките од овој локалитет, како и стратиграфската позиција најголема е веројатноста тие да служеле како живеалиште на луѓето кои што во следниот период започнале со изградба на поголеми надземни објекти (Темелкоски, Миткоски 2006, 56; Стојанова Канзурова 2011, 224).

Втората земјанка потекнува од локалитетот Страната. Не се познати димензиите и големината на овој објект. Во внатрешноста на оваа земјанка пронајдено е огниште-печка како и јами од столбовите носачи на покривната контрукција на објектот (сл. 17). Овој објект најверојатно припаѓа на првата фаза на овој локалитетот, поради тоа што наведено е дека во втората фаза најверојатно постоеле објекти подигнати на колци (Rujak 2017,214-215). Во текот на првите истражувања наведено е дека живеалиштата биле надземни градени според неолитската традиција. Доколку имаме таква ситуација, многу интересен е податокот што населбата од првиот, постариот хоризонт била уништена во пожар (Санев, Стаменова 1989, 15). Тоа би можело да значи дека по уништувањето на населбата или пак само на дел од населбата луѓето започнале со градење на нови живеалишта. За изградбата на тие живеалишта им била потребна земја и глина за ѕидовите при што биле ископани неколку земјанки кои што можеби привремено им служеле како живеалишта, а подоцна и како помошни објекти за припрема на храна, работилница итн. Доколку оваа ситуација се потврди со идните истражувања можеме да забележиме дека по уништувањето на објектите луѓето се ангажирале за обновување, расчистување на остатоците, порамнување и започнување со изградба на нови објекти за што било потребно време. Додека траеле тие подготовки и изградбата, тие привремено живееле во земјанки. Овде би можело исто така да се претпостави и извесно социјално раслојување на населението. Огништето или печката донекаде потврдува дека тие биле користени како живеалишта во кои се припремала храна или се грееле, зависно во кој период од годината биле населени.

Третата земјанка потекнува од Голема Трпеза. Во текстот кој се однесува на овој локалитет наведено е дека на овој локалитет постојат два вида живеалишта, надземни и

земјанки кои што најверојатно потекнуваат од еден ист хоризонт. Тоа претставува интересна ситуација која што ни дава повеќе можности за толкување на земјанката. Вкупната истражена површина на овој објект е 6.72 м2. со димензии 4.20x1.60 м. и длабочина од 1.20 м. Во внатрешноста не се пронајдени печка или огниште, но сепак и тоа не ја отфрла можноста таа да била користена за привремено живеалиште (сл.20). Ситуацијата која ја имаме на овој локалитет ни дава за право да претпоставиме дека таа можеби била користена се до изградбата на надземниот објект или пак била користена во одреден период од годината како што е наведено погоре. А исто така не смееме да ја отфрлиме и можноста да била некој вид остава или објект со некоја друга намена.

Четвртата земјанка е од локалитетот Млака. Се работи за најголемата земјанка од неолитскиот период во Македонија која што содржи доволно елементи да биде протолкувана како живеалиште. Самото тоа што големината на овој објект е 150 метри квадратни, обновувањето на објектот, поделбата на внатрешноста на повеќе простории и постоењето на грејни објекти се доволно силни факти кои што зборуваат дека овој објект бил користен како живеалиште и тоа подолг период. Веќе погоре беше изнесено дека објектот бил поделен на 10 простории и дека во него постојано имало по една до две печки што ни дава интересен податок за внатрешната организација на објектот. Толку голем број на простории не се забележани досега во Македонија во објект од неолитскиот период. Имајќи го сето тоа во предвид можеме да претпоставиме дека во овој објект живеела фамилија со поголем број на индивидуи и најверојатно најмалку две различни генерации. Во неколку населби од винчанската култура пронајдени се големи објекти во кои што опстојувале т.к.н. проширени фамилии (Tripković 2009; Трипковић 2013). Интересно е и тоа што печките се пронаоѓани во различни простории во кои што можеби одделно функционирале две фамилии, помладите и постарите. Поради тоа што при ископувањата не се пронајдени траги од постепен развој на куќата од објект со помали димензии до објект со големи диомензии, можеме да претпоставиме дека при населувањето на оваа позиција бил изграден овој импозантен објект за потребите на една проширена фамилија со две-три генерации. А фактот што објектот постојано бил обновуван во истите димензии зборува за интензивното користење и постојаната бројка на членови на домаќинството. Како што беше кажано погоре околу овој објект биле пронајдени неколку јами, отпадни и складишни, како и печка надвор од објектот. Имајќи

во предвид дека тие се пронајдени во близина на земјанката можеме да ја видиме надворешната организација на просторот околу живеалиштето.

*Надземни објекти*

Во продолжение ќе бидат презентирани надземните објекти со цел да се изнесат некои видувања за социјалната структура и домаќинството во доцниот неолит во Македонија. Куќата како место на кое живее човекот адаптирана е на неговите секојдневни потреби. Имајќи во предвид дека во неолитскиот период потребите на луѓето не биле многу различни, тоа резултирало и со изградба на слични типови на објекти за живеење (Гарашанин 1949, 63). Оваа дефиниција за објектите во неолит беше изнесена на ова место поради тоа што од доцниот период имаме само еден објект кој што може да ни даде доволно инфирмации за животот на луѓето во неолитот и организацијата на внатрешниот простор во куќата. И покрај тоа што имаме неколку делумно истражени надземни објекти од доцнонеолитските локалитети, може да се забележат одредени појави кои што се среќаваат кај повеќето од нив. За неколку објекти наведено е дека подовите биле од набиена земја кои што биле и неколку пати обновувани (Gimbutas 1976a, 34; Стаменова, Санев 1989, 15; Стојанова Канзурова 2011, 196-197; Rujak 2011, 161-166; Темелкоски, Миткоски 2008, 95-96; Симоска, Санев 1977, 225-226) или пак поплочени со камени плочи како што е регистрирано кај населбата Могила (Темелкоски, Миткоски 2006, 56; Стојанова Канзурова 2011, 224-225). Податокот дека подовите биле обновувани неколку пати ни говори за тоа дека објектот бил користен подолго време и можеби во него живееле неколку генерации. Покрај тоа се забележува дека голем дел од објектите во внатрешноста имале огниште или печка (Rujak 2011, 161-166; Темелкоски, Миткоски 2006, 56; Стојанова Канзурова 2011, 224-225; Китановски и др. 1987, 8-9). Присуството на печка или огниште во куќите ни говори за тоа дека тие користеле за затоплување на домовите, како и за припрема на храна и пијалоци. Што се однесува пак до димензиите на објектите и овде немаме доволно податоци. За објектите од населбата Барутница е наведено дека објектите од доцниот неолит имале димензии од 8x3-4 м. Од останатите населби информации за големината на објектите имаме од Ѕунивер каде што ѕидовите на објектот протолкуван како светилиште имаат димензии од 12 м., а објектот од Голема Трпеза најверојатно има димензии од 7.20x6.10 м.

Ситуацијата која што е откриена на локалитетот Ѕунивер доволно речито говори дека се работи за некој вид на култен објект. Многу добра анализа е направена од страна на истражувачот кој што таквата претпоставка ја поткрепува со довлно аналогии и податоци. Ситуациите со јамите, подвижните наоди внатре, укажуваат на тоа дека во овој објект биле изведувани одредени ритуали поврзани со плодноста (Јовчевска 2006, 39-49; Јовчевска 2008, 109-112). Според тоа ова претставува единствен култен објект од доцниот неолит во Македонија. Единствено што може да се каже повеќе за овој објект е тоа што настрадал во пожар. Доколку се земе во предвид фактот дека во самиот објект биле изведувани ритуали со палење на оган може да се претпостави дека и самиот објект настрадал како резултат од тие ритуали или пак намерно палење на светилиштето. Во неолитскиот период куќите на луѓето често страдале во пожар. Постојат различни интерпретации кои се однесуваат на куќите кои страдале во пожар. Досега за оваа проблематика изнесени се неколку теории дека куќите биле палени после смртта на најстариот човек во неа или во заедницата со целиот инвентар во неа, заради некоја заразна болест или како последица од гром, невреме или пак дека палењето на куќата било симболичко со цел „затварање на минатото“ итн. (Chapman 1999, 123; Stevanović 1985; Stevanović, Tringham 1997; Балабан 2013, 32). Но за палење на светилиште или било каков култен објект досега немало посериозни расправи во науката што претставува интересна тема за проучување во иднина. Постојат и други теории кои што во главно се поврзани со култно спалување на куќата но овде нема потреба да бидат обработени поради безсмисленоста на самите теории. Треба да се има во предвид дека во куќите во неолитскиот период имало голема количина на дрвја, кожа, облека, храна, слама и многу други предмети кои што секојдневно биле користени, а кои што се лесно запалливи по својата природа. Во секоја неолитска куќа имало барем по едно огниште или печка кои што биле употребувани во текот на целата година, а не ретко се забележува присуство и на повеќе грејни објекти. Токму поради тоа најверојатно доаѓало до инцидентни пожари, што воопшто не е тешко да се замисли дека многу често се случувале несреќи во кои што гореле цели објекти, или пак дека по избивањето на пожар горел само еден дел од објектот и пожарот бил прекинат од страна на луѓето. Што резултирало со „печење“ на дел од ѕидот, што би можело да се потврди со тоа што при ископувањата не ретко се наоѓаат само делови од ѕидовите, кои што биле зачувани поради тоа што гореле во пожар.

Што се однесува пак до објектот од Голема Трпеза, според наведените димензии на објекот можеме да забележиме дека неговата површина е околу 44 м.2. Тоа би била примарната површина која што се наоѓа помеѓу ѕидовите, и простор во кој што се обликува внатрешноста на објектот и се организира животот на луѓето. Ова е слободната површина која што била намалена со изградба на огништето, двете земјени реципиенти, садот, мелницата и некоја покривна структура која што најверојатно се наоѓала таму. Поради тоа што ни се познати димензиите само од огништето кое што зафака простор од 1.80 м2 не сме во можност точно да ја утврдиме површината која што ја заземала целината во која се наоѓаат сите елементи. Без разлика кои биле димензиите на двете платформи, доколку ја анализираме целата ситуација, а да земеме во предвид дека било потребно простор за дрвјата кои што се наоѓале во овој круг, реципиентите служеле да чување на намирниците, камената мелница за мелење на житото и обработка на други намирници, во овој простор несомнено имало и други садови керамички, дрвени или кожени вреќички. На тоа треба да се додаде и фактот што овде постоела некоја покривна конструкција која што дополнително ја нагласувала посебноста на овој дел од куќата како место за подготовка на храна-кујна. Целата таа ситуација доволноречито говори за функционална поделба на просторот внатре во објектот. Имајќи во предвид дека сите тие помошни објекти биле пронајдени непосредно една до друга можеме да претпоставиме дека работната површина околу овие објекти била околу 8-9 м2. Доколку оваа бројка ја одземеме од вкушната површина на објектот ќе добиеме околу 35-36 м2 слободна површина. Во оваа површина луѓето морале да го организираат просторот за разни потреби како што е посебно место за спиење, место за јадење, место за складирање на дрвени, керамички или кожени садови кои што можеле да висат на ѕидот на платформа на која биле чувани садовите. За жал немаме информации дали се пронајдени некои движни наоди во овој објект, но како и да е секако не можеме да ја земеме бројката за релевентна поради тоа што можеби садовите биле изнесени од куќата кога таа била напуштена, а исто така не знаеме колкава била бројката на дрвени садови, така што оваа анализа ќе биде изоставена. Што се однесува пак до фигурината која што била пронајдена во реципиентот непосредно до печката можеме да забележиме дека таква појава е регистрирана во Тумба Маџари каде што во еден од реципиентите е пронајдена женска фигурина (Стојанова Канзурова 2011, 110-118). Таквата појава може да биде протолкувана како резултат од

обавување на некој ритуал во пределот каде што се приготвувала храната или пак едноставно како украсен предмет кој што стоел во „кујната“. Мора да имаме во предвид дека тоа било куќа која што била користена неколку децении, поради тоа не можеме и не смееме да се повикаме единствено на трагите кои што останале од објектите. Голем дел од инвентарот, а можеби и од внатрешни ѕидови кои што биле изведени од дрвја, преплет од прачки или пак од кожа, не оставиле траги и не сме во можност да ги препознаеме при ископувањата поради распадливите материјали од кои што биле направени. Тие луѓе, како и ние денес имале потреба од поубав и комотен дом во кој што јаделе, спиеле, одмарале, разговарале итн. Не ретко се среќаваат и фрагменти кои што ни кажуваат дека ѕидовите биле боени со разни бои, печките или огништата и ѕидовите биле декорирани со разни пластични декорации што е потврдено и на овој локалитет како и на многу други во Македонија од неолитскиот период (Стојанова Канзурова 2011).

*Јами*

На поголемиот дел од балканскиот полуостров во населбите од доцниот неолит биле пронајдени голем број на јами кои што се наоѓале во населбите, околу куќите, во куќите итн. (Трипковић 2009; 2013). Јамите најчесто се поделени на складишни за чување на храна и отпадни за одлагање на непотребните намирници од домаќинствата. На ова место би било добро да се анализира прашањето поврзано со местото на кое луѓето во неолитскиот период ги вршеле своите физиолошки потреби. Забележано е дека заедниците кои што се занимаваат во главно со земјоделство и сточарство изметот го собираат и го користат како ѓубриво за земјата, што е потврдено со докази дека во неолитот изметот бил собиран и користен токму за такви намени. Местото на кое што изметот треба да се собира никако не смее да биде помеѓу луѓето, не само поради непријатната миризба туку и поради тоа што содржи разни бактерии кои што се опасни по здравјето на луѓето, особено за децата кои што се уште не се репродуцирале, и кои што се од големо значење за една заедница (Waltner-Toews 2013). Имајќи во предвид дека се работи за дејствија кои што се неопходни и уште поважно неможеме да ги контролираме, неопходно е секоја заедница, домаќинство и единка да си одреди место кое што ќе биде во непосредна близина. Исто така за извршување на овие активности е потребна приватност и хигиена, па поради тоа можеме да претпоставиме дека таквите објекти се наоѓаат во

близина на живеалиштето и најверојатно припаѓале на едно домаќинство. За изградба на таквите објекти неопходно е копање на јама и горен, надземен дел кој што бил изграден од дрвја и други материјали кои што би овозможиле подобра изолација. Во многу ткн. отпадни јами имаме присуство на различни семенки кои што останале имуни на човечкиот организам и на забот на времето и сведочат за нивната употреба од страна на човекот. Во најразлични култури во целиот свет човечкиот измет се третира различно. Тоа што во некои отпадни јами редовно се појавува и присуство на пепел може да се протолкува како остаток од дејствија поврзани со хигиената при обавување на одредени физиолошки потреби, неутрализирање на непријатната миризба како и палење на изметот (Waltner-Toews 2013). Исто така кај неколку населби во винчанската култура пронајдени се голем број на јами со различна содржина во внатрешноста каде што покрај земјата има и коски, куќен лепеж и остатоци од горење. Голем број на јами се запечатени со куќен лепеж со што завршило користењето на јамата (Трипковић 2009, 220-221). Во среднонеолитката фаза на Сескло „В“ е пронајдена поголема дворна површина помеѓу објектите во која што се откриени разни објекти и тоалети на отворено (анг. Outhouses; види: Halstead 1999, 80). Доколку ги сумираме овие скромни податоци кои што се однесуваат на оваа проблематика можеме да забележиме дека заедници од различни временски и географски простори имаат сличен третман со човечкиот измет. Поради тоа што ова е една од основните човечки потреби, така што во иднина треба да се посвети повеќе внимание на истражување на ова прашање отколку на култот во праисториските времиња каде што се што ни е непознато и чудно го ставаме во категоријата на култ. Иако досега прашањето поврзано со местото на кое што човекот ги извршува своите физиолошки потреби и неговиот измет се запоставувани во археологијата и антропологијата (Whittle 2003, 36. после: Douglas 1996,76), сепак време е со помош на другите науки да се анализира оваа проблематика во која што се кријат многу одговори поврзани со социјалната организација, просторната организација на една населба, исхраната на луѓето, болести итн.

За жал во досегашните ископувања на доцнонеолитски локалитети, бројот на стратиграфски прецизно фиксирани јами е многу мал, па за посериозна анализа и податоци единствено може да ни послужат јамите од Радин Дол, Млака и Барутница. Најпрво ќе бидат обработени јамите кои што биле пронајдени на Барутница. На овој локалитет југословенската екипа во девет сонди има пронајдено 17 јами на простор од

околу 15x20 м. Во сите јами биле пронајдени голем број на фрагменти од керамика, фигурина, фрагменти од жртвеници и куќен лепеж. Нема податоци за коски или друг некој материјал што ни зборува за еден вид на селектирање на материјалот. Сондите кои што биле ископувани од југословенскиот тим се наоѓаат источно од американскиот сектор каде што се пронајдени остатоци од населба од доцниот неолит. Наодите од населбата и од јамите хронолошки се совпаѓаат. Од страна на Американскиот тим се обележани границите на простирање на доцнонеолитската населба на овој локалитет (Gimbutas 1976a, fig. 3, fig.5). Доколку ги разгледаме тие планови и позицијата на сондите од југословенскиот тим се забележува дека тие се наоѓаат на самата периферија на населбата, секако доколку овие граници во иднина се покажат како точни. Што би значело постоење на специјално издвоен простор за одлагање на отпадот. Најверојатно во околината на овие јами постојат и други со што оваа бројка значително би се зголемила. Веќе неколку пати беше напоменато дека во доцниот неолит во оваа населба живееле околу 4000-7000 жители според престметките од американскиот тим. Тоа значи дека во оваа населба егзистирале голем број на живеалишта за кои што било потребно голема количина земја за да бидат изградени. Тоа не наведува на претпоставката дека овие јами најпрво биле ископани за позајмица на земја за изградба на куќите, а потоа биле користени како отпадни јами. Таквата ситуација ни зборува за тоа дека за изградбата на таа населба имало добра организација и план за тоа од каде ќе биде копана земја до тоа овој простор подоцна да стане еден вид „градска“ депонија. Имајќи ја во предвид позицијата, димензиите и содржината на овие јами можеме да претпоставиме со голема сигурност дека тоа биле отпадни јами во кои што биле одлагани скршени керамички садови, органски материјал, остатоци од храна, куќен лепеж итн. Во досегашните ископувања на неолитски локалитети пронајдени се голем број на печки, огништа или други реципиенти, слободно може да се каже дека тоа се најбројните недвижни наоди од неолитскиот период. Скоро сите тие објекти во својата субструкција имале потенок или подебел слој од керамички фрагменти (Стојанова Канзурова 2011). Според тоа можеме да претпоставиме дека во овие јами биле одлагани само керамички фрагменти, куќен лепеж и можеби мала количина на отпадоци од чистење на куќите или дворниот простор. Во една таква ситуација овие јами би користеле како мајдан за керамички фрагменти кои што биле користени за изградба на горенаведените структури или како примеси за производство на керамичката продукција.

Што се однесува пак до јамите во чија што структура се среќаваат поголема количина од органски остатоци, може да се претпостави дека од нив била вадена земјата и користена како материјал за ѓубрење на земјата. Со тоа се нагласува секундарната употреба на материјалот кој што бил одлаган во јамите (Трипковић 2009, 204). Во една таква ситуација јамите во кои што бил одлаган отпадниот материјал директно се поврзуваат со функционирањето на самата населба и нераскинлив дел од животот на луѓето. Тоа ни зборува дека луѓето во оваа населба свесно, стратешки ги поставиле, ископале и наполниле тие јами со селектиран отпад со цел да се добие на некој начин резервен материјал за своите потреби.

На локалитетот Млака биле пронајдени неколку отпадни и складишни јами во истражената површина околу објектот. Се уште не се публикувани димензиите и структурата на самите јами за да можеме да направиме посериозна анализа. Но имајќи во предвид дека целата истражена површина на овој локалитет е концентрирана околу објектот, јамите најверојатно не се многу далеку и се во директна врска со земјанката. Поради тоа што едните јами се протолкувани како складишни а другите како отпадни можеме да претпоставиме дека некоја од отпадните јами може да била користена како тоалет, за што беше пишувано погоре.

Специфична ситуација што се однесува до јамите имаме кај населбата Радин Дол. На овој локалитет откриени се две јами, јама 1 и јама 2. Интересно е тоа што јамите се наоѓаат директно под калотното огниште во некој објект и под една група на камења. Според истражувачите се работи за еднослојна населба, а оваа ситуација ни говори дека откако јамите биле ископани, потоа наполнети со земја, керамички фрагменти, животински коски и фрагменти од куќен лепеж, објектите биле изградени врз нив. За јамата 1 наведено е дека земјата од неа била користена за изградба на куќата, а потоа над неа било изградено огништето. Во другиот случај може да се претпостави дека откако била ископана земјата од јамата започнало со изградба на куќата околу јамата, за тоа време додека се градел објектот во неа биле одлагани земја, фрагменти од керамика и лепеж и некои животински коски така што кога се изградила куќата јамата била наполнета. Потоа при средувањето на внатрешноста на објектот таму била изградена печката поради тоа што таа најдобро може да ја запечати самата јама. Не треба да се исфрли можноста дека овој простор каде што се

наоѓаат овие две јами одреден период бил користен за копање на земја за изградба на другите објекти, па како место за одлагање на разни отпадоци од населбата и на крајот да се проширила населбата и на овој простор да бил изграден објект откако јамите престанале да се користат. Слична ситуација е откриена и на локалитетот Фафос каде што врз јамите биле подигани објекти (Трипковић 2009, 218-219). Тоа се неколку претпоставки кои што можеме да си изнесеме врз основа на откриената ситуација на овој локалитет. За подеална анализа неопходни се пообемни ископувања со што одредени претпоставки би се потврдиле или негирале.

# 8. ДВИЖНИ НАОДИ ОД ДОЦНИОТ НЕОЛИТ

## 8.1 Керамика

*При това един и същ извор може да се окаже носител на повече аспекти, които трябва строго да се разграничават. Така например керамиката, видяна като част от бита (количество съдове в домакинството, техните обеми, видове, местонамиране), е носител на социокултурна информация; видяна като занаятчийско изделие (тесто, опоснители, температура на изпичане, шлик, глазура и др.) — на технологическа информация, а разгледана като типология на форма и украса, тя е основният исторически извор за безписмената история на човечеството. Структурният модел на културата предполага строго разграничаване на общите надрегионални и глобални явления от локалните (Тодорова 1993, 73).*

Покрај другите, една од најголемите придобивки на човекот во неолитскиот период е откривањето на технологијата за производство на керамиката. Керамичките садови несомнено играле голема улога во животот на неолитскиот човек. Со откривањето и употребата на керамиката, приготвувањето на храна, чувањето на храна, транспортот на намирници итн. станале далеку полесни активности кои што биле неопходни за преживување. Со производството на керамиката од неолитот која што опстанала до денешен ден неолитскиот човек ненамерно ни пренесува на нас голем број на податоци за неговиот секојдневен живот, храната, уметноста и технолошките знаења. Со ископувања

на археолошките локалитетети керамиката го претставува најголемиот фонд на наоди. Токму поради тоа таа и предизвикала голем интерес за нејзино проучување. За праисториските времиња од кои што немаме писмо, керамичкиот материјал претставува на некој начин „праисториско писмо“ преку кое се следат различни движења, културни влијанија, хронологијата на културите итн. Во ова поглавје ќе биде обработен керамичкиот материјал од доцнонеолитските локалитети во Македонија. Најпрво ќе бидат презентирани сознанијата за технологијата на производство на керамичките садови, а потоа ќе бидат обработени типолошките карактеристики на керамичките садови.

### *8.1.1 Технологија на производство*

Гледано од перидот на доцниот неолит може да се каже дека производството на керамички садови претставува една стара занаетчиска гранка. Во доцниот неолит се случува втората најголема промена во технологијата за производство на керамичките садови. Во претходниот период на раниот и средниот неолит најчесто биле произведувани садови со црвена боја кои што биле сликани со мотиви од црна или бела боја. Во доцниот неолит на Балканот и на блискиот исток започнува да се произведува црно печена керамика која што станува главен репер за овој период.

Производството на керамички садови подразбира низа дејствија кои што се неопходни за добивање на крајниот продукт. За добивање на еден керамички сад потребно е набавка на глина, примеси кои се мешаат со глината, алатки кои што служат за поефикасно моделирање и обработка на глината, вода, одредена количина на дрвја, соодветен простор за сушење на садовите и на крај печка или јама во која што садовите ќе бидат испечени и ќе се добие крајниот продукт.

Набавката на глина и производството на садовите може да биде сезонска работа со која што се обезбедуваат мал број на садови кои што се доволни за преживување на една заедница. Таквиот начин на производство важи за делимично мобилните заедници кои што, прво немаат потреба од голем број на керамичка роба која што може да претставува проблем за преносење, и второ нема потреба од поголема организација за производство на керамичките производи. Ситуацијата која што ја имаме со локалитетите од доцниот

неолит на балканскиот полуостров ни зборува за тоа дека со овој начин на производство не е можно да се задоволат потребите на луѓето. На територијата на Грција, Србија и Бугарија од доцниот неолит пронајдени се доцнонеолитски населби кои што броеле и по неколку илјади жители. Нема да се набројуваат примери од другите земји, доволно е само да ја спомнеме населбата Барутница кај с. Анзабегово каде што во доцниот неолит според пресметките живееле околу 4000-7000 жители. За да се задоволат потребите на толкав број на луѓе неопходно е масовно производство на керамички садови, што подразбира организација за набавка на глина, обработка, набавка на дрвја итн. Во доцниот неолит во Грција се појавуваат индикации за функционалната организација на населбите, со разни видови на работилници меѓу кои и керамичките, исто така забележано е и интеракција на керамичарите (Souvazi 2008, 76). За жал немаме досега откриено керамичка работилница од овие простори од неолитот, но керамичката работилница од Тумба кај с. Радобор која што хронолошки е помлада, керамичката работилница од Романија од Зорленту Маре која што потекнува од неолитскиот период (Винча B1) како и работилните од Думести, Варвареука и други од Кукутени културата зборуваат за тоа дека во праисториските времиња постоеле керамички работилници во кои што се произведувале голем број на садови (сл. 29) (Popovici 2010, 102). Како и керамичката работилница од Улучар Хујук која што погоре беше споменатa. Во понатамошниот текст ќе се обидам да ги презентирам сите досегашни сознанија за производство на керамички садови од доцниот неолит на територијата на Македонија но и од соседните региони кои што се нераскинлив дел од мрежата помеѓу населбите од овој дел на Балканот.



Слика 29. Реконструкција на керамичка работилница од Зурленту Маре, Романија (Стојанова Канзурова 2011, 237, сл. 207)

*Набавка на суровините*

Добивањето на керамички производ претставува првата свесна употреба на хемијата во историјата на човештвото поради тоа што бил произведен материјал кој што не постои во природата (Vuković 2017, 24, после: Childe 1951). Основен продукт од кој се произведуваат керамичките садови претставува глината. Набавката на глината зависи од повеќе фактори. Тука пред се' треба да се земат во предвид природните лежишта на глина кои зависат од геологијата на теренот. Доколку на некои мајдани постоеле лежишта од различна глина тие биле експлоатирани и употребувани. Постојат три минерали кои што му биле битни на неолитскиот керамичар при избор на глината, тоа се фелдшпад, кварц и калцит. Доколку тие минерали не биле природно во глината тие биле додавани. Потоа пристапноста до глината, што подразбира различни стратегии на добивање на глина преку копање на јами, копање од реките, копање под самата површина на земјата итн. Голема улога има и оддалеченоста на мајданите од населбите. Од етноархеолошките истражувања забележано е дека мајданите на глина најчесто се оддалечени од населбите околу 1 км. а најголемата оддалеченост не е повеќе од 7 км. Друг битен фактор е транспортот на

глината кој што зависи од начинот на кој што глината била носена во работилниците. Општо прифатено е дека тркалото не било познато во неолитскиот период иако за тоа не постојат докази. Поради тоа можеме да претпоставиме дека животните најчесто биле користени за транспорт на глината. Со завршување на сите тие активности глината треба да се складира во работилниците и да почне нејзината обработка. Доколку се работи за масовно производство неопходно било да се обезбедат посебни услови за чување на влажноста на глината (Vuković 2017, 92-93; Bonga 2013, 32-33).

Керамичкиот материјал од доцниот неолит во Македонија е поделен на три категории кои зависат од глиненото тесто од кое биле произведени. Во литературата најчесто се употебуваат термините груба, осредна и фина керамика за означување на фактурата на садовите. Кај садовите со груба и средна фактура во составот на глината се заблежуваат разни примеси како што се песок, силикати или ситни каменчинња, фрагменти од школки, животински коски, растенија, семки од плодови и сл. Поголем број од тие додатоци биле собирани од самата населба, а школките, песокот и каменчињата од блиската околина до населбата. Иако набавката на тие примеси ни од блиску не бара организација како за набавка на глината, сепак и тие примеси играле значајна улога во самото производство на садовите (Vuković 2017, 92-93; Фидановски 2009, 110,111).

Не помалку важна е организацијата за чување на влажната глина што бара соодветни услови како влажни ткаенини, простор каде што ќе биде складирана итн. Набавката на вода исто така е битен сегмент имајќи во предвид дека таа е потребна за одржување на влажноста на глината и за подготовка и обработка на глиненото тесто. Дрвјата исто така се еден многу битен сегмент за добивање на крајниот производ. Во зависност од големината на работилницата или количината на садови која што требало да се испече варира и потребата од дрвја. Така што и снабдувањето со дрвја барало посебна организација и време. Овие, на прв поглед не толку битни помошни суровини се и тоа како значајни за нормално функционирање на една керамичка работилница. Дотолку повеќе што биле користени и секојдневно за потребите на луѓето.

*Припрема на суровините*

Активностите кои што беа презентирани во претходното поглавје се дел од првата фаза, односно набавка на неопходните производи и припрема за понатамошна обработка. Со ископувањето и собирањето на глината во нејзиниот состав има повеќе непотребни материјали како каменчиња, корени, трева, гранки и сл. За подготовка на глината за финална обработка неопходно е пред тоа тие додатоци да се тргнат од глиненото тесто за добивање на поквалитетен производ, особено за садовите со фина фактура. За издвојување на овие додатоци неопходно е да се изведе сепарација што подразбира низа дејствија со кои се прочиствува глината од непотребните материи во неа. Постојат повеќе техники за прочиствување на глината за кои што овде нема да стане збор. Откако ќе биде прочистена глината и ќе биде добиено потребното глинено тесто тоа е спремно за понатамошна обработка.

Следниот чекор е поделба на глината за производство на садовите, што подразбира класификација на глината на чисто глинено тесто без примеси (фина керамика), со мали додатоци (осредна) и со различни мали или поголеми додатоци (груба керамика). Глината која што била користена за изработка на садови со ткн. фина фактура била изложена на подетално чистење од органски материи со цел да се добие што почиста маса. Глината која се користела за производство на осредна или груба керамика била мешана, односно и биле додавани потребните примеси. За додавање на дополнителни примеси во глината било неопходно глината да била разредена со вода заради подобро и рамномерно мешање на смесата. Мешањето на глината подразбира низа дејствија кои што биле изведувани со месење со рацете или доколку има поголема количина со газење со нозете (Vuković 2017, 94-95). Откако ќе биде добиена потребната смеса глненото тесто е спремно за обликување.

*Добивање на конечниот производ-керамички сад*

За добивање на керамички сад неопходни се уште неколку чекори. Најпрво е обликувањето на садот, второ соодветен третман на површината, третиот чекор е сушењето и на крај печењето на садот и добивање на готов производ.

Обликувањето на садовите претставува збир операции преку кои се добива првичниот, основен изглед на садот. Ова е најбитниот чекор во керамичката продукција, од кој што

зависи квалитетот и изгледот на садот, а преку него се гледаат техничките и уметничките вештини на керамичкиот мајстор. Обликувањето на садовите обично се врши додека глината е влажна, тоа најмногу се однесува за малите садови. Но при изработката на поголеми садови неопходно е комбинација на влажна глина со засушена, пред се’ поради стабилноста на обликуваниот дел и додавање на дополнителна маса на глина. Поради тоа, за производство на керамички садови неопходно е добро познавање на глината, нејзините своиства и нејзините реакции во одредени ситуации. Имајќи во предвид дека во доцниот неолит се забележуваат неколку типови на садови, со помали или поголеми димензии, но со многу добар квалитет можеме да заклучиме дека керамичките мајстори од доцниот неолит совршено го познавале својот занает. Во неолитскиот период кермаичките садови биле изработувани без употреба на керамичко колце. За изработка на садовите биле користени двете раце, но според одредени индикации се претпоставува дека биле користени дополнителни помошни средста како дрвени алатки, секундарно користени фрагменти од садови, разни ткаенини, калапи итн. (Vuković 2017, 98-99; Симоска, Санев 1975, 48; Фидановски 2009, 111). Регистрирани се неколку основни техники кои се користеле во неолиткиот период за обликување на садовите. Овде ќе бидат презентирани неколку техники кои што се користени кај неолитските локалитети на Балканот и кои што најверојатно биле употребувани и од керамичарите од населбите од доцниот неолит во Македонија.

*Извлекување на глината* е една од наједноставните техники за добивање на формата на садовите со мали димензии. Оваа техника може да се применува на два начина, првиот начин е со правење дупка во глинена топка и постепено извлекување и притискање на глината со едната рака при што се намалува дебелината на глината, а се зголемува садот, додека во другата рака се држи садот и се ротира според потребата. Оваа техника се користи во главно за мали садови со кои што може да се манипулира со едната рака. Вториот начин исто така се користи за мали садови но и за садови со поголеми димензии. Се работи за слична техника како првата, во глинена кугла се притиска најчесто со песница и се прави дупка од која што започнува извлачењето на глината. Ѕидовите се притискаат со двете раце и на тој начин се намалува нивната дебелина и се добива потребниот изглед. Разликата помеѓу овие две техники е тоа што за втората техника се употребуваат и двете раце истовремено за моделирање на садот, а забележано е дека при

таквата техника се употребуваат и фрагменти од скршени садови кои што служат како постоље за глинената топка од која што се извлекува глината и како средство за ротација на садот (Vuković 2017, 96; Фидановски 2009, 112; Bonga 2013, 33).

*Техниката со глинени плочки* подразбира правење на тенки глинени плочки, најчесто со неправилна форма кои што се додаваат една на друга со што се добива одредена форма со нерамни ѕидови. Следниот чекор е извлекување на ѕидовите со прстите и нивно израмнување и премачкување со влажна глина. Оваа техника е погодна за изработување на садови со поголеми димензии (Vuković 2017, 96; Фидановски 2009, 112; Bonga 2013, 33)

*Глинени ленти* се работи за техника на обликување на садовите со глинени ленти. Најпрво биле правени глинени ленти со кружен или плоснат пресек кои што имаат димензии од 0.10 до 1.00 м. Обликувањето на садот со оваа техника може да биде изведен на неколку начини кои зависат од начинот на кој тие ленти ќе бидат редени. Првиот начин претставува спирално редење на лентите во вертикала, многу ретко садовите може да бидат направени од една лента, поради тоа лентите биле надоградувани една на друга за добивање на потребниот изглед на садот. Вториот начин подразбира формирање на прстени од глинени ленти кои што биле редени еден врз друг. Последниот начин претставува редење на прстени кои што биле формирани од една или повеќе ленти и редени еден врз друг, односно сегментно спојување на лентите. На крајот садот бил изложен на дополнителна обработка на површината и пополнување на нерамнините кои што настанале поради различната дебелина на глинените ленти (Vuković 2017, 97; Фидановски 2009, 112; Bonga 2013, 33).

*Изработка на садот во калап* претставува формирање на садот со помош на различни помошни предмети или конструкции. Притоа не мислејќи на калапите од модерните спезијализирани керамички фабрики или калапите од историските времиња. Калапите кои биле користени во праисториските периоди можеби и не биле правени со намера да служат за таа цел. Најверојатно биле користени керамички или дрвени садови кои што се оштетени и на кои што им поминала првичната функција, јами или други помошни средства кои што може да послужат за оформување на садовите. За ова техника најпрво била произведувана глинена „палачинка“ која што била поставувана од внатрешната или

надворешната страна на калапот и со помош на притискање или ударање бил формиран посакуваниот изглед (Vuković 2017, 98-99; Bonga 2013, 33).

*Комбинирање на различни техники* подразбира изработка на садовите со комбинација од горенаведените техники. Комбинација од различни техники најчесто се употребува за изработка на садови со поголеми димензии. Кај неколку питоси од Винча забележано е употреба на техниката со глинени ленти за долниот дел до рамената на садот, потоа биле надоградени глинени плочки и на крајот бил додаден горниот дел кој што највероjатно бил изведен од глинени ленти (Vuković 2017, 99-100).

*Техника со ударање* подразбира ударање со цврст предмет по свежо обликуван сад за прилепување на дното, оформување на устието или подобро прилепување на разни делови од садот. Се работи секундарна техника која што најчесто била применета кај веќе оформени садови кај кои што неопходна била дополнителна интервенција (Vuković 2017, 100; Bonga 2013, 33).

Тоа се неколку техники кои што биле користени за обликување на садовите. Користење на овие техники било регистрирано кај доцнонеолитската керамика од овој дел на Балканот и кои што несомнено биле користени и од керамичарите од доцноенолтиските населби во Макеоднија (Vuković 2014; Вуковић 2011; Vuković 2017; Фидановски 2009; Bonga 2013; Чохаджиев 2007).



Слика 30. Реконструкција на садовата керамика од доцниот неолит од локалитетот Барутница (Gimbutas 1976, 66, fig. 42)

### *8.1.2 Типологија на керамичките садови*

Типологијата на керамичките садови подразбира нивно класифицирање според изгледот, формата и односот помеѓу одредени делови на еден сад. Со ископувањата и рекогносцирањата на доцнонеолитските локалитети пронајдени се голем број на фрагменти од керамички садови. Иако поголемиот дел од пронајдениот материјал е доста фрагментиран, сепак направена е типолошка анализа на материјалот од повеќето керамички садови (сл. 30). Поради тоа што немаме одредена терминологија и правила за класификацијата на керамичките садови не ретко за еден ист сад од различни локалитети имаме различен термин. Таквата ситуација наложува да се прегледаат сите керамички форми и да се вметнат во одредена типолошка група. Ќе бидат земени неколку основни типови на садови кои што најчесто се среќаваат на доцнонеолитските локалитети и во нив ќе бидат вметнати соодветните форми. Неопходно е за секоја форма да постои и дополнително објаснување и надополнување на типолошките форми.

*Чинии (паници)*

Овие два термина најчесто се употребуваат за садовите кои што имаат отвор кој што го претставува најширокиот дел од садот, може да бидат биконусни и конусни, а во зависност од големината може да бидат подлабоки, но најчесто се плитки садови. Чиниите, или паниците во зависност од профилацијата на ѕидовите на садот можат да бидат конусни, биконусни или со заоблен профил.

*Конусните чинии* најчесто имаат остра, права страна или благо заоблен профил, а се среќаваат и примери со нагласено рамо. Ободот може да биде широко отворен или заоблен, горниот дел може да биде цилиндрично изведен и издвоен со врежана линија. Дноата најчесто се рамни, но се среќаваат и прстенести дна. Кај овие садови се среќава и брадавичеста апликација како држалка, а од Мала Тумба потекнува и садот кој што е декориран со мали брадавичести апликации подредени во права линија и хоризонтално и вертикално (Т. I.1-6)

*Заоблени чинии* имаат повеќе или помалку заоблена страна. Ободот кај овие чинии може да биде задебелен, извлечен кон надвор или вовлечен кон внатре. Кај овие чинии многу ретко се среќаваат држалки, тие може да бидат мали брадавичести апликации, држалки

аплицирани на самиот обод или држалки со зооморфни протони. Дноата кај овие чинии најчесто се рамни (Т.I. 7-10; Т.II. 1-3).

*Биконусни чинии* се оние кои што имаат биконусно оформување на телото, во зависност од аголот на прекршување се среќаваат чинии со остар агол и чинии со малку заоблен профил. Ободот на тие садови може да биде заоблен кон надвор, прав цилиндричен, како и затворен навнатре. Дноата најчесто се рамни. И кај овие чинии се забележува присуство на брадавичести апликации, или мали хоризонтално или вертикално продупчени држалки (Т. II. 4-12).

Кај чиниите се забележуваат повеќе техники на орнаментирање. Најзастапено е врежувањето кое што може да биде во различни мотиви како триаголници, паралелни линии, како и убодите кои што биле правени од помошни алакти во вид на триаголник или кружни, а не ретко комбинирани со врежувањето така што се забележуваат врежани полиња исполнети со убоди (сл. 30; сл. 31). Кај некои примери забележано е украсување изведено со cardium школки, импресо орнаменти изведени со нокти, врежување со бела боја-инкрустрација итн. Голем дел од чиниите не се украсувани. Што се однесува до бојата на чиниите се забележува дека доминираат темните бои како црната, сивата, кафеавата, темносива, мрката боја и ретко црвена. Доста често е застапено полирањето или сјајното мазнење на садовите, најчесто само од надворешната страна (Темелкоски, Митkоски 2008; 96-100; Mitkoski 2017, 127-153; Темелкоски, Митkоски 2006, 56-59; Гарашанин, Спасовска 1976, 103-104; Симоска Санев 1977, 228-229; Китаноски и др. 1987, 17-22; Здравковски 2008, 51; Санев Стаменова, 1989, 20-23; Mount-Williams 1976; Benac 2008, 22,23; Санев 1989a, 21,22; Јовчевска 1990, 56-57).



Слика 30. Фрагменти со карактеристични украси со врежувања и пунктирања од Полошко и Пелагонија (1-Mitkoski 2017, T. II. 7; 2-Mitkoski 2017, T. II. 8; 3-Mitkoski 2017, T. II. 12; 4-Mitkoski 2017, T. II. 13; 5-Mitkoski 2017, T. III. 12; 6-Mitkoski 2017, T. II. 13; 7-Mitkoski 2017, T. VII. 7; 8-Mitkoski 2017, T. II. 6; 9-Abazi, Tolevski 2017, pl. III. 4; 10-Abazi, Tolevski 2017, pl. III. 9)



Слика 31. Фрагменти со карактеристични украси со врежувања и пунктирања (1-5-Benac 1979, LXXI; 6-11-Темелкоски, Миткоски 2006, T. V. 1-6; 12-15-Темелкоски, Миткоски 2008, T. 5. 9, 12, 13, 16)

*Рамни (плитки) чинии*

Се работи за плитки чинии чиј што обод е сосема извлечен нанадвор така што може да завршува на ниво на дното или пак е задебелен и сосема малку ја надвишува внатрешноста на садот. Во зависност од чинијата ободот може да биде помалку или повеќе задебелен. Надворешната површина може да им биде груба додека пак внатрешната е мазнета (Т. III. 1, 2). Како термин за овие наоди се среќава и тацни (Санев, Стаменова 1989, 17; Mount-Williams 1976, 119).

*Длабоки садови (купи, здели)*

Се работи за садови со слични карактерискити како чиниите, а најголема разлика е тоа што се подлабоки и најчесто устието не е пошироко од телото на садот. И овде се забележуваат три основни типови на садови, конусни, биконусни и садови со заоблена профилација.

*Конусни садови* се многу ретка појава, се работи за подлабоки садови чии што страни може да бидат остри или благо накосени. Ободот најчесто им е прав, а дното рамно (Т.IV. 8).

*Садовите со заоблена профилација* имаат полутопчеста или топчеста форма, а кај некои примероци се забележува и извесна биконичност. Ободот може да им биде вовлечен кон внатре, цилиндричен, или благо извлечен нанадрвор. Кај овие садови многу ретко се забележуваат држалки, најчесто се работи за мали брадавичести апликации или мали вертикално продупчени држалки (Т.III. 3-8).

*Биконусни садови* се длабоки и широко отворени со различна изведба на ободот. Тој може да биде благо извлечен на надвор, цилиндричен, а кај некои садови со биконусна профилација се забележува конусна изведба на гониот дел. Биконусното прекршување може да биде на средината на садот, а може да биде во горниот или долниот дел. Кај овој тип на садови се среќаваат различни држалки како роглести држалкки, мали лентести држалки кои почнуваат од ободот и завршуваат на стомакот на садот или најобични брадавичести апликации (Т.IV. 1-7; Т.V. 1-8).

Садовие кои што припаѓаат на оваа група имаат најразлични држалки. Се забележуваат по две масивни држалки поставени на рамото или меѓу устието и стомакот, најразлични лентести држалки, јазичести, во облик на јадец, мали широки лентести држалки итн.

Што се однесува до орнаментиката и овде се среќаваат истите мотиви како кај чиниите. Истото се однесува и до бојата на садовите, што значи дека биле произведувани по исти технолошки правила, со мала измена на димензиите и длабочината на садовите (Темелкоски, Миткоски 2008; 96-100; Mitkoski 2017, 127-153; Темелкоски, Митkоски 2006, 56-59; Гарашанин, Спасовска 1976, 104; Симоска Санев 1977, 229-230; Китаноски и др. 1987, 17-22; Здравковски 2008, 51; Санев Стаменова, 1989, 20-23; Mount-Williams 1976; Benac 2008, 22,23; Санев 1989a, 21,22; Јовчевска 1990, 56-57).

*Грневидни садови*

Под овој тип на садови спаѓаат садови кои што имаат издолжено тело, најчесто со заоблен профил на стомакот на кој се надоврзува најчесто цилиндрично устие чиј што дијаметар секогаш е помал од дијамтарот на стомакот. Устието може да биде благо извлечено кон надвор, цилиндрично или вовлечено навнатре следејќи го правецот на стеснување на садот. Кај овие садови се забележуваат повеќе видови на држалки, застапени се држалки во вид на рогче кои се свртени косо, а може да бидат и продупчени, лентести држалки, со протоми на животни, масивни држалки кои почнуваат од ободот и завршуваат на стомакот од садот и др. Дноата најчесто се рамни, но се забележуваат и примероци со прстенесто дно. Орнаментиката и кај овие садови е застапена како кај чиниите и длабоките садови, се среќаваат канелурите, врежувањето, пунктирањето, инкрустрација итн. Истото се однесува и до бојата на овие садови, се забележуваат истите бои како кај чиниите и длабоките садови (Темелкоски, Митkоски 2008; 96-100; Mitkoski 2017, 127-153; Темелкоски, Митkоски 2006, 56-59; Симоска Санев 1977, 229-230; Симоска и др. 1979; Китаноски и др. 1987, 17-22; Здравковски 2008, 51; Санев Стаменова, 1989, 20-23; Mount-Williams 1976; Санев 1989a, 21,22; Јовчевска 1990, 56-57). Поради тоа што одредени типови на грневидни садови немаат голема разлика од длабоките садови понекогаш е тешко јасно да се разграничат. Па не ретко во литературата може да се забележи дека одредени длабоки садови биле ставени под категоријата на грневидни садови и обратно. Исто така за одбележување е и тоа што за грневидни садови се

употребуваат термини како бокали, садови со издолжено тело, садови со поголеми димензии, амфори и сл. Во секој случај, овде како грневидни садови беа ставени садовите кои што имаат слични типолошки карактеристики, без разлика на тоа како се именувани во извештаите од ископувањата (T.VI. 1-6; T.VII. 1-6; T.VIII. 1-8).

*Тави*

Овие предмети иако се пронајдени само на два локалитети во Македонија ќе бидат обработени посебно поради нивната честа појава на локалитетите од винчанската култура. На локалитетот Устие на Дрим пронајдени се голем број на фрагменти од овој тип на садови. Се работи за садови со овална форма, плитки со вертикални ѕидови и со дупчиња на дното (Benac 2008, 22,23). На локалитетот Страната пронајдени се слични предмети именувани како црепни. Се работи за кружни плитки садови со плиток реципиент и рамно дно. Овие садови имаат големи, масивни димензии и најчесто груба фактура (Санев, Стаменова 1989, 17).

*Минијатурни садчиња*

Се работи за специфични садови со мали димензии кои што ги имаат истите форми како големите садови. Се забележуваат биконусни и конусни чинии, садови со цилиндрични ѕидови, во облик на филџан, мали чаши итн. И кај овие садови се забележуваат орнаменти  и држалки (Т. 9. 1-2). Се работи за копии на поголемите садови, намената на овие садови не е позната. (Темелкоски, Миткоски 2008; 96-100; Mitkoski 2017, 127-153; Темелкоски, Миткоски 2006, 56-59; Санев, Стаменова 1989, 18).

*Питоси*

Питосите се садови со голема форма, правени од груба керамика и дебели ѕидови. Тие може да имаат повеќе или помалку заоблено тело или издолжено, скоро цилиндрично тело. Устието може да биде цилиндрично изведено, вовлечено на внатре или благо извиено кон надвор. Дноата секогаш се рамни. Кај некои примери се забележуваат јазичасти држалки или широки лентести држалки. Што се однесува до површината на садот таа може да биде мазнета или груба, а кај некои примери се забележува мешање на кафеава и црна боја што е резултат од нерамномерното печење. Овие садови се откриени

на неколку доцнонеолитски локалитети. Кај овие садови се среќаваат и орнаменти како барботин, пластични лепенки или ленти со втиснувања, вдлабнатинки, канелури итн. (Т.9. 3-5). Во литературата овие садови се среќаваат како питоси, ќупови итн. (Санев, Стаменова 1989, 17; Темелкоски, Миткоски 2008; 96-100; Mitkoski 2017, 127-153; Темелкоски, Миткоски 2006, 56-59).

*Садови на висока нога (пехари)*

Се работи за вообичаени форми на садови, биконусни, конусни или со заоблен профил кои што имаат висока нога, најчесто шуплива. Најчесто овие садови спаѓаат во типот на чинии или паници кои што ја имаат истата типологија како погоре наведените. И кај овие садови се забележуваат истите орнаменти и иста боја на садовите. Што се однесува до високите дна, се забележуваат повисоки или пониски дна, најчесто конусни но се забележуваат и цилиндрични дна со широка база. Покрај тоа, многу ретко се среќава и масивна изведба на ногарката со сосема малку нагласено дно (Т.9.6-8; Т.10.1-5). Овие садови во литературата се најпознати како пехари на нога (Санев, Стаменова 1989, 17; Темелкоски, Миткоски 2008; 96-100; Mitkoski 2017, 127-153; Темелкоски, Миткоски 2006, 56-59; Mount-Williams 1976; Гарашанин, Спасовска 1976, 104; Симоска Санев 1977, 229-230; Китаноски и др. 1987, 17-22; Здравковски 2005, 30).

*Аскоси*

Аскоси се садови кои што имаат топчеста форма со една или повеќе држалки со изливник кој што е ексцентрично поставен. За разлика од претходниот период на средниот неолит, овие садови многу слабо се застапени во доцниот неолит (Т.10-6) (Mount-Williams 1976).

### *8.1.3 Керамичкиот материјал од неколку доцнонеолитски локалитети- студии на случајот*

Во ова поглавје најпрво ќе биде обработен материјалот кој што бил пронајден на неколку локалитети од Скопско и Кумановско и кој што се наоѓа во музејската збирка на филозофскиот факултет. Се работи за локалитетите Орловица 1 кај с. Ракотинци, Дервен

кај с. Долно Коњаре и Долен Шамак кај с. Катланово кои што биле регистрирани со рекогносцирањата изведени од страна на Д. Карасарлидидил и И. Алексовски. Наодите од овие рекогносцирања се чуваат во музејската збурка на филозофскиот факултет во Скопје.[9] Керамиката беше разгледувана и фотографирана од страна на авторот за потребите на овој магистерски труд. За сите три локалитети заедничко е тоа што во главно се работи за мали фрагменти на керамика од кои што може да се забележи присуство на керамика со фина и осредна фактура. Ретко се застапени фрагменти од груба керамика и големи садови. Керамиката од овие локалитети во главно е со темна боја, црна, темно сива, кафеава и црвена, а се среќаваат и фрагменти од Black topped керамика. Кај неколку примероци е забележано глачење на површината на садот со што е добиена сјајна површина, но поголемиот дел од фрагментите немаат дополнителна обработка на површината. Што се однесува до формата на садовите, од неколку фрагменти можеме да забележиме дека се среќаваат конусни садови, садови со топчеста форма и биконусни садови кои што можат да бидат со понагласена или позаоблена биконичност. Во материјалот од овие населби има неколку ободи кои што најчесто се мали цилиндрични, вовлечени кон внатре или ја следат линијата на самиот сад, а кај еден пример се забележува мало кружно дупче на самиот обод. Орнаментиката која што е регистрирана кај неколку фрагменти се карактеризира со канелури кои што може да бидат косо или вертикално поставени или пак заоблени. Покрај канелурите се среќаваат и врежувања на праволиниски мотиви или пак комбинација од врежувања и пунктирања. Пронајден е еден фрагмент од цедилка од локалитетот Дервен кој што според фактурата и бојата е идентичен со останатите фрагменти. Помеѓу керамичкиот материјал од овие населби се среќаваат голем број на држалки кои што покажуваат многу различни типови. Се среќаваат држалки со зооморфни протоми, петличасти, роглеси, јазичести и лентести држалки, како и мали држалки на најширокиот дел на садот (сл. 32-34). Според керамичкиот материјал од овие населби можеме да заклучиме дека тие во целост ги имаат сите карактеристики на локалната Зелениково 2 културна група од доцниот неолит. Црнопечената, Black topped керамиката биконусните садови, канелурите и врежувањата со пунктирања, разновидните држалки кои што се регистрирани на скоро сите населби од

[9] Овде би сакал да изразам голема благодарност до проф. др. Марјан Јованов кој што ми дозволи обработка на керамичкиот материјал и фигурините од неколку доцнонеолитски локалитети до музејската збирка на Филозофскиот Факултет

оваа група, се основните карактеристики на доцнонеолитската материјална култура на поголемиот дел од балканот (Garašanin 1979, 207–211; Санев 1994, 31–32).



Слика 32. Керамички материјал од Дервен кај с. Долно Коњаре



Слика 33. Керамичкиот материјал од Орловица 1, с. Ракотинци



Слика. 34. Керамичкиот материјал од Долен Шамак с. Катланово




Слика 35. Керамички материјал од Млака, с. Шупли Камен

За потребите на овој труд беше посетен и локалитетот Млака кај с. Шупли Камен. Првата посета беше во текот на ископувањата во 2017 год. кога беше разгледан керамичкиот материјал и беа фотографирани неколку фрагменти кои што се наоѓаа на површината на локалитетот. Втората посета беше кон крајот на 2018 год. кога овој локалитет беше фотографиран и рекогносциран. На самиот локалитет беа исцртани неколку фрагменти и фотографирани одредени појави кои што се забележуваат на керамичкиот материјал. Заедничка карактеристика за целокупниот материјал кој што можеше да се забележи е тоа што во главно керамиката е редукционо печена и преобладува керамиката со црна и сива боја, а се среќаваат и фрагменти од Black topped керамика (сл. 35. 1, 3-5). Помеѓу материјалот преовладуваа чинии (паници) со поблага или остра биконусна профилација со устие благо вовлечено кон внатре (сл. 35. 2). Според фрагментите кои што припаѓаат на овој тип на трпезни садови можеме да извлечеме неколку податоци кои се однесуваат на составот на глиненото тесто. Заедничко за сите е што се изработени од прочистена глина во која што се среќаваат мали примеси на момирок и многу ретко ситни каменчиња. Јадрото на овие садови најчесто е темно окерасто до темно сиво (сл. 36. 3-7).




Слика 36. Дел од фактурите од керамиката од Млака

Оваа во главно трпезна керамика има повеќе варијации на третманот на површината. Кај некои фрагменти површината била само замазнета со што бојата е иста како и бојата на фактурата, што значи дека кога садот бил доволно испечен бил ваден и немало дополнителна интервенција на површината како би се изедначила бојата. Кај неколку фрагменти се забележува поинтензивно мазнење, а други пак биле полирани со што се добивала сјајна површина и црна боја (сл. 35. 3, 5). Внатрешната површина може да биде измазета без сјај, но и полирана со што била добивана сјајна површина, но без дополнителен третман за промена на бојата на глината. Од неколку фрагменти можеме да забележиме дека црната боја на површината била дпополнително добивање со дополнително редуцирање само на надворешниот дел, односно исцрнување само на површинскиот слој. Кај овие садови се среќаваат брадавичести држалки вертикално или косо поставени. Што се однесува пак до орнаментите, најзастапени се канелурите кои што може да бидат изведени хоризонтално, вертикални, косо или со комбинирање на повеќе правци (сл. 35. 5). Помеѓу материјалот постојат и неколку фрагменти кои што припаѓаат на грниња со биконусна профилација кај кои што на најширокиот дел се забележуваат траги од лентести држалки (сл. 35. 1). Во составот на глината кај грнињата се забележува присуство на ситни примеси од органски материјал, мали камчиња и многу ретко момирок. Јадрото е црно или црно-сиво поради недоволното печење на глината (сл. 36. 1). Површината била рамномерно мазнета без траги на полирање и во поголемиот дел е со црна боја, а кај самото устие и кај најширокиот дел се забележува темно окер боја која што е резултат на тоа што садот бил предвреме изваден од печката и останале мали делови кои што неможеле да добијат црна боја (сл. 35. 1). Кај еден фрагмент од устие кое што потекнува најверојатно од конусен сад на самиот обод се забележува шилесто испапчување кое што најверојатно служело како рачка (сл. 35. 3). На локалитетот не беше пронајдена керамика со груба фактура и површина. Од начинот на фрагментирање и самата фактура кај некои фрагменти можеме да извлечеме податоци за технологијата на изработка на садовите. Кај неколку зачувани делови од грнија според начинот и местото на фрагментирање на садот може да се забележи дека бил изработен од глинени црева (сл. 38). Од фактурата на најширокиот дел од грнињата можеме да забележиме дека било додавано уште едно глинено црево со цел да се зацврсти овој дел (сл. 36. 1). Тоа се неколку основни информации кои што можеше да се забележат кај неколку фрагменти. Се

забележува дека претежно се работи за фина, трпезна керамика со повеќе нијанси на сива, црна и окераста боја. Според изгледот и составот на глината може да се претпостави дека овие садови биле произведувани од глина која што потекува од еден мајдан. Садовите биле печени на средно до висока температура во редукциона атмосфера.[10]



Слика 38. Фрагменти од грне обликувано со глинени колбаси (црева)

За потребите на овој труд беше фотографиран и материјалот од Амам кај с. Лопате. Покрај фотографирањето внимателно беа прегледани повеќето од фрагментите од доцниот неолит со цел да се забележат што е можно повеќе карактеристики. И овде како и кај останатите населби преовладуваат фрагментите со црна и сива боја, но се забележуваат и доста фрагменти со кафеава боја. Помеѓу фрагментите преовладуваат оние со фина и осредна фактура. Фрагменти со груба фактура и површина недостасуваат. Од фрагментите со фина фактура за одбележување е тоа што постојат садови со дебелината на ѕидовите и од 0.2 см. што е доказ за одлични вештини на керамичкиот мајстор и добро познавање на кермаичкиот занает. Кај поголемиот дел од фрагментите се забележува мазнење на површината со тоа што не е добиена сјајна површина (сл. 39. 1, 4, 6, 8-13). Кај други фрагменти се забележува интензивно полирање и добивање на сјајна површина каде што се забележуваат траги од полирањето (сл. 39. 3, 7, 14-15). Пронајдени биле и Black-topped

[10] Оваа анализа на керамичиот материјал од локалитетот Млака немаше да беше направена доколку го немав стекнатото искуство и знаење кое што ми беше пренесено од  др. Дамјан Донев на кој што му изразувам голема благодарност за сите корисни дискусии и совети

керамички фрагменти (сл. 39. 8, 10). На површината на садовите се среќаваат неколку типови на орнаменти. Најзастапени се канелурите кои што може да бидат помали и поголеми со различна ширина и длабочина (сл. 39. 1, 7, 9, 17). Покрај канелурите се забележува и врежувањето кое може да биде самостално или во комбинација со пунктирања (сл. 39. 4, 14, 15). Кај неколку фрагменти се забележуваат и кружни вдлабнатинки кои може да бидат комбинирани со канелури, како и убоди изведени со некој предмет (сл. 39. 9, 13, 15). Што се однесува пак до формата на садовите, од неколку фрагменти можеме да забележиме дека се работи за биконусни садови, а постојат и фрагменти од ободи кои што биле извлечени кон надвор и еден фрагмент од устие со светло кафеава боја на кој се забележуваат две рожести испапчувања (сл. 39. 3, 5, 9, 12). Држалките пак може да бидат рожести со разни варијанти како и во облик на лентести држалки на кои што е направено лажно продупчување (сл. 39. 2, 5, 18). Од материјалот кој што можеше да се анализира се среќаваат само рамни дна. Тоа е се што може да се каже за материјалот од Амам. Се забележува дека и овде материјалот ги има истите карактеристики како кај претходните неколку локалитети. Овие локалитети сосема се вклопуваат во материјалната култура од доцниот неолит на овие простори каде што се развива локалната Зелениково 2 културна група.[11]

[11] Овде би сакал да се заблагодарам на Елена Стојанова Канзурова која што ми дозволи обработка и ми помогна при фотографирањето на керамичкиот материјал и фигурините, како и до директорот на Н.У. Археолошки Музеј на Македонија Горан Санев кој што ми даде дозвола за обработка на керамичкиот материјал од Амам




Слика 39. Керамички фрагменти од населбата Амам, с. Лопате

### *8.1.4 Функционална анализа на керамичкиот материјал*

Откривањето на технологијата за производство на керамички садови на човекот му овозможило различен третман на храната, подготовката, складирање и транспорт. Секој керамички сад се одликува со свои специфичности, па така и технолошкиот избор за обликување, формата на садот и другите перформанси зависат од тоа за која цел ќе служи еден керамички сад. При изборот на тестото за подготовка на одреден сад керамичарот однапред знаел за што ќе служи овој сад, колкава е неговата отпорнот на термички или механички притисок. Од самиот облик и фактурата на еден сад зависат отпорноста на загревање и ладење на одредени намирници. При изработката на садот биле применувани

одредени техники кои што подоцна ќе го направат самиот сад спремен за употреба, без разлика дали во него ќе биде подговувана храна на висока температура или ќе биде употребен за транспорт на одредени намирници. Доколку еден сад служи за подготовка на храна, тој во текот на неговиот „живот“ постојано ќе биде изложуван на различни температури при што неопходно е да бидат запазени неколку карактеристики како што се отпорност на термички шок, термичка пропустливост, способност за загревање и за ладење на намирниците во садот. Тоа во главно се однесува на кујнската керамика. Што се однесува пак до садовите кои што во главно биле користени во домаќинствата за консулмација на храна и за транспорт неопходно е тие да имаат поголема отпорност на механички удари. Тоа подразбира поголема цврстина на садот со цел да не се скрши при удар или да не се оштети и изгребе. Друга многу битна особина кај керамичките садови е големината на садот и содржината на смесата од која бил произведен. Овде се мисли на употребата на органски материи во глиненото тесто. Во средниот неолит во Македонија најголем дел од кермаичкиот материјал се одликува со груба фактура во која што има голем број на органски материи, како и со садови со поголеми димензии кои што најчесто се широко отворени, грнињa или аскоси со слична фактура како чиниите (Здравковски 2003; Здравковски 2006). Присуството на голем број на органски материи во фактурата на садот го прави самиот сад полесен за транспорт, го зголемува отпорот на термички шок и погодни се за привремено чување на течности. Садовите кои што ги имаат овие карактеристики се погодни за припрема на одредени намирници, но забележано е дека во нив тешко може храната да се проври (Vuković 2017, 142).

Во погорниот текст веќе беа презентирани основните сонанија за керамичкиот материјал кој што е публикуван, но и неколку фрагменти кои што беа обработени за овој труд. Што се однесува до фактурата на садовите за одбележување е тоа што во доцниот неолит се намалува употребата на органски материјали при изработката на глиненото тесто. Истото се однесува и до димензиите на садовите каде што во доцниот неолит недостасуваат садови со големи димензии и фактура типична за средно неолитските садови. Кај керамиката од доцниот неолит може да се забележи дека постои зголемување на минералните примеси во глиненото тесто, како и садови со помали димензии и потенки ѕидови за разлика од среднонеолитските. Споредбата на димензиите во главно се однесува на кујнската керамика, односно грубата керамика. Таквата ситуација донекаде зборува за

тоа дека во средниот неолит трговијата и комуникацијата помеѓу населбите била поинтензивна што може да се поткрепи со формата на одредени садови, површината и фактурата. Кај керамичкиот материјал од доцниот неолит се забележува зголемен број на минерали во глинената тесто што го прави садот отпорен на термички шок при излагање на оган. Минералите како што се кварц или момирок имаат сличен коефициент на ширење при загревање како и основната маса што го прават садот погоден за обработка и припрема на храна. Овие минерали исто така влијаат и врз цврстината на садот и го прават поцрвст и отпорен на удари или друг механички притисок. Според тоа можеме да претпоставиме дека во доцниот неолит припремата и термичката обработка на храна станало поинтензивно. Таква ситуација е забележана и кај населбите од винчанската култура (Vuković 2017, 143). Што се однесува на третманот на површината се забележува дека кај доцнонеолитските садови голем дел од фрагментите имаат интензивно мазнење или полорање. Таквиот третман на површината ја намалува пропустливоста на садот и ја зголемува способноста за загревање. Според формата на садовите од доцнонеолиткиот период можеме да забележиме дека најчести се конусните отворени садови и биконусните кои што исто така имаат широк отвор. Намирниците во овие садови се полесно достапни за консумирае и обработка. За разлика од нив грнињата кои што се со потесен отвор не се соодветни за чување, припрема или консумирање на тврда храна. За одбележување овде е и тоа што поголемиот дел од чиниите имаат средно големи димензии што ги прави поволни и за подготовка и за консумација на храна. Според направените анализи на функционалноста на винчанската керамика можеме да изнесеме одредени мислења и за функцијата на садовите од доцниот ниоелит во Македонија (сл. 40).




Слика 40. Функционални класи на керамичкиот материјал од Благотин (Vuković 2006, 207, tab. 13)

Се забележува дека конусните и биконусните чинии и подлабоките садови служеле во главно за припрема на храна. Таквите садови го претставуваат најголемиот број од репертоарот на садови од доцниот неолит (Т. I.-Т. V.). Се забележува дека во отворените садови најчесто била подготвувана храна со вриење и ферментација. Не се забележува голема разлика и помеѓу овие и садовите за консумација на храната. Што се однесува до грнињата и питосите тие најверојатно биле користени за складирање на храна и пијалоци, питосите најверојатно за подолг период, а грнињата за краткотрајно складирање можеби за потребите за еден или неколку денови. Овде не треба да се исклучи можноста за припремање или загревање на течни пијалоци во грнињата. Кај неколку локалитети од Македонија се прионајдени и тави кои што несомнено биле користени за подготовка на

храна (Т. III.- 1, 2). Што се однесува пак до садовите на висока нога, нивната функција најверојатно била исклучиво консумирање на храна (Т. IX.- 6-8; Т. X.-1-5). Аскосите пак кои што имаат големо тело и тесно устие биле користени за транспорт на течности (Т. X.- 1-6).

Голем недостаток е тоа што не ни се познати дрвените садови од неолитскиот период кои што биле најбројни и најексплоатирани. Не треба да изненадува фактот што голем дел од керамичките чинии со помали или поголеми димензии од доцниот неолит биле користени во главно за подготовка на храната имајќи во предвид дека керамичките садови се единствеите кои што се отпорни на термички притисок во тој период. Дрвените садови биле најчесто користени за консумирање на храната и течностите. Најверојатно немало јасна разлика и што се однесува на керамичките садови, така што поголемиот дел од садовите покрај тоа што служеле за подготовка на храната биле користени и за директна консумација од нив.

## 9. „КУЛТНИ ПРЕДМЕТИ" ДУХОВНИОТ ЖИВОТ И УМЕТНОСТА ВО ДОЦНИОТ НЕОЛИТ

Со детални анализи на керамичкиот материјал, што подразбира анализи на остатоците од храна, трагите од користење, функционалната анализа итн. можеме да дознаеме која била функцијата на тие предмети, за што биле користени и која била нивната намена. За разлика од нив, ситуацијата со ткн. култни предмети е многу различна. Токму поради тоа најголем предизвик за праисторичарите е толкувањето на антропоморфната, зооморфната пластика и другите предмети кои што во најчесто се интерпретирани како култни предмети. Предметите чија што намена не е позната и имаат специфичен изглед најчесто се толкувани од археолозите како култни без притоа да се земе во предвид дека можеби тоа се обични предмети кои што едноставно им биле интересни и естетички убави на луѓето во неолитот кои што ги краселе нивните домови. А и фактот што најголемиот број на фигурини се наоѓаат надвор од архитектонските структури ни зборува за тоа дека можеби тие имале еднократна употреба после која што биле отфрлани (Vukovic 2014, 249-250). Но како и да е, во потрага по одговор на

прашањата зошто тие предмети биле правени, која била нивната функција итн. се вклучуваат голем број на помошни науки кои што се занимваат со изучување на религијата, секодневниот живот, верувањата и ликовните претстави на разни божества, митски личности итн. При интерпретацијата на праисториските култни предмети археолозите најчесто се повикуваат на етнографските и антрополошките истражувања на денешните племиња кои што живеат на условно кажано ист стадиум на живот со човекот во неолитскиот период. Барајќи паралели со таквите општества досега се објавени голем број на трудови кои што се занимаваат со оваа проблематика. Но и покрај тоа што голем број на трудови се излезени токму од тие истражувања сепак мислам дека не можеме да бараме директни паралели помеѓу тие општества и неолитските заедници и да објаснуваме одредени појави од неолитскиот период. Поради тоа што најчесто се работи за наоди кои што се фрагментирани и без прецизен контекст на наоѓање, се отежнува нивната интерпретација. Атрактивноста на овие предмети предизвикала голем интерес и досега за нивното значење и функција се пишувани голем број на признаени научни трудови со разни факти, но и трудови кои што спаѓаат под категоријата на ткн. „псевдоархеологија“ али алтернативна археологија кои што исто така се базираат на некои факти. Самото тоа ни кажува дека овие предмети можат да бидат интерпретирани на најразличен начин и никогаш нема да дојдеме до единствено, општоприфатено или точно решение. Постојат најразлични интерпретации за наодите, особено на антропоморфните фигурини и садови кои што се посебно интересни. И покрај тоа што археологијата во модерно време со помош на голем број општестени и природни науки секојдневно дава нови егзактни податици и информации за животот на човекот во неолитот, сепак кога се работи за култните предмети мораме да се помириме со фактот дека се’ се сведува на субјективна интерпретација на таквите предмети. Без разлика дали ќе се најдат „соодветни“ паралели со некои денешни култури или со етнолошки појави, за жал ние никогаш нема со целосна сигурност да ја дознаеме нивната вистинска намена.

Од друга страна пак, постојат неколку примери каде што такви предмети се откриени in situ и кои што прават одредена целина, во таква ситуација можеме со поголема сигурност да изнесеме одредено толкување кое што сепак е поверодостојно од било која друга интерпретација. Предметите кои што имаат некакви траги од користење, на пример горење, остатоци од некои органски материи итн. со детална анализа можат со сигурност

да ни откријат која била нивната функција, односно ако не повеќе, можеме да ги видиме трагите од одредени дејствија врз самиот предмет. Друг податок кој што можеме да го видиме и реконструираме од култните предмети е технологијата на нивно производство. Доколку пак ги анализираме предметите од ликовен аспект можеме да дадеме одговор на голем број прашања кои што се однесуваат на домашните предмети, облеката, оружјето, декорацијата, накитот итн. Најголема благодарност за таквите информации им се препишува на антропоморфните предмети на кои што се забележуваат најразлични претстави на облеката, накитот, фризурите..., но и на ткн. култни масички преку чии што орнаменти и врежувања можеме да претпоставиме дека и масите и столчињата во домаќинствата во неолитот биле на три или четири нозе, со разновидни врежани украси на нив.

Поради сето погоре изнесено во овој труд нема да се навлегува во детална функционална, визуелна, семиотичка и не знам уште каква анализа на овие предмети. Ќе биде направена типологија на ткн. култни предмети што подразбира антропоморфни и зооморфни фигурини, масички итн. Покрај тоа, преку анализа на обележјата и орнаментите на предметите ќе се обидам да реконструирам одредени сегменти поврзани со изгледот на човекот и ентериерот во куќите.

### 9.1 Антропоморфни фигурини

Веќе во повеќе наврати беше кажано дека во доцниот неолит се случува голема промена во технологијата на производство, орнаментиката и типологијата на керамичките предмети. Таквата промена го обележува почетокот на доцниот неолит на целиот балкански простор. Големи промени се забележани и во изработката на фигурините каде што се појавуваат нови типови фигурини сосема различни од тие во средниот неолит. Населбите од територијата на Македонија не биле имуни на новите влијанија и промени, па покрај промените во керамичката продукција, и кај фигурините се забележуваат одредени промени. За разлика од керамичкиот материјал кој што во доцниот неолит сосема се изменува, кај фигурините немаме толку драстична промена. Во погорниот текст за транзициониот период од среден во доцен неолит беше изнесена претпоставката дека на овие простори дошло до локални раздвижувања и прегрупирања на локалното население

без поголеми преселби на нова популација. Поради тоа што дошло до поголема комуникација со соседните области поради стопански и економски цели, керамичкиот материјал бил подлежен на подрастични промени. Тоа што кај статуетките немаме такви промени само го потврдува фактот дека луѓето кои што живееле овде во средниот неолит останале и понатаму на овие простори. На одредени географски подрачја од територијата на Бугарија и Србија се забележуваат големи промени во изработката на статуетките што неможе да се каже и за оние од нашата територија. Но и покрај тоа кај статуетките од Македонија се забележуваат извесни промени пред се’ во претставата на лицето каде што се забележува пренагласен нос или ткн „птичјо лице“, стилизација на одредени делови и опаѓање на технолошката вредност (Garašanin 1979, 209; Санев 1994, 32; Наумов 2014, 185).

Со досегашните скромни истражувања на населби од доцниот неолит се побликувани неколку десетици фигурини. Најголем број на публикувани антропоморфни фигурини потекнуваат од населбата Барутница кај Анзабегово, каде што досега се публикувани вкупно 26 антропоморфни фигурини (Наумов 2014, 291, сл. 3. 22). Но овој локалитет не е прв на листата според бројот на откриени фигурини. При неодамнешните ископувања на локалитетот Млака во истражената површина биле пронајдени околу 150 фрагменти од антропоморфни фигурини.[12] На трето место по бројноста на фигурините се наоѓа населбата Кутлине кај с. Ракле каде што на истражената површина од 23 метри квадратни се откриени 20 фигурини. За жал истраженоста на доцнонеолитските локалитети, па и на тие од раниот и средниот неолит не ни дозволува да носиме било какви заклучоци за бројноста или процентуалната застапеност на фигурини во населбите или во засебни региони. Тоа пред се’ се однесува на слоевите од доцниот неолит кои што во голема мерка се уништени и изгубени се голем број на наоди. Но како и да е, со досегашните сознанија за фигурините од доцнонеолитските локалитети сепак може да се изнесат основните белези на овој вид предмети. Поради тоа што кај поголем број на фигурини не може да биде определен полот, оваа поделба ќе биде изоставена за да не се компличираат податоците и да се избегне непотребен хаос. Поделба на фигурините од доцниот неолит во Македонија може да се направи на неколку типови врз основа на изведбата и претставата

[12] Подготовката за публикување на овие наоди е во тек така што се уште немаме фотографија и подетални информации за овие наоди

на нивното тело. Од досегашните познати антропоморфни статуетки имаме многу мал број на целосно зачувани фигурини, поради тоа е отежнато било какво класифицирање на тие наоди. Сепак и со расположливиот материјал може да се препознаат неколку основни типови на фигурини.

### *9.1.1 Столбести фигурини*

Во оваа категорија спаѓаат фигурините чие што тело е столбесто, цилиндрично изведено најчесто со стилизирана претстава на екстремитетите. Овде исто така може да се вбројат и фрагментите најчесто од долен дел од фигурините кои што немаат јасно раздвоени нозе и исто така се столбесто изведени, кај овие фигурини се забележува стопа која што им овозможува стабилност при положба на стоење. Поголемот дел од фигурините кои што можат да бидат вброени во оваа категорија се со зачувано лице и торзо, а ретко и целосно зачувани. Постојат голем број на фрагменти од фигурини каде е зачувано единствено лицето. Доколку се погледнат некои подобро зачувани фигурини може да се реконструираат и тие предмети кои што најверојатно спаѓаат во оваа категорија. Кај овие фигурини се забележува стилизирање на сите делови и детали од човечкото тело со мала разлика во изведбата.

Кај пет фигурини се забележува претстава на големи, нагласени, полни тестиси и соодветна големина на пенисот. Овие фигурини потекнуваат од Чибук Чешма, Млака и Амам кои што се наоѓаат во Кумановскиот крај. Најверојатно имале по две раце кои што исто така биле доста реално изведени, но и тие се скршени (T.XI. 1, 2) (Sanev 2006, 180, fig. 18; Здравковски 1993, T.IV-4). Од сликата за фигурината која потекнува од Тумба с. Брвеница може да се види дека немало претстава на раце кај оваа фигурина. Направена е како една целина, на главата се наоѓа нагласен нос, а на задната страна издолжена глава и валути во облик на рогови (T.XI. 3) (Ljuljeta, Tolevski 2017, 112, pl. 1-2). Друга фигурина со претстава на половите органи е пронајдена во Страната каде што се зачувани тестисите (T. XI. 4) (Санев, Стаменова 1989, 23,  T.XII. 3). Од локалитетот Слатина исто така потекнува една фигурина кај која што на местото на пенисот е направено полутопчесто испакнување (T. XI. 5) (Garašanin 1979, T.XXXVII-4). И од локалитетот Млака потекнува една фигурина која што е поразлична од останатите. Ќе биде презентирана овде само

поради претставата на пенисот. Се работи за машка фигурина во седечка положба кај која што недостасува столчето, но има претстава на половиот орган.[13] Интересно овде е тоа што повеќето фигурини со претстава на тестисите се пронајдени во кумановскиот крај. Со идни ископувања на доцнонеолитски населби во оваа регија можеме да очекуваме зголемување на овој тип на фигурини. Таквите очекувања би можеле да се поткрепат со фактот што недалеку на север кај Врање во соседна Србија на локалитетот Павловац-Чукар се пронајдени голем број од овој тип на фигурини (Vuković 2014a). Што се однесува пак до пре тставата на лицето кај столбестите фигурини можеме да забележиме дека во најголем број се фигурините со нагласен нос со или без претстава на други детали. Кај некои фигурини очите се обележани со две хоризонтални линии или пластично изведени, а може да се забележи и претстава на фризурите (Т.XI. 1, 7-12). Кај една фигурина од населбата Пенелопа се забележува пластична трака која го означува лицето, веќи и пластично изведени очи, тоа е една од најреалистичната претстава на лицето од доцнонеолитските фигурини (Т.XII. 1) (Кузман 2009, 22-25). Што се однесува до торзото кај фигурините, и овде се забележува стилизирана претстава или запоставување на одредени детали, а само кај некои фигурини се забележува пластична изведба на градите (Т.XI. 9). Истото се однесува и за екстремитетите, и овде се забележува извесна стилизираност. Рацете можат да бидат пластично нагласени или дополнително додадени со посебно парче глина (Т.XI. 1, 2, 5 9, 11; Т. XII. 2). Кај голем дел од фигурините не се забележува претстава на рацете (Т.XI. 6, 7, 8, 12. Т. XII. 1). Слична е ситуацијата и со претстава на нозете кои што можат да бидат означени само со една линија по средината или пак да бидат претставени како целина која што на крајот завршува проширено како печат што овозможува поголема стабилност (Т.XI. 2; Т.XII. 2-5).

Тоа се основните карактеристики за столбестите фигурини, можеме да забележиме дека при изработката на тие фигурини најчесто не било посветувано внимание на претстава на некои детали од човечкото тело. Се добива впечаток дека носот, пенисот и тестисите биле главните делови од телото кои што требало да бидат нагласени кај овој тип на фигури. Најчесто биле правени од едно тесто глина кое што било моделирано и изведено како една

[13] Голема благодарност на Зоран Георгиев за споделување на оваа информација

целина, но доколку било потребно се додавани одредени делови за да се нагласи некој дел од телото.

### *9.1.2 Плоснасти фигурини*

Овој тип на фигурини, како што кажува и самото име имаат плоснаст облик кој што највеќе се забележува во изведбата на торзото. За жал имаме многу мал број на такви фигурини од локалитетите во Македонија за разлика од соседните територии каде што овој тип на фигурини се најраспространети и со најразлични изведби, особено на север на територијата на винчанската култура (Васић 1936; Garašanin 1979, 144-207; Tasič 2011, 1-9). И покрај тоа што се работи за слабо истражена територија и населби од Македонија, сепак и овој податок оди во прилог на погоре изнесеното дека овој тип на наоди на оваа територија ги следи постарите традиции, односно не биле прифатени новите ликовни вредности и норми за претставата на човечкото тело во доцниот неолит. Меѓу плоснастите фигурини имаме две кои што се во седечка положба. Едната фигурина е познатата Адам од Говрлево која што најверојатно е пронајдена во доцнонеолитскиот слој, а другата потекнува од Долен Шамак кај Катланово. И двете фигурини се во седечка положба со свиено тело кон напред при што фигурината од Говрлево има машки елементи, додека пак фигурината од Долен Шамак во пределот на гениталиите има врежан пубис кој што можеби значи дека се работи за претстава на женска фигурина (Т. XII. 6, 7) (Наумов 2014, 64). Кај неколку фигурини е зачувана главата каде се забележува претстава на пренагласен нос со или без претстава на очите кои што може да бидат обележани со две врежани линии или пластично изведени со линија на средината (Т. XIII. 1-3, 8, 9). Кај фигурината од Ѓумушница се забележува и претстава на пластично изведена уста со додадено парче глина, како и долга коса која што е соберена при крајот (Т. XIII. 2) (Наумов 2014, 190). Претставата на торзото кај сите овие фигурини е повеќе или помалку плоснасто и со различна ширина. Во овој дел од телото кај неколку фигурини се прикажани пластично изведени гради и папок (Т.XII. 5, 6; Т. XIII. 2, 3, 6, 8). Еден од поинтересните примери е фрагментираната фигурина со претстава на гради и испакнат стомак кој означува бременост (Т. XII. 8, 9). За жал немаме целосно зачувани фигурини како би можеле да ја видиме претставата на нозете, но кај неколку примери може да се забележи дека нозете

биле посебно изведени, најверојатно реалистично. Овде би сакал да се задржам на две фигурини, едната од Долен Шамак, а другата од Стоби. Кај фигурината од Долен Шамак се забележува доста реалистична претстава на човечкото тело, но и покрај тоа таа беше вброена овде иако не соодветсвува со останатите фигурини. Кај ова торзо се забележува претстава на пластично изведени гради и папок, а во горниот дел се гледа дека имала и големи раце кои што се скршени. Посебно е интересно тоа што кај колковите, странично се забележуваат две испапчувања кои што потсеќаат на џебови (Т. XIII. 6). Фигурината од Стоби е целосно зачувана и на неа се забележуваат сите детали. Кај оваа фигурина не биле изведени нозе туку во долниот дел таа започнува со рамна база, на торзото се забележува обележан папок и две мали, стилизирани, раширени раце кај кои се забележуваат две мали дупчиња. На главата се наоѓаат две врежани очи и испакнат нос, фризурата на оваа фигурина е извлечена наназад и израмнета на темето (Т. XIII. 8). И во Барутница е откриена фигурина со дупчиња на пределот на половината и на нозете (сл. 41. 4). Кај пет фигурини од кои што е зачуван горниот дел од торзото се забележува претстава на ланче со некој кружен украс кој што е закачен за две, односно три врвци, што покрај претставите на фризури и тоа ни дава податок за надворешниот изглед или мода кај неолитскиот човек (Т. XII. 8; Т. XIII. 4, 5; Т. XIV. 1; сл. 42). Кај две фигурини се забележани низа од дупчиња поставени на пределот кај градите. Се работи за фигурини пронајдени на локалитетите Орловица (сл. 44. 1) и Слатина кај с. Зелениково (Т. XIII. 9). Тоа се основните карактеристики кои што можат да се забележат од сликите и цртежите на фигурините. Според сето изнесено можеме да кажеме дека нема некој стандард за изработка на овој тип на фигурини, што произлегува од фактот дека се забележуваат различни изведби и варијанти.



Слика 41. Фрагменти од фигурини од населбата Барутница, с. Анзабегово



Слика 42.  Антропоморфна фигурина од Кутлине

### *9.1.3 Фигурини со стеатопигија*

Кај овој тип на фигурини се забележува пренагласување на одредени делови од човечкото тело, најчесто задникот. Од доцниот неолит во Македонија имаме доста фигурини со таква претстава, што не треба да изненадува имајќи во предвид дека таквите предмети се изработувале низ целиот праисториски развој на човекот, уште од палеолитот. Од репертоарот на фигурини кои што ги имаме за овој труд, можеме да ги поделиме на фигурини со повеќе или помалку нагласена стеатопогија. Повеќето од овие

фигурини се со претстава на женско тело што се потврдува и со врежаниот пубис кај повеќето од нив.

Кај некои фигурини со помалку нагласена стеатопигија дури можеме да зборуваме и за реална претстава на задникот. Кај овие фигурини се забележува сосема малку предимензионирана претстава на задникот, а кај некои примери малку свиено напред торзо. Поголемиот број од фигурините имаат врежувања на делот кај гениталиите, според кои може да се препознае претстава на облека (гаќи) или некој друг додаток околу половината на телото (Т. XIV. 3-5, 8, 9). Нозете може да бидат изведени посебно или споени една до друга (Т. XIV. 2-4, 6-9). Само кај една фигурина е зачуван горниот дел каде што во пределот на торзото каде се забележува испапчен дел на стомакот, на торзото се надоврзува висок врат со лице на кое има пренагласен нос, врежани очи и собрана фризура на главата (Т. XIV. 2). Оваа фигура потекнува од населбата Атици, од истиот локалитет потекнува и фигурината со столбесто тело (Т. XI. 6) која што има многу слична изведба на главата и фризурата што ни дава за право да претпоставиме дека таа фризура била доста користена од луѓето од оваа населба.

Фигурините пак со повеќе изразена стеатопигија имаат сосема друг изглед и елементи за разлика од претходните. Кај сите овие фигурини се забележува пренагласување при претставата на задникот со нереална големина. Само кај еден примерок се забележани врежувања на пределот кај бедрата со вертикални црти меѓу кои се врежани една до друга хоризонтални линии (Т. XV. 3). Кај повеќето фигурини се сочувани нозете каде што се забележуваат сосема мали шилести нозе или цилиндрично изведени нозе (Т. XV.1-8). Бедрата од Ѕунивер најверојатно потекнуваат од фигурина во седечка положба што ја прави идентична како тие од населбата кај Ангелци (Т. XV. 4). Кај една од фигурините од Страната се забележува испапчување на предниот дел под стомакот поради што била протолкувана како машка од страна на истражувачите (Т. XV. 2) (Санев Стаменова 1989, 20). На локалитетот Ковачке Њиве кој што се наоѓа во близина на Павловац во јужна Србија пронајдени се идентични фигурини кои што спаѓаат во оваа група. За нив е наведено дека се не се пронајдени во одреден објект или целина. Што се однесува до хронологијата на локалитетот наведено е дека постои и ранонеолитски и доцнонеолитски хоризонт кој што се врзува со рлочничката фаза од винчанската култура (Вуковић и др.

2016, 183, 193-194). Ова се основните карактеристики за овој тип на фигурини, поголемиот дел од нив е фрагментиран така што не постојат подетални информации за целосниот изглед.

### *9.1.4 Останати фигурини и фрагменти*

Во оваа категорија ќе бидат обработени останатите фигурини чиј што изглед неможе да се реконструира и не спаѓаат во ниедна од горенаведените категории. Исто така ќе бидат обработени и фигурините кои што имаат специфична форма, како и фрагментите со антропоморфни белези.

Ќе започнеме со статуетката од Могила, с. Сенокос која што има неколку специфични особини. Рацете и главата од оваа фигурина не се зачувани, стомакот е остро испакнат, а нозете како да се малку прекрстени, левата се наоѓа пред десната. Најинтересно кај оваа фигурина е изведбата на задникот кој што има плоснат облик и е доста извлечен наназад (Т. XV. 9). Следната фигурина потекнува од Устие на Дрим. Се работи за седечка фигурина која што има прилично долг врат на кој се наоѓа глава со врежани очи и мал нос со што отстапува од доцнонеолитските критериуми. На вратот се наоѓа врежан гердан, а рацете се поставени на телото. Нозете се мали, испружени во форма на широка плочка со што се добиени пренагласени бедра (Т. XV. 10). Фигурини во седечка положба се откриени и на населбата кај Анзабегово. Кај едната фигурина во средината се забележува празно цилиндрично јадро околу кое била обликувана, како и врежувата во пределот на бедрата (сл. 41. 1). И кај другата фигурина се забележуваат три врежани линии во пределот кај задникот (сл. 41. 2). Следната фигурина е од областа кај езерата од населбата Пенелопа е доста специфична со својот изглед. Од оваа фигурина недостасуваат нозете, другите делови се зачувани. На главата се забележуваат две врежани очи и мал испакнат нос, рацете се мали, шилести, а раширување има и кај колковите. Кај бедрата се забележува врежан триаголник и цик-цак линии во горниот дел од нозете. Интересно е тоа што оваа фигурина била премачкана со црна боја, додека пак врежувањата на неа биле исполнети со бела боја (Т. XVI. 1). На локалитетот Могила била пронајдена женска ѕвонолика фигурина од која што недостасува долниот дел. Се работи за шуплива фигурина кај која се претставени со врежување две очи и испакнат нос. Рацете се мали,

раширени, а на торзото се аплицирани дојки. По средината на торзото по вериткална линија од самиот врат надолу има врежувања во вид на ромбови (Т. XVI. 2). Овде ќе биде обработена фигурината од Али Чаир, се работи за долен дел од фигурина кај која се зачувани двете нозе на кои што има две дупчиња кај колената. По средината на задникот се наоѓаат неколку врежани цик-цак линии (Т. XVI. 3). На локалитетот Страната пронајдено е торзо од фигурина кое што е специфично по тоа што на целата површина се забележуваат врежани линии, коси, во форма на „V“. Оваа фигурина имала две раширени раце кои што недостасуваат (Т. XVI. 4). Од најмладиот хоризонт од Тумба Средсело потекнува едно торзо кај кое што се зачувани двете раце кои се потпрени на градите (Т. XVI. 5). Следната фигурина која потекнува од Долен Шамак исто така е доста интересна и специфична. Фигурината е целосно зачувана со мали димензии, долниот дел на фигурината е топчесто изведен без нагласувања на одредени делови, на него се надоврзува краток врат и глава на која се забележува пластично изведен нос и врежани очи (Т. XVI. 6). Останатите примериоци се фрагменти од нозе кои што потекнуваат од населбата Кутлине кај с. Ракле, се работи за две стапала кои што се откршени од некои фигурини (Т. XVI. 7, 8), како и од населбата Барутница каде што исто така биле пронајдени нозе од фигурини (Т. XVI. 9; сл. 41. 3).




Слика 43. 1-3-Дрезга, с. Орах; 5-Кременица, с. Бразда; 6-Лужичка Тумба, Катланово; , 4, 7-Мало Саранлија, с. Агино Село




Слика 44. 1-3-Орловица 1, с. Ракотинци; 4-7-Дервен, с. Долно Коњаре

### *9.1.5 Неколку фигурини од факултетската збирка и од локалитетот Амам*

Во музејот на филозофскиот факултет се наоѓаат неколку фигурини кои што биле пронајдени на доцнонеолитски локалитети. Според сите специфичности тие се вклопуваат во доцнонеолитските „правила“ за изведба на фигурините. Во главно тие можат да бидат поделени на столбести и плоснати фигурини. Заедничко кај сите фигурини е изведбата на лицето како ткн. птичјо лице со истакнат нос со или без врежани очи.

Столбестите фигурини биле изведувани со или без претстава на рака. Но и доколку има рака, се работи за крајно стилизирана, во вид на конусно испапчување. Кај некои фигурини долниот дел бил изведен проширено така што се дава поголема статичност на фигурината. Кај една фигурина од Мала Саранлија се забележува претстава на фризура на задниот дел од главата изведена како валути со вертикални врежани линии (сл. 43. 7). Кај фигурината од локалитетот Дервен носот бил дугместо изведен, фризурата е изведена со

проширување и мало вдлабнување на горниот дел од главата (сл. 44. 7). На овој тип на фигурини најверојатно спаѓа и една нога на која се забележува дупче кое што служело за вметнување на дрвена арматура за спојување со другата нога (сл. 44. 3). Една оштетена статуетка потекнува од Амам, на неа се забележуваат извесни испакнувања според кои може да се претпостави дека се работи за човечка фигура (сл. 45. 1).

Поголемиот дел од фигурините се плоснати и кај нив се забележуваат неколку различни моменти. Кај една фигурина од локалитетот Дрезга се забележува претстава на тестисите, но за жал и овде пенисот е скршен така што не сме во можност да ја видиме целосната претстава на овие органи (сл. 43. 2). Другата интересна фигурина потекнува од Мало Саранлија, кај оваа фигурина се забележува по една дупка на самите раце и една на задниот дел од главата (сл. 43. 4). Доколку се закачи оваа фигурина на овие дупчиња таа може да виси во закосена положба, што најверојатно така била и оригиналната употреба. Третата специфична фигурина потекнува од локалитетот Орловица кај с. Ракотинци. Се работи за плосната фигурина кај која што во пределот на градите се забележуваат 6 дупчиња чија што финкција е тешко да се претпостави. За жал скршени се горниот и долниот дел од оваа фигурина така што неможеме да видиме дали имало некои други, помошни дупчиња (сл. 44. 1). За одбележување е и тоа што кај неколку фигурини се забележуваат нагласени гради што ни зборува за полот на фигурините (сл. 43. 5).

Од Амам потекнуваат уште две фрагменти од фигурини. Во првиот случај се работи за нога со зачувана висина од 5.7 см. на која се забележуваат нагласено колено, издолжено стопало со прсти означени со рецки. На површината на фигурината се забележуваат траги од бел премаз (сл. 45. 2). Вториот фрагмент претставува лев глутеј од женска фигурина од која што останатите делови недостасуваат (сл. 45. 3).

Како што можеме да забележиме и овие фигурини потполно се вклопуваат во сликата за доцнонеолитските фигурини од Македонија. Изведбата на главата, претставата на половите органи, градите и фризурата се елементи кои што биле популарни и значајни при креирањето на една фигурина во доцниот неолит. Фигурината од Ракотинци кај која што се среќаваат дупчиња на делот кај градите ни дава еден нов момент за доцнонеолитските фигурини, така што сега за сега со фигурината од Зелениково се единствени од тој вид,

останува да се чека во иднина на нови слични откритија кои што би дале подобра слика за што служеле тие мали дупчиња на овој дел од телото.




Слика 45. Фрагментирани фигурини од Амам

*Основни карактеристики на фигурините од доцниот неолит во Македонија*

Ова се основните типови на фигурини кои што можат да се забележат од доцниот неолит. Можеме да видиме дека се работи за разновидни облици на статуетки каде што нема одредено правило на нивна изведба. Единствено во претставата на лицето може да се каже дека било изведено според одредени критериуми кои што се забележуваат на целата територија на Македонија. Се забележуваат сличности во изведбата кај одредени населби што најверојатно е резултат на изразената комуникација помеѓу населбите. Од фигурините кои што беа презентирани во погорниот текст можеме да реконструираме неколку сегменти од изгледот на човекот во доцниот неолит. Најпрво би сакал да ја споменам претставата на фризури кај неколку фигурини. Врз основа на изведбата, односно претставата на одредени фризури можеме да забележиме дека постоеле разновидни фризури кои што ги правеле луѓето и го краселе нивниот изглед (Т. XI. 4, 5; Т. XIII. 8; Т. XIV. 2). Друг интересен детал кој што се забележува кај неколку фигурини е накитот, ланчето на кое се забележува предмет, украс во вид на круг. Од сите тие примероци најинтересен е оној од Кутлине каде што и на грбот се забележува круг закачен на истите две врвци како од предната страна, со тоа што на задниот круг има додадено неколку вертикални линии кои што се спуштени од кругот (сл. 42). Ова би

можело да означува некој вид на накит кој што бил носен од неолитскиот човек или пак да претставува претстава на сонцето, односно негување на култ спрема сонцето, како што се забележува во подоцнежните праисториски и историски периоди кога сонцето најчесто се претставува како обичен круг (Т. XII. 8; Т. XIII. 4, 5; Т. XIV. 1). На локалитетоте Голема Трпеза е пронајдена една камена плочка со две дупчиња низ кои што се протнувале врвците. Овој наод најверојатно бил користен токму како што се претставите на фигурините (Т. XIX. 12). Кај неколку фигурини со врежани линии се обележани делови околу половината во форма на долна облека, или пак врежувања на самото торзо или нозете преку што би можеле да препознаеме одредени орнаменти кои што ги краселе нивната облека, како и изгледот на самата облека (Т. XII. 8; Т. XIII. 6; Т. XIV. 4, 8, 9; Т. XV. 3, 9; Т. XVI. 1, 2, 4; сл. 41. 1-3). Што се однесува пак до фигурините кај кои што се забележуваат две дупчиња на рамењата, може да се претпостави дека тие биле или поставени да висат на одредено место или пак биле носени како ланче (Т. XIII. 8; сл. 41. 4). Кај познатата Адам од Говрлево може да се забележи дека биле назначени р’бетот и ребрата. Се работи за сосема реалистична претстава на човечкото тело со нагласени детали, што ни зборува за тоа дека луѓето многу добро ја познавале човечката анатомија (Т. XII. 6). Кај некои фигурини се забележува дека долниот дел бил изведен со рамен завршеток како би се овозможила подобра статичност, што може да значи дека тие биле наменети за стоење на одредено место. Што се однесува пак до екстремитетите и останатите делови од човечкото тело се забележува изведба на градите на женските фигурини и на пенисот и тестисите на машките фигурини, како и претстава на назначен стомак што означува бременост. При изведбата на останатите делови, како рацете и нозете се гледа дека не било посветувано особено внимание на нивната изведба.

Тоа се неколку основни факти кои што може да се забележат од изгледот на фигурините. Не навлегувајќи во било каква интерпретација на самите фигурини или орнаментите на нив, можеме да реконструираме голем дел од изгледот на неолитскиот човек, облеката, накитот итн. Од сето погоре наведено за антропоморфните фигурини се забележува дека не постои одреден концепт или правило по кое што биле изработувани самите фигурини. Според тоа можеме да претпоставиме дека секој „уметник“ сам си ги создавал фигурините, претставувајќи го најпрво тоа што го гледал околу себе, односно изгледот на луѓето од поблиското опкружување.




Слика 46. Примери од антропоморфни цилиндри (1-Gimbutas 1976б, 231, fig. 193; 2-Gimbutas 1976б, 231, fig. 194; 3-Gimbutas 1976б, 230, fig. 191)



Слика 47. Питос со антропоморфна претстава со големина од 92 см. (Gimbutas 1976б, 241, fig. 209)

### 9.2 Антропоморфни садови

Во ова поглавје ќе бидат презентирани неколку фрагменти кои што потекнуваат од населбата кај Анзабегово. Пронајдени се во ист слој со доцнонеолитскиот материјал од населбата на исто место винчанската куќа. Се работи за фрагменти од цилиндричен врат редукционо печени со црна боја. Од сочуваните фрагменти од очите, кај едниот пример се забележува рељефно изведба на веѓите, а кај другиот пример кој што е исто така со црна боја се забележуваат две врежани линии наместо веѓите кои што биле исполнети со бела инкрустрација (сл. 46. 1, 2). На сликата 45 може да се види реконструкцијата на овие предмети која што е изведена врз основа на фрагмент со зачувани лево око, веѓа и дел од носот. Овој фрагмент бил со портокалова боја, добро испечен (сл. 46. 3) (Gimbutas 1976б, 229). И на крајот останува да се каже и за поголемиот питос кој што бил пронајден на овој локалитет. Очите биле претставени со врежување со диаметар од 5 см., под очите се забележуваат две црвено обоени линии. Под цилиндерот на рамото и телото на садот се спуштаат неколку врежани и црно боени линии кои што се спојуваат на крајот во форма на буквата „V" (сл. 47) (Gimbutas 1976б, 240). Доколку ги разгледаме овие фрагменти и реконструкции можеме да забележиме дека се работи за многу слични претстави како оние антропоморфни модели на куќи од средниот (сл. 48). Тоа значи дека култот кон овие предмети ги преживеале промените кои што ги доживеале луѓето во транзиционоиот период од среден во доцен неолит. Тоа не наведува на мислата дека на оваа населба не дошло до населување на ново население туку континуитет на живот со население кое што било автохтоно.

*Модели на куќа*

Во средниот неолит претставата на куќа е доста честа појава (сл. 49). Куќата била претставувана заедно со антропоморфни додатоци, како жртвеник на повеќе нозе итн. Идејата за преставата на куќата не исчезнала ниту во доцниот неолит. Од локалитетот Слатина кај с. Зелениково познати ни се два такви модели. Се работи за четириаголни модели на чија што површина се забележува врежување на цик-цак линии или паралелни линии кои што претставуваат одредена орнаментика. Овие врежани орнаменти најверојатно ја претставуваат надворешната декорација на живеалиштата во неолитскиот период. Кај едниот примерок на горните агли се забележани испакнувања кои што

највероjатно претставуваат имитациjа на гредите кои што се споjувале на овоj дел од куќата. За разлика од среднонеолитските каj овие модели недостасуваат отворите на ќуќата. На горниот дел во средината се наоѓа еден отвор од коj што највероjатно се издигал антропоморфен цилиндар (Garašanin 1979, 210, Т.XXXVII-7, 8). За жал немаме паралела со коjа што би се потврдила оваа претпоставка како би можеле посигурно да тврдиме дека се работи за антропоморфен модел на куќа. Во секоj случаj и овие модели на куќи, иако видно изменети сепак на некоj начин jа продолжуваат среднонеолитската традициjа. Овоj податок е уште еден факт коj што ни зборува за тоа дека луѓето од овие краеви останале верни на традициjата за претставување на овие предмети кои што можеби имаат и култен карактер. Така што овие модели на куќи заедно со антропоморфните садови претставуваат можеби наjдобар индикатор дека луѓето од средниот неолит останале да живеат на истите населби и во доцниот неолит, иако своите антропоморфни претстави само ги прилагодиле на новите културни и уметнички вредности.



Слика 48. Антропоморфен модел на куќа (богинка маjка) (Здравковски 2006, сл. 40)



Слика 49. Модели на куќи (1-Garašanin 1979, T. XXXVII-7; 2-Garašanin 1979, T. XXXVII-8)

### 9.3 Зооморфни фигурини

На локалитетите кои што се дел од овој труд досега се отркриени фрагменти или цели фигурини кои што имаат зооморфни обележја. За жал бројот на овие фигурини е многу мал и не можеме да правиме подетални анализи на материјалот. На локалитетот Страната биле откриени неколку фрагменти од зооморфни фигурини, во постариот слој е откриена глава од козорог (Санев, Стаменова 1989, 21). Во населбата Могила во Сенокос се откриени неколку фраменти од зооморфни фигурини (Т. XVII. 1-6). Најчеста е претставата на бикот, а на овој локлитет е пронајдена и една жабја фигурина (Т. XVII. 1, 2). На овој локалитет исто така била пронајдена и глава од животно направена од белузлав камен (Т. XVII. 3) (Темелкоски, Миткоски 2006, 71, сл. 20). Фрагменти од животински статуетки се откриени и во населбата Кутлине кај с. Ракле, но не може да се утврди нивниот точен изглед и кое животно е претставено (Темелкоски, Миткоски 2008, 103). На локалитетот Ѕунивер во ткн. култен објект пронајдена е глава од бик која што била доста реално обликувана. Била премачкана со фина глинена беложолтеникава маса. На задната страна на главата се гледаат траги од хоризонтална греда на која била закачена оваа глава (Т. XVII. 7) (Јовчевска 2006, 41). И во населбата Барутница биле пронајдени голем број на фрагменти и цели фигурини во сите фази на населбата. Од доцнонеолитската фаза исто така потекнуваат неколку фрагменти од зооморфни фигурини со претстава на свиња, птица и фрагменти од фигури кои што не може да се определат на кое животно припаѓаат

(Т. XVII. 8). Покрај тоа пронајдени се и фрагменти од садови со зооморфни протоми (XVII. 9). (Gimbutas 1976a, 200-241). Од локалитетот Слатина исто така потекнуваат две зооморфни фигурини. Се работи за животно со долг врат, најверојатно птица, но не може со сигурност да се определат на кое животно припаѓаат (Т. XVII. 10, 11). Фрагменти од зооморфни фигурини се пронајдени и на населбата Чука но за жал не се објавени подетални инормации (Китаноски и др. 1978, 28). Од останатите локалитети немаме публикувани зооморфни фигурини. Голем е бројот на држалки со зооморфни апликации на нив, за што беше зборувано во поглавјето за керамичката продукција.

### 9.4 Жртвеници-(култни) масички

Во ова поглавје ќе бидат обработени таканаречените култни масички или жртвеници кои што се среќаваат на поголемиот дел од локалитетите од неолитскиот период во Македонија. Култните масички или жртвениците најчесто се керамички предмети на три или четири нозе кои што во горниот дел може да имаат реципиент со или без антропоморфна или зооморфна претстава. По форма можат да бидат триаголни, овални, четириаголни со различни претстави во горниот дел (Stanković 1983, 7; Здравковски 2006, 76). Фрагменти од овој тип на наоди се откриени речиси на сите доцнонеолитски локалитети во Македонија. Најчесто се откриваат нозете од масичките кои што поради масивната изведба не биле фрагментирани. Според изведбата, овие масички може да бидат поделени на три категории и тоа: зооморфни масички, масички со три нозе и масички со четири нозе.

*Зооморфни жртвеници* – на локалитетот Страната наведено е дека во хоризонтот II се откриени поголем број на фрагменти од овој тип на жртвеници. Наведено е дека жртвениците се со животинско тело, на грбот отворен реципиент и куси нозе, а кај еден примерок е сочуван вратот со глава од овен или козорог (Санев, Стаменова 1989, 23). И на локалитетот Атици е откриен жртвеник за кој што е наведено дека по формата потсеќа на жртвеникот од Страната (Здравковски 2008, 51).

*Жртвеници на три нозе* – од некои фрагменти кои потекнуваат од Барутница е направена реконструкција и тие се дел од овој тип на жртвеници. Кај фрагментите се забележува

орнаментирање со врежувања, паралелни линии, лента исполнета со убоди итн. Според реконструкцијата во горниот дел нема посебен реципиент (Т. XVIII. 1, 2) (Mount-Williams 1976, 153, fig. 107-4,6).

*Жртвеници на четири нозе* – на локалитетот Мала Тумба е откриен жртвеник на четири високи нозе, во горниот дел се наоѓа плиток рецпиент чии што страни се заоблени на внатре (Т. XVIII. 3) (Симоска, Санев 1977, 230). Од населбата Чука кај с. Тополчани потекнуваат неколку фрагменти од овој тип на жртвеници. Таму се откриени четвртасти жртвеници кои што во горниот дел биле моделирани во облик на куќа каде што подолгите страни се пониски, а пократките страни се изведени триаглесто. Долниот дел, нозете се скалесто прифилирани поставени на аглите од жртвеникот (Т. XVIII. 4). Кај другиот жртвеник на рабовите од основата има хоризонтално пластично ребро украсено со вдлабнатинки (Китаноски 1977, 34). Жртвеници во форма на масички на четири нозе се откриени и на населбата Могила кај с. Сенокос, но за жал нема слика од овие наоди (Темелкоски, Миткоски 2006, 68). Фрагменти од овој тип на жртвеници се откриени и во населбата кај Анзабегово. Според реконструкцијата и кај овие жртвеници нема посебно издвоен реципиент, а орнаментите се изведени со врежувања и триаголни убоди (Т. XVIII. 5, 6) (Mount-Williams 1976, 153, fig. 107-4,6). Од населбата Амам потекнува еден жртвеник со квадратна форма и длабок реципиент на горниот дел (Т. XVIII. 7).

*Ритони* – голем број на фрагменти од овој тип на наоди се откриени на локалитетот Мала Тумба. Најчесто се работи за големи масивни нозе кои што во горниот дел се шират. Тоа се фрагменти од ритони на четори нозе и како што е наведено во извештајот, необичен реципиент (Симоска, Санев 1977, 230). На населбата Сенокос откриени се неколку масивни, конусни нозе кои што според истражувачите најверојатно се од ритони (Темелкоски, Миткоски 2006, 68). И во населбата Чука, во најмладиот слој е пронајдена нога за која е наведено дека најверојатно потекнува од жртвеник (Китаноски и др. 1978, 23). Но според изгледот на ногата голема е веројатноста да се работи за фрагмент од ритон (Т. XVIII. 8).

*Останати фрагменти*

Масичка со правоаголен рамен реципиент во средината со поголем кружен отвор е пронајдена на локалитетот Сред Село во с. Могила (Симоска и др. 1979, 27). Во Радин Дол е откриен фрагментиран жртвеник за кој што се претпоставува дека е на три нозе од кој што е зачувана една прстенеста нога со кружен реципиент. Другиот тип на жртвеник од овој локалитет е со четири скалесто профилирани нозе и плиток четвртаст реципиент (Китаноски и др. 1987, 23-24). Од населбата Барутница потекнуваат вкупно 21 фрагмент од жртвеници-масички. Поголемиот број фрагменти се од нозете од жртвениците кои што биле декорирани со врежувања (Mount-Williams 1976, 151).

### 9.5 Накит

Овде би сакал да ги набројам неколкуте објавени предмети кои што се пронајдени на доцнонеолитските локалитети во Македонија и кои што некогаш го краселе изгледот на неолитскиот човек. Со досегашните скромни истражувања на доцнонеолитски локалитети не се откриени голем број на предмети од оваа категорија, или можеби не се публикувани. Познати ни се перли во разни облици, најчесто цилиндрижни на средината продупчени кои што може да бидат направени од керамика, камен или школка (Т. XIX. 1-9) (Gimbutas 1976в, 253; Темелкоски, Миткоски 2008 101). Од локалитетот Градиште кај с. Дебреште потекнува и еден камен амулет (Т. XIX. 10) (Mitkoski 2017, T. I. 7). Пронајдена е и една школка продупчена во горниот дел која што најверојатно била носена како на некое ланче (Т. XIX. 12) (Rujak, 2017, 212). Од населбата Голема Трпеза потекнува најинтересниот наод од оваа категорија. Се работи за плоснаст камен круг со две дупчиња поставени паралелно на краевите (Т. XIX. 12). Во погорниот текст, во поглавјето за фигурините беше забележано дека кај неколку фигурини има претстава на ланче на кое се наоѓа токму таков круг. Овој наод само го потврдува фактот дека овие украси биле мошне често носени, или пак како култ кон сонцето почитувани од човекот во доцниот неолит.

# 10. СТОПАНСТВО И ЕКОНОМИЈА

Главната придобивка на човекот во неолитскиот период е седентаризмот, односно трајно населување на една населба и регија. Тоа се случило благодарение на припитомувањето на животните, интензивното земјоделство и изградбата на трајни живеалишта. За да бидат создадени и одржливи тие три вредности кои ја сочинуваат првата вистинска револуција во историјата на човекот биле измислени, формирани, направени многу помошни алатки кои што му биле од голема помош на човекот за разни дејствија. Најпрво би сакал да напоменам дека најголем дел од помошните алатки на човекот биле направени од дрво, материјал кој што е лесен за обликување и адаптација на потребите, но и материјал кој што за жал не преживеал до денешни дни. Поради тоа што немаме никакви податоци за дрвените алатки од неолитскиот период, можеме слободно да кажеме дека тоа е една од најголемите загуби и недостатоци за археологијата и другите науки кои се занимаваат со изучување на минатото. Несомнено дрвените предмети ги сочинувале најголемиот репертоар од предмети во домаќинството, земјоделието, ловот, архитектурата и многу други стопански гранки. За реконструкција на овие дејности на располагање ги имаме само камените, керамичките и некои земјени артефакти кои што биле еден мал, но сепак значаен сегмент за обавување на секојдневните потреби на човекот. Неолитскиот човек имал голема потреба од дрвја, дури може да се каже дека дрвјата се основната суровина со чија помош функционирале останатите стопански гранки и домаќинствата. Поради слабата истраженост на доцниот неолит и овде сме со ограничени можности да дадеме некоја позначајна студија за литичкиот материјал и другите предмети кои што спаѓаат во оваа категорија. Пред се’ затоа што досега немаме ниедна посериозна анализа на овој тип наоди од доцниот неолит во Македонија. Но како и да е, ќе се обидам да ги презентирам сите сознанија и предмети од доцнонеолитските локалитети во Македонија и да дадам некое првично вреднување на овој материјал.

## 10.1 Орудија од камен

Најважна природна суровина на човекот во неолитскиот период, па и до ден денешен е дрвото. Дрвото човекот го употребувал за градење, за затоплување и печење во

домаќинствата, производство и печење на керамика и други керамички предмети, во секојдневните активности, лов, риболов итн. Токму поради тоа човекот во неолитот во текот на годината, во топлите периоди секојдневно морал да набавува нови количини на дрвја. Но за поефикасно сечење и цепење на дрвјата му биле потребни соодветни алатки. За производство на таквите алатки каменот бил најсоодветен материјал кој што има добра цврстина, а може и да се обликува за разни потреби. Истото се однесува и за обработката на земјиштето, и овде во главно биле користени камени копачи или мотики со кои што се копала земјата. За оваа намена биле користени и дрвени копачи кои што полесно биле користени на влажна земја. За жнеење на житото, сечење на храна и кожа и други слични активности човекот имал потреба од соодветни алатки кои што биле правени од различни видови на камења, таквите орудија најчесто се нарекуваат „кремени" сечила.

### *10.1.1 Технологија на изработка на камените орудија*

Во овој пасус ќе бидат презентирани сознанијата за начинот на кој биле изработени, оформени камените алатки. За жал немаме подетални студии за камените предмети од неолитот во Македонија, па затоа ќе бидат изнесени сознанијата за овој тип на наоди од соседните земји. Постојат повеќе техники за производство на камени алатки и останати предмети кои што биле користени во неолитскиот период.

За изработка на било каков вид на камени алатки неопходни биле помошни алатки со кои што биле правени тие. За изработка, ретуширање, обликување и низа други дејствија неолитскиот човек ги користел каменот, коската, рогот и дрвото (Šarić 2014, 151). Камените предмети од неолитскиот период кои што се наоѓаат на локалитетите својот првичен облик го добивале со удар камен од камен или некој друг тврд предмет со што се добива одбиток. Следниот степен е ретуширање и делкање со што се добивал конечниот изглед на предметот. Овие техники можеле да бидат применети кај камењата кои што при кршењето имаат остар или ткн. облик во вид на школка. Камењата кои што ги немаат овие својства за да го добијат посаканиот изглед неопходно било дополнително да бидат делкани, односно од добиениот полуфабрикат да бидат изделкани мали парчиња. Секирите, теслите и длетата првично биле добивани со откршување на каменот и ретуширање. Делкањето било употребувано за изработка на предмети за полирање, за

фигурини, садови, разни украсни и култни предмети итн. Глачањето на камењата е завршната обработка на предметите. За таа техника неопходно било во текот на целата изработка постојано да се има вода поради тоа што при глачањето испаѓа голема количина на прашина која што постојано требало да се отстранува. Кај една камена секира се забележува и отвор за дршката (Т. XXII. 5). За изработка на овој отвор во секирата потребно е да се има еден вид бушалка која се состои од статична основа и бушалка. Се претпоставува дека за производство на камени алатки неопходно било да се има работилница каде што таквите предмети се произведувале. Во соседна Србија такви работилници се пронајдени на локалитетите Ајман, Збрадили и Селевац (Šarić 2014; Antonović 2003).

### *10.1.2 Камени алатки*

Во ова поглавје ќе бидат обработени камените алатки според типологијата, технологијата на нивно производство, функционална анализа итн. Според извештаите од ископувањата на доцнонеолитските локалитети најзастапени се секирите, длетата и мотиките кои што биле направени од камен. Овие три типови на камени орудија имаат различен изглед, различна технологија на производство и различна намена.

*Секирите*

Секирите од камен биле правени со острење на едната или двете страни со што се добивал остар врв. Овие орудија можат да бидат користени во повеќе намени како на пример за лов, сечење на дрвја, цепење, разни активности во домаќинствата итн. Токму поради тоа тие се еден од најбројните наоди од неолисткиte локалитети. Секирите најчесто се острени од двете страни со што се добиени две еднакво засечени страни со цел да се добие остар централен врв (Т. XXI. 1-6). Другиот тип на секири се острени од едната страна при што е добиено една остра, коса страна, а спротивната страна е заоблена или оставена во природна форма (Т. XX.1-8). По форма можат да бидат правоаголни со еднакви, или приближно еднакви страни на краевите при што горната страна која што не е острена може да има малку заоблена форма (Т. XX. 1, 2, 5-7; Т. XXI. 1-4,6; Т. XXII. 2-4, 7). Многу ретко со трапезоидна форма при што горната страна е сосема мала (Т. XX. 3, 7, 8;

Т. XXI. 75; Т. XXII. 1, 6, 8). Пронајдена е и една секира со дупка во горнит дел во која што била вметната држалката (Т. XXII 5). Секирите странично се плоснати, со тоа што можат да бидат со потенки (Т. XX. 1-8; Т. XXI. 5) или подебели (Т. XXI. 1-4, 6-9) страни во пресек. Димензиите може да бидат различни од 5-6 см. до 12-13 см. најголемите секири. Секири се откриени скоро на сите доцнонеолитски локалитети, а при ископувањата во Анзабегово од страна на американскиот тим забележано е дека во IV фаза, односно доцниот неолит се пронајдени убедливо најголем број на камени алатки што може да се протолкува како зголемена потреба од овие орудија поради зголемената популација во населбата и интензивирање на изработка. За изработка на овој тип на алатки бил потребен цврст камен кој што најчесто се носел од лежиштата од околните планини или реките. За жал немаме подетални анализи и информации за типовите на камен и нивното потекло од кои што биле правени овие алатки. За камените алатки од Мала Тумба е наведено дека се изработувани од гранитни, кварцни и кварцно-епидотски камења кои што се наоѓаат во околните планини (Симоска Санев 1977, 227). Подетална анализа имаме од истражувањата на американскиот тим во Анзабегово. Камените секири од овој локалитет се произведени од ткн. „greenstone (зелен камен)“ во чиј што состав највеќе има серпентинит и јадеит и асбест. Овој тип на камења се среќава на планината Богослов што е околу 15 км. далеку од населбата.

*Длетата*

Во поголем број случаи се слични со секирите со тоа што се далеку помалубројни. Длетата се острени од двете страни и за разлика од секирите имаат помали димензии (Темелкоски, Митковски 2006, 68; Темелкоски, Митковски 2008, 101; Smoor 1976, 177-188). Длета се пронајдени на населбата Странатa (Стаменова, Санев 1989, 21), Атици (Здравковски 2008, 50). Длета биле пронајдени и на Радин Дол, тие биле острени од двете страни (Т. XXIII. 1) (Китановски и др. 1987, 11). Истото се однесува и за длетата од населбата Барутница каде што се пронајдени помали длета кои што биле острени и од двете страни, но и такви каде што само едната страна била острена а другата заоблена (Т. XXIII. 2-4) (Smoor 1976, 177-188). Длетата биле изработувани се од исти камења како и секирите.

*Кремени сечила*

Иако овие предмети се изработувани од различни камења, тие во археологијата се познати под името „кремени“. Овие алатки најчесто немаат многу големи димензии, а по форма се издолжени и остри од двете долги страни. Во повеќето случаи се работи за фрагментирани наоди така што не секогаш ги имаме оригиналните димензии на ножињата. Покрај овој тип на кремени сечила има и сечила со неправилна форма која што била добиена при делкањето на самиот камен.

Кај поголемиот број ископувани доцнонеолитски локалитети забележано е доста мало присуство на кремени алатки. Иако се работи за многу мали истражени површини, сепак и со рекогносцирањата на мал број на населби се пронајдени овие алатки. Исклучок прави населбата Барутница каде што се пронајдени 1736 фрагменти или цели алатки кои што може да се вбројат во оваа категорија на наоди. Кремените ножиња се острени од двете страни и најчесто имаат триаголен пресек. Кај неколку примери се забележува и дополнителен ретуш на едната или двете страни. Ножињата кај кои што е зачуван горниот дел се забележува шилест врв или заоблен но со остар крај (Т. XXIII. 5-8). Пронајдени се и голем број на одбитоци кои што имаат острина и лесно биле прилагодени за употреба. Од населбата кај Анзабегово потекнуваат и многу ткн. перфоратори, стругачи кои што биле острени од едната или двете страни, врвови итн. Кај некои примери се забележува дополнителен ретуш кој што се забележува на крајот од алатката, а кај други примероци острата страна била добиена при самото кршење на каменот (Т. XXIII. 9-12) (Elster 1976, 257-282). На населбата Радин Дол пронајдени се неколку кремени ножиња кои што имаат ретуш од двете страни и имаат триаголен или трапезоиден пресек (Т. XXIII. 5) (Китановски и др. 1987, 11). Кремено ноже е пронајдено и на населбата Комарчани-Бучало, како и други стругалки. И на населбата Могила во с. Сенокос се пронајдени кремени ножиња. Кремени ножиња пронајдени се и на населбата Кутлине кои што имаат триаглест пресек и најчесто се ретуширани од двете страни (Т. XXIII. 13-17) (Темелкоски, Митковски 2006, 68; Темелкоски, Миткоски 2008, 101; Mitkoski 2017, 136). Иако не припаѓа на овој тип на наоди сепак мислам дека можеме овде да го наброиме и врвот од стрела кој што бил изработен од камен од локалитетот Мало Саранлија (Т. XXIII. 18)

### *10.1.3 Орудија од коска*

Дека неолитскиот човек знаел и умеел да ги искористи сите природни ресурси и предмети околу него ни сведочат и предметите од коска. За изработка на алатки од коски биле избирани најцврстите делови од животинските коски кои што би можеле да издржат појак или послаб притисок за извршување на различни активности, како обработка на дрвото, керамиката, каменот, кожата, лов и риболов итн. Од локалитетите кои што се дел од овој труд најголем број на коскени предмети се шилата и спатулите. Произведувани се најчесто од коските од нозете кај животните со тоа што горниот дел кај зглобот е задебелен, а долниот бил обработуван во вид на шилка или пак елипсовидно изведуван од пошироки коски (Т. XXIV. 1-4) (Симоска, Санев 1977, 227; Smoor 1976, 191-197; Темелкоски, Миткоски 2006, 68; Китаноски и др. 1987, 14). Од населбата Устие на Дрим потекнуваат и неколку коскени јадици (харпуни) кои што му служеле на човекот за ловење на риба. Се работи за добро обработени камени орудија на кои се забележуваат две, три или четири назабувања (Т. XXIV. 5, 6) (Benac 2008, 21). На населбата Устие на Дрим и Могила кај с. Сенокос пронајдени се секири/чекани од коска. Се работи за долги и масивни предмети кои што биле или шилести или тапи на едната страна, а на другата се забележуваат дупчиња во кои што може да се стави дрвена држалка (Т. XXIV. 7-9) (Benac 2008, 21; Темелкоски, Миткоски 2006, 68).

### 10.2 Останати предмети

За обавување на други активности во домаќинствата како на пример ткаење, плетење, производство на ортоми и слично, исто така биле потребни посебни алатки кои што биле правени од земја, фрагменти од керамика или коска кои што се дел од орудијата познати од неолитскиот период. Поради малиот фонд на публикувани предмети нема да бидат третирани посебно туку ќе бидат обработени овде сите заедно.

Најпрво би сакал да ги презентирам теговите кои што најчесто се изработувани од земја. Во неколку населби се пронајдени конусни, плоснати и топкалести тегови кои што може да бидат хоризонтално или вертикално продупчени (Гарашанин, Спасовска 1976, 108; Темелкоски, Миткоски 2006, 68; Китаноски и др. 1978, 23). Овој тип на предмети

биле користени за повеќе намени. Според нивниот изглед и функционалната намена може да се претпостави дека служеле како висечки тегови на разбојот за ткаење, или пак биле врзувани на мрежите за риболов.

Најбројни орудија се плоснатите кружни плочки кои што биле изработувани од земја или од камен. Тие може да бидат целосни, со лажно дупче или со дупче во средината, како и украсувани со врежани орнаменти (Т. XXV. 1, 3-5) (Китаноски и др. 1987, 13-14; Китаноски и др. 1978, 23; Санев, Стаменова 1989, 21; Темелкоски, Миткоски 2006, 68). Овие предмети најверојатно имале повеќе функции. Биле користени како висечки тегови за разни активности, практични се за површинска обработка на керамичките садови, изработка на ортоми итн.

Доста често се среќаваат и орудија произведувани од фрагменти од керамички садови. Тие најчесто се со кружна форма и на средината се продупчени (Т. XXV. 2, 6) (Темелкоски, Миткоски 2008, 101; Темелкоски, Миткоски 2006, 68; Симоска, Санев 1977, 227; Китаноски и др. 1987, 11). Се работи за секундарна употреба на керамиката, а самите предмети имале слична функција како и претходните плочки.

Едни од најинтересните предмети кои што може да се вбројат во категоријата на оружје се јајцевидните кугли за праќа. Се работи за кугли со кружен пресек и може да имаат и биконусен изглед чии што краеви се остри (Т. XXV. 7-8) (Китаноски и др. 1987, 14; Темелкоски, Миткоски 2006, 68; Санев 1977, 227). Овие предмети биле користени за праќа која што претставува еден вид оружје што служело за лов или за борба помеѓу самите луѓе.

На неколку локалитети се пронајдени и керамички предемти кои што според својот изглед потсетуваат на макари со проширени и зарамнети краеви (Т. XXV. 9) (Китаноски и др. 1987, 14)

Од некои локалитети потекнуваат и неколку пинтадери кои што имаат држалка и ромбоидно, проширено стапало или пак форма на ваљак со назабени испапчувања (Темелкоски, Миткоски 2006, 68; Симоска, Гарашанин 1976, 105; Санев 1977, 227). Овие предмети според својот изглед потсеќаат на печати, поради тоа може да се претпостави дека служеле за обележување на одредени работи.

На локалитетот Атици пронајдени се камени мелници,  како и авани од камен кои што имаат овална форма и вдлабнување на средината и кои што служеле за обработка на житото (Здравковски 2008, 50).

Тоа се неколкуте основни типови на орудија кои што биле пронајдени на доцнонеолитските локалитети. Може да се забележи дека функционално тие служеле како помошни средства за обавување на разни активности поврзани со лов, риболов, производство на облека, за обработка на земјоделските производи, во домаќинствата итн. Според начинот на кој биле изработувани и според материјалот се забележува дека во главно се застапени глинените предмети кои што се полесни за обработка, но и камените кои што пак имаат подолг век на живот.

### 10. 3 Сточарство и лов

Една од основните придобивки на неолитскиот период е доместификацијата на животните. Постојаното присуство на животни до човекот му овозможил и градење на постојано место на живеење, помирен живот и добивање на помошни алатки од секундарната употреба на коските и кожата од животните. Но и покрај тоа што човекот ги имал животните покрај себе потребата за лов се уште постоела. Па можеме да претпоставиме дека ловот и риболовот биле една од основните гранки и „занимања“ кај неолитскиот човек. Но и овде ќе мора да се каже дека за жал немаме посериозни анализи на коскените остатоци од скромните доцнонеолитски локалитети. Од доцниот неолит само кај два локалитети се вршени анализи на коскениот материјал, тоа се населбите Страната и Барутница.

Во скромните ископувања на населбата кај Ангелци откриени се мал број на животински коски кои што биле анализирани, така што не се доволни за да може да се зборува за разојот на сточарството во оваа населба. Процентуалната застапеност на животните од овој локалитет зборува за тоа дека најзастапени се овцата/козата 43.60% од кои што 9% се од млади животни, потоа следува говедото со 38.90% со 3% од млади говеда, на трето место е свињата со 16.7% од кои што 36.70% се од млади животни и на крај кучето со 0.8% (Санев, Стаменова 1989, 16; Ивковска 2009, 98).

Втората населба од која што имаме подетални анализи и поголем број на испитани примероци е населбата кај Анзабегово. Во оваа населба се пронајдени остатоци од питоми и диви животни со што далеку позастапени се питомите животни со 96.18% наспроти дивите со 1.87%. Што се однесува пак до бројката на застапеност, од анализираните 2950 примероци од домашни0 животни, овцата/козата е на прво место со 2067 примероци или 67.40% (161 индивидуа-59.85%), на второ место е говедото со 496 или 16.17% (48-17.84%), на третото е свињата со 351 или 11.44% (32-11.90%) и последно е кучето со 36 или 1.17% (7-2.60%). Што се однесува пак до старосната граница на анализираните примероци од оваа населба се забележува дека најголем дел припаѓаат на возрасни животни, кај кучето-89.48%, козата-79.31%, говедото-58.33%, овцата-51.49 и на крајот свињата со 12.56% застапеност. Изнесените примероци не се однесуваат само за доцниот неолит тука за сите фази од населбата. Интересно е тоа што кај свињата и овцата се забележува дека доста голем процент од коските се од млади животни, свињата со 85.12% (juvenile/subadult) и овцата со 47.43% (juvenile/subadult). Кај дивите животни ситуацијата е поразлична. Од доцнонеолитскиот слој на оваа населба се анализирани 118 примероци на диви животни од кои што најзастапени се остатоците од желка со 60 примероци, бик (aurochs) 22 и црвениот елен со 21 примерок (Bökönyi, 1976, 317,318,325; Ивковска 101-102).

Од сето погоре презентирано за животинските остатоци од доцниот неолит во населбите Страната и Барутница можеме да забележиме неколку значајни моменти иако се работи за многу оскудни информации. Доколку се разгледаат бројките и процентите на застапеност се забележува дека овцата/козата се најзастапени животни и во двете населби а на второ место е говедото. Тоа ни кажува дека голем дел од економијата кај човекот во неолитскиот човек воопшто се сведувала на сточарство и одгледување на овие животни. Тоа се животни кои што бараат постојано да бидат надвор на пасиштата, а во исто време и имаат потреба од сол во исхраната. Тоа е значајно поради проблематиката со солта која што беше разработена во едно од претходните поглавја. Овие животни бараат постојано внимание околу нив и кога се на пасиштата но и кога се во трлата, што подразбира собирање и складирање на резерви на храна за во ладните периоди. Од тоа можеме да претпоставиме дека сепак можеби постоело на некој начин посебно занимање-сточар чии што обврски биле поразлични од замјоделецот или занаетчијата. Друг интересен податок кој што можеме да го извлечеме од постоечките информации за старосната граница на

животните е тоа што најмладите коски се од свиња. Тоа ни говори дека свињите пред се' биле чувани за исхрана и биле убивани додека била помлади, кога и месото од нив е поквалитетно. За разлика од нив останатите животни како што се овцата, козата и говедото биле чувани подолго поради производите кои што се користеле од нив. Овде на прво место би било млекото од кое што најверојатно биле изработувани и млечни производи, а секако и волната. Тоа би биле неколку основни податоци кои што би можеле да се извлечат од постоечките инормации за домашните животни во доцниот неолит. Дивите животни се со далеку помал број, но и тоа сепак доволно ни зборува за тоа дека човекот во неолитскиот период ги ловел сите животни доколку бил во можност што ни зборува за тоа дека имал развиено доста начини и оружја за лов.

# 11. ПРЕМИН ОД НЕОЛИТ ВО ЕНЕОЛИТ ВО МАКЕДОНИЈА

Доколку преодот од среден во доцен неолит во Македонија беше проследен со големи промени во материјалната култура, населувањето и економијата на населението, преминот во енеолит е карактеризиран со подрастични и поголеми културни промени, раздвижувања, промени во населувањето, значајни промени во стопанството и економијата итн. Не сите региони во Македонија имаат едновремен прекин на доцниот неолит и почеток на енеолитот, се забележува разлика во посебни регии поради различните комуникации и влијанија од соседните региони. Во продолжение најпрво накратко ќе бидат презетирани основните податоци за оваа проблематика од соседните региони, за потоа да бидат обработени и локалитетите од Македонија со цел да бидат прецизно синхронизирани и вметнати во сликата за оваа проблематика на територијата на поширокиот балкански полуостров.

Енеолитскиот период или бакарното доба или халколитот, во наједноставна дефиниција го претставува периодот кога започнало производството и обработката на бакарната руда. Но таквата дефиниција се противречи со периодизацијата и културите на некои делови на Балканот. Забележано е дека бакарни предмети, најчесто накит или мали перли се појавуваат уште во неолитскиот период, особено во доцниот неолит (Garašanin 1979, 204; Jovanović 1979, 33; Јовановић 1989, 47-48; Тасић 1998, 92-94; Borić 2009). На територијата

на Србија такви појави се регистрирани на локалитетите Гомолава, Беловода, Рудна Глава, Петница, Бело Брдо кај Винча, Плочник и др. кои што се датирани во градачката фаза на винчанската култура или последните фази на Винча Б или Ц фазата. Според апсолутните датации тоа спаѓа во периодот од околу 5000 год. п.н.е. до 4600 год. п.н.е. (сл. 5) (Borić 2009, 237-238; Radivojević, Rehren 2015; Radivojević et. al. 2775-2787). Појавата на бакар во доцниот неолит не означува почеток на енеолитскиот период поради тоа што во начинот на живот, економијата, материјалната култура, изведбата на фигурините итн. не доаѓа до никакви промени (Тасић 1998, 92-94; Tasič 1979; Tasić 1995; Гарашанин 1973; Garašanin 1979). Некои автори во поново време помладата фаза на винчанската култура ја определуваат како ран енеолит затоа што дошло до употреба на бакарот и развој на најраната металургија, било развиено рударството, а со тоа дошло и до значајни социјални и економски промени (Bulatović 2016, 4. после: Jovanović 1979, 1990, 2009; Kapuran 2014; Perić 2006). Со досегашните истражувања на винчанската култура на територијата на централен Балкан нема доволно елементи кои што би го определиле новиот период, енеолитот. Населбите, материјалната култура и останатите сегменти во животот на човекот говорат за континуитет на населбите од винчанската култура. Со откривањето на неколку населби во источна Србија и Бугарија, како што се Рудна Глава и Ај Бунар, како и некрополата кај Варна, била надополнета сликата за најраните металуршки и рударски активности на овој дел од Европа (Garašanin 1979, 204; Jovanović 1979, 36; Јовановић 1989, 48; Тодорова 1993, 65; Borić 2009).

Почетокот на енеолитскиот период на територијата на централниот Балкан се поврзува со појавата на Бубањско-Хумска културна група (Гарашанин 1973) или културниот комплекс Бубањ-Салкуца-Криводол кој што се простира на една поголема територија на централниот и источниот Балкан (Garašanin 1979, 203-205; Tasić 1979, 87-114; Tasić 1995, 28-35). Со појавата на оваа културна група на централниот Балкан започнал крајот на винчанската култура која што во различни региони се задржала подолго или пократко. Најпрво би се задржале накратко за времето на почетокот на БСК комплексот. Според релативната хронологија изнесена од неколку научници почетокот на Бубањ-Хум I се надоврзува директно на Винча-Плочник I, што е докажано со недостатокот на Винча-Плочник II фазата на некои локалитети. Секако дека тоа не се однесува за целиот регион во кој што е застапена винчанската култура туку за регионот јужно од Сава и Дунав, во

главно на територијата на денешна централна Србија. Со најновите истражувања и датирања поврзани со оваа проблематика веќе се добиени прецизни датации за крајот на неолитот и почетокот на енеолитот во Србија (Borić 2009; Borić 2015; Tasić et. al. 2016; Whittle et. al. 2016). Според апсолутните датации направени на неколку локалитети се забележува дека Винча-Плочник или Винча D завршува околу 4500-4400 год. п.н.е., време во кое што дошло до згаснување на моќната доцнонеолитска култура, биле напуштени многу населби, луѓето започнале со населување на повисоки недостапни места итн (сл. 5). Во следните векови, од 4400 до 3800 год. п.н.е. на оваа територија доаѓа до појава и развој на Бубањ-Салкуца-Криводол културата (Bulatović 2016, 4. со цит. лит.; Borić 2009; Borić 2015; Tasić et. al. 2016; Whittle et. al. 2016; Милановић 2016). Од археолошкиот материјал покрај појавата на бакарот и металургијата, се забележува појава на ткн. бубањски кантарос, чинии со задебелен обод, садови со канелури на внатрешноста на садот, crusted сликање, појавата на графитното сликање итн. (Гарашанин 1973, 201; Tasić 1979, 112; Tasić 1995).

Овде би сакал да изнесам некои нови истражувања кои што се однесуваат на населбите од доцниот неолит и раниот енеолит на оваа територија. Во раниот енеолит населбите се значајно помали од доцнонеолитските и краткотрајни што сугерира на популационен пад на населението. Исто така забележано е дека во раниот енеолит доаѓа до напуштање на многу населби и населување на региони и позиции кои што во доцниот неолит биле потполно ненаселени, и на места подобри за сточарство отколку за земјоделие. Од раниот енеолит на централниот Балкан досега се познати 23 населби кои што имаат различна големина (Милановић 2016, 226, 276-279, 287-288; Bulatović 2016, 7-8). Кај многу населби од доцниот неолит при ископувањата се пронајдени целосно спалени хоризонти, одредени делови од населбата или само поедини објекти. Таква ситуација е забележана на 21 локалитет, со тоа што најголем дел од нив се датирани во Винча C1-D2 фазата (Милановић 2016, 274-275). Појавата на спалени хоризонти, ново населени териротии и населби на нови позиции било протолкувано како резултат од упад на ново население, носители на нова култура (Гарашанин 1973, 125; Garašanin 1979; Srejović 1988, 17-18; Tasić 1995; Jovanović 1995, 51-54; Ристић Опатић 2005, 96). Без разлика на тоа што спалени куќи има и во постарите хоризонти на винчанската култура (Borić 2015; Tasić et. al. 2016; Трипковић 2007; Трипковић 2013), тие не ги негираат фактите кои што доволно

говорат за тоа дека дошло до значајни промени и случувања во тој период кои оставиле значајни демографски и културни промени. Во погорниот текст беа презентирани неколку теории за спалувањето на живеалиштата во неолитскиот период. Постојат различни мислења дека некои објекти биле палени случајно, намерно поради култни потреби, од напади итн. Како и да е, спалените хоризонти, напуштањето на населбите, населувањето на повисоки позиции кои што често биле оградени дополнително се дел од фактите кои што ни говорат за немирни времиња и раздвижувања.

Од друга страна пак предложени се неколку модели за друштвените и социјалните промени во првата половина од 5 мил. п.н.е. и крајот на винчанската култура. Предложени се многу модели кои што се однесуваат на оваа проблематика кои што во главно се занимаваат со новите ресурси и технолошките иновации. Таквите новости според голем број автори се користењето на животните како влечна сила при обработка на земјата и транспорт, употреба на млекото и млечните производи, волната, користењето на секундарните производи, друштвените промени, демографијата, промената на материјалната култура итн. (Borić 2015, 190-195; Greenfield 2010; Tringham 1992, 134-144; Chapman 1982, 110-116; и др.). И покрај тоа што овие модели во поново време се повеќе се развиваат и употребуваат сепак многу од горенаведените намирници биле познати на човекот и во претходниот период на неолитот, а многу од моделите се изнесени само преку субјективни размилсувања и теории. Одговорот за промените кои што се случине на поширокиот балкански полуостров треба широко да се анализира, да се разгледуваат и комбинираат постарите и поновите теории, а не со отфрлање на старите модели и ограничување само на теориски размислувања (што многу често си противречат) кои што произлегуваат од процесната и постпроцесната археологија, само на тој начин може да се дојде до што посоодветно и поадекватно решение и разбирање на многу проблеми. Фактот дека се населуваат и оградуваат населби на повисоки предели зборува за одреден вид на заштита, дали од животни или луѓе, исто така не можеме да разјасниме со сигурност. Најверојатно голем дел од технолошките иновации и употребата на ткн. секундарни производи од овој период и извесно раздвижување во одредени предели ги променило доцнонеолитските навики и услови на живот. Тоа резултирало со постепено напуштање на старата материјална култура и појава на нови манифестации во керамиката, фигурините

чиј што број се намалува, како и со конечно напуштање на населбите и населување на нови позиции.

На теритријата на Бугарија енеолитот започнува нешто порано поради тоа што оваа територија е директно поврзана со новите културни влијанија кои што продираат низ Дунав и Тракија кон внатрешноста на Балканот, но и со јужниот дел на Балканот. Во Тракија и североисточниот дел на Бугарија се забележуваат голем број повеќеслојни населби, меѓу кои голем број на могили кои што биле формирани во енеолитот, а многу мал број имаат континуитет од постарите времиња (Тодорова 1986, 26-27). Крајот на неолитскиот период на територијата на Бугарија е означен со појавата на бакарни орудија кои што се пронајдени во најраните фази од Дикилиташ-Слатино, Градешница, Винча С, и во покасните фази на Димини и Хомандција (Тодорова 1993, 65; Чохаджиев 2007, 147). Што се однесува пак до потеклото на енеолитската култура, за поголемиот дел од територијата на Бугарија наведено е дека се работи за автохтон развој на населението од доцниот неолит. На почетокот на енеолитот се забележуваат извесни раздвижувања, како и населувања на нови позиции на повисоки предели (Тодорова 1986, 221; Тодорова 1993; Чохаджиев 2007, 145-147). Таков континуиран развој особено е забележан на територијата по р. Струма. Енеолитскиот период во југозападна Бугарија е поделен на три фази (Чохаджиев 2001, 444-445; Чохаджиев 2007, 147). За нас најважна е првата фаза која што претставува почеток на енеолитскиот период. Забележано е дека во оваа прва фаза голем број од населбите ја задржуваат топографијата од доцнонеолитските населби кои се населени на леснодостапни тераси. По течението на Струма досега се регистрирани 52 населби од раниот енеолит, а ископувања се вршени на 11 локалитети (Чохаджиев 2007, 55). Овде би сакал да изнесам неколку забелешки за графитната керамика како една од основните новини во материјалната култура која што се јавува на почетокот на енеолитскиот период на Балканот. Појавата на графитно сликање на површината на садовите е забележано уште во времето на преминот од ран во доцен неолит во југозападна Бугарија, што е регистрирано кај Сепарева Бања и Марчин (Перничева 2002, 41; Вандова 2004, 118-119). Со истражувањата на Сепарева Бања, Ситагри I, Б'лгарчево, Марчин, Петрово и други локалитети од Акропотамос-Тополница културата, локалитети кои се наоѓаат по долината на р. Струма, забележано е дека графитното сликање е доста застапено во доцниот неолит или Промахон-Тополница II фаза. Таквата појава е

забележана на Black-topped и керамиката сликана со црна боја каде што графитот бил употребуван заедно со овие техники на орнаментирање или како дел од ангобата на садовите (Чохаджиев 2007, 99-100; Vajsov 2007, 98; Вандова 2004, 115-121; Bonga 2013, 197). Таквите орнаменти се забележуваат на разни типови на чинии и купи, а се забележува комбинација на други орнаментални техники со графит сликањето (Вандова 2004, 116-118). Според апсолутните датации овие појави можат да се сместат во 51 век п.н.е. (Чохаджиев 2007; Vajsov 2007; Вандова 2004; Bonga 2013). Овој значаен податок за појавата на графитот во доцниот неолит по долината на Струма е многу значаен и за доцнонеолитските локалитети во Струмичката котлина. Имено, при ископувањата на локалитетот Страната, иако скромни по површина за разлика од соседните од Бугарија, пронајдени се фрагменти со графитно сликање, како и еден сликан фрагмент од ткн. Акропотамос стил на керамика (Санев, Стаменова 1989,22; Rujak 2017, 212). Ова е уште еден податок кој што ги потврдува цврстите културни врски помеѓу населбите од југоисточна Македонија и р. Струма и можеби најрана појава на графитна керамика во Македонија. Ова се добри, провокативни информации за идни истражувања на оваа проблематика. Од ова произлегува дека преминот од доцен неолит во енеолит на територијата на Струма настапува доста порано во споредба со населбите од северните краишта кои што во тоа живеат според доцноенолитските културни, економски и социјални критериуми.

На територијата на Грција имаме сосема различна слика и хронологија која што се однесува на доцниот неолит. Таму првите метални-бакарни предмети се појавуваат во 4-тата фаза на доцниот неолит на локалитетот Дикили Таш и Парадеисос. Но и покрај тоа забележано е дека таквите предмети се ретка појава во доцниот неолит во Грција (Demoule, Perles 1993, 394-395). Предмети од бакар се пронајдени и на локалитетите Макриалос (II) кој што хронолошки спаѓа во Ib фаза од доцниот неолит (Bonga 2013,18-19). Што се однесува до хронологијата во Грчкиот неолит за V мил. п.н.е. имаме сосема различна хронологија за разлика од Македонија, Бугарија и Србија. За V мил. п.н.е., според хронологијата на повеќе археолози од Грција предложени се следните фази од доцниот неолит: според Перлес фазата 4 од доцниот неолит започнува во периодот околу 4800 год. п.н.е. (Perles, Demoule 1993, 387, fig. 2). Според Сампсон Iб фазата од доцниот неолит спаѓа во периодот од 4800 до 4300 год. п.н.е. (класично Димини или Арапи, Оцаки

фазите) (Bonga 2013, 27. после Sampson 1993). Колеман го поделил доцниот неолит на две фази, доцен неолит I и доцен неолит II. Втората фаза според него е во периодот од 4300 до 3700/3500 год. п.н.е. (сл. 9) (Coleman 1992, 259-264, fig. 4). Според некои автори доцниот неолит е поделен на доцен неолит (late neolithic) кој што спаѓа во периодот од 5400/5300-4700/4500 и финален неолит (final neolithic) во периодот од 4700/4500-3300/3100 год. п.н.е. (Andreou et al. 1996, 538, tab. 1). Може да се забележи дека кај сите предложени периодизации околу 4800 год. п.н.е. завршува постарата фаза. Во тој период доаѓа до транзиција на постарите и помладите фази од доцниот неолит. Таквиот транзиционен период е добро документиран во грчкиот дел на Македонија каде што не се забележани некои драстични промени во материјалната култура како што е случајот со Тесалија, централна и јужна Грција. При тоа алудирајќи на „Black-on-red" и графитната керамика кои што продолжуваат со употреба и во следната фаза на финалниот неолит. Таквите промени, покрај другите фактори биле предизвикани и од промени и реорганизација на мрежата на размена (Bonga 2013, 27; Perles, Demoule 1993). Веќе погоре беше презентирана појавата и развитокот на графитното сликање и кај локалитетите од југозападна Бугарија и кај некои локалитети од Грција. Оваа керамика се појавува кон крајот на Ib доцнонеолитската фаза и тоа е најдобриот показател за транзицијата од доцен (late Ib) неолит во финален (final) неолит според хронологијата за северна Грција или раноенеолитската Дикили Таш-Слатино култура, Промахион-Тополница IV, Винча C1, Градешница А-Марица I итн. (Bonga 2013, 195. после: Vajsov 2004, 102, 105; Evans 1986, 404; Demoule 1991).

Ова се основните информации за промените во матетијалната култура, населбите и хронологијата кои се случиле во првата половина на 5 мил. п.н.е. во соседните територии. Може да се забележи дека насекаде е регистрирано постепено напуштање на старите населби и населување на нови повисоки позиции. Двете најголеми промени што се однесува на материјалната култура, а кои што оставиле длабоки траги во уметноста, технологијата, економијата и социјалото уредување се појавата на графитниот орнамент и пред се' металургијата. Најстарите металургиски центри, како на Балканот така и во Европа се наоѓаат на централниот дел на Балканот, Рудна Глава во Србија и Ај Бунар во Тракија. Токму поради таквата рана експлоатација и обработка на рудата од тие рудници овој регион е наречен од Н. Черних „Балканско-Карпатска металуршка провинција" што ја

означува најстарата обработка и добивка на метал во историјата (Тодорова 1993, 65). Со најновите истражувања на Белавода во Србија забележано е дека топењето на рудата на овој локалитет било познато во времето околу 5000 год. п.н.е. Што само ги потврдува претходните тези дека на оваа територија се јавуваат најстарите металуршки знаења (Radivojević, Rehren 2015; Radivojević et. al. 2775-2787). Интересен е и податокот кој што произлегол од анализа на 17 предмети од Плочник. Забележано е дека тие предмети биле изработувани од руда која потекнува пет различни геолошки лежишта од територијата на Бугарија, Македонија и источна Србија (Pernicka et. al. 1997, 93-94; Radivojević 2010). Паралелно со тие иновации на север, на територијата на р. Струма се појавува графитното сликање. Тоа се две новости, иновации, кои што го определуваат крајот на неолитскиот период и почетокот на енеолитскиот период гледано во пошироки рамки на целиот Балкан. Хронолошки гледано, иако тоа се поклопува кај сите локалитети од оваа поголема регија, сепак според различните периодизации, како и развојот на поедини култури се забележува дека на централниот Балкан продолжува доцниот неолит и винчанската култура со своите последни две фази, На територијата на поголемиот дел од Бугарија настапува енеолитскиот период, додека пак на територијата на јужниот Балкан во тој период почнува втората фаза од доцниот неолит според повеќе автори.

Во продолжение ќе бидат презентирани сознанијата за премин од неолит во енеолит на територијата на Македонија. И овде како и во погорните поглавја посебно ќе бидат обработени источна и западна Макеоднија.

### 11.1 Источна Македонија

Доцнонеолитскиот период на територијата на источна Македонија е сосема краток и го претставува последниот период во праисторијата во кој што луѓето живееле во рамниците, се занимавале со земјоделство и сточарство и најверојатно живееле без посериозни насилства и војни. Стратиграфијата на доцнонеолитските локалитети од оваа регија ни зборува за тоа дека тоа се краткотрајни населби, со еден или два хоризонти на живот. По замирањето на тие населби биле воспоставени нови културни и економски вредности кои го одбележуваат почетокот на енеолитскиот период во оваа регија. Во поново време со истражувањата на неколку локалитети се добија значајни податоци за

почетокот на енеолитот во источна Макеоднија, но со тоа се отворија и многу нови прашања кои се однесуваат за причините поради кои се случиле тие промени, од каде дошле новите влијанија итн. За среќа имаме неколку локалитети кои што многу речито ни зборуваат за почетокот на овој период. Со најновите датирања на доцнонеолитски и енеолитски локалитети од територијата на овој дел од Балканот добивме значајни сознанија за почетокот на овој период. Поради тоа мислам дека значајно е олесната задачата за прецизно датирање на крајот на неолитот и почетокот на енеолитскиот период на оваа територија.

Доста речита ситуација за оваа проблематика имаме во скопската котлина каде што со најновите истражувања на населбата кај Орловица с. Ракотинци се откри таква речита ситуација која што може да се примени како модел за овој транзиционен период во источна Македонија. Имено, на оваа локација беа откриени две населби, едната во долината на речната тераса која што потекнува од доцниот неолит, а другата над неа, на доминантна позиција од енеолитскиот период. Материјалот од овие два локалитети несомнено покажува на извесен континуитет од доцниот неолит и раниот енеолит. Населбата од долната населба именувана како Орловица I временски одговара на доцнонеолитската група од Скопско, Зелениково II. По напуштањето на оваа населба луѓето ја населиле горната, доминантна површина на која ја основале новата населба. Наодите од помладата населба Орловица II потекнуваат од раниот енеолитски период, а свои најблиски аналогии имаат со населбата Скопско Кале (Митревски, 2013,139; Mitrevski 2017, 89).



Слика 50. Различни аскоси од Орловица 2 (Mitrevski 2017, fig. 16)



Слика 51. Модели на печка од Орловица 2 (Mitrevski 2017, fig. 17)

Со ископувањата на оваа населба беше откриен објект кој што служел за некакви култни дејствија, судејќи според наодите внатре. Пронајдени се голем број на поголеми или поголеми аскоси, од кои што некои имаат и мали нозе (сл. 50), мали модели на печки (сл. 51), фрагменти од фигурини и мал број на керамички садови (сл. 52). Дека овој објект најверојатно служел за култни дејствија, или пак само еден дел од објектот имал култен карактер најдобро ни говори откриениот тотем. Овој тотем беше откриен на местото каде што се појави структура-алтар покрај северниот ѕид. Се работи за голем тотем со цилиндрична форма на кој се изведено овални полутопчиња со дупчиња на средината. На горниот дел се забележуваат пет врежувања во форма на буквата „V“ (сл. 53). Наодите од овој еднослоен локалитет доволно речито зборуваат за почетокот на енеолитскиот период

во Скопско (Mitrevski 2017, 89). Населбите Орловица I и II се најдобар пример за транзициониот период во Скопско, па и пошироко.



Слика 52. Најчести форми на садови од Орловица 2 (Mitrevski 2017, fig. 15-4, 10)



Слика 53. Тотемот од Орловица 2 (Mitrevski 2017, 93, fig. 14)

Вториот значаен локалитет кој што е датиран во раниот енеолит е Скопско Кале. Со систематските ископувања на овој локалитет регистрирана е енеолитска населба од која се откриени голем број на движни и недвижни предмети. Керамичкиот материјал од енеолитскиот период од Скопско Кале во себе содржи многу елементи кои што своите корења ги имаат во доцниот неолит. Такви се врежувањата, канелурите, „black topped“ керамиката, специфични држалки итн. Но покрај тоа се среќаваат и садови типични за енеолитскиот период како што се специфичните кантароси, графитот, плитки отворени чинии со држалка под ободот, садови на висока нога, амфори итн. (сл. 54). Истото се

однесува и на изведбата на фигурините и на други култни предмети. Населбата на Скопско Кале најверојатно била оформена од населението кое што живеело на доцнонеолитските населби во Скопската котлина (Mitrevski 2017, 84). Според ова може да се забележи дека почетокот на енеолитскиот период во Скопско го одбележале во главно напуштањето на доцнонеолтиските населби и населувањето на повисоки позиции, погодни пред се за сточарство. Овој модел ќе се обидам да го применам и кај останатите населби од источниот дел на Македонија. Од источниот дел на Македонија имаме уште неколку населби кои што спаѓаат во рано енеолитскиот период и кои што имаат таква материјална култура која што ни овозможува да ги позиционираме во одредена културна и хронолошка рамка, како и да ги поврземе со соседните културни групи.



Слика 54. Разновидни керамички садови од Скопско Кале (Mitrevski 2017, fig. 5)

Во погорниот текст беше објаснета појавата и развојот на графитното сликање на керамиката кое што се зема како една од главните иновации на енеолитскиот период. Со досегашните истражувања пронајдени се неколку енеолитски населби кои што се датирани во раниот енеолит во источна Македонија. Такви се локалитетите Пилаво кај с. Бурилчево, св. Атанас кај с. Спанчево, Градиште кај с. Град и Цареви Кули во Струмица. Заедничко за сите тие локалитети е тоа што се позиционирани на високи, тешко достапни позиции, како и материјалната култура во која што се забележуваат доцнонеолитски елементи. Со ископувањата на локалитетот Пилаво пронајдени се голем број на движни наоди кои што помогнале за попрецизно определување на овој локалитет. Од досегашните

публикувани резултати може да се забележи дека извесни елементи биле задржани од доцниот неолит како што се врежувањата, пунктирање, канелирање и др. Новина и овде е појавата на графитното сликање кое било вршено врз различни типови на садови како што се садови со мал отвор, тесен цилиндричен врат со нагласен стомак на кој се забележуваат мали брадавичести држалки, биконусни садови со држалки кои што почнуваат на ободот и завршуваат на стомакот на садот, кантаровидни садови, пехари на нозе, плитки чинии итн. Мотивите кои што се насликани на садовите нудат богат репертоар на форми кои што биле насликани од надворешната, внатрешната или од двете страни. Како главни мотиви се среќаваат тенки или подебели линии паралелно поставени во разни насоки, триаголници исполнети до линии, полукружни и кружни мотиви, разни криви линии итн. (сл. 55) (Колиштркоска Настева, Карпузова 2005, 57-64). Керамичкиот материјал и насликаните графитни мотиви на него свои паралели има кај населбите од долината на р. Струма. Таква кермаика се среќава во раните фази на енеолитскиот период на оваа територија (Чохаджиев 2007, 265-269, обр. 75-79; Vajsov 2007, 101, fig. 13; Bonga 2013, fig. 59-60).



Слика 55. Дел од керамичкиот материјал од Пилаво (Колиштркоска Настева, Карпузова 2005, Т. I-2; Т. II-1; Т. V-2)

Идентична материјална култура е пронајдена и на локалитетот Св. Атанас каде што е пронајден керамички материјал со врежување, графитно сликање, сликање со кафеава боја итн. Покрај тоа откриени се такви ситуации и култни предмети кои што говорат дека ова

место било користено како светилиште во енеолитскиот период. Според карактеристиките на движните наоди, типолошки врски се пронајдени со Промахион IIIA, Марица, Слатино-Дикили Таш, Промахион IV или како дел од комплексот Градешница-Слатино-Дикил Таш (Атанасова 2011, 185-190). Со ископувањата на Цареви Кули во Струмица во најдолните слоеви пронајдена е населба од енеолитскиот период. И овде, како и во Скопската котлина имаме една интересна ситуација поради присутноста на доцнонеолитски локалитети (Голема Трпеза и Ангелци) и појавата на раноенеолитскиот локалитет. Дел од пронајдениот керамички материјал на Цареви Кули има доцнонеолитски карактеристики. Тоа најдобро е забележливо преку присуство на одредени видови на држалки, амфорите, декорациите изведени со врежување или канелури итн. Според направената компарација на материјалот од Ангелци и Цареви Кули забележано е дека има извесен континуитет (Rujak 2017a, 39-44). Според тоа, најверојатно овде имаме идентична ситуација како кај локалитетите од Скопско. По завршувањето на доцниот неолит и замирањето на населбите, луѓето ги населиле повисоките позиции, а една од нив била и Цареви Кули. Според аналогиите на движниот материјал и континуитетот од претходниот период почетокот на енеолитот на оваа територија може да се стави на почетокот на 5 мил. п.н.е. (Rujak 2015).

Ситуацијата која што ја имаме кај овие локалитети кои што се датирани во раниот енеолит доволно речито говори за извесен континуитет од претходниот доцнонеолитски период, што најдобро е документирано кај керамичкиот материјал. Во погорниот текст неколку пати стана збор за графитната керамика. Со досегашниот степен на истраженост на неолитските локалитети, појавата на графитно сликање од населбата Страната кај с. Ангелци можеме да ја земеме како најстара појава во Македонија. На почетокот на енеолитскиот период употребата на графитно сликање се зголемува и тоа го дава основниот белег на материјалната култура кај населбите од долината на р. Струма и населбите од источна Македонија. Според движните наоди од населбите од нашата територија можеме да забележиме дека главните влијанија за промена на материјалната култура, па и населувањето на повисоки позиции доаѓаат од долината на р. Струма. Тоа се потврдува со релативната хронологија на енеолитските населби кои што беа презентирани погоре, а изведена врз база на керамичкиот материјал. Иако дел од керамичкиот материјал според типолошките карактеристики сосема одговара со Б.С.К. културата, сепак

хронолошки гледано енеолитскиот период на територијата на источна Македонија и долината на Струма започнал барем 3-4 векови порано. Што значи дека кога на овие простори доаѓа до драстични промени во материјалната култура, економијата, населувањето итн. заедниците на север сеуште живеат според неолитските традиции и вредности на винчанската култура.

Според сето горе изнесено почетокот на енеолитскиот период на територијата на источна Македонија може да се позиционира во времето од 5000-4800 год. Во тој период биле формирани и живееле населбите кои што припаѓаат на оваа рана фаза на енеолитскиот период. Тоа е периодот кога на север од Македонија винчанската култура поминува низ градачката и Винча-Плочник I (B2-C) фазата, на територијата на југозападна Бугарија Промахон-Тополница III, Дикили Таш IIa IIb, Слатино 2-3, на територијата на Грција LN Ib, во Тракија почетокот на Марица културата итн. (Borić 2009; Borić 2015; Tasić et. al. 2016; Whittle et. al. 2016; Bonga 2013; Vajsov 2004; Evans 1986; Demoule 1991; Чохаджиев 2007; Vajsov 2007; Вандова 2004). За жал немаме подетални информации за економијата кај овие населби за да можеме да направиме споредби и анализи со цел да ги согледаме промените. Во таа смисла за одбележување е зголемениот број на цедилки кои што се јавуваат кај енеолитските локалитети. Сепак, самото тоа што во овој период прв пат се населуваат високи доминантни и природно заштитени позиции кои што нудат далеку подобри услови за сточарство, во одредена мерка ни говори дека настанале извесни промени во економијата. Населувањето на повисоки позиции во раната фаза на енеолитот во Македонија најверојатно не бил последица само од напади од друго население. Напуштањето на населбите и населувањето на повисоки позиции најверојатно било последица и од климатските промени. Имено, кон крајот на VI и почетокот на V мил. п.н.е. доаѓа до нагло затоплување на климата и достигнување на климатскиот максимум. Тоа резултирало со капитулација на доцнонеолиските населби кај кои што земјоделието била главна стопанска гранка, тие биле напуштени и биле населени повисоки позиции со подобри услови за сточарство, што не значи дека земјоделието биле сосема напуштено, но овде може да се претпостави дека сточарството ја заземало водечката улога. Во една таква ситуација можат да бидат употребени некои модели кои што погоре беа изнесени за територијата на централен Балкан. Можеме да претпоставиме дека во овој период дошло до зголемена употреба на млекото и млечните производи, волната, секундарните производи

од животните итн. Во прилог на ова оди и поголемиот број на цедолки. За жал немаме можности за подетални анализи со кои би се поткрепиле овие модели поради слабата истраженост на локалитетите, но сосема е веројатно дел од овие фактори да учествувале во креирањето на новото енеолитско општество. Доколку населбите од оваа територија биле сточарски, а поради зголемените температури биле нарушени условите за земјоделие можеме да претпоставиме дека дошло до зголемена трговија со населбите од север од винчанската култура кои што во најголем број се земјоделски. Во таков случај може да се препостават извесни влијанија или раздвижувања од овој дел на балканот кон северните краеви кои што во следните векови полека но сигурно навлегуваат во енеолитскиот период.

### 11.2 Западна Македонија

Населбите од територијата на Пелагонија како и во претходниот неолитски период, и во овој транзиционен период покажуваат свои специфичности со кои што значајно се разликуваат од останатите региони. Поради изолираноста на оваа котлина и одличните услови за земјоделие, доцниот неолит се задржал подолго во споредба со источна Македонија. Наодите од некои локалитети од Пелагонија говорат за тоа дека доцниот неолит во оваа регија траел се до околу 4600-4500 год. п.н.е. Се работи за помладите слоеви од населбите Кутлине кај с. Ракле и Могила, с. Сенокос, населбата Али Чаир, Комарчани кај с. Бучало и Голема Тумба с. Трн. Овие населби според релативната хронологија биле датирани во Винча-Плочник II (D) фазата која што одговара на перодот околу 4600 год. п.н.е. со што се поклопуваат и датациите од Голема Тумба (Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17; Borić 2009, T. 7; Whittle et. al. 2016 40-42, fig. 37; Темелкоски, Миткоски 2006, 74-75; Симоска, Санев 1976, 20; Mitkoski 2017, 130-131 со цит. литер.; Темелкоски, Миткоски 2008, 105; Темелкоски, Миткоски 2006, 59; Миткоски 2010; Наумов 2016, 76). Веќе во погорниот текст беше презентирана хронолошката рамка на винчанската култура и почетокот на енеолитскиот период на територијата на централна Србија застапена преку Бубањ Хум I. Се чини дека доцниот неолит во Пелагонија завршил паралелно со Винчанската култура на север со своите фази Винча-Плочник II (D) или околу 4600-4500 год. п.н.е. Б.С.К. културата се појавува околу средината на V мил. п.н.е. на овие простори

што сосема одговара и на хронологијата на локалитетите од Пелагонија. Интересно е тоа што од ископувањата и аназилата на дел од материјалот од Голема Тумба и Висок Рид кај с. Букри забележано е дека покрај доцнонеолитската керамика постојат и елементи кои што се типични за енеолитскиот период (Симоска, Санев 1976, 20-21). Имајќи ја во предвид датацијата на куќата од Голема Тумба изгледа сосема веројатна таквата ситуација. За жал енеолитскиот период, особено раниот енеолит во Пелагонија е многу слабо истражен и засега имаме доста оскудни податоци за почетокот на овој период. Според резултатите од скромните истражувања на некои локалитети добиени се првични податоци за оваа проблематика. Со досегашните истражувања за почетокот на раниеот енеолит значајни податоци имаме од населбата Шуплевац кај која што се регистрирани две фази. Меѓу материјалот од првата фаза забележано е присуство на доцнонеолитски елементи заедно со крастед боењето, графитното сликање, ребресто канелирање итн. кои што се карактеристични за енеолитскиот период (сл. 56) (Гарашанин, Симоска 1976, 9-25; Митревски 2013, 142).




Слика 56. Дел од керамичките предмети од пелагонискиот енеолит (Митревски 2013, сл. 35)

Тука треба да се вбројат и резултатите од Бакарно Гумно кои што ја надополните сликата за енеолитот во Пелагонија со што била определена културната група Шуплевац-Бакарно Гумно (Симоска, Санев 1976, 20-21; (Гарашанин, Симоска 1976, 9-25; Митревски 2013, 142). Како дел од раната енеолитска фаза бил определен и локалитеотот Црнобуки (Тодоровиќ и др. 1987, 5-6). Оваа енеолитска група била определена како дел од

поголемиот Б.С.К. комплекс, односно паралелно со Бубањ Хум Ia-Ib (Гарашанин, Симоска 1976, 20-24; Митревски 2013, 148). Доколку се земат во предвид апсолутните хронологии за почетокот на Б.С.К. комплексот можеме да претпоставиме дека културната група Шуплевац-Бакарно Гумно настанала во периодот околу 4500-4400 год. п.н.е. Што се однесува пак до позицијата на населбите се забележуваат два вида на населби, едните подигани на тешко достапни, доминантни позиции (Шуплевац, Трештена Стена, Големи Камен итн.) и другите на тумби, не ретко окупирајќи тумби кои што биле користени во претходниот неолитски период (Могила, Карамани, Радоборска Тумба, Црнобуки итн.). Во материјалната култура најголема промена се забележува во керамичкиот материјал и антропоморфните фигурини. Како нови елементи се забележуваат графитното сликање, крастед боењето, техника на гребење на мазната површина, разни врежани триаголни или криволиниски мотиви, триаглести втиснувања итн. Локалитетите од енеолитскиот период во Пелагонија кои што биле ископувани најчесто се датирани оквирно како дел од оваа културна група без попрецизно хронолошко позиционирање на откриените наоди. Како постари енеолитски населби, покрај гореспоменатите може да се сметаат оние кај кои што помеѓу енеолитскиот материјал се пронајдени и садови кои што имаат доцнонеолитски карактеристики. Таков пример се населбите Голем Камен и Трештена Стена од Мариовската висорамнина и населбата Могила кај с. Сенокос (Митревски 2013, 143), како и Радоборска Тумба која што била формирана кон крајот кон крајот на неолитот и почетокот на енеолитот (Тодоровиќ и др. 1987, 10).

Доколку ја разгледаме оваа ситуација во Пелагонија можеме да забележиме дека на овие простори неолитскиот начин на живот се задржал доста подолго во споредба со населбите од источна Македонија. Имено, во периодот кога во Палегонија се појавуваат првите енеолитски населби на територијата на источна Македонија се развива втората енеолитска фаза. Во тој период на север во Србија и Бугарија се појавува Б.С.К. културниот комплекс кој што според многу автори на овие простори се појавува како веќе формирана појава која била донесена на територијата на централниот Балкан со придвижување на население од долното течение на Дунав и северно од Црно Море (Tasić 1979,111; Гарашанин 1973, 125; Garašanin 1979; Srejović 1988, 17-18; Tasić 1995; Jovanović 1995, 51-54; Ристић Опатић 2005, 96).). Што се однесува пак до територијата на Македонија, се претпоставува дека во овој период кога се одвивале големи индоевропски преселби, на оваа територија била

донесена нова материјална култура, нова економија, како и лингвистички промени кај населението (Митревски 2013, 131; Колиштркоска Настева 1994, 44; Колиштркоска Настева 2005, 56).

## 12. КУЛТУРНИ И ХРОНОЛОШКИ РЕЛАЦИИ ВО ДОЦНИОТ НЕОЛИТ-ОДНОСОТ СО СОСЕДНИТЕ РЕГИОНИ

Во ова поглавје ќе биде направена на накој начин „историска“ анализа на населението кое што ја населувало територијата на Република Македонија во доцниот неолит. Најпрво ќе бидат презентирани основните сознанија и случувања во соседните територии и ќе биде направен обид и заедниците од Македонија да се вметнат во таа слика, како и да се видат односите помеѓу самите населби во Македонија.

Како што можевме да видиме во неколку наврати во погорниот текст, локалитетите од територијата на Македонија неопходно беше да ги поделиме, односно обработиме по засебни региони. Тоа беше наложено поради фактот што различни населби од различни региони имаат различен хронолошки и културен развиток. Но и покрај тоа заедниците од овие региони на некој начин имаат слична судбина која што се одразила врз нивната материјална култура, религија, архитектура итн. Во поглавјето за хронологијата на доцниот неолит беше детално обработено ова прашање и беа изнесени некои првични видувања за хронолошките рамки на овој период. Според тоа можеме да забележиме дека по средината на 6 мил. п.н.е. населението од овие региони доживува одредени културни и демографски промени. Во тој период на поголемиот балкански простор доаѓа до појава на нова материјална култура која што го означува крајот на средниот и почетокот на доцниот неолит. Овие нови влијанија навлегувале од Анадолија и Блискиот Исток на територијата на Балканот во главно преку територијата на денешна Грција и Бугарија кои што се всушност и гранични територии. Појавата на доцниот неолит на територијата на Тесалија е сместен во периодот околу 5500 год. п.н.е. Во тој период доаѓа до ширење на културни влијанија, а според некои истражувачи и преселба на население кон внатрешноста на Балканот. Со оваа територија преку северна Грција природно поврзана е територијата на Пелагонија, каде што во тоа време доаѓа до постепен прекин на средниот неолит и појава

на нова материјална култура, нови културни манифестации и промена на ритуалните предмети. Заедниците од оваа територија најпрво дошле до контакт со новините кои што се ширеле од југ.

На исток од Македонија, по долината на реката Струма најраните доцнонеолитски појави или според други автори средниот неолит кој што е всушност прелазен од ран кон доцен неолит се јавува нешто околу 5400 год. п.н.е., во тој период се јавуваат првите доцнонеолитски населби кај Долна Рибница, Ковачево 2 и Булгарчево 2 и др. Нешто подоцна се појавуваат голем број на доцнонеолитски локалитети како дел од Акропотамос-Тополница културната група. Оваа територија која што се наоѓа во југозападна Бугарија географски природно е поврзана со Струмичката котлина каде што малку подоцна се појавува и населбата Ангелци.

На север од Македонија на територијата на јужна и централна Србија околу 5300 год. п.н.е. веќе била формирана силната винчанска култура со своите почетни фази, Винча А или Тинча-Тордош I. Со оваа територија природно е поврзан северниот и североисточниот дел на Македонија каде што во тој период среднонеолитската културна група Анзабегово-Вршник ги живее последните моменти.

Вака накратко би изгледала сликата за почетокот на доцниот неолит во соседните територии на Македонија што беше обработено подетално во погорните поглавја. Иако се уште не е доволно потврдено со јасни паралели во материјалната култура, сепак можеме да кажеме неколку зборови за односот на заедниците од Пелагонија со соседните. По завршувањето на Велушина-Породин културната група доаѓа до раздвижување на заедниците од Пелагонија и зголемена комуникација со соседните заедници од јужните територии на Тесалија и Егејска Македонија каде што исто така е регистрирано зголемено раздвижување и комуникација помеѓу населбите но и со заедниците од источниот јадрански брег. Таквата ситуација и положба на неолитските заедници од Пелагонија се должи најверојатно на истрошеноста на природните ресурси околу населбите, пад во економијата и најверојатно намалување на бројот на населби и население. Тоа хронолошки би одговарало на првата фаза од доцниот неолит на оваа територија. Досега не се забележани паралели или било какви влијанија со заедниците од источниот и северниот дел на Македонија кои што во тој период навлегуваат во последната IV фаза од

Анзабегово-Вршник културната група. Тоа не значи дека немало никакви контакти помеѓу овие заедници, таквата ситуација се должи на слабата истраженост и дефинираност на овој период во Пелагонија. Овој период од неолитскиот развој во Пелагонија е сосема краток и неистражен поради тоа не сме во можност да зборуваме и изнесеме подетални анализи и факти за културната припадност на локалитетите од оваа фаза и односот со соседните региони. Како што беше презентирано погоре оваа фаза завршува некаде околу 5300-5200 год. п.н.е.

Паралелно со оваа фаза во источна Македонија се развива Анзабегово-Вршник културата со својата последна среднонеолитска фаза. Од материјалната култура кај некои населби кај кои што е застапена оваа фаза се забележува постепена појава на нов керамички стил, односно нови форми и декорации на садовите. Појавата на нов тип на материјалната култура е резултат на зголемена комуникација и културни влијанија со населбите од север каде што во тој период веќе започнува да се појавува винчанската култура. Постепениот прекин на силната Анзабегово-Вршник култура и овде најверојатно бил резултат на одредена производствена и економска криза кај населението кое што било приморано да ги зголеми комуникациите со соседните населби. Со досегашните скромни сознанија можеме да претпоставиме дека свртувањето на заедниците од нашата територија кон населбите од соседните територии го обележува овој на некој начин преоден период од среден кон доцен неолит во Македонија. Силните среднонеолитски култури кои се карактеризираат со густо населени територии каде што земјиштето интензивно се обработувало полека започнале да згаснуваат поради истрошеноста, испостеноста на земјата за земјоделство. Поради тоа, кон крајот на овие развојни фази од неолитскиот период или околу 5300-5200 год. п.н.е. доаѓа до напуштање на дел од старите населби околу кои што немало повеќе услови за живот. Во исто време населбите кои што останале да живеат најверојатно биле населени од населението од соседните напуштени населби со што прераснале во поголеми населби или економски центри како што е примерот со населбата Барутница кај с. Анзабегово. Во другиот случај пак дошло до формирање на нови населби на сосема нови позиции каде што населението можело, односно имало природни услови да го продолжи својот живот. Таков пример се населбите Млака кај с. Шупли Камен каде што во најдолниот слој од доцнонеолитската земјанка се пронајдени фрагменти од среднонеолитска керамика што доста речито говори за тоа дека

среднонеолитското население од околината ја оформило оваа населба, понатаму населбите Орловица, Амам, Кременица, Дервен, Радин Дол, Ангелци I итн. Тоа се основните карактеристики кои што можат да се кажат за судбината и културно-историскиот развој и тек на населението од оваа фаза на неолитот во Македонија.

Веќе во следната фаза доаѓа до конечно формирање на доцниот неолит во Македонија. Хронолошки гледано овој период е застапен кај поголемиот број доцнонеолитски населби во Македонија, но поради различниот културен развој на заедниците, во одредени региони трае подолго за разлика од другите. Ова се однесува во главно на перидот од 5200 год. п.н.е. до околу 4900 год. п.н.е. во источна Макеоднија и до околу 4500 год. п.н.е. во западна Македонија. Време во кое што доаѓа до појава на Зелениково 2 и Ангелци културите во источна Македонија и ткн. Трнска група во Пелагонија. Овие културни групи според досегашните сознанија биле формирани врз основа на културите од соседните региони. Во Пелагонија и областа околу езерата веќе погоре видовме дека во појавата на доцниот неолит учествуваат две компоненти, источно јадранската како доминантна, особено во јужниот дел на Пелагонија и внатрешнобалканска односно Винчанска. Кај неколку населби од оваа територија забележана е материјална култура која што сосема одговара на населбите од источен Јадран. Веќе беше кажано за влијанијата кои што протекувале низ оваа територија од Тесалија кон јадранскиот брег и кои што се детекриани благодарение на појавата на ритони кај некои населби. Тоа ни говори за зголемени комуникации помеѓу овие населби со јужните и западните, па дури и доселување на ново население според некои автори. Ова во главно се однесува за локалитетите Мала Тумба и Устие на Дрим кои што се директно изложени на патот по кој што минувале овие влијанија. Во северниот дел на Пелагонија се забележува малку поизменета ситуација што се однесува до културната припадност на населбите. Кај населбите од овој регион покрај тоа што се забележуваат извесни влијанија од југ и запад, се забележува зголемено културно влијание од Винчанската култура и Зелениково од источна Македонија. Таква појава е забележана кај населбите Могила с. Сенокос и Кутлине, с. Ракле.

На територијата на северна и источна Македонија во овој период започнува втората фаза која што погоре беше презентирана или Зелениково 2 културната група. Материјалната

култура од оваа културна група доволно речито говори дека била формирана во главно преку влијанија од северната винчанска култура, а според некои автори и од населување на население од север. За разлика од населбите од оваа култура, кај населбите од Струмичко се забележуваат културни влијанија од југозападна Бугарија, односно по течението на р. Струма кои што се потврдени во главно преку материјалот од Ангелци, појавата на графитното сликање и фрагментот од Акропотамос стилот на керамиката.

Што се однесува до односите помеѓу населбите од Македонија можеме да забележиме дека населбите во јужниот дел од Пелагонија имале зголемени контакти со населбите околу езерата и населбите од северна Пелагонија. На ова место треба да се спомене и населбата Тумба кај с. Брвеница која што се наоѓа во Полошката котлина и кај која што е регистрирана материјална култура која што се поврзува со населбите од Пелагонија. Веќе беше кажано и за влијанијата од винчанската култура, па доколку ја анализираме таквата слика за овој период можеме да забележиме дека доаѓа до интензивирање на контактите и раздвижување на населението од Пелагонија и источна Македонија во главно преку раечката клисура и по течението на р. Треска. Овде повторно би сакал да го нагласам значењето на подоцнежниот римски пат Виа Егнатија и трасата која што минува низ раечката клисура. Ова се рутите кои што ги одбележале и низ кои што поминувале главните патишта за комуникација помеѓу доцнонеолитските заедници од источна Македонија и Пелагонија. Што се однесува пак до населбите од Струмичко можеме да претпоставиме одредена изолираност према населбите на север од Брегалница и свртување кон територијата околу р. Струма со која што се природно поврзани. Во овој период од околу 300-400 год. доцнонеолитските заедници од Македонија се карактеризираат со материјална култура која што се одликува со црна керамика, садови со биконусна профилација, канелури, врежувања комбинирани со пунктирање, Black-topped керамика итн. Доцниот неолит како што можевме да видиме погоре на територијата на источна Македонија завршува порано за разлика од Пелагонија. Тоа се должи на различните влијанија од соседните населби кои што порано доаѓаат до додир со новата материјална култура и разните раздвижувања кои што го обележале овој период. На почетокот на 5 мил. п.н.е. доцнонеолитските населби од источна Македонија полека биле напуштани и биле населувани нови позиции на повисоки и доминантни позиции како што се населбите Кале, Скопје, Орловица 2, с. Ракотинци, Цареви Кули, Струмица итн. Во тој

период доаѓа до промена на материјалната култура под влијание на населбите од исток и постепено оформување на новата енеолитска култура во која што се уште се застапени доцнонеолитски елементи, но далеку подоминантна е новата енеолитска керамика. Што се однесува пак до заедниците кои што живееле во Пелагонија тие уште 4-5 векови продолжиле да живеат според неолитските критериуми и традиции. Погоре веќе беа наброени населбите Голема Тумба, Могила, с. Сенокос, Кутлине, с. Ракле и др. кои што содржат хоризонти кои што потекнуваат од периодот околу средината на 5 мил. п.н.е. или паралелно со Винча-Плочник II. Таквиот долг развој на доцниот неолит во Пелагонија најверојатно повторно се должи на природната поврзаност со населбите од северна Грција каде што доцниот неолит продолжува и понатаму. Доцниот неолит во Пелагонија бил порекинат со ширењето на Б.С.К. комплексот од север околу средината на 5 мил. п.н.е. Во тој период дошло до населување на повисоки позиции, но и продолжување на животот на старите неолитски тумби како што е примерот со Могила кај с. Сенокос и Радоборска Тумба.

Според оваа кратка анализа на „историската" судбина на доцнонеолитското население од Македонија можеме да забележиме дека во главно е карактеризирано од разни културни и можеби демографски влијанија од соседните територии. Самата географска положба на Македонија, климатските и еколошките услови во различни периоди како и природната поврзаност со соседните региони го навеле човекот во доцниот неолит на комуницирање и поврзаност со заедниците од соседните територии. Во одреден период од доцниот неолит можеме да претпоставиме зголемена комуникација помеѓу населбите од источна Македонија и оние од Пелагонија, тоа се однесува на времето во последните 3-2 векови од 6 мил. п.н.е., време во кое што биле создадени голем број на населби кои што имале стабилен економски и стопански развој. Се вкупно земено се забележува дека во поголемиот дел од доцнонеолитскиот период заедниците од Македонија во главно комуницирале и биле под влијанија на населбите од културите од соседните региони.

# 13. ЗАКЛУЧОК

На крајот да дадеме неколку заклучин зборови за оваа проблематика. Според се` што беше презентирано за доцниот неолит во Македонија може да се кажат по неколку реченици за секое поглавје како еден вид заклучок и да се отворат нови прашања и размислувања. Во овој труд беа обработени податоците од точно 50 локалитети за кои што има било какви сознанија за постоење на доцен неолит. Беше направена студија за почетокот на доцниот неолит на овие простори, беше детално обработена хронологијата на населбите и поврзана со соседните култури. Беше направена детална анализа на населбите, топографијата, стратиграфијата, континуитетот на населување итн. Архитектонските и другите недвижни објекти внимателно беа проучени и беа изнесени неколку претпоставки за користењето на земјанките и јамите. Движните археолошки наоди внимателно беа проучени и селектирани. Беше направен обид за реконструкција на одредени сегменти од животот и изгледот на човекот во неолитот. Внимателно беа анализирани и причините поради кои што згаснал неолитскиот период на овие простори, беа побарани соодветни паралели со соседните култури со цел да се дознае што е можно повеќе за оваа проблематика. И на крајот беше согледан односот помеѓу населбите од Македонија и населбите од соседните земји, како и помеѓу населбите од нашата територија. После целата оваа студија можеме да го кажеме следното за доцниот неолит во Македонија

Втората половина на 6 мил. п.н.е. е време во кое што дошло до раздвижувања на заедниците, опаѓање на среднонеолитските култури, појава на нови населби, населување на претходно ненаселено подрачја, промена во материјалната култура итн. Оваа слика се однесува генрално за поголемиот дел од Балканот. Такви промени се забележуваат и кај населбите од територијата на Македонија кои што по 6500 год. п.н.е. започнале да ги осеќаат промените кои што го зафатиле овој дел од Балканот. Во тој период во источна Македонија започнува последната фаза од Анзабегово-Вршник културната група. Во таа последна фаза започнува да се појавува керамика со доцноенолитски карактеристики, паралелно со среднонеолитската. Поради тоа оваа IV фаза од средниот неолит го определивме како I-ва фаза од појавата на доцниот неолит на оваа територија кој што во следната втора фаза веќе се јавува како чиста, засебна култура со чисто доцнонеолитски

карактеристики на керамичкиот материјал. По завршувањето на последната фаза од средниот неолит многу населби биле напуштени и биле формирани нови на слични позиции, а се забележуваат и индикации за групирање на населението во една поголема населба. На територијата на Пелагонија имаме нешто поразлична ситуација што се однесува до почетокот на доцниот неолит. Таму по завршувањето на Велушина-Породин културната група исто така доаѓа до напуштање на среднонеолитските населби. Континуитет се забележува само кај четири населби кои што ја означуваат првата фаза од доцниот неолит во оваа регија. Според материјалната култура од тие населби може да се види дека одредени типови на садови имаат континуитет но со изменета технологија на производство. Се зголемува бројот на црни, сиви и садови со биконусна профилација, неколку елементи кои што го даваат главниот белег на новото време. Веќе во втората фаза од доцниот неолит во Пелагонија се забележува згоелемен број на населби, сосема нова материјална култура типична за доцниот неолит, се забележуваат извесни врски со југот, истокот и западот. Уште во првата фаза низ територијата на Пелагонија се интензивирале движењета на заедниците од овој дел од Балканот, за веќе во втората фаза таквите раздвижувања да остават разни специфичности во материјалната култура.

Според досегашните сознанија за хронологијата на доцниот неолит во Македонија можеме да забележиме дека од 6500-6200 год. п.н.е. на овие простори се забележуваат првите промени, но со значителни традиции од претходниот период, односно заедно со средниот неолит. Веќе по 6200 год. п.н.е. биле конечно поставени новите културни критериуми, технолошки знаења и интензивирање на контактите со соседните облати и култури од кои што се забележуваат влијанија во материјалната култура, а најверојатно и извесни демографски раздвижувања во некои региони.

При анализата на топографијата на населбите забележавме дека нема значајна разлика при изборот на место за подигање на нови населби. Видовме дека повеќето населби биле подигнати на места каде што во поблиското окружување се наоѓа плодна почва, погодна за земјоделие. За жал не можевме да добиеме подетални податоци за архитектурата и стратиграфијата на населбите поради тоа што поголемиот дел се уништени. Но и покрај тоа можеме да забележиме дека повеќето населби се еднослојни со краток век на постоење, освен неколку кај кои што се среќаваат два хоризонти од доцниот неолит.

Според таквата ситуација можеме да забележиме дека доцниот неолит особено во источна Македонија бил доста краток, за разлика од Пелагонија каде што заедниците живееле според доцнонеолитските традиции се до средината на 5 мил. п.н.е.

Движниот материјал од доцниот неолит во Македонија покажува низа специфичности со кои што се разликува од претходниот, но имајќи во себе одредени среднонеолитски елементи. Тоа се однесува за почетните фази на доцниот неолит каде што се уште немаме чиста доцнонеолитска материјална култура. Керамичкиот материјал потполно се вклопува во сликата за доцнонеолитска керамика на Балканот. И кај населбите од Македонија во доцниот неолит најголем дел од садовите се со биконусна профилација, канелурите се најзастапен орнамент заедно со врежувањето, керамиката е со црна, сива или темна боја што е резултат на новите технолошки знаења кои што биле прифатени од тукашното население. Од антропоморфната пластика можевме да забележиме неколку моменти кои што ни даваат информации за изгледот и модата на човекот во доцниот неолит.

Крајот на неолитскиот период во Македонија се одликува со низа дејствија поради кои што биле населени нови повисоки позиции, промена во материјалната култура и појава на нов тип на садови и техники на орнаментирање. За причините за тие проблеми беше направена детална студија, како за населбите од Македонија така и за соседните области со цел да успееме да дојдеме до одредени заклчоци. Во источна Македонија порано дошло до прекин на неолитот на почетокот на 5 мил. п.н.е. За разлика од населбите во оваа регија, оние од Пелагонија како што беше споменато погоре живееле уште 3-4 векови според неолитските традиции.

Самото тоа што податоците за секој сегмент од овој период се крајно оскудни, ја отежнаа секоја можна интерпретација и подетална анализа на материјалот. Поради тоа би сакал на крајот да кажам дека јас би бил најсреќен доколку во иднина некое решение за одредена проблематика од овој магистерски труд се покаже како грешно протолкувана и неточна. Тоа би значело некаков прогрес во истражувањето на овој период и нови моменти во науката. Но сепак посреќен би бил доколку барем дел од овој магитесрки труд има некоја научна вредност и доколку некои од теориите кои што беа изнесени погоре се покажат како веродостојни и научно вредни.

# 14. ЛИСТА НА ТАБЛИ

Т. I. 1 - Симоска, Санев 1977, Т.1-1

Т. I. 2 - Симоска, Санев 1977, Т.1-2

Т. I. 3 - Mount-Williams 1976, 122, fig. 70

Т. I. 4 - Темелкоски, Митkоски 2006, Т.1-1

Т. I. 5 – Митревски 2013, сл. 24, 7

Т. I. 6 - Китановски  др. 1987, Т IV-4

Т. I. 7 - Mount-Williams 1976, 145, fig. 100, 1

Т. I. 8 - Темелкоски, Миткоски 2006. Т.1-2

Т. I. 9 - Mount-Williams 1976, 129, fig. 79, 3

Т. I. 10 - Mount-Williams 1976, 124, fig. 72

Т. II. 1 - Темелкоски, Миткоски 2008. Т2-4

Т. II. 2 - Китановски  др. 1987, Т. IV-5

Т. II. 3 - Китановски  др. 1987, Т. V-1

Т. II. 4 - Темелкоски, Миткоски 2006. Т. 1-9

Т. II. 5 - Темелкоски, Миткоски 2006. Т. 1-13

Т. II. 6 - Темелкоски, Миткоски 2006. Т. 6-2

Т. II. 7 - Mount-Williams 1976, 121, fig. 68

Т. II. 8 - Темелкоски, Миткоски 2008, Т. 2-15

Т. II. 9 - Mitkoski 2017, Т. 6-6

Т. II. 10 - Mitkoski 2017, Т. 7-3,4

Т. II. 11 - Mitkoski 2017, Т. 6-2

Т. II. 12 - Темелкоски, Миткоски 2006. Т. 1-15

Т. III. 1 - Mount-Williams 1976, 120, fig. 66, 1

Т. III. 2 - Mount-Williams 1976, 120, fig. 66, 2

T. III. 3 - Mount-Williams 1976, 121, fig. 67, 4

T. III. 4 - Санев, Стаменова 1989, T. X. 7

T. III. 5 - Темелкоски, Миткоски 2008. T. 2-11

T. III. 6 - Темелкоски, Миткоски 2008, T.3-9

T. III. 7 - Санев, Стаменова 1989, T.II. 12

T. III. 8 - Mount-Williams 1976, 133, fig. 83, 2

T. IV. 1 - Mount-Williams 1976, 133, fig. 83, 1

T. IV. 2 - Темелкоски, Миткоски 2006. T.2-13

T. IV. 3 - Mount-Williams 1976, 134, fig. 84, 2

T. IV. 4 - Mount-Williams 1976, 134, fig. 84, 1

T. IV. 5 - Mount-Williams 1976, 137, fig. 80, 5

T. IV. 6 - Mount-Williams 1976, 137, fig. 89, 2

T. IV. 7 - Темелкоски, Миткоски 2008, T. 4-3

T. IV. 8 - Темелкоски, Миткоски 2008, T.4-7

T. V. 1 - Mount-Williams 1976, 135, fig. 85, 2

T. V. 2 - Симоска и др. 1979, сл. 60

T. V. 3 - Mount-Williams 1976, 135, fig. 86, 3

T. V. 4 - Mount-Williams 1976, 137, fig. 89, 1

T. V. 5 - Темелкоски, Миткоски 2008. T. 2 10

T. V. 6 - Темелкоски, Миткоски 2006. T. 2 8

T. V. 7 - Темелкоски, Миткоски 2006. T. 2 12

T. V. 8 - Темелкоски, Миткоски 2006. T. 2 10

T. VI. 1 - Mount-Williams 1976, 130, fig. 80, 1

T. VI. 2 - Mount-Williams 1976, 130, fig. 80, 2

T. VI. 3 - Mount-Williams 1976, 130, fig. 80, 4

T. VI. 4 - Mount-Williams 1976, 130, fig. 80, 5

T. VI. 5 - Mount-Williams 1976, 133, fig. 83, 3

T. VI. 6 - Mount-Williams 1976, fig. 81, 1

T.VII. 1 - Санев, Стаменова 1989, T. II. 7

T.VII. 2 - Санев, Стаменова 1989, T. X. 9

T.VII. 3 - Mount-Williams 1976, 143, fig. 97

T.VII. 4 - Темелкоски, Миткоски 2006, T. 2. 14

T.VII. 5 - Темелкоски, Миткоски 2006, T. 2. 15

T.VII. 6 - Темелкоски, Миткоски 2008, T. 3. 4

T.VIII. 1 - Темелкоски, Миткоски 2008, T. 3. 5

T.VIII. 2 - Темелкоски, Миткоски 2006 sl. 6

T.VIII. 3 - Темелкоски, Миткоски 2006 T. 6. 1

T.VIII. 4 - Темелкоски, Миткоски 2006 T. 6. 4

T.VIII. 5 - Темелкоски, Миткоски 2006 T. 1. 20

T.VIII. 6 - Темелкоски, Миткоски 2006 T. 2. 1

T.VIII. 7 - Темелкоски, Миткоски 2006 T. 1. 19

T.VIII. 8 - Темелкоски, Миткоски 2006 T. 2. 2

T. IX. 1 - Темелкоски, Миткоски 2008, T. 3. 15-18, 20; T. 4. 10

T. IX. 2 – Mitkoski 2017

T. IX. 3 - Темелкоски, Миткоски 2008. T. 3. 5

T. IX. 4 - Темелкоски, Миткоски 2008. T. 3. 6

T. IX. 5 - Темелкоски, Миткоски 2008. T. 3. 21

T. IX. 6 - Mount-Williams 1976, 128, fig. 78, 4

T. IX. 7 - Mount-Williams 1976, 128, fig. 78, 6

T. IX. 8 - Mount-Williams 1976, 128, fig. 78, 7

T. X. 1 - Темелкоски, Миткоски 2006 T. 2. 17

T. X. 2 - Темелкоски, Миткоски 2008, T. 3. 13

T. X. 3 - Симовска, Санев 1977. T.1. 4

T. X. 4 - Здравковски 2005, сл. 20-2

T. X. 5 - Здравковски 2005, сл. 19

T. X. 6 - Mount-Williams 1976, 140, fig. 92

T. XI. 1 - Sanev 2006, fig. 18

T. XI. 2 - Здравковски 1993, T.IV. 4

T. XI. 3 – Ljuljeta, Tolevski 2017, pl.1-2

T. XI. 4 – Санев, Стаменова 1989, T. XII. 3

T. XI. 5 – Garašanin 1979, T. XXXVII. 3

T. XI. 6 – Здравковски 1989, T. V. 2

T. XI. 7 – Наумов 2014, T. 43. 1

T. XI. 8 – Наумов 2014, T. 43. 3

T. XI. 9 – Колиштркоска Настева 2005, сл. 33

T. XI. 10 – Симоска и др. 1979, сл. 6

T. XI. 11 – Тодоровски Карасарлидис 2008, T. I. 2

T. XI. 12 – Фото. Зоран Рујак

T. XII. 1 - Кузман 2009

T. XII. 2 - Наумов 2014, T. 44. 8

T. XII. 3 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 35

T. XII. 4 - Наумов 2014 T. 44. 2

T. XII. 5 – Наумов 2014 T.38. 7

T. XII. 6 - Наумов 2014 T. 35. 7

T. XII. 7 - Тодоровски Карасарлидис 2008, T. I. 4

T. XII. 8 - Ljuljeta, Tolevski 2017, pl.1-1

T. XII. 9 – Garašanin 1979, T.XXXVII-2

T. XIII. 1 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 8

T. XIII. 2 - Наумов 2014 Т. 23. 8

T. XIII. 3 - Санев, Стаменова 1989, Т. XII. 5

T. XIII. 4 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 66

T. XIII. 5 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 73

T. XIII. 6 - Тодоровски Карасарлидис 2008, Т. I. 8

T. XIII. 7 - Наумов 2014 Т. 43. 5

T. XIII. 8 - Колиштркоска Настева 2005 сл. 15

T. XIII. 9 – Наумов 2014 Т.38. 3

T. XIV. 1 - Наумов 2014, Т. 43, 8

T. XIV. 2 - Здравковски 1989, Т. II. 7

T. XIV. 3 - Колиштркоска Настева 200,5 сл. 21

T. XIV. 4 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 23

T. XIV. 5 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 70

T. XIV. 6 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 76

T. XIV. 7 - Колиштркоска-Настева 2005, сл. 2

T. XIV. 8 - Наумов 2014, Т. 44, 1

T. XIV. 9 - Наумов 2014, Т. 44, 3

T. XV. 1 - Санев, Стаменова 1989, Т. VII. 3

T. XV. 2 - Санев, Стаменова 1989, Т. VII. 1

T. XV. 3 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 83

T. XV. 4 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 25

T. XV. 5 - Здравковски 1989, Т. V. 1

T. XV. 6 - Санев, Стаменова 1989, T. VII. 4

T. XV. 7 – Фото. Зоран Рујак

T. XV. 8 – Наумов 2014, T. 44, 4

T. XV. 9 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 32

T. XV. 10 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 56

T. XVI. 1 - Кузман 2009

T. XVI. 2 - Колиштркоска Настева 2005, сл. 69

T. XVI. 3 - Наумов 2014, T. 23, 1

T. XVI. 4 - Санев, Стаменова 1989, T. XI. 10

T. XVI. 5 - Симоска и др. 1979, сл. 65

T. XVI. 6 - Тодоровски Карасарлидис 2008, T. I. 1

T. XVI. 7 - Наумов 2014, T. 44, 7

T. XVI. 8 - Наумов 2014, T. 44, 9

T. XVI. 9 – Gimbutas 1976, fig, 186

T. XVII. 1 - Темелкоски, Миткоски 2006, 71, сл. 19

T. XVII. 2 - Темелкоски, Миткоски 2006, T. VII. 16

T. XVII. 3 - Темелкоски, Миткоски 2006, 71, сл. 20

T. XVII. 4 - Mitkoski 2017, T2. 3

T. XVII. 5 - Mitkoski 2017, T2. 4

T. XVII. 6 - Mitkoski 2017, T2. 11

T. XVII. 7 – Јовчевска 2006, сл. 1

T. XVII. 8 - Gimbutas 1976, fig. 196

T. XVII. 9 - Gimbutas 1976, fig. 195

T. XVII. 10 - Фото. Перо Синадиновски

T. XVII. 11 - Фото. Перо Синадиновски

Т. XVIII. 1 - Gimbutas 1976, 153, fig. 107. 6

Т. XVIII. 2 - Gimbutas 1976, 153, fig. 107, 4

Т. XVIII. 3 - Симоска, Санев 1977, 224, T.V. 18

Т. XVIII. 4 - Китаноски 1977, 29

Т. XVIII. 5 - Gimbutas 1976, 153, fig. 107, 2

Т. XVIII. 6 - Gimbutas 1976, 153, fig. 107, 3

Т. XVIII. 7 - Санев 1996, сл. 212

Т. XVIII. 8 - Китаноски и др. 1978, сл. 65

Т. XIX. 1 - Gimbutas 1979в, fig. 218-1

Т. XIX. 2 - Gimbutas 1979в, fig. 218-2

Т. XIX. 3 - Gimbutas 1979в, fig. 218-4

Т. XIX. 4 - Gimbutas 1979в, fig. 218-3

Т. XIX. 5 - Gimbutas 1979в, fig. 218-5

Т. XIX. 6 - Gimbutas 1979в, fig. 218-6

Т. XIX. 7 - Gimbutas 1979в, fig. 218-7

Т. XIX. 8 - Gimbutas 1979в, fig. 218-8

Т. XIX. 9 - Gimbutas 1979в, fig. 218-9

Т. XIX. 10 - Mitkoski 2017, T. I. 7

Т. XIX. 11 - Rujak 2017, pl. II fig. 5

Т. XIX. 12 – Фото. Зоран Рујак

Т. XX. 1 - Smoor 1976, fig. 114, 1

Т. XX. 2 - Smoor 1976, fig. 114, 2

Т. XX. 3 - Smoor 1976, fig. 115, 1

Т. XX. 4 - Smoor 1976, fig. 115, 2

Т. XX. 5 - Smoor 1976, fig. 117, 2

T. XX. 6 - Smoor 1976, fig. 118. 1

T. XX. 7 - Гарашанин Спасовска 1976, T. IX. 2

T. XX. 8 - Китаноски и др. 1987, T. 2. 3

T. XXI. 1 - Smoor 1976, fig. 115, 2

T. XXI. 2 - Smoor 1976, fig. 118. 2

T. XXI. 3 - Smoor 1976, fig. 114, 4

T. XXI. 4 - Smoor 1976, fig. 116, 4

T. XXI. 5 - Китаноски и др. 1987, T. 2. 5

T. XXI. 6 - Китаноски и др. 1987, T. 2. 4

T. XXI. 7 - Smoor 1976, fig. 114, 3

T. XXI. 8 - Гарашанин Спасовска 1976, T. IX. 1

T. XXI. 9 - Smoor 1976, fig. 115, 3

T. XXII. 1 - Mitkoski 2017, 122, T. I. 9

T. XXII. 2 - Mitkoski 2017, 134, T. VII. 8

T. XXII. 3 - Mitkoski 2017, 134, T. VII. 9

T. XXII. 4 - Mitkoski 2017, 138, T. IX. 10

T. XXII. 5 - Mitkoski 2017, 138, T. IX. 11

T. XXII. 6 - Темелкоски, Миткоски 2006, 73, T. V II. 5

T. XXII. 7 - Темелкоски, Миткоски 2006, 73, T. VII. 6

T. XXII. 8 – Фото. Зоран Рујак

T. XXIII. 1 - Китаноски и др. 1987, T. 2. 1

T. XXIII. 2 - Smoor 1976, fig. 117, 1

T. XXIII. 3 - Smoor 1976, fig. 116, 1

T. XXIII. 4 - Smoor 1976, fig. 116, 2

T. XXIII. 5 - Китаноски и др. 1987, T. 2. 2

T. XXIII. 6 - Elster 1976. fig. 226. 14

T. XXIII. 7 - Elster 1976. fig. 226. 15

T. XXIII. 8 - Elster 1976. fig. 227. 2

T. XXIII. 9 - Elster 1976. fig. 227. 4

T. XXIII. 10 - Elster 1976. fig. 229. 2

T. XXIII. 11 - Elster 1976. fig. 230. 3

T. XXIII. 12 - Elster 1976. fig. 230. 4

T. XXIII. 13 - Темелкоски, Митkоски 2006, T. VII. 8

T. XXIII. 14 - Темелкоски, Митkоски 2006, T. VII. 9

T. XXIII. 15 - Mitkoski 2017, T. 1. 15

T. XXIII. 16 - Mitkoski 2017, T. 3. 10

T. XXIII. 17 - Mitkoski 2017, T. 7. 10

T. XXIII. 18 - Фото. Перо Синадиновски

T. XXIV. 1 - Smoor 1976, fig. 132

T. XXIV. 2 - Smoor 1976, fig. 133

T. XXIV. 3 - Smoor 1976, fig. 136

T. XXIV. 4 - Китаноски и др. 1987, T. III. 4

T. XXIV. 5 - Benac 1979, T. LXXI, 10

T. XXIV. 6 - Benac 1979, T. LXXI, 9

T. XXIV. 7 - Benac 1979, T. LXXI, 6

T. XXIV. 8 - Benac 1979, T. LXXI, 7

T. XXIV. 9 - Mitkoski 2017, T. III. 21

T. XXV. 1 - Китаноски и др. 1987, T. II. 6

T. XXV. 2 – Фото: Перо Синадиновски

T. XXV. 3 - Китаноски и др. 1987, T. III. 1

Т. XXV. 4 - Темелкоски, Митkоски 2006, Т. VII. 1

Т. XXV. 5 - Темелкоски, Митkоски 2006, Т. VII. 2

Т. XXV. 6 - Китаноски и др. 1987, Т. II. 7

Т. XXV. 7 - Китаноски и др. 1987, Т. III. 2

Т. XXV. 8 - Темелкоски, Митkоски 2006, Т. VII. 4

Т. XXV. 9 - Китаноски и др. 1987, Т. III. 3

# 15. ТАБЕЛИ



1



2



3



4



5



6



7



8



9



10

T. I




T. II


1


2


3


4


5


6


7

8


T. III




T. IV




T. V




T.VI



1



2



3



4



5



6

T. VII


1


2


3


4


5


6


7


8

T. VIII



1



2



3



4



5



6



7



8

T. IX


1


2


3


4


5


6

T. X




T. XI


1


2


3


4


5


6

7


8


9


T. XII




T. XIII




T XIV




XV


1


2


3


4


5


6


7


8


9

T. XVI




T. XVII


1


2


3


4


5


6


7


8

T. XVIII




T. XIX




T. XX




T. XXI


1

2

3

4

5

6

7

8

T. XXII




T. XXIII



1



2



3



4



5



6



7



8



9

T. XXIV




T. XXV

# 16.ЛИТЕРАТУРА


- Antonović D. 2003 Neolitska industrija glaćanog kamena u Srbiji. Beograd. 2003
- Атанасова И. 2011. Резултати од ископувањата на раноенеолитско светилиште св. Атанас кај с. Спанчево-Кочани. *Macedoniae Acta Archaeologica* 20. Скопје. 185-203.
- Атанасоски Б. 2016. Доцноантичкиот кастел Градиште кај с. Дебреште. Непубликуван докторки труд. Филозофски Факултет Скопје. 2016 год.
- Andreou S., Fotiadis M., Kotsakis K. 1996. Review of Aegean Prehistory V: The Neolithic and Bronze age of Northern Greece. *Aegean Prehistory: A Review.* Boston. 537-597
- Балабан Р. 2013. Археолошки индикатори насиља и сукоба у Касном Неолиту Централног Балкана-могућност идентификације. *ГласникСрпског археолошког друштва.* Београд. 23-50
- Benac A. 1979. Prelazna zona. *Praistorija Jugoslavenskih Zemalja* II, *Neolitsko doba.* Sarajevo. 363-472
- Benac A. 2008. Ohridko jezero i Južna Pelagonija. *Археолошките откритија на почвата на Македонија.* Скопје: 21-32.
- Bilbija M. 1986. Cerje, Neolitsko naselje. *Arheološki pregled* 26. 1985. Ljubljana. 35–36
- Bökönyi S. 1976. The Vertebrale Fauna from Anza. As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 313-363.
- Bonga L. A. 2013. Late Neolithic pottery from manland Greece, CA. 5300-4300 B.C. Phd thesis. Temple University Graduate Board.
- Boyadziev, Y. 1995. Chronology of Prehistoric Cultures in Bulgaria. *Prehistoric Bulgaria. No. 22*. 149-192
- Borić D. 2009. Absolute Dating of Metallurgical Innovations in the Vinča Culture of the Balkans. *Metals and Societies, Studies in honour of Barbara S. Ottaway.* Band 169. 191-245.

- Borić D. 2015. The End of the Vinča World: Modelling the Neolithic to Copper Age Transition and the Notion of Archaeological Culture. *Neolithic and the Copper Age between the Carpatians and the Aegean Sea.* Budapest. 157-218.
- Вандова В. 2004. Неолитни керамични съдове с графитирана повърхност от долината на Струма. *Праисторическа Тракия.* София-Стара Загора. 115-132.
- Vajsov I. 2007. Promachon-Topolnica Atypology of painted decorations and its use as a chronological marker. *The Struma/Strymon river valley in prehistory. Sofia: 2007. 79–120.*
- Васић М. М. 1936. *Преисториска Винча III-Пластика.* Београд
- Vuković J. 2006. Funkcionalna analiza neolitske grnčarije Centralnog Balkana-Metodi, Tehnike i Primena. *Magisterski rad.* Univerzitet u Beogradu. Filozofski fakultet. Beogtrad. 2006
- Вуковић Ј., Витезовић С., Милановић Д. 2016. Павловац-Ковачке Њиве-Неолитски хоризонти. *Археолошки Истраживања на Аутопуту Е75 (2011-2014).* Београд 2016. 167-204.
- Vuković J. 2011. Late Neolithic pottery standardization: Application of statistical analyses. *Старинар LXI/2011.* Београд 2011. 81-100.
- Vuković J. 2013a. Ženska tehnologija: identitet neolitskih majstora-grnčara. *Etnoantropološki problem* 8/1: 295-316.
- Vuković J. 2013. Deskripcija nasuprut interpretaciji: odnos tradicionalne I savremene arheologije prema problem impreso-barbotin ranog neolita. *Etnoantropološki problemi* 8/3: 657-679
- Vuković J. 2014. Arhaeological evidence of pottery forming sequence: traces of manufacture in Late Neolithic Vinča assemblage. *Archaeotechnology: studying technology from prehistory to Middle Ages.* Belgrade 2014. 177-199.
- Vuković J. 2014a. Male figurines from Pavlovac-Čukar, Southern Sebia. *Anthropomorphism and szmbolic behavior in the Neolithic and Copper Age communities of South-Eastern Europe.* Suceava. 249-274

- Vuković J. 2015. Izgubljeni u tranziciji: problem prelaza ranog/srednjeg u kasni neolit centralnog Balkana u jugoslovenskoj/srpskoj arheologiji druge polovine XX veka. *Etnoarhološki problemi* 10/3: 651-673.
- Vuković J. 2017. Studije Keramike. Teorija i Metodologija u analiyama Grnčarije u Arheologiji. Zavod za udžbenike, Beograd
- Coleman J. E. 1992. Greece, the Aegean, and Cyprus. *Chronologies in Old World Archaeology*. University of Chicaago Press, Chicago and London. 247-288
- Facorellis Y. And Coleman E. J. 2012. Interpreting the radiocarbon dates from neolithic Halai, Greece. *Proceedings of the 6th International Radiocarbon and Archaeology Symposium*. University of Arizona. 319-330
- Галовиќ Р. 1967. Зелениково-Неолитско населје. *ЗНМ* 5. Београд 1967. 127-152
- Гарашанин М. 1949. Насеље и стан првобитног човека неолитског доба у Србији. *Историски гласник* 2. 38-62.
- М. Гарашанин 1973. Праисторија на тлу С.Р. Србија. Београд.
- Гарашанин М. 1989. Проблеми неолита и енеолита централног Балкана у вези са резултатима истраживања у Македонији. *Macedoniae Acta Archaeologica* 10. Скопје. 25-36
- Гарашанин, М. 1998. Винчанска култура и јадрански утицаји. Археолошко благо Косова и Метохије од неолита до раног средњег века. Београд. 60–87.
- Гарашанин М. 2009а. Стратиграфија на теренот. *Анзабегово населба од раниот и средниот неолит во Македонија.* Штип. 25-36.
- Гарашанин М. 2009б. Заклучок. *Анзабегово населба од раниот и средниот неолит во Македонија.* Штип: 237-256.
- Гарашанин М. и Гарашанин Д. 1959. Ископавања на локалитету Вршник. *Зборник на Штипскиот Народен Музеј* I, 1958–1959. Штип: 61–65.
- Гарашанин М. и Гарашанин Д. 1961. Неолитска населба Вршник кај село Таринци. *Зборник на Штипскиот Народен Музеј* II, 1960 – 1961. Штип:7–40.
- Гарашанин М. и Спасовска Г. 1976. Нови ископувања во Зелениково кај Скопје. *Macedoniae Acta Archaeologica* 2. Прилеп: 85–118.

- Гарашанин М. и Симоска Д. 1976. Контролни ископувања на Шуплевец и некои проблеми на групата Шуплевец-Бакарно Гумно. *Macedoniae Acta Archaeologica* 2. Прилеп: 9-25
- Garašanin M. 1979. Centralnobalkanska zona. *PraistorijaJugoslavenskihzemalja* II, *neolitsko doba*. Sarajevo: 79–213.
- Gallis K. 1987. Die stratigraphische Einordung der Larisa Kulture: eine Richtigstellung. *PZ* 62. 147-163
- Gimbutas. M. 1976. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976
- Gimbutas M. 1976a. Chronology. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 29–77.
- Gimbutas M. 1976б. Figurines. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 198-241.
- Gimbutas M. 1976в. Ornaments and Other Small Finds. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 242-256.
- Grbić M., Mačkić P., Nadj Š., Simoska D., Stalio B. 1960. Porodin: kasno-neolitsko naselje na Tumbi kod Bitolja. Narodni Muzej Bitola i Arheološki Institut-Beograd
- Гребска–Кулова М. 2004. Културни промени в Югозападна България през втората половина на IV хил. пр. Хр. Праисторическа Тракия. София – Стара Загора: 2004. 133–145.
- Grebska Kulow M. 2017. The Neolithic Period in Southwest Bulgaria. *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions.* Skopje. 243-279
- Grebska Kulow M., Kulow I. 2007. Prehistorical Sites in the Middle Struma River Valley Between the End of the VIIth mil. BC and the Beginning of the Ist mil. BC. *The Struma/Strymon river valley in prehistory. Sofia: 2007. 279-298.*
- Greenfield H. J. 2010. The Secundary product revolution: The past, the present and the future. *World Archaeology* 42, 1. 2010. 29-54

- Douglas M. 1996. Natural symbols: explorations in cosmology, with a new introduction. London
- Halstead P. 1999. Neolithic Society in Greece. Sheffield Studies in Aegean Archaeology.
- Chapman J. 1982. „The Secondary products revolution“ and the limitations of the Neolithic. *Bulletin of the Institute of Archaeology* 19. 107-122.
- Chapman J. 1999. Deliberate house-burning in the prehistory of Central and Eastern Europe. *Glyfer och arkeologiska rum-en vanbok tillJarl Nordbladh,* 113-126.
- Clark G. 1947. Forest clearance and prehistoric farming. *Economic History Review* 17. 1947. 45-51
- Clark G. 1952. *Prehistoric Europe: The Economic Basis*. London 1952.
- Özlem Çevik 2016. http://antiquity.ac.uk/projgall/cevik350
- Elster S. E. 1976. The Chipped Stone Industry. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 257-278.
- Здравковски Д., Шурбановска М. 1983. Извештај од заштитното ископување на ХЕЦ „Мавровица“ во с. Немањици-Светиниколско. *Зборник на Археолошки музеј на Македонија* 10-11. Скопје: 111-123.
- Здравковски Д. 1990. За границите на Анзабегово – вршничката културна група во средниот неолит. *Macedoniae Acta Archaeologica* 11. Скопје. 51–57.
- Здравковски Д. 1993. Неолитска населба „Чубук Чешма“ – с. Никуштак, Куманово. *Macedoniae Acta Archaeologica*13, 1992. Скопје: 19–30.
- Здравковски Д. 2005. Неолитска населба „Под село – Тумба“ с. Стенче. *Зборник на Музејот на Македонија 2 (археологија).* Скопје: 25–31.
- Здравковски Д. 2006. Генеза и развој на Анзабегово – Вршничката културна група. Не публикувана докторска дисертација. Скопје: 2006.
- Здравковски Д. 2008. Археолошки истражувања на локалитетот „Атици“ во село Црничани, Гевгелиско. *Археолошките откритија на почвата на Македонија.* Скопје: 49–59.
- Ивковска А. 2009. Сточарство и лов. *Неолитските заедници во Република Македонија.* Скопје. 83-108.

- Јовановић Б. 1963. Постанак керамичких типова балканско-подунавског неолита и енеолита. Старинар 13–14, 1962–1963, 9–21.
- Јовановић Б. 1989. Археометалургија и Хронологија Енеолитских култура Централног и Јужног Балкана. *Macedoniae Acta Archaeologica* 10. 47-51.
- Jovanović B. 1979. Rudarstvo i metalurgija eneolitskog perioda Jugoslavije. *PraistorijaJugoslavenskihzemalja* III, *Eneolitsko doba*. Sarajevo. 27-54.
- Jovanović B. 1995. Late Vinča settlement Divostin IIb. Cultural changes in the Early Eneolithic of the Central Balkans. *Mem. Museo Civ. St. Nat. Verona, Sez. Scienze Uomo 4*. 51-54.
- Јовчевска Т. 1990. Мрамор/Чашка Неолитска населба. *Arheološki Pregled* 29. Ljubljana. 56-58
- Јовчевска Т. 1993. Куќата од хоризонт I во неолитската населба „Мрамор" кај Чашка. *Macedoniae Acta Archaeologica* 13. Скопје. 31-41
- Јовчевска Т. 2006. Светилиште на култот на плодноста: локалитет Ѕунивер, с. Извор. *Macedoniae Acta Archaeologica* 17. Скопје. 39-53
- Јовчевска Т. 2008. Наоди од Ѕунивер прилог кон духовниот живот во неолитот. *Macedoniae Acta Archaeologica* 18. Скопје: 109-113
- Китаноски Б. 1971. Прилеп и Прилепско низ историјата 1. Дел први. Глава еден . Прилеп
- Китаноски Б. 1977. Неолитска населба Чука кај село Тополчани. *Macedoniae Acta Archaeologica* 3. Скопје. 27-42
- Китаноски Б., Симоска Д. и Тодорович J. 1978. Нови археолошки истражувања на населбата Чука во Тополчани кај Прилеп. *Macedoniae Acta Archaeologica* 4. Прилеп. 9-32.
- Китаноски Б., Симоска Д., Тодоровиќ Ј. 1987. Радин Дол-Неолитска населба кај Прилеп. *Macedoniae Acta Archaeologica* 7-8. 7-31
- Kokkinidou D., Trantalidou K. 1991. Neolithic and Bronza age settlement in Western Macedonia. *The Annual of the British School at Athens.* Vol. 86. 93-106
- Колиштркоска Настева И. 1994. Енеолит. *Археолошка карта на Република Македонија* 1. Скопје. 43-50.

- Колиштркоска Настева И. 2005. Индоевропски елементи во Енеолитот во Македонија. *Macedoniae Acta Archaeologica* 16. 55-62
- Колиштркоска Настева И., Карпузова С. 2005. Графитно декорирана керамика од лок. Пилаво, с. Бурилчево, Кочанско. *Зборник на Музејот на Македонија 2 (археологија)*. Скопје: 57-66.
- Koukouli C. et. al. 2007. Promachon-Topolnica. A Greek-bulgarian archaeological project. The Struma/Strymon river valley in prehistory. Sofia: 2007. 43–78.
- Корошец Ј. и Корошец П. 1973. Предисториска населба Барутница. Прилеп. 1973
- Kotsakis K. 2007. Prehistoric Macedonia. *The history of Macedonia*. Musseum of Macedonian Struggle, Thessaloniki. 1-22
- Кузман П. 2009. Пенелопа. *Македонско културно наследство: Охрид-локалитет на светскотот наследство.* Скопје. 22-25
- Кузман П. 2017. Од Златрана до Пенелопа: неолитските локалитети во Охридско (II). *Неолитот во Македонија: чекор напред во проучувањето на првите земјоделски опитества.* Скопје. 9-43
- Кузман П. 2017а. Хронолошките и географските патишта на најстарото население на Охрид. *Археолошки Информатор* 1. Прилеп. 147-157
- Lazarovici G. 1973. Uber das Neolithikum im Banat. In: Actes du VIII Congres internat. Des sciences prehist. et protohist 2. Beograd: 1973, 461–466.
- Мирковић-Марић 2016. Материјална култура, организација насеља и интеракције у касном неолиту на подручју војвођанског Баната. Докторска дисертација. Филозофски факултет. Београд
- Милановић Д. 2016. Централни Балкан у 5 миленијуму пре н.е.: обрасци насељавања и друштвено-економске промене: Непубликувана докторска дисертација. Филозофски факултет. Београд
- Милекић А. 2015. Датовање неолитских налазишта у Босни и Херцеговини методом радиоактивног угљеника C14. Завршни рад-Мастер. Београд
- Miller H. 2007. Archaeological Aproaches to Technology. London
- Миткоски 2010. Мариово во Праисторијата. *Macedoniae Acta Archaeologica* 19. Скопје. 1-36

- Mitkoski A. 2017. The Late Neolithic Period in Pelagonia and Mariovo in the Prilep region. *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions*. Skopje. 119-160
- Mitrevski D. 2003. Prehistory in Republic of Macedonia-F.Y.R.O.M. *Recent research in the Prehistory of the Balkans.* Thessaloniki. 13-68
- Митревски Д. 2013. Праисторија на Република Македонија. *МАКЕДОНИЈА – милениумски културно – историски факти.* Скопје.
- Mount-Williams L. 1976. Ceramics. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 117-158.
- Мургоски А. 2016. Подзаборавената фаза на Пелагонискиот неолит. *Неолитот во Македонија: Нови сознанија и перспективи*. Скопје. 97-118
- Наумов Г. 2014. Неолитски антропоморфизам и хибридност: третманот на телото на балканот од VII – V милениум пред н. е. Непубликуван докторски труд. Филозофски факултет. Скопје.
- Наумов Г. 2016. Калибрирана хронологија на неолитските тумби во Пелагонија. *Неолитот во Македонија: Нови сознанија и перспективи.* Скопје. 67-96
- Наумов Г., Тержиецки М., Пржибила М., Чвиеј М., Бугај У., Шчепаник П., Подсјадло М. 2014а. Археолошко, топографско и геофизичко истражување на неолитски тумби во Пелагонија. *Патримониум 12, 2014.* Скопје *345-372*
- Naumov G., Stojkoski S. 2015. Novi predistoriski tumbi vo Pelagonija. *Zbornik na NU Zavod i Muzej-Bitola* 16. 169-185
- Наумов Г., Миткоски А., Мургоски А., Бенеш Ј., Милевски Ѓ., Пшибила М., Комаркова В., Вихронова М., Стоимановски И. 2016а. Истражување на локалитетот Врбјанска Чука кај Славеј-2016. *Патримониум 14/2016.* Скопје. 13-42
- Наумов Г., Јон Ј., Хвојка О., 2017. Геомагнетно скенирање на неолитски тумби во централна Пелагонија. *Неолитот во Македонија: чекор напред во проучувањето на првите земјоделски општества.* Скопје. 161-188
- Николов В. 2008. Праисторически солодобивен център Провадия-Солницта. София.

- Николов В. и др. 2009. Провадия-Солницта: археологически разкопки и изследвания през 2008 г. София.
- Ozdogan M. 1993. Vinca and Anatolia: a new look at a very old problem (or redefining Vinca culture from the perspective of Near Eastern tradition), Anatolica 19. 1993. 173–193.
- Панџић И. 2010. Културне везе Неолита Босне и Херцеговине са Неолитом сусједних области. Магистерски рад. Београд
- Перничева Л. 2002. За прехода от ранния към късния неолит в Югозападна България. *Годишник на Археологически музей Пловдив.* Пловдив. 9/1. 36-51.
- Перић С. 1995. Бутмирска Култура. Београд.
- Popovici D. N. 2010. Copper Age Traditions North of the Danube River. *The Lost World of Old Europe. The Danube Valley, 5000-3500 BC.* New York University. Princeton and Oxford. 90-111.
- Radivojević M., Rehren T. 2015. Paint it Black: The Rise of Mettalurgy in the Balkans. *Springer.* New York
- Radivojević M. et. al. 2010. On the origins of extractive mettalurgy: New evidence from Europe. *Journal of Archaeological Science.* 2775-2787.
- Perles C, Demoule J-P. 1993. The Greek Neolithic: A New Review. *Journal of World Prehistory.* Vol. 7, No. 4. 355-416.
- Reingruber A., Toufexis G., Kyparissi-Apostolika N., Anetakis M., Maniatis Y., Facorrelis Y. 2017. Neolithic Thessaly: radiocarbon dates periods and phases. *Documenta Praehistorica* XLIV. 34-53
- Rujak Z. 2011. Household in the Neolithic Period of the territory of southeast Macedonia. *Acta Musei, Tiberiopolitani* Vol.1. Strumica. 161-166.
- Rujak Z. 2015. Carevi Kuli. Skopje 2015
- Rujak Z. 2017. New Data about the Late Neolithic Settlement of Angelci-Stranata (Čaušov Kamen) in Southeastern Macedonia. *Dragiša Zdravkovski in Memoriam. Cultural Manifestations during the Neolithic Period od the Territory of the Republic of Macedonia and Neighboring Regions.* Skopje. 205-220.

- Rujak Z. 2017a. The Transition between Neolithic and Chalcolithic in Southeastern Macedonia (through the prism of new results from a study of localities Angelci-Stranata and Carevi Kuli) *Acta Musei Tiberiopolitani.* Vol. 2. Strumica. 39-44
- Санев В. 1975. Неолитска населба Руг Баир кај с. Горобинци. *Зборник на Штипскиот Народен Музеј* IV – V. Штип: 203 – 231.
- Санев, В. 1980. Праисторија на С.Р. Македонија. *Од Археолошкото богатство на С.Р. Македонија. (Да се додадат страни)*
- Санев В. 1989а. Средлесо, с. Мршевци, Arheološki pregled 28, 1987. Ljubljana: 41–42.
- Санев В. 1989б. Бојковци-Канли Чаир, неолитска населба. *Arheološki Pregled* 1987. Ljubljana. 36-37
- Санев В. 1994. Младото камено време. *Археолошка карта на Република Македонија* 1. Скопје. 26–42.
- Санев В. 1995. Неолитот и неолитските култури во Македонија. *Цивилизации на почвата на Македонија* 2. Скопје. 21-46
- Sanev V. 1996. The Anzabegovo – Vršnik group and the problems of the Late Neolithic in Eastern Macedonia. *From Starčevo to Vinča culture. Current problems of the Transition Period, Proceedings from the International round table.* Zrenjanin. 147–164.
- Санев В., Гарашанин М., Гарапанин Д. 2009. Анзабегово населба од раниот и средниот неолит во Македонија. Штип: 2009
- Санев В. и Стаменова М. 1989. Неолитска населба „Страната“ во село Ангелци. *Зборник на трудови.* 9-63.
- Саржоски, С. Здравковски, Д. 1991. Тумба во село Долно Палчиште-Тетово. *Macedoniae Acta Archaeologica* 12. 131-144
- Симоска Д., Санев В. 1975. Неолитска населба Велушка тумба кај Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 1. 25-85
- Симоска Д., Санев В. 1976. Праисторија во централна Пелагонија. Битола. Народен Музеј Битола
- Симоска Д., Санев В. 1977. Неолитска населба на Мала Тумба кај село Трн, Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 3. 215-237

- Симоска Д., Китаноски Б., Тодоровиќ Ј. 1979. Неолитска населба во село Могила кај Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 5. 9-30
- Симоска Д., Кузман П. 1990. Тумба Оптичари. *Arheološki Pregled* 1988. Ljubljana. 63-66
- Синадиновски П. 2016. Рекогносцирање на неолитски локалитети во Раечката Клисура. *Неолитот во Македонија: Нови сознанија и перспективи*. Скопје. 55-66
- Smoor B. 1976. Bone Tools. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 189-197.
- Souvazi G. S. 2008. Asocial Archaeology of households in Neolithic Greece. An Archaeological Approach. Hellenic Open University. Cambridge University Press
- Srejovic D. 1963. Versuch einer historischen Wertung der Vinca-Grupe, Arch. Iugoslavica 4, 1963. 5–17.
- Srejović D. 1988. *The Neolithic od Serbia-Archaeological Research 1948-1988.* Belgrade. 5-19
- Stark Miriam T. 1999. Social Dimensions of Technical Choice in Kalinga Ceramic Traditions. *Material Meanings: Critical Aproaches to the Interpretation of Material Culture* . Salt Lake City. 24-43
- Stevanović M. 1985. Izgradnja i rušenje kuća u Vinčanskoj kulturi. Eksperimentalno arheološko istražuvanje. Nepublikuvan master trud. Filozofski fakultet. Belgrad.
- Stevanović M. Tringham R. 1997. The Significance of Neolithic Houses in the Archaeological Record of Southeast Europe. ANTIDORON-Dragoslav Srejović completis LXV Annis ab amicis colegis discipulis oblatum. Belgrade: 193-208
- Стојанова Канзурова Е. 2011. Инвентарот на Неолитската куќа во Република Македонија. Непубликуван магистерски труд. Филозофски факултет. Скопје.
- Tasić N. 1979. Bubanj-Salkica-Krivodol kompleks. *Praistorija Jugoslovenskih Zemalja III. Eneolitsko Doba.* Sarajevo. 87-114
- Tasič N. 2011. Anthropomorphicfigurines from Vinča excavations 1998-2009. *Documenta Praehistorica XXXVIII* Ljibljana. 1-9.
- Tasić N. N. 2012. New evidence of salt use in the Neolithic of Southeast Europe. *Sald and Gold: The Role of Salt in Prehistoric Europe.* Provadia. Veliko Tarnovo. 213-218.

- Tasič N. et al. 2016. Interwoven strands for refining the chronology of the neolithic tell of Vinča-Belo Brdo, Serbia. http://journals.cambridge.org/RDC
- Тасић Н. 1998. Енеолит. Археолошко благо Косова и Метохије од неолита до раног средњег века. Београд. 90-115.
- Тасић Н. 2009. Неолитска квадратура круга. Београд.
- Темелкоски Д., Миткоски А. 2005. Садова керамика од Врбјанска Чука. *Macedoniae Acta Archaeologica* 16. Скопје. 29-53
- Темелкоски Д. и Миткоски А. 2006. Праисториска населба Могила, Сенокос. *Macedoniae Acta Archaeologica* 17. Скопје. 55-80
- Темелкоски Д. и Миткоски А. 2008. Доцнонеолитска населба Кутлине кај село Ракле. *Macedoniae Acta Archaeologica* 18. Скопје: 93-108.
- Тодоровић Ј., Симоска Д., Китаноски Б. 1987. Осврт врз резултатите од археолошките истражувања на праисторијата во Пелагонија. *Зборник на трудови* 6-7-8. Битола. 5-24.
- Тодорова Х. 1986. Каменно-медната епоха в България. София.
- Тодорова Х. 1993a. Периодизация и абсолютна хронология на новокаменната епоха на балканския полуостров. *Ново-каменната епоха в България*. София: Наука и изкуство. 42–63.
- Tringham R. 1992. Life after Selevac: Why and how Neolithic Settlement is abandoned. *Balcaninca* 23. 133-146.
- Трипковић Б. 2007. Домаћинство и простор у касном Неолиту Винчанско насеље на Бањици. Београд.
- Трипковић Б. 2009. Domačinstvo i Zajednica u Kasnom Neolitu Centralnog Balkana. Doktorska disertacija. Univerzitet u Beogradu. Filozofski Fakultet. Odeljenje za Arheologiju.
- Трипковић Б. 2013. Домаћинство и заједница. Кућне и насеобинске историја у касном неолиту Централног Балкана. Београд. Филозовски Факултет.
- Фидановски Љ. 2009. Производство на керамички садови. *Неолитските заедници во Република Македонија.* Скопје. 109-154.

- Фидановски Љ., Томаж А. 2010. Под житните полиња: археолошки истражувања на неолитскиот локалитет Церје – Говрлево. *Македонско Наследство* 36-37. Скопје. 61-72
- Фидановски Љ. 2012. Церје Говрлево и Милош Билбија. Скопје
- Фидановски Љ. 2013. Осврт на досегашните археолшки истражувања на неолитската населба Церје-Говрлево. *Културно Наследство* XXXVIII. 2012. 7-25
- Фидановски Љ. 2013а. Раниот неолит во Македонија и Бугарија: географски контакти и културни релации. *Славишки Зборник* 2. 13-57
- Hall J. 1999. Guyton And Hall Physiology Review. Rediff Books
- Чаусидис Н, Наумов Г. 2011. Неолитски антропоморфни предмети во Република Македонија. Скопје.
- Чохаджиев С. 2001. Периодизация на ранния енеолит от Западна България и Северна Гърция. *Палеобалканистика и старобългаристика.* В. Търново. 441-452.
- Чохаджиев С. 2007. Неолитни и халколитни култури в басейна на река Струма. Велико Търново.
- Waltner-Toews D. 2013. The Origin of Feces. What Excrement Tells Us About Evolution, Ecology and a Sustainable Society. ECW PRESS
- Weide D, Gimbutas M. 1976. Stratigraphy. *Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia.* Los Angeles: The regensts of the university of California. 11-28.
- Williams M. 2000. Dark ages and dark areas: global deforestation in the deep past. *Journal of Historical Geography,* 26. 28-46.
- Whittle A. 2003. The Archaeology of People. Dimensions of Neolithic life. London-Routledge
- Šarić J. 2014. Artefakti od okresanog kamena u starijem neolitu na tlu Srbije. Beograd.